Солунските Атентати

Крсте Битоски

Солунските Атентати

Published by:

Risto Stefov Publications
rstefov@hotmail.com

Toronto, Canada

All rights reserved. No part of this book may be reproduced or transmitted in any form or by any means, electronic or mechanical, including photocopying, recording or by any information storage and retrieval system without written consent from the author, except for the inclusion of brief and documented quotations in a review.

Copyright © 2017 Krste Bitoski & Risto Stefov

e-book edition

****

August 18, 2017

****

СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР 5
ДЕЛ ПРВИ 11
ОПШТЕСТВЕНО - ЕКОНОМСКИ ПРЕТПОСТАВКИ ЗА ПОЈАВАТА НА ГЕМИЏИСКИОТ КРУЖОК 11
ЕВРОПСКИОТ КАПИТАЛ ВО МАКЕДОНИЈА 11
СТОПАНСКИ ПРЕГЛЕД НА ВЕЛЕС 18
ИДЕЈНОТО ОФОРМУВАЊЕ И ФОРМИРАЊЕ НА ГЕМИЏИСКИОТ КРУЖОК 21
ЛИКОВИ НА РЕВОЛУЦИОНЕРИТЕ 33
Јордан Попјорданов-Орцето (1881-1903) 33
Костадин Иванов Кирков (1882-1903) 35
Димитар Мечев (1870-1903) 36
Илија Трчков (1884-1903) 38
Владимир Пингов (1883-1903) 38
Георги Богданов (1879-1939) 39
Милан Арсов (1886-1908) 39
Павел Поцев Шатев, (1882-1951) 40
Марко Бошнаков (1874-1903) 41
Цвеко Трајков (околу 1860-1903) 41
ДЕЛ ВТОРИ 46
ГЕМИЏИИТЕ НА ДЕЛО 46
ГЕМИЏИИТЕ - РЕВОЛУЦИОНЕРНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА - ВРХОВНИОТ МАКЕДОНСКИ КОМИТЕТ 46
НЕУСПЕШНА АКЦИЈА ВО ЦАРИГРАД - КОПАЊЕ НА КАНАЛ ВО СОЛУН 58
ВО ПОТРАГА ПО ПАРИ И ДИНАМИТ - КОПАЊЕ НА НОВ КАНАЛ 66
СУДИРИ СО ЦК НА МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА 76
СОЛУНСКОТО РЕШЕНИЕ ЗА ВОСТАНИЕ - ОДНОСИТЕ СО ДЕЛЧЕВ 84
ПОСЛЕДНИ ПОДГОТОВКИ ЗА СОЛУНСКИТЕ АТЕНТАТИ - ОБИДИ ЗА ОДЛОЖУВАЊЕ 95
СОЛУНСКИТЕ АТЕНТАТИ 106
НЕПОСРЕДНИ ПОСЛЕДИЦИ ОД АТЕНТАТИТЕ 127
ДЕЛ ТРЕТИ 138
ПО АТЕНТАТИТЕ 138
МАСАКРИ 138

НАСТАНИТЕ ВО БИТОЛА И ВО ДРУГИ ДЕЛОВИ НА МАКЕДОНИЈА 149
ОДГЛАСИ НА СОЛУНСКИТЕ АТЕНТАТИ ВО СТРАНСТВО 168
АПСЕЊЕ И СУДЕЊЕ НА АТЕНТАТОРИТЕ 180
ДВЕ ПИСМА НА ЈОРДАН ПОПЈОРДАНОВ.....211
СУДБИНАТА НА ГЕМИЏИИТЕ ОСУДЕНИ НА СМРТ.....217
ЗАКЛУЧОК 224

ПРЕДГОВОР

Предилинденскиот период е доста богат со настани што повеќе или помалку, на Европа и на светот им го откривале револуционерното движење на Македонија и ја претскажувале бурата што доаѓала во оваа заостаната, политичка обесправена и неконтролирано експлоатирана турска провинција. Виничката и бројните други провали, судирите на македонските чети со аскерот, теророт на турските власти против македонското население се јавувале како нормална појава на една длабоко револуционерна ситуација и предизвикувале различни ефекти во земјата и во странство. Меѓутоа, Солунските атентати, извршени неколку месеци пред Илинденско востание, претставувале најкрупен и најкрвав настан што предизвикал силен ефект во земјата, меѓу европската јабност и меѓу дипломатските кругови на Европа.

Атентатите биле дело на гемиџиите - мала група, составена главно од младинци што се надевале дека преку еден голем подвиг против европските претпријатија во Македонија ќе ги принудат големите европски сили да се погрижат за давањето автономија на Македонија, за што, по силата на Берлинскиот договор од 1878 година, биле морално задолжени.

Ослободителната идеја ги опфатила речиси сите средини од македонското општество. На чело на револуционерното движење стоела македонската интелигенција која, во своето огромно мнозинство, била свесна дека ослободувањето на Македонија можело да се постигне преку долгогодишни политички и материјални подготовки, т.е. преку свесна револуционерна акција на, барем, поголемиот дел од обесправениот и експлоатиран народ. Меѓутоа, се јавиле и млади луѓе, нестрпливи, што сметале дека индивидуалната револуционерна акција и саможртвата можеле дури да го заменат колективниот народен напор и на таков начин да го спасат народот од последиците на едно општо и крваво востание.

Гемиџискиот кружок во Солун бил рожба на епохата, на едно незаборавно време, кога нашиот народ тргнал во организирана и масовна борба против вековниот угнетувач за извојување национална и социјална слобода. И пошироко, тој бил рожба на едно време, кога анархизмот во Европа бил во "мода" и се обидувал да ја докаже исправноста на своето учење.

Иако дефинитивното идејно оформување го добиле под влијанието на анархистичките и нихилистичките идеи, гемиџиите, и по своите сфаќања и по своите револуционерни акции, се разликувале од анархистите во Европа. Биле крајно сочувствителни кон невиното и покорено население и секогаш воделе сметка тоа што помалку да страда од нивните акции. Нивните атентати се разликувале од сите други по своите подготовки. Тие не ја дебнеле својата жртва за да ја нападнат, не влегувале од едната врата на вагонот за да ја остават некаде пекалната машина и од другата врата да исчезнат без трага. Своите динамитни акции тие ги подготвувале со месеци, па и со години. И уште нешто, поважно, тие решиле по извршувањето на своето дело да одат свесно во смрт, сакајќи на таков начин да докажат дека не се обични терористи туку борци за слободата на својата татковина.

Гемиџиите ниту можеле ниту сакале да навлезат во суштината на анархистичката идеологија. Нив тоа не ги интересирало. Тие биле преокупирани со прашањето што "полесно", што по "брзо" и што помалку жртви да го извојуваат ослободувањето на Македонија и затоа биле свртени кон оние и такви средства што, според нив, требало да го обезбедат тоа.

Гемиџиите биле (повеќето) интелектуалци, што доброволно се здружиле меѓу себе, формирајќи го кружокот. Тие не припаѓале ниту на една меѓународна организација или партија ниту на Македонската револуционерна организација. Сé што правеле, го правеле доброволно, свесно потчинувајќи се на дисциплинските норми што самите ги создале. Јордан Попјорданов-Орцето бил признат раководител на Кружокот, благодарејќи на неговите карактерни, особини. Главна кохезиона сила што цврсто ги поврзувала гемиџиите била нивната фанатична преданост кон своето дело. Тие сметале

дека се одговорни еден пред друг и сите заедно пред исто ријата на македонското ослободително дело.

Гемиџиите биле скромни, повлечени, полни со љубов кон својот народ, со неограничена омраза кон непријателот, безгранично храбри, младинци што не мислеле на живото, туку на смртта. Нивната саможртва требала да ја убеди Европа дека народ што е способен да раѓа такви херои е достоен за човечки живот.

Подготвувајќи се за едно така страшно дело, кое ќе ја возбуди и вознемири Европа, подготвувајќи се за оној, за човекот вообичаен страшен чин - докрајчување на животот - гемиџиите работеле крајн конспиративно, трудејќи се до кај да остнат анонимни. Никој, освен нив десетина, не знаел што точно тие подготвуваат и како ќе ја зведат својта акција. Многу малку се знаело за нивнота идејно определување, за нивниот став кон животот, кон слободата.

Тие се подготвувале да се жртвуваат за Македонија и, освен своето дело, не сакале да остават никаква трага за себеси во историјата. Нашите комити, на пример, сакале да се фотографираат добро облечени и добро вооружени, со големи бради, сакајќи така да докажат колку биле "страшни". Гемиџиите, поточно некои од нив, случајно оставиле по една фотографија. Додека за карактерот на Орцета да се знае, неговиот лик ни остана сосем непознат. Немало сила што можела да го натера Орцета да се фотографира. Тој сакал по неговата смрт да не остане било каков портрет или спомен за него. "Нека за нас раскажуваат нашите дела" - зборувал Орце. Слично било и со Кирков, со Мече...

Гемиџиите обично лично ги решавале проблемите што воскреснувале во нивните подготовки за акција. Тие не воделе записници и ретко кореспондирале. Раководсгвото на целиот "заговор" се наоѓало во рацете на Орце. Тој, главно ги одржувал надворешните врски со Цариград и со Софија. Тој ги добивал парите и ги делел меѓу другарите. При сето тоа не се воделе никакви документи, никакви формалности. Гемиџиите биле верни до фанатизам еден кон друг и не чувствувале никаква

потреба за контрола. Од нив не е зачувана никаква документација. Тие не објавиле ниту една брошурка, ниту еден весник, ниту еден проглас, или нешто слично преку кои на јавноста би им ја соопштиле својата програма и средствата на нивната борба. Затоа е мошне тешко да се пишува за нивната дејноег, за нивната
борба.

Со оглед на строго конспиративното подготвување на динамитните акции и изолираноста на самите гемиции, за нив податоци можел да остави само човек од нивната средина. Тоа го направиле двајца од останатите живи гемиции - Павел Шатев и Тодор Органџиев.

Прв обид гемиците да ги оттргне од заборавот направил Ст. Симеонов со својата брошурка “Солунското съзаклятие” (София, 1921). Авторот за првпат дава краток систематски преглед за динамитната акција во Солун и за првпат, врз основа на податоци добиени од преживеаните гемиции Павел Шатев и Тодор Органџиев, дава кратка лична карактеристика за повеќе гемиции.

Спомените на Павел Шатев, запишани во 1908 година од Љубомир Милетич, се појавиле во 1927 година како книга VI од познатата серија , “Материяли за историята на македонското освободително движение”, издадена од Македонскиот научен институт во Софија. Во оваа книга, всушност, се објавени кратки спомени за самите атентати и опширни извадоци од книгата на П. Шатев објавена во 1910 година под наслов , “Заточението въ Сахара-Фезанъ”. По пресудата донесена од Вонредниот суд, Шатев започнал да води дневник и, врз основа на нега, на 250 страници, дава потресна слика за животот на осудените гемиции и на педесетина други македонски револуционери испратени на заточение во Фезан-Сахара.

Христо Силјанов во својата книга , “Освободителнит борби на Македония” (том I, София 1933) им дава достојно место на гемиците и на нивната акција и за првпат одделно се задржува на последиците од Солунските атентати.

Во 1934 година се појавиле спомените на Павел Шатев напишани лично од него под наслов “Въ Македония подъ рабство – Со пунско съзаклятие (1903)”.

П. Шатев се сеќава и изнесува многу детали од дејноста на гемиџиите. Тој се труди да биде објективен при опишувањето на настаните и давањето оценка за Гемиџискиот кружок и за сите други бурни настани од тој период. П. Шатев не е од оние автори што нескромно го истакнуваат своето “јас”. Тоа тој го прави единствено кога го опишува судирот меѓу него и Иван Гарванов.

Спомените на П. Шатев, впрочем како и секоја историска литература од ваков род, имаат недостатоци. Но, и покрај тоа, тие се најважен и основен извор за проучување на ова важно прашање од нашата историја. Доскоро, до Втората светска војна, тие, покрај книшката на Ст. Симеонов, биле речиси единствен извор за проучувањето на овој проблем.

Во последните децении, на науката ѝ станаа достапни многубројни дипломатски извештаи на солунските, на битојлските и на скопските конзули и на католичката мисионерка Писи, Кои, поради тоа што произлегуваат од очевидци и компетентни лица, се мошне драгоцени за обработувањето на нашата тема. За првпат ни е дадена можносг и од друго место да ја констатираме вистината за многу настани досега посочувани само од Шатев. Од професорот Данчо Зографски се објавени документите на Македонскиот таен револуционерен комитет, потоа објавени се кратки спомени,од Тодор Органџиев и неколку писма од П. Манџуков и Орцето кои исто така, придонесуваат за проширување и дополнување на познатото и за стекнување на нови сознанија за гемиџиите и за нивната динамитна акција.

Интересот за Солунските атентати и за атентаторите меѓу сите македонски генерации е голем. Оваа монографија е втор обид тој интерес да биде задоволен. (Јован Павловски објави во “Нова Македонија” опширен текст по наслов “Гемиџиите”, почнуваиќи од 25 јануари 1980 година во продолженија.) Ние сме свесни дека, поради недостиг на доволно архивски и друг

материјал, не бевме во можност да одговориме на повеќе прашања што во темава ни се наметнуваа и да ги пополниме сите празнини што се појавуваа. Но, толку можевме. Останува и идните истражувачи да го дадат својот прилог.

Мислиме дека изразот “атентати” за гемиџиската акцпја не е адекватен. Меѓутоа, тој е прифатен од нашиот народ и сметаме дека не би требало да се менува.

ДЕЛ ПРВИ

ОПШТЕСТВЕНО - ЕКОНОМСКИ ПРЕТПОСТАВКИ ЗА ПОЈАВАТА НА ГЕМИЏИСКИОТ КРУЖОК

ЕВРОПСКИОТ КАПИТАЛ ВО МАКЕДОНИЈА

Непосредно пред Руско-турската војна од 1877 година, турската држава се наоѓала пред финансиски банкрот. Буџетските дефицити, неспособноста на државната каса да ги исплаќа ануитетите и каматите на долговите, пасивниот трговски биланс, зголемените трошоци за армијата и администрацијата, сето тоа довело веднаш по Берлинскиот конгрес во 1878 година до полн банкрот на државата. Европските капиталисти што ја кредитирале турската држава биле силно вознемирени. Требало да се најде начин за враќање на дадените капитали, а и за заздравување на турското стопанство што било услов за натамошно вложување и рентирање на капиталот.

Во септември 1881 година во Цариград бил свикан состанок од претставници на европските кредитори, на кој требало да се пронајдат форми и средства за враќање на дадените кредити. Решенијата на овој состанок (декември 1881 година), биле санкционирани со султански декрет, познат како Мухаремски декрет. Според овој декрет, долговите на Турција кои европските капиталисти, склучени заклучно до 1873 година, изнесувале 117.081.000 златни турски лири. Во Цариград се создал наполно независен од турската влада "Совет за државни долгови" што имал за задача да најде средства за наплатување на кредитите. Тие средства бсушност биле приходите од монополот на солта и тутунот и десетокот од повеќе важни производи.

Мухаремскиот декрет означувал полна победа на европскиот финансиски капитал и полна потчинетост на турските финансии и стопанство под туѓите банкари. Под формата на "Совет на државните долгови", во Османската империја била воведена

туѓа финансиска контрола. Советот фактички ги раководел држабните финансии и стопанскиот живот во Турција.

Советот; меѓутоа, ставил извесен ред во турските финансии. До 1880 година не се знаеле точно приходите и расходите во државата. Буџетските бројки повеќе или помалку биле фиктивни. Султаните и владите знаеле само дека има или нема пари во државната каса. Од 1881 година започнал да се подготвува горе-долу урамнотежен буџет и се појавил стремеж за негово реализирање. отсега, значи, се планирало какви ќе бидат приходите и расходите во државата. Во 1895 година, на пример, планираните приходи било предвидено да се птрошат: за воените потреби 7.756.000 турски лири, за отплатување на државните долгови 6.483.000 лири, за административната управа 3.828.000 лири, за султанското семејство 933.000 лири, за религиозните институции 796.000 лири. од сумата предвидена за административната управа за училиштата се одвојувале 50.000 лири, а за здравствената заштита 94.000 турски лири.

Од ова се гледа дека огромниот дел од буџетот се трошел за армијата и за плаќањето на долговите - 14.239.000 од вкупно 19.796.000 лири. При тоа поголемиот дел од средствата предвидени за администрацијата (84%) се трошеле за непроизводствени цели и само мал дел (16%, односно 3%) од општот државен буџет се трошел за социјални и производствени цели. За градењето на разни државни згради, мостови, касарни итн. средства се обезбедувале од дополнително експлоатирање на населението.

Основна задача на Мухаремскиот декрет и на Советот за државните долгови била да обезбеди средства за плаќиање на ануитетите и каматите по кредитите склучени од 1857 до 1873 година. Меѓутоа, турската држава плаќала камати и амортизации и за заеми склучени од 1874 до 1896 година, како и за други тековни заеми склучени кај Bank Отоман и други банки. За плаќање на сите долгови гурската влада во годишните буџети определувала сума од околу 6 400.000 турски лири. Според тоа, во последните две децении од минатиот век на

европските капиталисти им биле исплатени околу 125.000.000 турски лири.

Европскиот капитал ги ограбувал работните маси на турција не само преку редовното наплатување на каматите и, на кредитите, туку и директно, преку разни акционерски друштва и претпријатија. Кон крајот на XIX век во рацете на европските капиталисти во Турција се наоѓале 7 банки, 10 друштва за експлоатација на железници, 10 друштва за експлоатација на пристаништа, 5 друштва за рудници, 4 -за трамваи, 5 - за производство на електроенергија и газија за осветлување и 17 другп друштва. Вкупно 54 друштва со капитал од 2 милијарди златни франци (1 турска лира = околу 22,5 француски, златши франци). Тој капитал давал годишен доход мегу 250 и 300 милиони златни франци.

Големи печалби европските капиталисти имале и од трговијата со Турција. Турската империја била погодна база за снабдувањето на европската индустрија со суровини ,и била пространпазар за пласирање на индустриска стока. Европскиот капитал грижливо работел на тоа ваквиот сооднос да не биде нарушен. Тој не бил заинтересиран за индустријализирањето на Турција. Колку била голема печалбата што странските капиталисти ја имале од трговијата со Турција покажува редовниот пасивен биланс на турската држава. Од 1884 до 1903 година тој пасив изнесувал 176.230.000 турски лири.

Стопанскиот живот во Македонија бил потчинет на сите закономерности што владееле и во другите делови, на Империјата. А тоа значело полно господство на туѓиот капитал, кој го насочувал развитокот на народното стопанство така што земјата да дава селскостопански и други суровинни за европската индустрија а да купува неопходни готови производи однадвор. Таквото насочување на народното стопанство ја исклучувало можноста за создавање на месна индустрија што би ги апсорбирала домашните суровини и во исто време би произведувала за домашниот пазар.

Настанатата ситуација по донесувањето на Мухаремскиот декрет, кога европскиот капитал започнал да игра доминитна

улога во стопанството, се одразила разорно и врз развитокот на народното стопанство во Македонија. Благодарејќи на постабилниот развиток на стопанството во претходниот период, трговскиот биланс во Македонија бил или активен или урамнотежен. Тоа може да се види и од многубројните податоци што ги оставиле разните европски конзуларни претставници во Солун. На пример, во 1864 година увозот во Македонија изнесувал 21.254.475 франци, а извозот - 27.777.825; во 1865 - 18.824.375 спрема 29.832.775; во 1880 - 26.528.894 спрема 34.271.625; во 1881 - 30.851.850 спрема 39.323 983. Од 1864 до 1881 година, со исклучок на неколку години, извозот од Македонија редовно бил значително поголем од увозот. Од донесувањето на Мухаремскиот декрет во 1881 година започнал обратен процес. Веќе во 1883 година увозот бил поголем од извозот - 31.005.432 спрема 29.763.800 франци, следната, 1884 година - 45.761.600 спрема 18.516.856. Просечно во дваесетте години (1864-1884) увозот изнесувал близу 29.000.000 франци, извозот – околу 33.111.000 франци.

Во 1901 година пасивниот трговски биланс на Македонија изнесувал 1.500.000 турски лири. (Дино Къосев, История на Македонското национално революционно движение, София 1954, 73-81; Александар Матковски и Поликсена Ангелакова, Извештај на францускиот конзул во Солун за економската положба на Македонија од 1882 до 1885 - Гласник на ИНИ, XVI, 2, Скопје 1972, 201.)

Овој краток преглед за значењето на европскиот капитал во стопанскиот живот во Македонија има за цел да го олесни одговорот на прашањето: Зошто гемиците Решиле да ги насочат своите бомби кон интересите на Европа? А зошто во Солун?

Солун, во времто на османското владеење, постојано бил важен економски и административен центар на Турција и на Македонија. Преку него се вршела речиси сета извозно-увозна трговија на Македонија. Во него биле сместени, покрај генералните конзулати на големите сили и на балканските држави, и повеќе трговски претставништва и агенции на западните земји. Тука имало повеќе претпријатија и установи

што им припаѓале на европските земји . Имало и разни религиозно-пропагандни институции, училишта, здруженија раководени и финансирани од запад ; и од балканските држави. Имало еврејски, турски, грчки, бугарски, италијански, француски и други училишта. Солун бил космополитски град.

Населението во Солун било разнородно. Точниот број на жителите тешко може да се определи. Турските статистики, како за цела Македонија така и за Солун, не се сигурни. Не се сигурни и другите статистики. Најнеобјективни се грчките статистики. Според турската статистика, во 1890 година градот имал 88.000 жители, а во 1898 – пак толку. Меѓутоа, последните две децении од минатиот век, Солун доста брзо растел, така што горнатабријка не може да биде реална. Според статистиката на францускиот генерален конзул во Солун Стег, градот на преминот во XX век броел околу 120.000 жители, од кои околу 70.000 Евреи.

Оваа бројка се совпаѓа со познатата статистика на В. К'нчов, според која Солун јимал 118.000 жители, од кои Евреи 55.000, Турци, 26.000, патријаршисти 16.000 (повеќето Грци), егзархисти 10.000, разни - 8.500. Најголем дел од последниве биле Французи, Италијанци и други западноевропејци.

Солун бил предимно еврејски град, но неговата заднина била главно македонска. “Има - пишува Стег – во Солунскиот вилает околу 350.000 христијани, од кои 220.000 егзархисти и 130.000 патријаршисти, коишто употребуваат еден словенски идиом во својот семеен живот. Ако го слушаме мнозинството српски публицисти, сите овие Словени се приврзани на српската националност... За Бугарите нема никакво сомневање за националноста и јазикот на Словените од Солунскиот вилает сите ги поврзуваат со истото семејство како оние од Кнежевството. Конечно, од неколку години наваму, се појавило главно во Русија, трето мислење... вистина е, според него, дека последниве (Словените) несомнено им се сродни на обеве националности (бугарската и српската) и претставуваат одделна гранка на големото словенско семејство... Ако се слушаат Грците, елините-бугарофони денес се комплетно елинизирани...”

И дипломатите и многумина други, во повеќето случаи Македонците ги именувале според нивната црковна припадност. Тие Македонци што ја признавале Патријаршијата често ги нарекувале “Грци”, тие што ја признавале Егзархијата “Бугари”, а приврзаниците на српската црковно-училишна пропаганда “Срби”. Многумина од нив си го поставувале прашањето: Како можело едно исто население да му припаѓа на повеќе нации? На ова прашање некои се труделе да дадат одговор. Тие биле сведоци на дивата пропаганда што ја воделе соседните држави за придобивање на душата на македонскиот човек, но се задоволувале главно со тоа што го констатирале тој факт и што припадноста на Македонцјите кон црковните пропаганди ја сметале како припадност кон “партии”. А припадноста кон таквите партии не значело и припадност кон одделна нација. “Сметам во секој случај - пишува Стег - би им се направила на грчките ревандикации максимална отстапка проценувајќи ја на околу 20.000 (од 130.000 Македонци-патријаршисти) бројката на погрченото словенско население или придобиено за грчката партија”.

Македонското население, не само во Солунскиот вилает, туку од цела Македонија, во последните децении од минатиот век доста побрзо од порано се населувале во Солун. Тој процес не бил лесен. Во градот еврејската заедница давала доста голем вишок на обична работна рака, така што за предимно неквалификуваната македонска работна сила просторот во градот бил многу стеснет. И покрај тоа, трудољубивите Македонци од поблиската и подалечната околина, како ситни занаетчии и ситни трговци, како земјоделци и обични работници, се населувале во градот создавајќи компактни македонски квартови. Се населувале и доста богати трговци што се поврзувале со европската трговија.

Населувањето на македонскиот елемент во Солун не било гледано со добро око прво од грчката колонија и пропаганда, а подоцна, кога се открило дека градот бил центар на македонското револуционерно движење, и од властите. Поради тоа била силно присутна појавата неговиот број да се

прикажува што помал, а по Солунските атентати бил направен обид македонското население да се истера од градот.

Според една официјална статистика, бројот на Македонците во Солун во 1903 година изнесувал околу 1.200 души. Според тврдењето на Стег, иако имало квартови населени со македонско население, ниту еден од оваа средина не ја вршел функцијата мухтар. Оваа функциј а ја вршеле Грци, а Грците секое новороденче го запишувале во графата "Руми", што значело "ГрК". Така се случило една година официјално да бидат регистрирани само две раѓања во Македонските квартови.

Поголемиот број од Македонците биле преселени во Солун, што значи не биле родени тука. Официјалните статистики, меѓу тоа, за основа ги земале новородените, намалени за бројот на умрените. Доселениците се воделе под "летечко население", а такво водење не давало податоци ниту за етничкото потекпо ниту за религијата.

Иако К'нчов бил заинтересиран македонското население да го прикажува побројно, бидејќи го запишувал под графата "Бугари", сепак неговата статистика, споредена со други горе-долу непристрасни статистики, дава релативно најточни податоци. Затоа бројката од 10.000 што ја дава тој може да се смета за најблиска до вистината. (Васил Кънчов, Избрани произведения П, София 1970,440, Архив на Македонија, Скопје, филм 238, Француски конзулат во Солун, 13 мај 1903; Крсте Битоски, Прилог кон прашањето за бројот и националниот состав на населението во Македњнија во почетокот на XX век, Гласник на ИНИ XXVI, 1, Скопје 1982, 181.)

Солун останувал константно најголем стопански и увозно-извозен центар на Македонија. Тој бил најголема порта преку која влегувал и излегувал европскиот капитал од нашата земја. Општиот промет на извозно-увозната трговија во 1888 година изнесувал 53.480.000 франци. Во оваа трговија учествувале Франција, Италија, Турција, Грција, Белгија, Германија, Швајцарија, Романија, Шпанија и други. Во оваа трговија, и со стока и во превозот, првото место и припаѓало на Франција.

Увозната и извозната стока пренесена со француските бродови изнесувала 13.127.264 франци. Другите учествувале во превозот со помал дел.

Слично било и со бројот на бродовите и нивната тонажа. Во 1889 година низ солунското пристаниште минале 1.254 парни бродови и 7.364 бродови со едра. Најмногу бродови со едра што минале низ солунското пристаниште биле турски (6.574) и грчки (791). Најголем број од паробродите биле француски (398), потоа турски (250), англиски (236) и така натаму. Најмногу стока превезле француските (544.766 тони), англиските (252.712 тони) пароброди итн. (Александар Матковски и Поликсена Ангелакова, Извештаи ва француските конзули од Солун од 1887 до 1889 година - Гласник на ИНИ, XVI, 3, Скопје 1972, 195 - 198.)

Францускиот капитал, значи, доминирал во секој поглед. Слична била ситуацијата и кога гемиџиите го направиле својот план за напад на странските претпријатаја. Солун и францускиот пароброд не случајно биле одбрани.

СТОПАНСКИ ПРЕГЛЕД НА ВЕЛЕС

Основна причина за ширење на револуционерните идеи мегу македонскиот народ во целина и одделно меѓу македонската младина била економско-општествената и политичката криза што настанала во Европска Турција во последните децении од XIX век, чии манифестации најочевидни биле во Македонија. Таа криза била придружена со се поголема диференцијација и заострување на општествените спротивности, коишто, поради различната припадност на угнетените и угнетувачот, добивме во исто време национална и верска обоеност. Поради тоа што носителите на политичкото ропство и оние на економското угнетување биле исти, во сознанието на македонските маси социјалната неправда, економската експлоатација и корупцијата на државниот апарат се врзувале со политичкото и националното ропство. Тие сметале дека пропаѓањето на занаетчиството и трговијата, чифлигарството, и ограбувањето на селаните, со еден збор сите неволји од било каков карактер,

се должат на фактот дека земјата се наоѓала под османското владеење.

Како изгледала таа криза, како изгледало пропаѓањето на занаетчиството, трговијата и воопшто на македонското градско и селско стопанство конкретно може да се види и врз примерот на Велес.

Во првата половина и средината на XIX век Велес бил еден од најголемите и најразвиените градови во Македонија, Според некои податоци, кон 1860 година градот имап околу 20.000 жители од кои една третина биле муслимани. (Данчо Зографски, Условеноста и намената на Велешкото трговско училиште од 1857 година Школството, просветата и културата во Македонија во времето на Преродбата, МАНУ, Скопје 1979, 44.) Економскиот просперитет на градот бил условен од развитокот на три главни стопански дејности: изработувањето на жолти сахтијани, трговијата и лозарството.

Во Велес се изработувале мошне квалитетни жолти сахтијани. Со овој занает се занимавала една четвртина од населението. Во прво време кожите се купувале во разни делови на Македонија, а потоа кози започнале да се олгледуваат во Велешко. (Според Васил К'нчов, тој Велес го посетил подоцна, кога стопанскиот процут на градот бил минато, се изработувале до 400.000 кожи (Сегашното и недавно минато на град Велес – Избрани произведения. П, София 1970, 196). Друг еден автор (Хр. Чочковъ, Градъ Велесъ, София 1929, 48) тој број го сведува на 100-150.000 кожи.) Тоа придонесло да се развие сточарството и да се развие месарската "индустрија" (пастрма, лој) и заедно со тоа и трговијата со овие производи. Месото во Велес било толку евтино што можеле да го јадат и сиромасите. Но, според К'нчов, во тоа време сиромаси во велес немало. (В. Кънчов. ц. д., 197.)

Велешката сахтијана и белата сахтијана изработена во Ѓаковица, Призрен и Пеќ велешките трговци ја купувале и ја продавале во Виена и Будимпешта. Но Австрија, штитеики ја својата индустрија, увезените стоки од Турција започнала да ги обложува со високи царини. Така сахтијанат,а ја обложила со

30% царина. Згора на тоа, турската влада, којашто многу малку водела грижа за развитокот на стопанството на своите поданици, имајќи голема потреба од пари, кожите ги обложила со 12 проценм извозна царина. Србија ја наметнати 6% транзитна такса, така што велешките, и воопшто трговците од Македонија, требале да плаќаат 48% царина за да ги продадат своите кожи на пазарите во Австрија. Тоа всушност довело до пропаѓање на кожарството во Велес и во некои други градови во Македонија каде што тоа било развиено. Повеќето трговци биле уништени, како и кожарските занаетчии. Стотици семеиства во Велес останале без леб. Пропаѓањето на кожарството имало силно влијание и врз назадувањето на сточарството.

Трговијата со хранителни продукти во Македонија и одделно во Велес се развила особено во времето на Кримската војна (1853-56) кога побарувачката во Европа значително се зголемила, исто така и цените. Тогаш Велес станал центар откаде што по реката Вардар до Солун се транспортирале стоки од еден добар дел на Североисточна Македонија. Меѓутоа, конкуренцијата на поевтините жита увезени од други земји имала за последица назадување на земјоделското производство во Македонија а заедно со тоа и на трговијата. Пуштањето во сообраќај на првата железница во Македонија во 1873 година, што се очекувало со нестрпливост, не ги дало саканите резултати. Превозот на македонските земјоделски производи по железницата бил мошне скап. Од друга страна, пак, со пуштањето на железницата Велес го изгубил значењето што го имал како пункт од каде што се упатувале стоките по Вардар за Солун. Сега по должината на пругата отвориле повеќе станици преку кои населението од разни места ги транспортирало своите стоки.

Карактеристично за велешкото стопанство било мошне развиеното лозарство. Според некои податоци, во Велес имало околу 1.200 дунуми лозја. Во градот се произведувале околу 420.000 оки ракија. Приходите од ракијата изнесувале околу еден милион гроша. Меѓутоа по Руско-турската војна на (1877-78) и на ова производство и трговија им бил нанесен силен удар. Територииите што најмногу ја купувале велешката ракија

по силата на решенијата на Берлинскиот конгрес биле откинати од Османската империја, а за извоз на ракија требало да се плаќа висока царина. Од друга страна, пак, од европските земји започнал да се увезува шпиритус, што се мешал со ракија, и така се добивал евтин пијалок што силно и конкурирал на природната ракија. Со тоа било уништено лозарсттвото како сериозен стопански фактор во животот на градот.

На тоа треба да се додадат бројните даноци и други давачки што постојано растеле, корупцијата, како и перманентното разбојништво, за да се заокружи претставата за општата положба во која се нашле Велес и Велешко при крајот на XIX век. Главното занимање на населението во Велес и околијата останало земјоделството, во градот – и ситното занаетчиство и ситната трговија, но приходите од тоа одвај можеле да ги задоволат најосновните потреби на луѓето. Положбата на населнието во Велес и казата, пишува В. К'нчов "е плачна. Градот изгледа како да опустел, селата исто така. Овде-онде се издигнаа некои личности, коишто благодарејќи на лихварството и на спахилакот, единствени доходни занимања, станале големи богаташи, а близу до нив, цела маса население со најголеми маки и труд одвај може да најде 'ржан леб за да го смири гладот." (В. Кънчов. ц. д., 199.) Треба да се забележи дека во иста и слична положба се нашла цела Македонија кон крајот на XIX и во почетокот на XX век.

ИДЕЈНОТО ОФОРМУВАЊЕ И ФОРМИРАЊЕ НА ГЕМИЏИСКИОТ КРУЖОК

Токму во ова време, додека траел процесот на економско-општественото назадување на Македонија, се родила и израсната една нова македонска генерација што во последната деценија на XIX век била готова да ја изврши историски определената мисија: по револуционерен пат да отвори нова страница во развитокот на македонскиот народ. Во ова време во Велес се родиле и израснале и оние младинци што ќе го формираат Гемиџискиот кружок и ќе ги извршат солунските атентати во 1903 година. Економско-општествената положба во која се нашле Велес и цела Македонија кон крајот на XIX век

извршила пресудно влијание врз револуционерното определување и на велешките младинци.

Во 1893-94 година била создадена Македонската револуционерна организација, со задача да се бори за ослободување на Македонија од османската власт. Организацијата постепено се ширела по градови и села и ги опфаќала речиси сите економско експлоатирани и политиqки обесправени македонски слоеви. Во нејзините редови ја започнале својата револуционерна активност и некои од идните гемиции.

Идните солунски атентатори го следеле развитокот на Револуционерната организација во своите средини. Ним силен впечаток им направила Виничката провала од ноември 1897 година, што всушност била прво откривање на Организацијата во Турција и пред Европа. Како што е познато, една разбојничка чета дошла од Бугарија и со помош на свои јатаци во Виница го убила богатиот Турчин Казимага и дигнала од неговата куќа околу 800 лири. Вршеиќи истрага околу ова убиство, властите успеале да откријат оружје и да ја откријат месната организација, а потоа, преку средства познати од времето на инквизицијата, успеале да ја откријат конспиративната мрежа на Организацијата во Штипска, Кратовска, Паланечка, Радовишка, Кумановска и Малешевска каза. Osверени од ненадејното откривање на Организацијата властите речиси два месеца вршеле ужасен терор во овој дел на Македонија. Околу 220 души биле жестоко мачени, десетина од нив убиени, над 500 затворени, а 300 избегале во Бугарија. Ваквиот терор што одамна не се помнел во Македонија предизбикал силен одглас во земјата, меѓу дипломатските кругови и во Европа. Тој го зголемил револтот и одвратноста што постоеле кај нашиот народ против постојниот поредок. Пишувајќи за тоа како ја доживеале Виничката провала, еден од идните гемиции раскажува: “Таа го изнесе на видело постоењето на Револуционерната оргацизација и sверствата на деспотската турска власт. Со масовни апсења и мачења Турската власт предизвика гласење и негодување кај сите нас. Таа провала ни показа дека има против што да се бориме - тоа е турското господство.” (Тодор Оргаџиев, 3а Солунското

сьзаклятие - 50 години от Илинденското въстание, София 1953, 116; Види и: Павел Шатев, В Македония под робство, София 1968, 49-50.)

Револуционерната организација врз идните гемиџии влијание вршела и преку нејзините основачи и раководители: Даме Груев, Пере Тошев, Петар Поп Арсов, Горче Петров и други.

Гемиџискиот кружок бил составен од релативно мала група македонски младинци, од кои најпознати биле: Јордан Попјорданов, Костадин Иванов Кирков, (Диме), Мечев-Мечето, Илија Трчков, Владимир (Владо) Пингов, Георги Петров Богданов, Милан Арсов, Тодор Органџиев, Тодор Богданов, Илија Попјорданов - сите од Велес, потоа: Павел Шатев, Марко Бошнаков, Цветко Трајков.

Идејното оформување припадниците на Гемиџискиот кружок го стекнале и од влијание на револуционерната литература. Во 1896/97 учебна година во Солунската егзархиска гимназија учеле Јордан Попјорданов, Коста Кирков, Георги Богданов, Тодор Органџев и други. И во Велес и во Солун во тоа време младинците доаѓале во допир со социјалистичките идеи и со разна , литература што се читала со голем интерес. Васил Главинов во Велес, покрај другото, ги донел книгите "За братство и социјализам" од Васа Пелариќ "Е ли крива судбината" од Љубен Каравелов. Во Солун се читале книги од Пушкин, Шекспир, Жан Жак Русо, Виктор Иго, Балзак, Чернипевски, Писарев, Христо Ботев, некои преводи на делата на Плеханов, А. Херцев; Бебел Кауцки... Некои книги, како "Бог и наука" од Л. Бјухнер, "Жената и социјализмот" од Бебел "Цибир и заточените во Русија", "Подземна Русија" и други од Чернишевски, "Речи и прокламации" од Иго и други, биле дела што некои од учениците ги читале со поголемо внимание отколку книги во врска со редовите предмети, (Т. Органџиев, ц. д. 16; Павел Шатев, Ц. Д.;42 – 43.)

Формирајќи се како револуционери и прифаќајќи ја македонската ослободителна идеја, идните гемиџии не ја прифатиле и масовната оружена борба, како најстравно средство за ослободувањето на Македонија. Тие се определиле

за индивидуални револуционерни акции сметајќи дека на таков начин побрзо и со многу помалку жртви ќе се постигне целта. До такво сознание и определување младите велешани дошле под влијание на следниве околности.

Во 1879 година во Солун дошол велешанецот Јордан Шурков, кој извесно време живеел во Пловдив, каде што се запознал и ги прифатил социјалистичките погледи. Тој ги собирал учениците - велешани, им зборувал за Маркс и Енгелс и им го објаснувал нивното учење. Од него тие стекнале поими за научниот социјализам, за класната борба.

"…Постепено кај нас - пишува Т. Органџиев – се зароди мислата да започнеме револуционерна борба но не знаевме на кој начин. Нихилистичките книги 'Боиштето на нихилизмот' и 'Подземна Русија', што ни паднаа в раце, влијаеја и создадоа кај нас негативен однос кон се што беше старо. Ние бевме наполно под влијание на тие идеи за негирање на се. Решивме да извршиме нешто против тираните на нашиот народ во кое да изгориме. Паролата ни беше 'ќе се арчиме' т.е. ќе умреме во името на слободата на народот" (Т. Органџиев, 116-117.). Ваквото сфаќање влијаело и врз начинот на живеењето и учењето. Тие завршиле гимназија, но на матура не се јавиле, бидејќи требало да се "арчат", т.е. да се саможртвуваат за слободата на Македонија. Инаку, сите, биле добри ученици, но тоа "'е се арчиме" сосем ги преокурирало и нивните мисли ги пренасочило кон револуционерна акција. Но каква?

Во 1896 година неколку ученици од Пловдивската гимназија формирале тајна група со цел да се борат за ослободувањето на Македонија преку револуција во самата земја. Организатори и раководители на групата биле Михаил Герџиков и Петар Манџуков, внук на бившиот охридски митрополит Натанаил. Сите тие биле под силно влијание на руското народништво и на нихилизмот, како и на одделни епизоди и херои на Француската буржоаска револуција. Сметајќи дека немањето пари е главна пречка за реализирањето на ослободителните планови, Герџиков и Манџуков решиле до такви да дојдат по секоја цена. Еден голем орден со брилијанти на владиката Натанаил и еден брилијантен прстен на Герџиковата мајка им биле дигнати и

дадени на нивниот пријател Јордан Бошков, емигрант од Велес, за да ги продаде. Меѓутоа, "кражбата" била откриена и акцијата, извршена во името на македонското ослободување, не успеала. Двата ученика биле исклучени од гимназијата. Групата се распаднала.

Во 1897 година повеќемина младинци се нашле во Женева како студенти. Меѓу нив биле и Петар Манџуков и Михаил Герџиков. Изобилството на револуционерна литература и контактите со руските револуционери го дооформило нивниот миропоглед, но и ги раслоило. Едни под влијанис на Плеханов станале социјадемократи, а други, под влијание на бакуњизмот, се ориентирале полево. Но, и натаму останале блиски создавајќи го Македонскиот таен револуционерен комитет (МТРК) свој устав и програма.

Во Апелот испратен од Комитетот се осудува ропството и се бара од слободољубивите луѓе и одделно од младината да придонесат за негово уништување. На едно место се вели: "Со што може да се оправда тој грозен факт - робувањето на македонскиот народ?... Таму во Македонија, таа со векови несреќна земја, отсуствува секаква правда и никакво добро не може да се замисли..." (Взвание отъ Македонскиятъ таенъ революционенъ комитетъ - ИНИ, ф. к. 357.)

Целта на МТРК е искажана во Програмата приложена кон Апелот. (Истото.) "Да ја скрши власта на тиранинот, да ги симне оковите од нозете на робот, да ги ослободи од векови потиснатите измачени Македонци - ете зошто се организира и ете за каква цел се бори Македонскиот таен револуционерен комитет".

Во Програмата се барало:

1. Полна независност и најширока слобода за македонскиот народ да си создаде управа каква што сака;

2. Комитетот нема да протежира ниту една народност во Македонија, туку ќе се труди да ги организира во една целина за урнување на турската власт во Македонија;

3. Комитетот не дозволува при решавањето на прашањето за иднината на Македонија туѓо мешање...

4. Комитетот ги смета како непријатели не само турските власти, но и сите оние лица што на било кој начин му пречат на неговите работи и посредно или непосредно му нанесуваат штета на народот и на неговото ослободително дело;

5. Мирното турско население не само што не се смета како непријател, ами напротив...

За реализирање на оваа цел, Комитетот "наоѓа само едно средство: револуција..."

На крајот од Програмата во "нужна забелешка", Комитетот објавува дека на сите шовинистички дејности во Македонија, било тоа да се од Бугари, Грци, Срби или било кои други, "нашите комитетски работници се должни да противдејствуваат, а самите носители на таа дејност ќе се прогонуваат како најголеми народни непријатели". Овој став на Комитетот нашол место и во чл. 81 од Уставот.

Уставот содржи 100 члена и во детали ги регулира должностите и правата на членовите. Основната должност на секој член била кога ќе дојде очекуваниот момент да го опаше своето оружје и да умре, ако треба, за македонската слобода. (Опширно за МТРК, за Уставот и за неговите печатени изданија види: ДАНЧО Зографски, Македонскиот таен револуционерен комитет и "Отмъщение", Скопје 1954.)

МТРК имал крајно негативно мислење за улогата на македонската емиграција во македонското револуционерно движење. "Македонското движење - тврдел тој - ниту оддалеку не ќе има некаква особена полза од емиграцијата што ја полни Бугарија. Таа можеби е добра за партизански борби, но за револуцијата таа, каква што си е сега, би била само една пречка. Македонскиот роб нека не се надева на неа; тој нека се потпре на своите мишки..."

Комитетот, притоа, потсетува на улогата на емиграцијата во политичкиот живот во Бугарија, каде што станала орудие “во рацете на бугарските шарлатани... орудие преку кое тие се качуваат и слегуваат од власта”; на нејзините “шовинистички слуги” спрема Бугарија, Србија, Грција и Романија. Таквата емиграција не можела да ја разбуди народната свест, затоа што самата не знаела што прави... “Затворени зад зелените маси или зад позлатените тезгафи, македонските емигранти врескаат до бога за слобода, но не се срамат да си го наполнат ќесето од секое бунтовно време, како во 1895 година. Дејноста надвор од народот не е дејност туку губење време. Македонската емиграција се занимава токму со такви работи...” (Истото, 59-60, 68. Кога Комитетот зборува за емиграцијата, секако го има на ум раководниот слој од емиграцијата, кој во големо мнозинство навистина бил таков каков што го карактеризира в. “Отмъщение”.

Се поставува прашањето: Кој да му вдахне ослободителна свест на поробеното население? Училиштата не можеле да придонесат во таа смисла. Тие биле “сејачи на шовинизмот на ропската потчинетост, каде што младото поколение се труе и расцепува на бесно-непријателски шовинистички лагери... каде што се сее уважение кон оние котила на развратот, бескарактерноста и заблудата - Орта-ќои (Егзархијата – б.м.) и Фенер (Патријаршијата - б.м.)”; каде што се вдахновувало почит кон историските и филолошките “права” на Бугарите, Грците, Србите и Романците; каде што се проповедувала љубов кон владата што не задушува и синовска преданост кон султанот “нашиот цар-татко.” (Истото, 67 (“Отмъщение”)).

Црквата ја играла истата улога како и училиштата и, според тоа, и таа не можела да придонесе во ослободителните напори на македонскиот народ. (Истото, 69 (“Отмъщение”)).

МТРК агитирал дека македонскиот народ не треба да се надева на никого во своите ослободителни борби, а најмалку на соседните држави. “Историјата на македонското движење ни открива дека секој бугарски управник со задоволство би каснал малку македонско месо и би пивнал малку македонска крв...;

дека македонското дело за нив (бугарските управници - б.м.) не е друго освен средство за владеење". (Истото, 60-61 (в. "Глас")).

Одговор се дава и на прашањето: Дали нашиот народ треба да се надева на помош од европската дипломатија и одделно од Русија. И тука одговорот е негативен. Не можело да се очекува слобода од Европа, бидејќи таа не го чувствува ропството, туку го чувствува Македонија. Не можело да се очекува слобода и од Русија, зашто руски цар и слобода меѓу себе се исклучувале. Нечистите христијански побуди ја натерале Русија (царизмот се двои од рускиот народ, што и самиот страдал како македонскиот) да ја ослободи Бугарија, да го помага ослободувањето на Романија, Србија и Грција, а чисто задоволувачките интереси, "Русија ќе ја побара нашата слобода не за нашите црни очи, а да се направи пат по кој полесно да стаса до Цариград... Како Русија, така и европската дипломатија, би не ослободиле ако има од тоа некаква полза или ако беа присилени тоа да го направат. Но, тие немаат никаква полза од ослободувањето на Македонија..." (Истото, 65-66 ("Отмъщение")).

Нека се знае од сите: македонското ослободување е можно само тогаш кога самото население, густата народна маса, ќе стане на нозе, ќе отвори очи и ќе си ги засука ракавите за да ја исчисти својата земја од мали и големи тирани, господари и господарчиња, самата со својата сопствена нога да го бутне овој изгниен труп каков што е султановата држава. (Истото, 59-60 ("Отмъщение")).

Овој нивни правилен став за улогата на Европа и на масите во ослободителните борби не им пречело на луѓето од МТРК и на гемиџиите слободата на Македонија сепак да ја очекуваат од интервенцијата на Европа.

*

Ако се суди според Уставот и Програмата, не би можело да се рече дека МТРК стоел на "класични" анархистички позиции. Како средство за ослободувањето на Македонија, покрај другото, тој ја посочувал револуцијата на обесправените маси.

Во Комитетот се чувствува посилно социјалистичкото влијание отколку анархистичкото. Меѓутоа, диференцијацијата што се забележувала меѓу членотвите во, Женева дошла до полн израз по нивното враќање во Турција. Уште во, Женева се појавила групата "Македонски револуционери терористи", што го издала весникот "Отм'штение", со мото "Око за око, заб за заб", и го пропагирала теророт како средство на ослободителната борба. (Да ги премавнува сите пречки на нашата пропаганда и да пропагира на дело - ете ја задачата на теророт што ќе го сееме. Целта на нашите усилби е револуцијата. А нашиот идеал - развитокот на човештвото, сеопштата срека.На таков начин се определуваат целите и задачите во в. "Отмъщение". Сметаме дека нема потреба овде да ги истакнуваме недоследностите во материјалите на МТРК и во в. "Отмъщение". За нашата тема тоа не е неопходно.) По се изгледа дека групата била составена од членовите, односно од дел на членовите што го сочинувале МТРК. Славе Мерџанов, Петар Манџуков и некои нивни другари веќе во Женева се определиле за индвидуални акции во Турција. Тие таму се "сопреле врз идејата да започнат чисто терористички акции со првенствено засегнување на европските капитали вложени во Турција". (П. Шатев, 73.)

Манџуков и Мерџанов дошле во Турција (1899) за да почант со реализирање на замислените планови. Првиот дошол во Скопје, каде што по извесно време бил уапсен од властите и задржан во затвор, а вториот дошол во Солун. Тука се сретнал со Јордан Шурков, со кого се познавале од Пловдив и преку него со велешката група. Велештките младинци идејно биле наполно зрели за вклучување во револуционерни акции. Како што забележавме, тие биле готови да започнат борба, но не знаеле како. Предиспонирани кон индивидуален вид на борба, тие веднаш ги прифатиле идеите на Мерџанов и Манџуков, кој, ослободен од затвор, исто така пристигнал во Солун. Овие пред велешани проповедале дека не требало "да се спие" туку да се работи и дека било неопходно, да се извршат акции од "големи димензии". Замислувале да го убијат султанот, великиот везир, валијата во Солун и други големци. Ги советувале и велешаните да се зафатат со такви дела. Тие, дојдени од странство, каде што биле поврзани со руски анархисти и нихилисти, им импонирале

на младите ученици со своите идеи и планови. (Т. Органџиев, 117.)

За поконкретното активирање и определување на велешката група влијаел и еден друг настан. Во тоа време многу се пишувало и зборувало за Боксерското востание во Кина: за грабежите и експлоатацијата на кои било изложено кинеското население, за неговиот отпор против европските држави што го угнетувале кинескиот народ и за жестокостите што тие ги вршеле при задушувањето на востанието. (Против туѓите колонизатори во Кина, во 1900 година се дигнало востание на "боксерите", раководено од тајното друштво "Тупаница во името на правдата и слогата". Во 1901 година востанието било задушено во крв.

"Почнавме да разбираме - пишува Т. Органџиев – дека и за нашето ропство е виновна Европа, која ја крепи гнилата Турска империја. Турција... се одржува не зашто може сама да опстане туку зашто ја поткрепуваат европските сили. Таа живее од инјекциите на тие сили... Ете зошто, ако сакаме да се бориме против турското господство, против султанската тиранија, ние треба да удриме по тие кои ја крепат таа тиранија, а тоа се европските сили... Тогаш во нас се роди идејата да ги фрлиме во воздух претпријатијата во кои има ангажиран европски капитал". (Т. Органџиев, 117.)

Така, постепено, Кружокот на велешките ученици во Солун при крајот на векот го добил своето дефинитивно идејно оформување, а неговите членови започнале да се викаат "гемиџии". Во Гимназијата изникнале и други револуционерни кружоци, но тие биле поврзани со Македонската револуционерна организација и нејзе и служеле. Велешкиот кружок не тргнал по тој пат.

Гемиџиите сметале дека ослободувањето на Македонија можело да се постигне само со шумни дела, со динамитн напади врз претпријатијата во кои бил вложен западен капитал, какви што биле банките, железниците и друго. Тие и давале предност на саможртвата на македонската интелигенција и гледале со недоверба во способноста на Револуционерната

организација да подготви општо востание. Според нивното сфаќање, општоусвоениот поглед за општо востание во Македонија бил погрешен, зашто мачно било да се организира и вооружи целиот незадоволен народ. Дури и да се организира и да се крене масовно, востание, тоа, според нив, ќе му донело само несреќа на измаченото население, но не и слобода. Тие не верувале дека слободата на Македонија може да се извојува преку национална револуција. Читајќи револуциоцерна, анархистичка и нихилистичка литература и дружејќи се со анархистите дојдени од Швајцарија, гемиџиите ја добиле идејната физиономија. Меѓутоа, во теоретски поглед тие ниту можеле и ниту сакале да се изедначат со своите учители. Гемиџиите не се труделе да навлезат во суштината на анархизмот како филозофска концепција; нив најмногу ги интересирала и привлекувала практичната страна на ова учење. Велешкиот кружок, задоен со неверојатна омраза кон неправдата, бил преокупиран со прашањето за брзото и "лесно" ослободување на Македонија. А ослободувањето, наспроти документите на женевската група, рековме, го очекувале од интревенцијата на големите сили. Значи, основна задача што се поставувала пред гемиџиите била да ги предизвикаат големите сили да интервенираат во прилог на ослободувањето на Македонија.

Гемиџиите не биле анархисти по примерот на руските или западноевропските. Нивната цел била иста со таа на Револуционерната организација. Но, додека Организацијата сметала дека ослободувањето на Македонија ќе може да се оствари само преку едно добро подготвено востание на обесправените и угнетени маси, дотогаш гемиџиите не сакале да имаат никаква врска со масите и на масовната борба и ги спротивставувале индивидуалните револуционерни акции.

На крајот, за гледиштето на оваа револуционерна група кон македонската револуција, кон ослободувањето на Македонија и улогата на големите сили кон овие проблеми може доста автентично да се запознаеме од едно писмо испратено од Женева со датум 18 јуни 1898 година од Петар Манџуков до К. Кирков во Велес:

“Нашиот несреќен македонски народ, стои во писмото, е изложен на безброј несреќи и понижувања од Турците. Тоа не е ни чудо, кога се знае нивниот степен на културата. Далеку позагрижувачко е поведението, на Европа, која за сметка на своите сомнителни интереси го заборава својот долг кон еден мал народ во срцето на светот. Ми се чини дека нашата должност е во моментот борбата да ни биде свртена кон таа Европа, која одлучува за судбината на нашиот народ, а потоа борбата со Турците ќе биде дури беспредметна. Чинам дека треба да сториме се да ја заболи Европа удирајќи по џебот, за да се свести дека и другите поробени луѓе имаат право на живот и слобода.

Ропството наше можеби немаше да биде толку тешко ако во нашите работи не се заплеткаа секаквите пропаганди кои ‘од име на браќа’ и ‘доброжелатели’ го разединуваат братот од братот и ги предизвикуваат Турците да вршат најголеми злосторства. Тие наши ‘браќа’ прават се да го оневозможат единството на нашите слободољубиви сили...

Ние знаеме, драги Костадине, дека нашата татковина се разликува по населението од една Бугарија, Грција или Србија, кои се еднородни земји... Затоа ние ќе мораме да водиме сметка за тој факт и нашата борба да ја усогласиме со интересите со сите тие народности. Тоа можеме да го постигнеме само тогаш кога сите тие народности ќе разберат дека слободата не е во тоа како државата се именува, туку кој ја држи власта во неа. Тогаш и нашите муслимани ќе разберат дека не се слободни во турската држава, како што не се слободни Македонците...

Јас сметам дека македонскиот народ во ваква сегашна положба не може да се ослободи со едно востание, кое, се знае, против себе ќе ја има не само Турција туку и Европа, а да не зборуваме за балканските држави, Јас, како и другарите од МТРК, не сме против востание, како што го мислат луѓето од Внатрешната. Ние сме за востание кога ќе бидеме убедени дека тоа ќе успее, а не само да го изложуваме целиот наш народ на една кланица. Ние сакаме да жртвуваме свои сопствени, а не народни животи за создавање услови за едно широко востание и ослободување на нашиот народ. Ние сакаме повремено да предизвикуваме

судири со турските полчишта и преку нашата крв да го свртуваме вниманието и симпатиите на ‘човекољубивата’ Европа и да ја придобиеме во едно наше востание, ако не ни помогне, барем да не биде против нас”.

И така - продолжува Манџуков – македонското прашање ќе може најдобро и најскоро да се реши само ако ние водечките Македонци станеме и постојано предизвикуваме безредици. Впрочем, нашиот спас е во револуцијата. Затоа запознај ти нашите другари со ставот на нашиот МТРК и шири ја неговата идеја...” (Две писма од членовите на Македонскиот таен револуционерен комитет - “Разгледи”, X, 7, Скопје 1968, 849.)

ЛИКОВИ НА РЕВОЛУЦИОНЕРИТЕ

Гемиџиите, велешани, тие што паднале од куршумите на аскерот по солунските улици, биле доста млади и ниту можеле ниту пак сакале да остават некакви податоци за својот краток животен пат и за својата револуционерна борба. За нивните карактерни особини, па и за нивната револуционерна дејност, се знае благодарејќи на спомените што го оставиле преживеаните гемиџии Павел Шатев и Тодор Органџиев особено првиот. Направени се некои обиди по Втората светска војна во Бугарија, преку анкетирање на потомците на некои од револуционерите, да се добијат извесни податоци, но резултатите се доста скудни. (Коста Църнушанов, Атентатите во Солун през 1903 г. Военo-исторически сборник, 3/1983, 159 и натаму.)

Јордан Попјорданов-Орцето (1881-1903)

Прва личност меѓу гемиџиите бил Јордан Попјорданов, наречен Орцето. Семејството Попјорданов од велешкото село Папрадиште поодамна се преселило во Велес. Татко му на Орцето Ѓошо и стрико му Петар биле тргови. Орце пораснал во многудетно семејство; имал 4 сестри и еден брат Миле, чија херојска смрт во редовите на Македонската револуционерна организација е опеана во една од најубавите македоски народи песни.

Основното училиште Орце го завршил во Велес, а гимназија учел во Солун. Како ученик се одликувал со трудољубивост и скромност. Бил висок, со суво и мургаво лице и правилни црти. На прв поглед тој изгледал смирно и кротко момче. Но тој, пишува неговиот соборец П. Шатев, "уште од својата рана возраст беше нервен и неспокоен. Без да работи нешто, тој не можеше да стои на едно место повеќе од пет-десет минути. Беше длабоко скриен во себеси и не сакаше многу да општи". Контактирал со неколку ,негови роднини и сограѓани и тие го претставувале кругот со кој тој одржувал врска, разговарал, критикувал или се шегувал. (П. Шатев, 421.)

Орце ги сакал математиката и историјата, а сите други училишни предмети ги сметал за непотребни и цлабо се интересирал за нив. Уште како ученик и мал имал "началнички" особини. Првпат таа негова особина дошла јавно до израз кога бил во VI клас гимназија. Еден ден, од непознати причини, еден професор не дошол на работа. Согласно вообичаениот ред, него требало да го замени друг професор. Меѓутоа, по иницијатива на Орце, Велешкиот кружок решил да не го дозволи тоа. Како одговор на тој бунт училишната власт кон сите ученици применила остра дисциплинска мерка - сите ученици од VI клас се нашле надвор од Гимназијата. Така еден беззначаен случај послужил како повод преку бунт да се изрази незадоволството на учениците "против системот и општиот поредок во Солунската гимназија како учебна и воспитна установа". (Истото, 422.)

Служејќи се со вообичаените и ниски средства, управата на Гимназијата успеала да ги разбие учениците. Овој успех на управата предизвикал големо разочарување кај Орце. Неговото негодување од поведението на учениците од класот било толку големо што тој демонстративно ја напуштил Гимназијата, не сакајќи да м гледа на куп своите другари соученици кои, со својот слаб каракгер, брзо се решиле на, предавство. Така Орце, речиси на крајот од школувањето, го напуштил училиштето и се впуштил во "вителот на македонското ослободително движење". (Истото.)

Орце како револуционер бил цврст и решителен. Во разните спорови што се воделе во врска со ослободителната борба тој успеал да го наложи своето мислење и став. Зборовите му биле убедливи и јасни. Во тоа многу му помогнало доброто познавање на историјата и одделно на историјата на Француската буржоаска револуција. "Тој ретко говореше, но кога говореше, неговите противници стануваа негови приврзаници и едномисленици. Беше извонредно убедлив и им влијаеше на своите соговорници..." Орце "беше роден за водач, имаше еластично-заповеден дух" и бил извонредно строг кон најмалите отклонувања или грешки на своите другари, дури кога тие биле направени несвесно или случајно. Инаку, тој ги сакал своите блиски, своите другари и својот народ. На друга страна, ги мрзел сите оние што себеси се сметале за авторитети и во своите односи употребувале помпезни пози или гестикулации. "Тој ја мразеше славата, зашто се бореше и искрено сакаше да му служи на својот поробен народ..." (Истото, 424.)

Една од најкарактерните особини на Јордан Попјорданов била таа што тој не можел да трпи никакво ропство. Тоа што најлесно и без никакво размислување можел да го даде за укинувањето на ропството во Македонија бил сопствениот млад живот.

Костадин Иванов Кирков (1882-1903)

Костадин Кирков бил втората личност по значење и авторитет во кружокот на гемиците. И тој произлегувал од, за македонските услови, заможно семејство. Татко му Иван бил ситен трговец, трудољубив и чесен велешки граѓанин. Костадин (Коста) бил најголемиот син од петте деца на Ивана. Коста бил убаво момче: среден по раст, бело и тркалезно лице, со црни очи и коса. Тој бил сосем спротивно од она што зрачело од неговата личност. "Под неговиот физички образ - пишува П. Шатев кој имаше женствена убавина, се криеше една колку мажествена толку и страшна по замисла идеја - идејата на уривањето... Тој беше... готов да се нафрли и да се бори со најголем ентузијазам против се: предрасуди, закони, општествени поредоци, дури ако би било можно сам да се бори

против природните стихии... Секогаш доволен од себеси, учтив и внимателен кон сите, особено кон своите другари, тој во кружокот на гемиците беше најсимпатичниот, најсаканиот главно поради неговиот голем идеализам, скромност и добрина". Обично молчелив, тој ретко земал збор ,во дискусиите но кога зборувал, неговите предлози и заклучоци биле логични и впечатливи. Тој не знаел какво нешто е очајанието. Во неволја или радост тој бил се истиот - ладнокрвен, спокоен, секогаш весел со добродушна шеговитост и саркастичен хумор. Како човек и заговорник, тој бил пример и си останал таков за подражавање. (Истото, 225-420.)

Коста бил начитан младинец. Ги познавал, во основа социјал-револуционерните движења, како и историјата на Француската буржоаска револуција. Сочувсвителен со страдањата на својот народ, Коста бил готов да дели се што имал со оние што немале и страдале. Мајка му го праќала во Солун со полни куфери, а тој се враќал "гол" – се раздавал на своите бедни соученици. (К. Црнушанов, ц. статија, 161.)

Според Коста, револуционер можел да биде само оној што бил способен да се откаже од сите земни блага и да ја прифати револуцијата како професија. Неговата девиза била: "Секогаш делата стојат повисоко од зборовите". (Стефанъ Аврамовъ, Героични времена, I, София, 35.) Решителен и смел, тој "на смртта гледаше како на една среќа во животот и секогаш насекаде ја сакаше, без разлика во какви услови би се појавила таа..." (П. Шатев, 245-246.) стига да му служи на делото за кое се борел - на Македонија. (Кирков, како и Орцето, во никој случај не сакал да се фотографира. Молбите на домашните да им испрати барем една фотографија за да ја имаат за спомен во куќата, не успеале. Тој не сакал по својта смрт ниту помен да остане од него, бидејќи сметал дека како индивидуалист се бори и ќе умре за своите идеи, но со тоа не требало да се занимаваат ниту неговите блиски ниту другите.)

Димитар Мечев (1870-1903)

Друга крупна личност во Гемицискиот кружок бил Димитар (Димче) Мечев, или, како што обично го викале, Мечето.

Мечето бил најстар меѓу гемиците-велешани. Еве П. Шатев каков опис дава на неговиот физички изглед: висок, слабо лице, мали очи, остар правилен нос, црна кадрава коса, секогаш скромно облечен, личел на обичен работник.

Мечето бил бедно дете. Одвај завршил основно училиште. Уште мал останал сирак и рано требало да се грижи за својата и за егзистенцијата на својата мајка. Брзо по проширувањето на Македонската револуционерна организација во Велес, тој се вклучил во нејзините редови и станал активист. Не успевајќи до крај да исполни една наредба на Организацијата (да убие еден велешки чорбаџија), Диме, компромитиран пред властите, бил принуден да мине во илегалство. Како четник, тој повеќе од една година ги обиколувал македонските планини, а потоа емигрирал во Бугарија. Не сакајќи да биде на товар на Организацијата, ниту пак да се вклучи во водовртежот на емигрантската организација, Диме се вработил како обичен работник во рудникот Перник.

Бестрашен и снаодлив, Мече бил ефикасен и брз извршен орган на Организацијата. Тие особини на Мечето, покрај Комитетот во Велес, ги забележал и Гоце Делчев, кој лично го ангажирал во некои задачи на Организацијата. За тоа сведочат неколку писма напишани од Делчев. (Делчев, со писмо од 12 јуни 1900 година, го праќа Мече до познатиот работник на организацијата во Бугарија Никола Малешевски, со задача да биде вклучен во една акција за грабнување на детето на бугарскиот државник Иван Гешев. Во писмото на Гоце од 8 декември 1900 и од есента 1902 година пак се спомнува Диме како извршител на организациони задачи - Гоце Делчев, Преписка. Редакција Христо Андонов-Полјански, Скопје 1972, док. 93, 96, 225; П. Шатев, 429.)

По природа Мечето бил молчелив, чесен, справедлив, со силно развиено сочувство за страдањата на својот народ. Кон интелигенцијата гледал со недоверба сметајќи ја за одговорна за лошите односи во општеството. Живеел аскетски, а единствена смисла на своето живеење наоѓал во борбата за ослободување на Македонија и за тоа бил готов да го даде својот живот секој погоден момент.

Познавајќи ја положбата во Македонската револуционерна организација, степенот на идејната подготвеност на населението, вооружувањето и друго, Мечев дошол до заклучок дека по пат на востание тешко ќе можело да се постигне ослободувањето на Македонија. Таквиот Мече, готов на саможртва, но без верба во ослободителните можности на широките обесправени маси, бил наполно погоден за акции какви што подготвувале гемиџиите. Во почетокот на 1902 година, враќајќи се од Женева, Орце решил да го придобие Мече за својот кружок По вообичаените разговори и убедување, Диме се согласил да им се приклучи на гемиџиите. Со тоа, Гемиџискиот кружок, иако подоцна, се збогатил со еден повозрасен, бестрашен и искусен член што имал доста врски со Револуционерната организација, како и лично со Гоце Делчев и Даме Груев. Во прво време тој останал во Софија како претставник на гемиџиите, но не долго потоа дошол во Турција за да се вклучи директно, во реализирањето на планот.

Илија Трчков (1884-1903)

Илија Трчков бил еден од најмладите меѓу гемиџиите. Во 1903 година имал одвај 19 години. Физички крупен, скромен, молчелив, Илија без двоумење ги исполнувал поставените задачи. Тој бил "преисполнет со верба во започнатото дело и со голема преданост ги вршеше... револуционерните задачи... Беше пример на интимен и мил другар, готов во секој момент да се жртвува за своите блиски и другари". (П. Шатев, 431.)

Илија не завршил средно образование, а за прикривање на својата револуционерна дејност во Велес и во Солун работел како чевлар.

Владимир Пингов (1883-1903)

Владимир (Владо) Пингов произлегувал од занаетчиско семејство. Браќата му биле бербери и покрај нив тој се запознал малку со берберскиот занает. Бил низок, со мургаво лице, весел по природа. Исполнувањето на поставените задачи го вршел тивко, дисциплинирано и бил готов секогаш да се зафати со

најризични акции. А во целиот тригодишен период на подготвувањето на Солунските атентати на Пингов му се давале такви работи што секој момент го изложувале на голем ризик. И покрај тоа, тој секогаш бил весел и не покажувал неспокојство и нервоза. "Тој беше голем фаталист. Сметаше дека, било каква опасна работа да му се даде или му претстои да ја изврши, таа беше предопределена од судбината и без приговор ја извршуваше со најголемо задоволство, сметајќи дека врши народнокорисно дело. (Истото, 434-435.) Прогимназија завршил во Велес, а гимназијалното образование го продожил во Солун. Решен да се "арчи" и тој не ја завршил гимназијата.

Георги Богданов (1879-1939)

Георги П. Богданов бил син на едно од најзаможните и најпознам семејства во Велес. Детските години ги поминал во задоволство и безгрижност. Прогимназија завршил во родниот град, а во 1897 година се запишал во Солунската гимназија. Без да ја заврши гимназијата, се вработил како трговец кај својот зет Илија Попстефанов, комисионер во Солун. Во прво време Богданов стоел настрана од револуционерните превирања во Македонија. Дури во 1901 година влегол во Кружокот на гемиџиите, односно им се придружил на своите другари Орце, Коста и другите велешани. Бидејќи тој бил вработен во Солун, им бил од голема корист на гемиџиите.

Како и другите гемиџии, Г. Богданов бил скромен, тивок, но упорен во извршувањето на задачите. (П. Шатев, Георги Пет. Богдановъ – Ил. Илинденъ107, София 1939, 13.)

Милан Арсов (1886-1908)

Милан Арсов бил најмлад во Кружокот. Бил роден во велешкото село Ораовец. Прогимназија завршил во Велес. Една година учел во Битолската гимназија, а потоа во Солунската. Уште во Велес се здружил со гемиџиите.

"...Милан им беше многу надежен другар на заговорниците – пишува со особени симпатии за него П. Шатев. – Тој е типичен

феномен на епохата што ги роди сите херои во паметните борбени години на Македонија. Милан беше многу млад... но во него смелоста соперничеше со младоста, а ентузијазмот му немаше граници...” (П. Шатев, Солунскиятъ атентатъ и заточеницитъ въ Фезанъ, София 1927, 15-16.)

Милан бил висок, со бело и слабо лице, црна коса, смел, со силна волја.

Покрај споменатите младинци-велешани, директно или индиректно во Солунските атентати учествувале и други велешани. Меѓутоа, за нив не се зачувани никакви податоци и не сме во можност да дадеме макар и најкраток опис за нивните карактерни особини, физичкиот изглед и друго. Фактот дека тие му припаѓале на Гемиџискиот кружок е доволен да не убеди дека и тие во однос на основните карактерни особини, и по она најважното – готовноста да се саможртвуваат за слободата на Македонија – не се разликувале од оние гемиџии за кои погоре стана збор. Тие младинци, чии имиња се познати, биле Тодор Органџиев, Тодор Богданов, Илија Попјорданов (братучед на Орце), Алекси Минов-Каникот.

Другите, директни учесници на атентатите, не биле велешани. Тие биле Павел Шатев, Марко Бошнаков и Цветко Трајков.

Павел Поцев Шатев, (1882-1951)

Павел Шатев бил еден од најистакнатите членови на Гемиџискиот кружок. Роден е во Кратово во заможно семејство. Основно училиште завршил во родното место, прогимназија во Скопје, а гимназија (IV-VII клас) во Солун, во 1900 година. Во револуционерното движење се вклучил во Кратово кога бил во IV клас гимназија. Бил член на револуционерниот кружок што постоел во гимназијата. Меѓутоа, за Револуционерната организација П. Шатев не покажал некаков поголем интерес. Сметал дека со Организацијата не се раководело правилно, дека Централниот комитет не бил способен успешно да ја насочува револуционерцата акција и дека имало ред други недостатоци. Сметал дека во редовите на Организацијата имало и деморализација што се внесувала од Бугарија. Месни

раководители и агитатори што имале можност да одат во Бугарија и таму да се сретнат и да разменат мисли со членовите на Организацијата од разни делови на Македонија и да се запознаат со положбата во емигрантската организација се враќале - пишува Шатев - "уште поопозиционо настроени и речиси сите ја потцртувале деморализаторската атмосфера во слободна Бугарија, тврдејќи дека кој сака да остане чист во Делото... не треба нога да му стапне во Бугарија, или, пак, ако мора да оди - да не стои повеќе од една седмица". (П. Шатев, В Македония под робство..., 71-72.)

Во 1900 година Шатев го напуштил револуционерниот кружок во гимназијата и се приклучил кон гемиџиите. Тој фанатично се оддал на делото на гемиџиите и учествувал во извршувањето на сите ризични задачи, и во подготвителниот период и во самите атентати. Павел физички бил средно развиен, смел, упорен, исполнителен, верен другар, со еден збор повеќе или помалку ги имал сите оние карактерни особини што ги имале сите гемиџии.

Марко Бошнаков (1874-1903)

Марко Бошнаков бил роден во Охрид, каде што завршил прогимназија. Потоа завршил гимназија, а од 1900 година се вклучил во револуционерните чети. Во прво време бил под влијание на Борис Сарафов и учествувал во убиството на романскиот новинар Михајлјану во Букурешт како заштита на извршителите. Како што е познато, тоа убиство било извршено по наредба на Борис Сарафов и предизвикало значителен одглас во Европа, а Бугарија и Романија ги довело до работ на оружен конфликт.

Марко Бошнаков во Гемиџискиот кружок се вкпучил доцна - во 1902 година. И неговите карактерни особини биле: скромност, некористољубивост, исполнителност.

Цвеко Трајков (околу 1860-1903)

Цветко Трајков бил најстар учесник во атентатите. Тој во последниот момент бид вклучен во гемиџиската акција. Трајков

бил испратен во Солун од Борис Сарафов. (П. Шатев, Солунскиятъ атентатъ..., 46.) Цветко бил од Ресен, долго живеел во Бугарија и бил доста болен. Нему му била поставена задача да го убие солунскиот валија.

За сега се знае дека во директните подготовки и во самите атентати учествувале дванаесетина лица. Меѓутоа, најмалку уште толку лица биле ангажирани во помагањето на гемиџиската акција. Познато е дека секоја конспиративна дејност не би можела да биде успешна ако покрај главните актери не би биле вклучени и други лица како помагачи, коишто би служеле како прикривачи, курири и слично. Гемиџиската револуционерна акција била од таков карактер шпо ниту имала потреба од широк круг на соучесници ниту пак можело лесно такви да се најдат. Лицата што им помагале на гемиџиите не биле упатени во нивните тајни, не знаеле и не смееле да знаат што тие конкртно подготвувале. Тие всушност биле симпатизери на македонското револуционерно движење и помагајќи им на гемиџиите сметале дека ги помагаат ослободителните напори на нашиот народ.

Шатев пишува дека му треба простор за да ги прикаже сите соучесници во солунската динамитна акција, меѓутоа, поконкретно зборува само за неколку, а на другите не им ги посочува ни имињата.

Меѓу познатите имиња - помагачи на атентаторите, но не во Солун, туку во Цариград, е Нанчо Стојанов. Нанчо бил син на Калчо, трговец од Ресен што живеел во, Цариград. Преку изнајмениот магазин од Нанчо Сл. Мерџанов, П. Соколов, П. Манџуков и П. Шатев го копале каналот што требал да ги доведе до темелите за минирање на Отоманската банка во Цариград. При една провала во 1900 година биле уапсени сите, под сомневање дека нешто подготвувале против поредокот на султанот. Сите, а особено Нанчо, за кого четворицата заговорници се плашеле дека нема да издржи, успеале да се претстават како невини и биле ослободени. Нанчо и натаму не се откажал од заговорниците, иако бил наполно свесен дека откривањето на нивните планови значело смрт за него и пропаст за неговото семејство. И навистина, кога во 1901

година магазинот бил откриен, Нанчо и татко му Калчо биле уапсени, осудени на доживотен затвор и испратени на заточение, каде што од големите маки Калчо умрел. По Хуриетот Нанчо бил ослободен, но тешко болен набрзо умрел. Нивните семејства, останати сами, биле изложени на глад и страдања.

Милан Саздов бил од оние македонски младинци кој наполно свесно го ризикувал својот млад живот во корист на ослободителното дело. Милан бил роден во Велес, но како дете го напуштил својот град барајќи корка леб. Се вработил како келнер во вагон-ресторанот на железничката линија Белград-Цариград. Имал 18 години кога бил придобиен за гемиџиската кауза. Задачата што му била поставена да го прими динамитот во Бугарија и во најголема тајност да го пренесува во Цариград, ја извршил беспрекорно. “Милан Саздов - пишува Шатев - преку целата зима ја исполнуваше наложената конспиративна задача со ентузијазам и секогаш со особена радост. За исполнетиот долг и внатрешно душевно задоволство се среќаваше со нас, како да сакаше со поглед да ни каже: ‘Ако со друго не можам да и услужам на мојата Татковина, барем со тоа можам’...”

Гоце Чанев бил едно од најдоверливите лица на гемиџиите во Солун, надвор од Кружокот. Гоце бил од Кукуш, но со семејството живеел во Солун. Неговото мало дуќанче станало едно од најсигурните свртaлишта на некои од гемиџиите. Исто било и со неговиот дом. Како бивш член на Револуционерната организација во Кукуш, Гоце знаел многу работи и познавал многу луѓе. Целото свое искуство (тој бил четириесетгодишник) го ставил во служба на гемиџиите. Им помагал со се што можел, а најмногу со госто-примството што им го давал во дуќанчето и дома и со информациите што им ги давал во тешките моменти. Орце и Кирков, коишто најмногу контактирале со него, го сакале извонредно многу и му биле крајно благодарни. Гоце Чанев ги преживеал Солунските атентати и продолжил да се интересира за судбината на гемиџиите и нивните блиски.

Меѓу луѓето што им помагале на гемиџиите треба одделно да се спомене името на една жена којашто со Македонија немала никаква врска, освен што имала едно големо сочувство со борбата што тука се водела против султанската тиранија. Таа била Унгарката Ана Шепец. Ана работела како собарка во познатиот хотел во Софија "Батемберг", во кој редовно отседнувал Гоце Делчев кога престојувал во Софија и во кој навратувале голем број македонски револуционер. Контакстирајќи со нив, таа имала можност да се запознае со страдањата и борбата на македонскиот народ и станала голема симпатизерка на македопското револуционерно движење. Затоа, кога и било предложејно да замине во Цариград и да им биде во услуга на гемиџиите, (што ги знаела како револуционери, но за чии конкретни планови најверојатно ништо не знаела), прифатила со задоволство без да се исплаши од евентуалните катастрофални последици за нејзиниот живот. Гемиџиите се излажале кога помислиле дека Ана "услугата" ќе им ја наплатува. Кога ја прашале каква награда ќе бара за соработката, таа смело одговорила дека за пари нема да работи, бидејќи знае дека се става во услуга на едно свето дело, зашто ги "сакала Македонците што умирале за слободата на својата татковина", а знаела мнозина од нив коишто привремено живееле во "Батемберг" дека млади загинале за таа цел. (Истото, 254-256.) Единствено што побарала Шепец било да и биде откупен заложениот накит и багаж од еден комисионер и лихвар. Откупот чинел вкупно шест наполеона. Накитот го зела, а багажот им го оставила на гемиџиите и заминала во Цариград. Во Цариград се вработила како кабаретна пејачка во вариетето "Кристал". Задача и била да го прибира и чува динамитот што тука го носел Милан Саздов.

*

Велешката група дефинитивно се конституирала во кружок со името "гемиџии" во 1899 година. Зошто на својот револуционерен кружок младите велешани му го дале токму името "гемиџии" и што всушност значело тоа? Одговорите на ова прашање што можат да се најдат во постојната литература не се совпаѓаат наполно. Еден од одговорите е дека гемиџиите го добиле ова име затоа што сакале на симболичен начин да

кажат дека тие биле луѓе што веќе се простиле од животот и го пуштиле својот чун (гемија) во бурното море, што или ќе го извадат на брегот (ќе успеат) или ќе го разбијат од карпите, т.е. нема да успеат. (Стефанъ Аврамовъ, Солунското съзаклятие - Ил. Илинденъ, год. V, кн. V, София 1932, 4. Речиси исто објаснување дава и П. Шатев (В Македония под робство, 84).)

Според едно друго тврдење, велешките ученици, шетајќи се покрај морскиот брег во Солун, често гледале како Евреите-рибари и чунчии ги вадат гемиите надвор од морето за да ги поправат. Младинците сметале дека тој амблем - гемија на суво - најмногу одговара на нивната определба и разбирање: лица коишто мислат дека патот што го следеле сите обични луѓе стремејќи се кон егзистенција, бил несигурен, зашто на крајот, при постојните општествено-економски услови во Македонија, тој пат водел кон неуспех. Ете зошто требало да се фрли гемијата надвор од водата! А тоа значело: нека се напушти вообичаениот пат на простосмртниците и нека се поднесат сите жртви за доброто на поробениот народ. (Ст. Симеоновъ, Солунското съзаклятие (1898-1903), София 1921, 5.) Според ова тврдење, името "гемиџии" било алегоричен израз за специфичниот револуционерен и животен пат што го избрале младинците од Кружокот.

Наједноставен и најкраток одговор дава Тодор Органџиев, еден од членовите на Кружокот. Според него, бидејќи решиле "да се арчат" велешките младинци, иако биле добри ученици, започнале да бегаат од училиштето и да скитаат покрај морето. Земале мали гемии, шетале со нив по морето или пак им помагале на гемиџиите кога овие ги ваделе гемиите на суво за да ги поправаат. "Постепено го добивме името гемиџии. Така го примивме тоа име" - пишува Т. Органџиев. (Тодор Органџиев, 117.)

Толкувањето што го дава Органџиев ни изгледа најлогично и најприфатливо. Впрочем, тој е еден од двајцата останати живи гемиџии што оставиле свои спомени и што пишуваат за ова прашање.

ДЕЛ ВТОРИ

ГЕМИЏИИТЕ НА ДЕЛО

ГЕМИЏИИТЕ - РЕВОЛУЦИОНЕРНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА - ВРХОВНИОТ МАКЕДОНСКИ КОМИТЕТ

Гемиџиите сметале дека тие, како индивидуалисти, како револуционери коишто се готови да се саморжртвуваат без притоа да имаат потреба од ангажирање на широките народни маси, ќе можат секој момент да ги реализираат своите планови, само ако имаат доволно парични средства. Затоа тие постојано биле преокупирани со грижата за наоѓање на парчини средства и постојано мислеле дека парите, а потоа и динамитот, се главните пречки на патот кон исполнување на револуционерните задачи. Се разбира, тие никогаш не помислувале дека до пари ќе можат да дојдат на легален начин - преку членски внос, работа или слично. Во прво време, според плановите што ги кроеле, пари требало да најдат на брз и лесен начин. На пример, размислувале да му дигнат пари на богатиот велешки Турчин Аршин-бег, но никако не успеале да влезат незабележано во неговата куќа. Правеле обиди да дигнат пари и од други места, но без успех. (Истото, 118.) Тогаш се родила оригиналната идеја до пари да дојдат преку "откуп".

Коста Кирков и Тодор Богданов, како деца на богати семејства, предложиле да бидат "грабнати", а од нивните родители да се бара откуп за нивното "ослободување". И, навистина, тие "исчезнале", односно се скриле во една конспиративна куќа во Солун, а на нивните родители им било јавено дека ако сакаат да им бидат вратени децата живи и здрави треба да дадат: таткото на Коста - 400 турски лири, а на Тодор - 200. Двајцата родители, меѓутоа, не паднале веднаш во стапицата. Криејќи од властите, тие се труделе да равберат каде се наоѓаат нивните деца. Првите сондажи направени во Солун не дале резултати. Потоа разбрале дека "грабнатите" ученици не се наоѓаат во Солун, туку во планина и дека поблиску за нив ќе можат да дознаат ако одат во Софија. (Според некои податоци, Коста и Тодор се криеле во Солун, Дупница и Рила.) Таткото на Тодор откажал

да даде откуп, додека таткото на Коста, Иван, отишол во Софија да го бара сина си. Во Софија разбрал дека децата се живи и здрави и дека штом ќе дадат откуп ќе бидат ослободени. Стариот Иван се поврзал со Гоце Делчев и лично нему му дал една значителна сума (200 лири). Меѓутоа, преговорите за "откуп" се одолжиле доста, поради што се потрошиле многу пари, така што во касата на гемиџиите останале многу малку пари - 20-30 лири. (Т. Органџиев, 118; П. Шатев, В Македония под робство, 74, Ст. Симеонов, 6.)

Оваа прва акција, иако делумно успешна, им покажала на гемиџиите дека снабдувањето со пари е мошне сложена, ризична и тешка работа. Тоа ги направило да бидат малку пореални во своите планирања, како и пострпливи.

По добивањето на "откупот", Коста и Тодор биле "ослободени", а повеќемина заговорници се собрале во Софија за да размислат како да се снабдат со поголема сума пари и да почнат со реализирањето на своите планови, зашто со парите што останале од "откупот" не можело да се почне ништо. "Но - пишува Шатев - попаднати во туѓ средина, ез никакви средства за живот, тие видоа дека не така лесно се прави конспирација п се прибираа при своите родители". (П. Шатев, 75.)

Овој обид на гемиџиите имал и една друга последица: за првпат тие се откриле пред Револуционерната организација дека постојат како револуционерна конспиративна група којашто планира да се бори против османската власт и веднаш ја добиле нејзината поддршка во лицето на нејзиниот прв човек - Гоце Делчев. Така, уште во почетокот кога ги правеле првите конкретни чекори, гемиџиите започнале да сфаќаат дека без помошта на Револуционерната организација, со која не сакале да имаат врска, не ќе можат лесно да ги реализираат своите цели.

Во тоа време групата на Мерџанов заминала за Бугарија, а гемиџиите се прибрале во Велес при своите родители. Тука се поврзале со Месниот комитет на Револуционерната организација, чии главни претставници биле Петре Бошнаков и Трајче Христов. Во Организацијата, се разбира, не влегле, но се

разбрале да работат заедно за “општото дело”. Трајче Христов и Тодор Органџиев во јануари 1900 година отишле во Софија и се сретнале со Делчев, кој ја одобрил оваа соработка. (Т. Органџиев, 118.)

Гемиџиите, веројатно со цел да ја прошират својата дејност и во други градови во Македонија, користејќи ја врската со Делчев и Организацијата, поднеле молба со барање некои од нив да бидат назначени за учители во Штип и во Струмица, но не успеале.

Наоѓајќи се на куп во родниот град, гемиџиите зимата 1899/1900 година ја поминале главно во организирање на “зимски седенки”, на кои се читале книги и се дискутирало по нив. Базаров, главниот херој на Тургењев, им оставил најсилен впечаток на сите. Тие сакале да го имитираат него: зборувај малку, работи многу!

Гемиџискиот кружок се замешал и во општествениот живот на градот. Во 1899 година, по иницијатива на велешкиот егзархиски владика, требало да се изгради камбанарија кај црквата “Св. Пантелејмон”. Во исто време требало да се организира акција за собирање на помош за црквата “Св. Стефан” во Цариград. Гемиџиите се противставиле на двете иницијативи. Тие испратиле неколку покани до граѓанството залепени на вратите на црквите и училиштата, со кои агитирале дека, наместо да се расипуваат народни пари за камбанарија, да се реновираат урнатите и стари училишта, а парите за црквата во Цариград да се потрошат за просветни цели, “На тој начин - пишува Ст. Симеонов - реакцијата на Велешкиот кружок се појави против раководителите на културното бугарско дело во поробените земји, како против вишата управа во центарот, Цариград, така и против нејзиниот претставник во провинцијата – велешкиот владика”. (Ст. Симеонов, 7.)

Планирајќи во прво време своите идеи и акции да ги прошират во повеќе градови во Македонија, Кружокот проектирал да издаде еден хектографиран лист. Најупорен приврзаник на оваа идеја бил Коста Кирков. Но, и за една таква акција биле потребни, покрај другото, средства, што гемиџиите ги немале.

Обидите сами да се снабдат со средства не ги давале потребните резултати. Затоа гемиџиите решиле да ги исползуваат силите на Организацијата. Особено тесни врски тие воспоставиле со Трајче Христов.

Трајче Христов бил истакнат револуционер во Велешко. Во Велес држел бакалница, но, жеден за образование, на возрасни години завршил мала матура и потоа му се предал наполно на револуционерното движење како агитатор и организатор. Како учител во Струмичко, Пехчевско и Малешевско, бил и реонски раководител во делови преку кои врвеле каналите на Организацијата. Гемиџиите чувствувале дека такви лица можат да бидат од голема корист за нивното дело па се обиделе да ги придобијат и Христов и Бошнаков. Уште повеќе што и овие, како и луѓето од Кружокот, сметале дека позаможните велешани треба да бидат принудени да го помагаат револуционерното движење. Меѓутоа, и Христов и Бошнаков повеќе клонеле кон Организацијата и не сакале да се слеат со Кружокот. Кога гемиџиите тргнале за Солун, со нив отишле и Христов и Бошнаков, но брзо ги напуштиле и се вратиле во Велес, а потоа заминале за Софија.

Пишувајќи за овие знаменити велешки граѓани, П. Шатев, кој лично се познавал со нив, дава интересна оценка за нивното место во ослободителното движење: “Трајче Христов и П. Бошнаков беа две натури коишто се надополнуваа, двајца типични претставници на народните револуционерни маси и интелигенцијата во Скопско. Тие се воспитувачи на повеќе знајни и незнајни борци, револуционери во Велес и околијата. Трајче Христов, П. Бошнаков и Милан Попјорданов се предвесници на сите борци и револуционери од првата револуционерна епоха што Велес и Околијата ги дадоа...” (Во Бугарија Тр. Христов бил во служба на Револуционерната организација и близок соработник на Делчев. Павел Шатев, престојувајќи подоцна по задача во Бугарија, се сретнал со Христов, кој го однел во една конспиративна куќа и го запознал со Гоце Делчев и со Сандански. Прашан од Шатев зошто се собираат во оваа куќа, Христов одговорил: “Се кријат. Добиеви се парите од Мис Стон, полицијата знае, а пак врховистите не

спијат и сакаат по секоја цена владата да ги конфискува, за да не и се даде можност на Внатрешната организација да се засили и да биде посамостојна...” Шатев со големи симпатии пишува за дејноста на Христов и Бошнаков во Бугарија. Христов бил центар околу кого се групирале велешките емигранти, граѓани, занаетчии, трговци, и особено селаните, а Бошнаков бил цецтрална личност на Велешката околија, а и на дел од интелигенцијата на Скопскиот револуционерен округ. Т. Христов инцидентно бил убиен 1902 година, а П. Бошнаков, по повеќегодишно боледување, умрел во 1908 година во Скопје. - П. Шатев, 222-224. П. Бошнаков е автор на познатата книшка под наслов: Единъ Македонецъ, Българската пропагапда въ Македония и Одринско, София 1902.)

Неуспешниот обид на гемиџиите да се зближат со луѓето на Организацијата на начин каков што тие го разбирале предизвикал разочарување кај нив, а во исто време ја засилиле нивната волја да истраат по патот по кој тргнале. Тоа го зацврстило нивното старо убедување дека со многу луѓе работа не се врши!

На среќавањето во Софија меѓу Т. Органџиев, Т. Христов и Гоце Делчев, последниов ги одобрил нивните погледи и им ветил поддршка. Меѓутоа, Организацијата во моментот не била во состојба материјално да ги поддржи гемиџиите. Но, тоа што не можел да го стори Гоце, можел да го стори Борис Сарафов.

Задграничните претставници на Македонската револуционерна организација во Бугарија Гоце Делчев и Ѓорче Петров се стремеле кон зближување и соработка со раководството на македонската емигрантска организација (Врховниот македонски комитет), со цел да биде исползувана емиграцијата како помагач на ослободителното револуционерно движење. Како резултат на тие стремежи и настојувања, се дошло до изградувањето на заедничка платформа за акција во прилог на Револуционерната организација.

На 1 мај 1899 година започнал Шестиот вонреден конгрес на македонската емигрантска организација во Бугарија, на кој била прифатена листата за избор на нов Врховен комитет. За

претседател на Комитетот бил избран Борис Сарафов. Новиот Врховен комитет со сите морални и материјални сили на емиграцијата се ставал во служба на македонското револуционерно движење. За собирање на средства бил распишан "патриотски заем", а се минало и кон организирано собирање на доброволци прилози. Едногодишната дејност на Сарафовиот комитет, помогната од Делчев и од Ѓорче Петров, дала значителни резултати. На следниот, Седми конгрес на емиграцијата, на кој за првпат присуствувале и Делчев и Ѓ. Петров бил констатиран буџет од 450,000 лева, што било голема сума пари. Тие пари биле давани главно од македонската емиграција за помагање на Револуционернага организација во Македонија и добар дел од нив се трошеле за тоа.

Меѓутоа, славољубивиот Сарафов започнал да се занимава со "висока политика". Претседателското место во Комитетот, полната комитетска каса и слично биле доволна материјална база за бујната Сарафова фантазија да направи од самиот него "голема" личност и "голем" политичар. Границите на Бугарија за него веќе станале тесни, Располагајќи со големи суми пари, тој го основал во странство веспикот "L'Effort", кој, уредуван од Симеон Радев, изиграл, покрај другото, голема улога во популаризирањето името на Сарафов како "водач" на македонското движење.

Соработката меѓу претставниците на Револуционерната организација и Врховниот комитет била санкционирана и на Седмиот конгрес на емиграцијата, одржан во почетокот на август 1900 година. Меѓутоа, на долго по овој конгрес, започнале да излегуваат на површина принципиелните разлики што постоеле меѓу Македонското револуционерно движење и Врховниот комитет, а кој, со формирањето на Сарафовиот комитет, не биле и не можеле да бидат изгладени туку само привидно истиснати. Всушност, се покажало дека уште пред формирањето на Сарафовиот комитет, офицерите замешани во комитетските работи, на чело со генерал Иван Цончев, тајно од Делчев и Ѓорче Петров, зеле решение да работат за преземање на Македонската револуционерна организација и на нејзиниот ЦК од офицери, а кога ќе се постигнело тоа, Цончев требало да

си даде оставка во бугарската армија за да го преземе претседателството на Врховниот комитет и да крева востание во Македонија. Сарафов, газејќи ги спогодбите постигнати со заграничните претставници, ги вложил сите сили да го преземе раководството на Револуционерната организација и да ги истисне од нивните позиции и самите задгранични претставници. Таквата политика на Сарафовиот комитет ги заострила односите со Делчев и Ѓ. Петров и со Организацијата и подоцна довела до полн раскин и до отворена конфронтација меѓу Врховниот комитет и Револуционерната организација.

Сарафовиот комитет и Сарафов лично, ако се исклучи материјалната помош дадена, особено во првиот период, на Револуционерната организација и нанел огромна штета од морален и политички карактер. Со своите акции Сарафов создавал впечаток кај европските влади и јавноста, и одделно во другите две соседни на Македонија држави, дека се што станувало во Македонија, сите подготовки на угнетениот народ за отфрлување на султанскиот јарем, се негово дело. Со таа погрешна политика тој давал значајно оружје во рацете на сите недоволно упатени или недобронамерни да ја напаѓаат Револуционерната организација и да и препишуваат цели и стремежи што таа ги немала. Сарафовиот комитет им давал повод на многумина што биле убедени во потчинетоста на Врховниот комитет кон дворецот и бугарската влада да тврдат дека зад Срафов и неговите пријатели офицери стојат бугарските штикови и дека револуцијата што се подготвува во Македонија, е управувана божем од Софија и ќе започне со знак даден од кнезот Фердинанд и неговата влада.

Во значителна мера компромитиран, Сарафов не можел да остане повеќе на чело на Врховниот комитет. Бидејќи доброволно не сакал да го напушти комитетот, повеќето од комитетските офицери, на чело со Цончев, решиле да го отстранат на следниот конгрес. Преку дамагогија, измама и сила цончевистите успеале тоа да го сторат на Деветтиот конгрес во јули 1901 година. (Крсте Битоски, Македонија и Кнежевство Бугарија (1893-1903), Скопје 1977, 126-166.) Врховниот комитет минал во рацете на Цончев (иако претседател бил познатиот бугарски писател Стојан

Михајловски), доверливо лице на Фердинанд, а Сарафов продолжил и натаму да се занимава со "револуционерна" работа трудејќи се сега да се претстави како пријател на Македонската револуционерна организација.

Гемиџискиот кружок одржувал врски со Борис Сарафов, кога тој бил претседател на Врховниот комитет, но и подоцна. Групата на Мерџанов добила материјална помош од Сарафов, кога тој бил на чело на Комитетот, а гемиџиите - подоцна.

Гемиџиите, концентрирајќи ја својата дејност речиси исклучиво во Солун, сакале-нејќеле биле принудени да одржуваат некакви односи со Централниот комитет на Макекедонската револуционерна организација, чие седиште било исто така во Солун. Во прво време, кога дејноста на гемиџиите била ограничена на полето на идејно-политичките подготовки, потребата од некакви односи не се наложувала. Меѓутоа, кога кружокот решил да мине во конкретни подготовки за исполнување на своите планови, ситуацијата се изменила. Дури гемиџиите и да не сакале, или да немале потреба од контакти со ЦК, самиот ЦК не можел да биде индиферентен и да не се интересира за се што се случувало на револуционерното поле во градот, па и во цела Македонија.

Додека ЦК бил во стариот состав, на чело со д-р Христо Татарчев, гемиџиите се однесувале со нужниот респект кон него. Тој претставувал автортет за нив и немало никакви проблеми во односите ЦК - Кружок. Впрочем, тоа било време кога гемиџиите само што минале во акција, а ЦК уште и не знаел за нивните планови. Но, почнувајќи од јануари 1901 година, кога по една голема провала бил затворен ЦК и за претседател на новиот ЦК дошол Иван Гарванов, ситуацијата се изменила. Кој бил Гарванов и новите членови на ЦК?

Појавата и брзото ширење на Македонската револуцонерна организација ги загрижило сите околни претенденти за заграбување на македонската земја. Најмногу ги вознемирило оние кругови околу Егзархијата коишто сметале дека го имаат правото да раководат со судбината на македонскиот народ и мислеле дека без нивно знаење и одобрување не можело и не

требало да се презема ништо што би водело кон било какви промени во животот на македонскиот човек. Но, Македонската револуционерна организаЦија била рожба на македонските општествено-економски услови и нејзиниот пат и развиток, цели и стремежи биле диктирани од историската потреба на нашиот народ за слобода, а не од политиката и претензиите на соседните држави.

Оценувајќи го како крајно опасно за интересите на Егзархијата создавањето на Револуционерната организација, одговорните егзархиски кругови решиле, без двоумење, со контраакција, уште во почетокот да ја парализираат нејзината дејност. Прогласувајќи го јавно своето дело за загрозено од една организација раководена од "багабонти", тие кругови всушност биле сериозно загрижени за самостојниот пат по кој тргнала Организацијата, кој неминовно водел и кон самостојност на Македонија. Заради тоа, тие се ангажирале да го попречат таквиот од на Организацијата преку мирно вовлекување во нејзините редови и преземање на нејзиното раководство, или преку отворено конфронтирање со неа. Сметајќи се за "страна" спрема антиегзархистите, коишто биле и водачи на Револуционерната, организација, егзархистите првин побарале половината од составот на ЦК на Организацијата да биде пополнет од нивни луѓе, за да можат да се спогодуваат како две страни. Се разбира, нивниот предлог бил одбиен. Им се дозволувало и ним да влезат во редовите на Организацијата откако претходно ќе дадат заклетва, но никој од нив не сакал да положи заклетва. Заклетвата обврзувала да му служат на едно дело чии принципи за нив, биле, во основа, неприфатливи и не сакале да се борат за нивното реадизирање.

Бидејќи по пат на "преговори" егзархиската "страна" не можела да си ја наложи волјата и да ја постигне поставената цел, тргнала по друг пат: започнал да употребува други средства. Да стојат со скрстени раце во моментот кога вестите за ширењето и буењето на револуционерното движење се слевале во Солун и во Цариград од цела Македонија, било невозможно. Врховниот комитет во Бугарија, како носител на великобугарската политика, веќе тргнал кон конфронтација со Организацијата.

Истото започнале да го прават и неговите истомисленици од егзархиската “партија” во Македонија.

Главни личности на оваа контрареволуционерна “партија” биле: Васил К’нчов, началник во Училишниот оддел при Егзархијата во Цариград, М. К. Сарафов, директор на двете егзархиски гимназии во Солун, инаку бивш министер во бугарската влада, Иван Гарванов, професор во Егзархиската гимназија во Солун, и други. За сите овие лица, главно егзархиски службеници во Солун, по потекло Бугари, била туѓа и несфатлива секоја идеја за било каква акција во Македонија којашто не би одела во хармонија со политиката на Егзархијата, односно со официјалната политика на Бугарија. Кон нив биле приклучени и неколку богати македонски трговци, но тоа не го менува фактот дека главни носители на егзархиската политика во Македонија, против која се борела македонската интелигенција, биле познати интелектуалци дојдени од Бугарија и дека тие станале главни идејни носители и организатори на борбата против историски определената самостојна дејност на Револуционерната организација, т.е. против нејзиното основно програмско барање - по револуционерен пат да извојува политичка автономија за Македонија.

Иако претставувала безначајно малцинство, Егзархиската “партија” решила да формира своја организација, со цел не да се бори против османското ропство, туку да и се противставува на Македонската револуционерна организација. Пролетга 1897 година било формирано “Револуционерно братство” со цел, како што признава самиот Иван Гарванов, “да се одбие Комитетот (Револуционерната организација, односно ЦК - б.м.) од лошиот пат и да се одбегне брзањето со револуцијата, за која ние сметаме дека е предвремена, мислејќи дека таа навистина брзо ќе избувне” (Спомени на Дамянъ Груевъ, Борисъ, Сарафовъ, и Иванъ Гарвановъ, София 1927, 116.) Вистинските цели на “Револуционерното братство”, раководено од И. Гарванов - пишува членот на ЦК Иван Х. Николов - биле организираната маса “да биде потчинета на наредбите на Егзархијата и респективно на Македонскиот врховен комитет”. (Изъ записките на Ив, Х. Николовъ, Ил. Илинденъ, IX, 2. София 1937.)

Обидот на братството да го прошири своето влијание во Македонија не ги дало очекуваните резултати. Се покажало дека агитирањето да се чека помош и "слобода" од Бугарија не било прифатливо од македонското население. Свесни за тоа, луѓето од Братството решиле сами да тргнат во поход против револуционерното движење, барајќи истомисленици и помошници во Бугарија. Првин Гарванов воспоставил врска со Врховниот комитет и се ставил во негова услуга. Потоа испратил еден опширен извештај (од 28. IV 1899) до спомнатиот Шести конгрес на македонската емигрантска организација во Бугарија, во кој неточно се прикажувала ситуацијата во Револуционерната организација, се клеветаат повидните нејзини раководители како луѓе проневерувачи на народни пари, насилствени собирачи на пари, клеветници итн., и се барало тие, особено д-р Татарчев, Ив. Х. Николов и Ѓорче Петров да бидат отстранети од раководството на Организацијата. Се жалеле дека вратите на Организацијата биле затворени за луѓето на Братството, дека биле прогонувани од Организацијата и заплашувале дека, ако ваквата ситуација продолжи, луѓето од Братството ќе бидат принудени да употребат сила против Револуционерната организација. Затоа се изразувала надеж дека извештајот ќе помогне за "здружено работење и слевање на сите револуционерни организации под знамето на Врховниот македонски комитет".

Наоѓајќи се пред опасноста да биде ликвидирано од Револуционерната организација, Братството решило да го испрати И. Гарванов во Бугарија за да се поврзе со одговорните државни и политички фактори и да го добие нивното мислење, и евентуално нивната поддршка во конфронтацијата со Организацијата. Се сретнал со генерал Рачо Петров (доверливо лице на Фердинанд, бил и претседател на бугарската влада), потоа со д,р Стоилов (дотогашен претседател на бугарската влада), од кого сакал да дознае дали владата го поддржува ЦК на Организацијата. Стоилов му одговорил дека владата е против ЦК. Го посетил и Радославов (радославистите во моментот биле на власт) и се уверил дека тој бил наполно на страната на Сарафовиот комитет. Отишол и во Врховниот комитет, каде што Сарафов го прифатил неговото сфаќање за

опасноста што ја криело револуционерното движење на Македонија за интересите на великобугарската кауза во Македонија и му ветил дека Комитетот ќе направи се за да се постигне ‘согласност” со Ревоционерната организација.

Сите лица со кои се сретнал Гарванов во Бугарија му советувале да се откаже од се и да се помири со “сепаратистите” и “партизаните” - како што ги викале водачите на Организацијата. Сите консултирани во Бугарија биле свесни дека Братството немало никакви сили за да со бори против Организацијата, а со неговото влегување во нејзините редови ќе може многу повеќе да придонесе за врховистичката кауза. По инсистирање на Б. Сарафов, а благодарејќи на опортунизмот и на Х. Николов, дошло во септември 1899 година до “помирување” меѓу Братството и ЦК и до вклучување на членовите на Братството во редовите на Револуционерната организација. Тоа било направено и покрај несогласувањето на задграничните претставници”. Ѓорче - пишува Сарафов - во испраќањето на специјален човек од наша страна (на потпоручник Иван Камбуров, во Солун, да го изврши помирувањето - б.м.) prospe дека се наштрбува самостојноста на ЦК, па изгледавме, по негово сфаќање, навистина нешто како ‘Врховен комитет’... Ѓорче веќе потоа оладе, иако таму се постигна помирување. Според Ѓорче, таа постапка била принципиелно неправилна, зашто на некаков начин изгледало дека Комитетот тука (во Софија - б.м.) се грижи да задоволува одделни амбициозни групи, отцепници, да ти придобива на своја страна и да ги вовлекува во Внатрешната организација како надворешен елемент... Довербата на Ѓорче ја загубивме”. (Спомени на... Борис Сарафов... 50-51.)

Блиската иднина покажала дека Ѓорче Петров имал наполно право. Вклучувањето на Братството во редовите на Организацијата се покажало фатално за интересите на Организацијата. До 1901 година Гарванов не претставувал фактор во движењето (тој бил член на Месниот солунски комитет), а и не престанал да конспирира против него. Неговата шанса дошла во јануари 1901 година, кога биле затворени членовите на ЦК, а Х. Николов, кој исто така го очекувал своето апсење, ги повикал И. Гарванов и Спас Мартинов и им

ги открил сите врски (шифра, мастило, канали и слично) со Организацијата. Со други зборови речено, тоа значело предавање на прерогативите на ЦК во рацете на Иван Гарванов, односно минување на врховното раководството на Револуционерната организација, на еден нерегуларен начин, во рацете на нејзините идејно-политички противници. (Крсте Битоски, Дејноста и улогата на "Револуционерното" братство во Македонската револуционерна организација - Историја, IX, 2, Скопје 1975, 59-84.)

Гемиџиите имале крајно неповолно мислење за новиот ЦК и го сметале како пречка за развојот на револуционерното движење. Тие оделе дотаму што сметале дека, ако од политички причини не можеле да се отстранат членовите на ЦК, барем требало да се направи неможен нивниот опстанок во Солун. И додека односите на гемиџиите со ЦК (за кои ќе стане збор понатаму) останале докрај затегнати и непријателски, односите со Сарафов останале докрај коректни.

НЕУСПЕШНА АКЦИЈА ВО ЦАРИГРАД - КОПАЊЕ НА КАНАЛ ВО СОЛУН

Сметајќи дека во Македонија во моментот немало услови да се организира некаква покрупна акција, Мерџановата група се вратила во Софија и се поврзала со претседателот на Врховниот комитет Б. Сарафов. Сарафов го одобрил нејзиниот план и се согласил да ги финансира нејзините динамитни акции во Турција.

С. Мерџанов, Петар Манцуков и П. Соколов потоа заминале за Цариград и по долго размислување решиле да го убијат султанот Абдул Хамид. Меѓутоа, по повеќемесечно проучување на условите и можностите за извршување на акцијата, дошле до заклучок дека можноста Абдул Хамид да биде убиен била ограничена. Султанот излегувал од својата палата само кога одел на молитва во џамијата "Хамидие џамиси", или пак кога на петнаесеттиот ден од рамазан, по случај празникот на Мухамед, одел во џамијата при Топкапи. Инаку Илд'з ќошк (дворецот во кој живеел султанот) претставувал одделно гратче,

опкружено со високи ѕидови. Тука бил харемот, зградите за живеење, канцеларииите, градините, езерата и слично.

Атентаторите планирале првин султанот да биде убиен со бомба кога ќе оди во џамијата "Тапкапи". Меѓутоа, брзо дошле до сознание дека планот им бил крајно нереален. Султанот на пат за џамијата бил опкружен со илјадници војници, а од друга страна не се знаело по кој пат ќе помине - по суво или по море. Обично тој одел по еден, а се враќал по друг пат. Исто така ригорозно бил чуван тој кога секој петок одел во џамијата "Хамидие". Публиката секогаш се држела 300-500 метри оддалечена од султанот. Обидите да се набави некаква карта-пропусница и да се влезе во џамијата и таму да се убие султанот исто така не успеале.

Откако се уверила дека не ќе може да го убие султанот, Мерџановата група решила да ја дигне во воздух зградата на Отоманската банка којашто се наоѓала на главната улица што одела од Галата кон Пера. Банката била сопственост на западноевропскиот капитал. Но, поради функциите што ги вршела, покрај другото, и како трезор на Турција, се сметало повеќе како државна отколку како приватна банка.

До темелите на Отоманската банка требало да се стигне преку подземен канал. За таа цел била земена под кирија една блиска до Банката двокатна зграда, што била изградена исклучиво за склад. Зградата била изнајмена од Нанчо Стојанов и приспособена како "склад" на печатницата што го издавала егзархискиот орган в. "Новини". Од оваа зграда започнало тибко и внимателно да се копа каналот. Меѓутоа, работата се одвивала мошне бавно; оти во самиот почеток на каналот се појавил еден тврд дел кој многу тешко се копал. Поради тоа, било побарано од гемиџиите во Солун да испратат еден човек во Цариград како би работеле во две смени, по двајца. Кон крајот на јули 1900 година на помош на Мерџановата група им бил испратен Павел Шатев.

Тешко, бавно, сантиметар по сантиметар, каналот се доближил до темелите на Банката. Среќата на заговорниците била голема. Меѓутоа немало динамит и немало од каде таков да се набави.

Била побарана помош од ерменските револуционери со кои одржувале врски. Нивниот пријател со псевдоним Козаков ветил дека ќе ги снабди со динамит, но за тоа требало да се оди дури до Батум. Динамитот навистина пристигнал со еден руски брод во Цариград, но поради недоволно внимание бил откриен од полицијата и конфискуван, а Козаков одвај успеал да се спаси како руски поданик.

Неуспехот со динамитот предизвикал огромно разочарување кај атентаторите. Сл. Мерџанов неколку дена бил како луд. Место не го држело. "Ние тројцата - пишува Шатев - одвај се движевме. Не фати една меланхолија и ретко излегувавме дури од своите станови... Бевме речиси занемени и ништо не беше во состојба да не натера да бидиме весели..." (П. Шатев, 116-117.)

Извесно време по запленувањето на динамитот, еден по еден како сомнителни, биле уапсени сите четворица заговорници. Но, бидејќи властите не знаеле и не можеле да откријат ништо за конспиративната дејност на уапсените, по интервенција на бугарскиот дипломатски агент во Цариград, решиле да ги ослободат, и тројцата, како бугарски граѓани, да ги протераат, во Бугарија а П. Шатев во родниот град Кратово. (По враќањето на Мерџанов, Манџуков и Соколов во Бугарија, во Цариград бил испратен Ал. Кипров на извидување. Меѓутоа, претходно во Солун тој се зближил со ЦК и му ветил на Матов дека ќе го информира за цариградскиот канал. Кипров отишол во "магазинот", го видел каналот и во врска со тоа напишал опширен шифрован извештај до Матов во Солун. Информацијата во Солун пристигнала пред избувнувањето на познатата солунска провала (јануари 1901), кога ЦК бил уапсен. Заедно со Матов, во рацете на власта паднал и извештајот на Кипров. Властите, иако со задоцнување од една година, го дешифрирале извештајот и го испратиле до султанот. Така, најверојатно, бил откриен каналот доста време по апсењето и прогонувањето на тие што го копале.) Така завршил обидот преку една страшна експлозија во срцето на Османската империја да се потсети Европа дека покорените народи не мируваат и ги бараат своите права.

*

Гемиџиите во Велес се преокупирани со прашањето како да се снабдат со пари. Било решено: со учество на Мечето и на членови на Кружокот; Велешкиот револуционерен комитет да киднапира едно дете-ученик на богатото семејство Весови - за добивање на откуп. Било договорено, учителот Прнаров, кој знаел за планот, да ги изведе учениците на шетање надвор од градот. Двајца вооружени луѓе, облечени во албанска носија, ненадејно излегле пред децата и ги "плениле" детето и самиот Прнаров. Меѓутоа, брзата интервенција на властите открила дека "албанските разбојници" што се криеле во една пештера со детето биле велешани. Заедно со учителот, тие биле осудени. Сепак, Организацијата добила "откуп" од Весови 200 лири, но дали добиле и колку добиле гемиџиите, не се знае. (Хр. Силяповъ, Освободителнитъ борби на Македония, томъ първи, София 1933, 248.)

Во Солун гемиџиите се вратиле речиси без пари, поради што ниту можеле да опстанат подолго време ниту пак да почнат некаква посериозна акција. Во една таква, критична ситуација Коста Кирков дошол до друга идеја: отишол во Велес, го дигнал фамилијарниот скапоцен накит на тетка му и пак се вратил во Солун. Штом неговиот тетин разбрал за "операцијата" на Коста, истрчал во Солун, го нашол нактот, но, за да го добие назад, морал да им брои на гемиџиите 50 лири. (Ст. Симеонов. 8. Според други податоци, откупот изнесувал 36 лири.) Сега заговорниците веќе имале минимални услови да минат конкретно во акција.

Пролетта 1900 година, кога Мерџановата група планирала да оди во Цариград, во Софија бил повикан Орце. Орце преку Мерџанов, се поврзал со Сарафов, го информирал за намерите на Солунскиот кружок, но не му ги изнел деталите. Сарафов и на Орце му ветил помош. Таа помош требало да доаѓа во Солун преку Мерџановата група од Царирад. Меѓутоа, додека заговорниците во Цариград редовно биле финансирани и не се жалеле од недостиг на средства, гемиџиите речиси постојано биле без или без доволно пари. Шатев, кој во Солун ја одржувал кореспонденцијата на Кружокот со Велес, Цариград и Бугарија, тврди дека тој еднаш или двапати добил од Цариград

по 20 наполеони за потребите на гемиџиите и дека било решено самиот да оди во Цариград како помош на тамошниот кружок, но и за да го забрза праќањето на пари во Солун. (П. Шатев, 84 и 89.) По се изгледа дека гемиџиите преку Цариградската врска добиле мала помош. Органџиев тврди дека не добиле ништо". Се надевавме - пишува тој - дека ќе добиеме пари од Цариградската група, но не добивме ништо". (Т. Органџиев, 119. Ст. Симеонов пишува дека, бидејќи ветените пари не доаѓале редовно, морал лично Орце да оди во Цариград и да го уреди ова прашање. Според Силјанов, поради недобивањето на ветените пари, Кирков бил принуден да го дигне накитот на тетка му.)

По среќавањето со Сарафов, Орце се вратил во Велес и заедно со Пингов заминал за Солун.

Мерџановата група сметала дека динамитните акции во Цариград ќе бидат сметани од Европа како "анархистички". За да не изгледа така, т.е. за да изгледа дека делото има чисто револуцинерен карактер, се заклучило слични динамитни акции да се подготват во повеќе поголеми градови на Европска Турција - во Македонија и во Одринско. Кога копањето на каналот во Цариград веќе било напреднато Мерџановата група побарала од Орце и во Солун да се почне со иста работа. Орце го прифатил предлогот. Ги повикал своите другари што биле во Велес да дојдат во Солун, а во меѓувреме во Кружокот влегло уште едно лице - тоа бил Димитар Коштанов од Горна Џумаја. Коштанов бил доверливо лице на ЦК на Организацијата, "терорист", но, разочаран од дејноста на ЦК, го напуштил и станал еден од најхрабрите членови на Гемиџискиот кружок. Приближно во тоа време, пролетта 1900 година, во Кружокот бил примен и Павел Шатев, кој тукушто ја завршувал гимназијата, така што, за разлика од Цариградскиот кружок, кој броел три лица, Солунскиот бил неколку пати побројен и дејствувал дома, во доста поинакви услови отколку што ги имале Мерџановци во Цариград.

Гемиџиите направиле план преку подземен канал да стигнат до темелите на филијалата на Отоманската банка во Солун и со динамит да ја дигнат зградата во воздух. Во близината на

Банката, наспроти влезната врата на хотелот "Коломбо", гемиџиите зеле под кирија едно мало дуќанче и го претвориле во берберница. Бидејќи дуќанчето било на една од поглавните улици во Солун, било нужно во него да се смести мебел којшто би одговарал за овој дел од градот. Гемиџиите, коишто морале да внимаваат на секоја ситница потрошиле повеќе од десет наполеони за потребниот мебел и алат во берберницата. Стопан на берберницата бил Владо Пингов. За големо задоволство на младите македонски револуционери, берберницата за една недела почнала да работи. В. Пингов, бил "мајсторот", а Илија Трчков – "чиракот". Први муштерии биле гемиџиите, а постепено во берберницата започнале да влегуваат и други лица па и странци. Се разбира, со оглед на фактот што Пингов многу малку го знаел занаетот, не можело да се одбегнат некои непредвидливи ситуации, по својата форма комични, но по своите последици доста опасни.

Влегува добро дотеран странец во берберницата и моли брзо да биде избричен. Пингов криво-право го бричи, но странецот бара малку да му се дотера брадичето. Владо, бидејќи не знае тоа да го направи, се труди да го убеди муштеријата дека брадата му е убава и дека нема што да се поправи, но по инсистирање на странецот, принуден е влакно по влакно да му ја дотерува брадата за да не се засрами. Странецот целото "недоразбирање" го објаснил со пепознавање на јазикот. Меѓутоа, тој случај бил повод гемиџиите посериозно да помислат околу персоналот, зашто, бидејќи берберницата се наоѓала во француското маало, во неа почесто наминувале странци. Опасно било и тоа што во берберницата често наминуваал и по некој од гемиџиите на "разговор" со Владо, а, се разбира, без да се сомневаат во ништо тука доаѓале и по некои познати велешани, охриѓани и други што воопшто не било пожелно. Проблемот го решил Орце. Тој побарал од Мерџанов во Цариград да му испрати некое момче кое го знае турскиот или грчкиот јазик, но не и нашиот. Мерџанов, преку Ерменскиот комитет, го нашол и го испратил во Солун Ерменчето Кристи, кое добро го знаело и турскиот и грчкиот јазик. Кристи бил претставен како Грк под името К. Аристиди и вработен како бербер покрај Пингов. Со вработувањето на "Грк" во берберницата, на турската полиција и се одземал

поводот да се посомнева дека дуќанчето би можело да се ползува за потребите на македоцските револуционери.

За гемиците, во случајов исклучиво важна била визбата на берберницата, којашто се наоѓа на 1,5 метри под рамништето на улицата. За копањето на каналот во почетокот биле задолжени Орце, Шатев и Коштанов. Со копањето први почнале Шатев и Коштанов во јули 1900 година. Првин бил ископан трап длабок над три метра, а потоа продолжиле работите врз копањето на каналот, т.е. хоризонтално. Земјата била ровка и копањето на каналот било лесно и брзо. Тешкотија претставувало осветлението. Електрично осветеление немало, обичните батерии не осветлувале доволно. Останувало целата работа да се врши со свеќи. Се копало со длето и лопатка. Копач во никој случај не смеело да се употребува.

Откако навлегле неколку метри под земја, Орце забележал дека правецот не бил нормален - се отишло доста лево. Ако така се продолжи, ќе се стигне подалеку од Банката. Орце, како добар познавач на математиката и геометријата, успеал да изврши корекција, но тоа наложило проширување на каналот, што ја зголемувало опасноста од уривање на земјиштето. За да се спречи тоа, била набавена извесна количина цемент и во берберницата внимателно внесена малу поголема количина вода. Така, преку бетонирање, каналот бил обезбеден.

Во тоа време во Цариград јавиле дека таму работите тешко одат, побарале помош и сугерирале во Солун да не се брза со копањето. На помош во Цариград отишол П. Шатев.

Копањето во Солун го продолжиле Т. Органџиев и Илија Попјорданов, кој специјално за тоа дошол од Велес. Со навлегувањето подлабоко во земјата, се јавила потреба и за прочистување на воздухот, што се правело со дувало поврзано со гумени црева. Еден седел на отворот и дувал со дувалото а друг копал. Каналот бил висок околу 70 см и широк околу 50 см па затоа морале да работат полулегнати. Еден дел од ископаната земја се расфрлала и газела во визбата, а друг во ќесиња бил изнесуван надвор од берберницата и фрлан во морето или на други сигурни места.

На патот кон Банката на копачите им се испречил еден стар римски sид, што со голема мака успеале да го пробијат, отворајќи дупка колку да може да мине човек. Ова место го нарекле "Термопилите". Потоа немало посериозни пречки. За неколку месеци каналот бил ископан до темелите на Банката. Меѓутоа, неочекувано испаднало далеку потешко да се набави динамит отколку под земја да се стигне до Банката. Гемиџиите останале без пари, па живееле во многу тешки услови. Летото и есента тие за лична издршка трошеле многу малку. Повеќе се хранеле со грозје и друго овошје. Но, веќе и тоа го снемало. Кога немале ништо што да јадат, ги помагал нивниот сограѓанин Славчо Коробаров, ученик во Гимназијата. Славчо крадел од пансионот храна и им ја префрлувал на гладните гемиџии преку sидот од пансионот.

Немајќи динамит, немајќи пари за издршка, гемиџиите штом разбрале дека цариградската група била уапсепа и нивната акција провалена, решиле да го напуштат Солун. Инструментите со коишто работеле ги закопале во каналот, го замаскирале добро отворот, го исчистиле убаво дуќанот и, без да остават никакви траги по кои каналот би можел да биде откриен, берберницата ја напуштиле. Тоа било во декември 1900 година. Повеќето од гемиџиите се прибрале дома, во, Велес. (Т. Органџиев, 118-120; П. Шатев, 87-89, 204; Силјанов 249, 251; Ст. Симеонов, 10-11.)

Со откривањето на цариградската група, делото на македонските гемиџии не било загрозено. Тие тоа го знаеле. Кога Шатев го интернирале во Кратово, со спровод го воделе преку Солун. Во Солун тој нарочно поминал покрај берберницата на Пингов (полицаецот што го водел не го познавал градот) да не би случајно да го забележат неговите другари. И навистина, по неколку часа, во жандармерискиот затвор се појавил Т. Органџиев, кој случајно одејќи по една улица, видел дека Павела го носат во спровод. Шатев успеал да му каже дека, иако Мерџановата група е уапсена, полицијата ништо не знае за нивната дејност, дека каналот ("невестата") не е откриен и дека сите се добри. (Интересно е да се забележи дека затоа што П. Шатев немал пари да плати билет за

полицаецот што го спроведувал, морал уште со двајца, кои веројатно биле во слична ситуација, да патува пешки од Солун до Скопје. Патот водел преку Кукуш, Дојран, Струмица, Штип, Свети Николе, Скопје. Оттука Шатев до Куманово отишол со воз, а потоа, до Кратово - пеш.)

Гемиџиите, значи, можеле да бидат спокојни и да ја продолжат својата работа. Меѓутоа, тие, повеќе отколку, што требало, се потпирале на Цариградскиот кружок и очекувале помош од него, иако било очевидно дека таква од таму тешко доаѓа. И кога Мерџановата група била затворена гемиџиите се нашле малку збунети и беспомошни. Тие дури и да имале средства за опстанок во Солун, не би можеле ништо да постигнат, зашто самите тие не се погрижиле да набават динамит туку, по се изгледа, очекувале со експлозив да ги снабди Мерџанов. Дури отсега тие ќе заработат самостојно и снабдувањето со динамит ќе го постават на прв план. Но, по овој прв сериозен неуспех, целата 1901 година морале да ја минат во бездејствување.

ВО ПОТРАГА ПО ПАРИ И ДИНАМИТ - КОПАЊЕ НА НОВ КАНАЛ

Гемиџиите во 1901 година биле распрснати на повеќе страни. Повеќето се вратиле дома, во Велес. Д. Коштанов отишол во родното место Горна Џумаја (според некои податоци таму бил интерниран), П. Шатев бил во Кратово, некои, изгледа, останале во прво време во Солун, Орце заминал во странство. “За сите гемиџии - пишува Шатев - настанаа лоши денови. Одвај можевме да одржуваме врски со писма...” (П. Шатев, 188.)

Велешките младинци, бидејќи биле повеќемина на куп, се труделе да го организираат животот и да му дадат некаква корисна револуционерна содржина. Се собирале по куќи, читале, дискутирале. Но, и покрај тоа времето тешко врвело, а неизвесноста за перспективата на нивното започнато дело постојано ги притискала. Т. Органџиев признава дека бездејството во Велес внело извесно распаѓање во групата. Т. Богданов, К. Кирков и Пингов паднале во меланхонија. Немале

со што да се занимаваат, а непријатно им било да стојат без работа, да безделничат.

По неколкумесечниот престој во Македонија (веројатно во Велес), Орце Попјорданов заминал да бара помош. Сарафов веќе не бил претседател на Врховниот комитет и се наоѓал во Швајцарија. Орце се сретнал со раководителите на новиот Врховен комитет - генерал Иван Цончев и Иван Михајловски - и се обидел да ги убеди за потребата да се преземе нешто против европскиот капитал. Но, не наишол на разбирање. Добил одговор дека еден таков акт би бил против "бугарските интереси". (П. Шатев, Солунскиот атентат..., 27.)

Од Софија Попјорданов заминал за Женева да бара помош од Борис Сарафов, а и да се запознае со руски социјалисти, што редовно ги имало во Швајцарија. Тој навистина се сретнал со некои од нив, ги запознал со плановите за дејствување во Македонија и добил нивна полна морална поддршка. Од нив Орце добил револуционерна литратура како подарок за гемиџиите.

Попјорданов се сретнал и со Сарафов, кој во моментот располагал со поголема сума пари. Од нив на Орцета му дал 10.000 лева - за времето значајна сума пари. Во исто време Сарафов на Орце му ветил дека ќе му испрати и 1.000 кг динамит.

Во меѓувреме, во февруари 1902 година, Шатев во Кратово добил телегама од П. Манџуков, во која стоело дека "Васковата невеста умрела". Тоа значело дека каналот во Цариград бил откриен од властите и според тоа на Шатев му претстоела опасност да биде уапсен. Немајќи многу време за размислување, Павел му ја открил тајната за цариградскиот канал на својот брат Иван и побарал помош за бегање од градот. Иван и главниот учител во Кратово Вл. Каранфилов (од Прилеп) биле раководители на Реонскиот комитет и без тешкотии, преку каналите на Организацијата, Павела го префрлиле на бугарска територија. Во Софија се сретнал со П. Манџуков, од кого разбрал за се што се случило во текот на изминатата, речиси година и пол од неговото интернирање. Мерџанов и Соколов

загинале. (Во 1901 година Мерцавов и Соколов, заедно со ерменскиот револуционер Бедрос Серемџијан, формирале чета и навлегле во Одринско со цел да го нападнат Ориент-експресот и да ја запленат поштата, за да дојдат до пари. Меѓутоа, обидот не успеал. Потоа четата фатила едно Турче, од чии богати родители требало да се бара откуп. Надигната била голема војска и полиција, четата била откриена и ликвидирана. Соколов бил убиев во борбата, додека Мерџанов бил фатен, осуден и обесен во Одрин. Обесени биле и Ерменците Бедрос и Оник Торосијан.) Каналот во Цариград бил откриен. Гемиџиите во Солун го напуштиле каналот, но никој од нив ниту бил уапсен ниту интерниран, освен Д. Коштанов, веројатно како сомнителен.

За откривањето на каналот во Цариград имало две претпоставки: прво, дека тој бил откриен случајно - веројатно биле забележани Нанчо и А. Кипров како влегуваат и излегуваат во магазинот и, полицијата, сомневајќи се во нешто, во својата намера да види, да провери, го открила каналот; второ, и највероајтно, извештајот на Кипров за положбата на каналот (Кипров бил испратен од Софија, од Мерџановци, во Цариград да го надгледува магазинот) испратен до ЦК на Револуционерната организација во Солун бил запленет заедно со апсењето на Татарчев, Матов и другите и подоцна дешифриран, и така тајната на атентаторите откриена.

Со убиството на Мерџанов и Соколов и со откривањето на каналот во Цариград, цариградската група престанала да постои. Гемиџиите ќе го направат тоа што нивните поискусни сомисленици не успеале да го сторат.

Во април 1902 година Орце пристигнал во Софија од Женева. Тој се вратил со силни впечатоци од среќавањето со руските револуционери, но и со жална констатација дека гемиџиите заостанувале по теоретската изграденост од тие во Женева. Шатев пишува: “Орце дојде со парите тука (во Софија - б.м.). Тогаш видовме дека не можеме да се споредиме со руските револуционери и ни се стори дека сме малечка групичка без раководни идеи; повеќе работевме по инстинкт. Решивме да

дејствуваме како мала група смело, на своја глава”. (П. Шатев, 28.)

Треба да повториме дека Солунските атентатори имале основни познавања од социјалистичката и анархистичката теорија. Тие, во границите на крајно ограничените можности што ги давал еден теократски и назаден режим, читале, дискутирале и се самообразувале. Но, нив, како што е истакнато во почетокот, далеку повеќе ги интересирало да ја сфатат практичната страна на тие теории отколку поопширно да навлезат во нивната суштина како теорија на определени општествени движења. Тие пред себеси конкретно ја имале Македонија, поробена и жестоко експлоатирана, и помислата дека преку жртвувањето на своите животи ќе можат да и помогнат ги правела среќни и недоверчиви кон поинаквото сфаќање на ослободителната борба.

Во тој поглед особено се издвојувал Орце. Тој бил доста рамнодушен кон разните теоретизирања и дискусии. “Доста дрдорите, како некакви папагали - им се обратил тој на Манџуков и Шатев, коишто се одушевувале од книгите што ги донел од Женева. - Социјализмот и анархизмот се учења што не е важно само да се проучат, туку треба да се разберат, да се асимилираат. Вие не сте способни тоа да го направите, па дури и да имате време неколку години, ние нема да бидеме живи. Ете зошто учењата за социјализам и анархизам ние ќе треба да ги примениме на македонска почва”. (П. Шатев, В Македония под робство, 225-226.)

Манџуков и Шатев таквото гледиште на Орце го пречекале ладнокрвно, дури и со извесна иронија.

Нема сомнение, по сите неуспеси во Цариград и Солун, сега, кога имал во џебот пари и ветен динамит, Орце барал дела - и ништо друго. Тој веќе го направил планот каде и што требало да се работи. Другите гемиџии, коишто исто така одвај чекале да започнат со акции, немале можност дури и корекции да предлагаат.

Пред дефинитивно да ги поделат задачите и да тргнат во акција, Орце, Шатев и Манџуков ја разгледале ситуацијата во Турција, во револуционерното движење и во емигрантската организација и дошле до следниве сознанија формулирани од Орце.

Стекнатото искуство и другите услови им овозможуваат на гемиџиите да се вклучат, на свој начин, во македонското револуционерно движење без да ги оспоруваат и подготовките за општо оружено востание. Но, што се однесува до ставот кон Револуционерната организација и до борбите што во тоа време се разгорувале меѓу Организацијата и врховистите, заклучиле дека како досега, така и за натаму, нема да имаат ништо општо со врховистите, коишто во "борбата за ослободувањето на Македонија се инспирираат од бугарската влада, коишто гледаат свои цели и не испуштаат ниту еден случај да го исползува за државни и партиски цели секое револуционерно движење во Македонија". (Истото, 226-227.) Но, во исто време не можат да одат паралелно и со "централистите" (Организацијата), зашто, иако нивната кауза е исправна, сепак имало работи што тие не ги одобрувале, а ЦК и повеќе окружни и околиски комитети се раководеле од лица коишто по своите сфаќања, дури и по своите цели и методи на борба, малку се разликувале од врховистите, иако биле нешто одделно.

Гемиџиите решиле да дејствуваат во два-три поголеми града, сами ќе се бореле без да ангажираат поголем круг луѓе и сами ќе ја сноселе одговорноста. Организацијата нека го превоспитува народот, нека го организира, вооружува и подготвува за востание. Ако успее во тоа толку подобро за Македонија но, ако од разни причини не успее, а се предизвика некакво парцијално востание за какво што агитирале и работеле врховистите, и едните и другите нека ја сносат одговорноста.

На забелешката од Манџуков дека таа одговорност ќе биде таква каква што била таа на раководителите на бугарските политички партии преземена за сите грешки и грабежи што се вршеле во името на "мајка Бугарија" и во името на "милиот народ и татковината", Орце одговорил: "Јас не мислам одговорност пред законите туку пред историјата, која никому не му простува и секому му го дава заслуженото".

Се поставило прашањето за печатна пропаганда, со чија помош би требало да се придобие барем дел од општественото мислење и да се ангажираат и други коишто би сакале да прифатат таков вид борба против странскиот капитал. Меѓутоа, "тврдиот и упорен" Орце не сакал да се согласи да се напишат барем две-три брошурки, во кои би се објаснил карактерот на гемиџиската борба. "Ние како да докажавме дека сме или можеме да бидеме револуционери, а сега пак ќе убедуваме други! - рекол тој. - А каква полза од тоа? Ако се работи за придобивање луѓе, за да се зголеми нашиот кружок, имаме доста... за работата што ја планираме, имаме доста лица другари испитани со години, што се во Велес, во Солун... и само чекаат да ги повикаме..."

"Што се однесува до историјата - рекол Орце – таа ќе не оценува по нашите дела. Ако останатите Македонци по нас видат дека акцијата е добра и дава резултати, тие по своја иницијатива ќе не следат и ќе почнат други слични акции. Ако пак сознаат дека нашата работа е штетна, идниот непристрастен историчар со црни букви нека ги забележи нашите имиња или нашата акција... Делата се поубави и поубедливи од зборовите... (Истото, 228-230.)

Пред Орце да тргне за Македонија, тие решиле да го викнат и да го придобијат за своето дело Димитар Мечев, кој во тоа време работел во рудникот Перник. Орце, кој добро го познавал Мечето, неговата недоверчивост и скептицизам, решил да оди во Перник и лично да се сретне со него. Успеал да го убеди дека гемиџиите сега имаат услови навистина да презмат некава акција и дека неговото приклучување кон Кружокот можело да биде од голема корист, а ќе ги задоволи и неговите амбиции - да се дејствува. Инаку, по наредба на Велешкото раководство на Организацијата, Мечев го нападнал велешкиот трговец Ѓорче Војниџалиев, но само го ранил со секира, поради што морал да мине во илегалство. Ја напуштил Револуционерната организација, го напуштил и Перник и станал гемиџија.

Дискусиите и убедувањата завршиле. Требало да се почне со работа. Договорено било Мечето и Шатев да останат времено

во Софија, П. Манџуков да замине во Пловдив, Орце да замине во Македонија. Мечев добил задача да го убеди П. Бошнаков да влезе во Кружокот. Што сторил, не е познато, но се знае дека Бошнаков не учествувал во Солунските атентати.

П. Шатев заминал за Ќустендил со задача да се обиде преку Осоговската Планина да префрли во Македонија една количина динамит што се чувал во село Рила.

Мечев под туѓо име отишол во Одрин, каде што останал неколку месеци. Тука зел под кирија една поголема просторија, којашто се наоѓала близу до австриската пошта. Пред властите важел како трговец на брашно, пченка, трици, а всушност требало да организира од зградата да се ископа канал до поштата, за да се минира. Меѓутоа, динамитот ветен од Сарафов не пристигнувал, а гемиџиите решиле да не преземаат ништо пред претходно да се снабдат со динамит. По барање на Орце, Мечев се вратил во Софија, бидејќи не се знаело кога ќе пристигнел динамитот, а седењето во Одрин било поврзано со трошоци, иако Мечето бил познат како најштедлив меѓу гемиџиите.

П. Шатев заминал за Ќустендил. Претходно се сретнал со Гоце Делчев, кој го препорачал кај пунктовиот началник на Организацијата во Ќустендил. Шатев требало да се поврзе со свои луѓе во Кочани и да најде начин околу 80 кг динамит со кои располагале да го префрли во Македонија. Во тоа време на власт во Бугарија била проруски ориентираната влада на д-р Данев, којашто преземала разни мерки за да го спречи префрлувањето на чети и оружје од Бугарија во Македонија. Во пограничните реони и градови полицијата била засилена, а по селата се движеле "контрашајки" од 5-6 души, со специјална задача да го следат движењето на сомнителните лица и да го спречуваат преминувањето преку граница. Во влезовите на градовите, па и на други места, се вршеле претреси, се апсело и "виновниците" се суделе. За таквите "прекршители" имало закон кој предвидувал до три години темничен затвор. Овие владини мерки им создавале големи тешкотии на луѓето на Организацијата, коишто за снабдување со оружје ја ползувале и Грција, но, поради бројната емиграција и стремежот на

бугарските државни фактори македонското движење да го ползуваат за свои цели, условите од Бугарија да се добива неопходната помош биле значително поповолни. Треба да се забележи дека сите тие владини "контрашајки", полиција, разни стражари и војска, коишто имале за цел да го спречат преминувањето на турско-бугарската граница од страна на македонските комити (за да се зачуваат добрососедските односи со Турција), не важело и за врховистите што токму во времето на Данев масовно ја преминувале границата во есента 1902 година и го дигнале познатото "Горноџумајско востание".

И покрај неколкумесечното престојување во Ќустендил и во неговата околина, Шатев не успеал да ја исполни задачата. Во јули 1902 година една екипирана чета тргнала за Македонија. За да ги одбегне стапиците поставени од надлежните органи, четата тргнала пеш од Софија, преку Витоша и радомирските села кон границата. Шатев разбрал од Е. Чучков и Марко Секулички за движењето на четата и побарал да и се приклучи и со неа да ја мине границата и да оди во Кочани за да се договори за прифаќањето на динамитот. Меѓутоа, одејќи со курир да ја пронајде четата, бил откриен од една владина "контрашајка" и бил уапсен. Преку врски, бил ослободен, но морал да го напушти Ќустендил и да се врати во Софија. (Истото, 234-248.)

П. Манџуков, кој имал задача да се префрли во Турција и на пругата Ксанти-Солун да изврши диверзија, исто така не успеал. Се вратил во Пловдив и чекал.

Постепено станувало јасно дека, и покрај големата желба гемиџиите дејноста да ја прошират и во Битола, во Скопје, во Одрин, не ќе можат тоа да го направат поради немањето на динамит. Во почетокот се ограничиле во Солун и Одрин, но, како што е речено, од Одрин се повлекле и останал само Солун.

По поделбата на задачите во Софија, Орце Попјорданов се вратил во Велес. Тука неговите другари го очекувале со нестрпливост. Тој ги запознал своите пријатели за добиените пари од Сарафов и од Гоце Делчев (Т. Органџиев тврди дека Орце примил 5.000 лева од Гоце Делчев) и за можностите

веднаш да ја продолжат работата за минирање на филијалата на Отоманската банка во Солун. За Солун тргнале Орце, Кирков и Пингов, а другите (Органџиев, Иљо Попјорданов, Т. Богданов и Трчков) останале привремено во Велес. (Т. Оргавџиев, 120.) Во Солун гемиџиите се соочиле со еден непријатен факт. Старото дуќанче, берберницата, било зафатено од друг и, според тоа, можноста да се користува ископаниот канал отпаднала. Но сега веќе искусните гемиџии ниту за миг не се разочарале. Орце зел под кирија друго дуќанче веднаш до старата берберница. "Бакалин" и "стопан" на бакалницата станал Марко Бошнаков од Охрид. Него никој не го знаел во Солун и затоа бил најпогодно лице за таа деликатна работа. Токму и затоа тој бил испратен во Солун.

Дуќанот бил снабден со неопходниот инвентар и артикли и личел на вистинска бакалница. Никој не можел да се посомнева дека во визбата се подготвува акција којашто ќе ја потресе Македонија и ќе ја вознемири Европа. Иако Марко не бил познат во Солун, сепак некои охриѓани, негови познати, што живееле во градот, или велешани познати на гемиџиите, наминувале во бакалницата. Тоа воопшто не им се допаѓало на гемиџиите, меѓутоа, не можело да се одбегне.

Новиот канал започнал да се копа од визбата на баканицата. Бидејќи стариот канал бил мошне блиску до бакалницата, гемиџиите решиле да се поврзат со него. Тоа многу им ја олеснило работата и решило и еден друг сериозен проблем. Имено, најтешко и најопасно, она што можело лесно да ја открие конспиративната дејност на гемиџиите, била ископаната земја. Целата ископана земја не можела да се чува во визбата; еден дел требало да се изнесува надвор од дуќанот и некаде да се фрла, а тоа било многу ризично. Сега ископаната земја од новиот канал можела да се фрли во слободниот дел од стариот канал ископан 1900 година.

Значи, стариот канал не бил попусто ископан. Тој им овозможил на гемиџиите сега, во 1902 година, брзо да ја извршат работата и за првпат да се почувствуваат господари на ситуацијата. Велиме господари, зашто за сето време додека работеле во визбата тие при себе веќе имале определена

количина динамит. Така, во случај бакалницата да се открие, тие би имале можност и време да го активираат динамитот и да не дозволат тој да се заплени а тие да бидат фатени. Гемиџиите што биле во каналот, се разбира, бп загинале, но тоа било сосем во духот на нивната револуционерна филозофија - "ќе се арчиме". Гемиџиите во никој случај сега не сакале да дозволат да се случи тоа што се случило со каналот во Цариград. Банката во Солун не би била разурната, "акцијата - пишува Шатев – навистина немаше целосно да биде успешна, но сепак, во случај на откривање, барем ќе свршеше со што а не со ништо". (П. Шатев, 257.)

Кога биле извршени атентатите, се појавиле разни претпоставки за идејното определување на гемиџиите, за нивните цели, врски и слично, па и за потеклото на динамитот. Речено е дека снабдувањето со динамит било најсериозниот проблем што требало да го решаваат атентаторите. И, главно сами го решиле. Првата количина динамит во Солун пристигнала преку Цариград. Гемиџиите, не успевајќи динамитот да го испратат преку Кочани и Велес, како што планирал П. Шатев, се ориентирале на Цариград. По барање на Орце, Ана Шепец од Софија се преселила во Цариград и се ставила на нивно располагање. Динамитот од Ќустендил бил донесен во Софија и преку Милан Саздов, келнер во возот што сообраќал на линијата Белград-Цариград, се праќал за Цариград. Крајно внимателно, динамитот во мали пакетчиња, гемиџиите првин му го предавале лично на Милан, но, гледајќи дека тоа е опасно, го ставале на определено место во тоалетот на вагонот, а Милан го прибирал во погодно време, по тргнувањето на возот. Во Цариград Милан и го предавал динамитот на Ана Шепец. Милан, впрочем, како и Ана, свесно и доброволно се изложувал на голема опасност, ставајќи се во услуга на гемиџиите. Тој знаел дека пренесува динамит, но никогаш не се заинтересирал за какви цели тој се складирал во Цариград. Знаел дека му служи на македонското револуционерно движење и на делото за ослободување на Македонија - и со тоа бил задоволен.

Ана се изложувала на уште поголема опасност од Милан. Во случај динамитот да биде откриен во возот, Милан имал можност и шанса да се спаси со негирање дека тој имал било

каква врска со таквата пратка. Меѓутоа, откривањето на динамитот во домот на Ана (како и додека Милан го носел од станицата во Цариград до нејзиниот дом) значело робија, ако не и крај на животот.

Овој динамит од Цариград бил пренесен во Солун во две буриња етикетирани како риба. Имајќи го овој динамит, гемиџиите уште во втората половина на 1902 година веќе можеле да ја дигнат Банката во воздух. Меѓутоа тие сметале дека динамитот е малку за поширока акција и дека ќе треба да се чекаат ветените количини динамит од Борис Сарафов.

СУДИРИ СО ЦК НА МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА

Копањето на каналот во 1900 година и гемиџиското раздвижување по Солун не му го привлекло сериозно вниманието на ЦК и не создало никакви проблеми во односите меѓу ЦК и гемиџиите. Сега, меѓутоа, главно поради нетактичноста и неспособноста на Иван Гарванов да воспостави добри односи со гемиџиите и да се обиде на некаков начин да ги придобие и да ги убеди во неопходната потреба да водат сметка за поширокиte интереси на револуционерното движење, односите меѓу гемиџиите и ЦК станале лоши, дури и неријателски. Тоа многу ја комплицирало ситуацијата и штетно се одразило врз претстојниот развиток на револуциоцерните настани во Македонија.

Иван Гарванов неколку пати му пишувал на Гоце Делчев дека Орце Попјорданов, Коста Кирков и Илија Трчков агитирале во Солун, Кукуш и Велес против Револуционерната организација Орце, кога скоро бил во Кукуш, наводно, ги исмејувал луѓето на Организацијата, а некои други гемиџии се побивале со владичката круна. Воопшто, пред Гоцета гемиџиите биле претставени како негативни елементи за кои треба да се води сметка.

Кога во 1902 година Орце бил во Софија, каде што со своите другари го разгледувал прашањето во врска со снабдувањето на

динамит, со Делчев разговарал за влошените односи со ЦК и одделно со Иван Гарванов.

Орце пред Гоцета го искажал своето огорчување за неоправданите клевети и заплашувања што Гарванов ги упатувал против нив и изјазил дека, ако некои од гемиџиите во Солун, Велес или на друго место настрада од луѓето на ЦК, тогаш тие немало да го бараат физичкиот убиец, туку ќе се одмаздат со убиство на некои од членовите на ЦК. Делчев, кој секогаш се однесувал со симпатии и внимание кон гемиџиите, му ветил на Орце дека за ова прашање ќе му пише на ЦК и дека работите ќе се средат.

Односите помеѓу гемиџиите и ЦК не можеле да се средат. Гарванов под средување на односите подразбирал истиснување на гемиџиите од Солун. Меѓутоа, тоа можело да се постигне само со сила. А употребата на сила против гемиџиите, луѓето што секој момент биле готови да ја дадат главата за своето дело, било мошне ризична и практично неостварлива работа. Орце неколу пати му изјавил на Гарванов дека ако неговите луѓе (извршните органи на ЦК што ги викале "терористи" - егзекутори) се обидат да убијат некого од гемиџиите во Солун или во Велес, лично тој ќе одговара со својот живот. "А Иван Гарванов - пишува Шатев - многу добро го знаеше Орце Попјорданов уште како ученик, а уште подобро го запозна откако имаше можност потоа да се среќава со него. Решителноста, тврдоста и храброста на Орце Гарванов добро ги познаваше и водеше сметка за тоа". Другите членови на ЦК, иако се сложувале со Гарванов, кон гемиџиите секогаш биле љубезни. "Терористите" околу ЦК знаеле дека гемиџиите не биле добри со Иван Гарванов, но и покрај тоа, не преземале ништо против нив.

Односите меѓу ЦК и гемиџиите најмногу се заостриле кон почетокот на 1903 година. Борис Сарафов, како што ветил, купил динамит и преку Марсеј во 17 буриња, како лек против филоксера, го испратил за Деде-Агач, бидејќи контролата во солунската царинарница била построга. Динамитот пристигнал и Орце се договорил со Д. Евангелидис, Грк, трговец, за награда од 100 лири, да го подигне "лекот" против филоксера

од царинарницата во Деде-Агач и да го испрати во Солун. На Евангелидис му била платена половината од сумата, а другата половина требало да ја земе по извршената работа. Евангелидис му бил близок (шура?) на проф. А. Наумов, со кого Гарванов работел во Егзархиската гимназија и заедно го формирале споменатото контра-револуционерно братство. Пред да тргне за Деде-Агач, Евангелидис му ја открил тајната на Гарванов, со кого, поради Наумов, добро се познавал. Гарванов, кој од гемиџиите започнал да се плаши повеќе отколку од турските власти, решил да не дозволи оваа голема количина динамит да падне во нивни раце. На Евангелидис му рекол дека "стоката" е на Организацијата, дека Орце и неговите другари се луѓе на Организацијата и според тоа било потребно динамитот, штом ќе го извлече од царинарницата, да го предаде во Деде-Агач на лице посочено од него, од Гарванов. Разликата од парите ќе ја добиел од тоа лице.

Бидејќи минале 2-3 дена, а одговор од Евангелидис немало, Орце загрижен отишол во Деде-Агач, но никаде не можел да го пронајде трговецот. Се посомлевал дека динамитот е откриен и конфискуван, а Гркот затворен. Се посомневал и во тоа дали навистина бил испратен динамитот. По барање на гемиџиите, Сарафов наредил да се провери документацијата, од што се констатирало дека на 17. II 1903 година "стоката" била подигната од царинарницата (Шатев посочува факсимил на овој документ). Отпосле Орце дознал дека Евангелидис, преку комисионерот Џан Милиѕанис, ја подигнал "стоката" - 1.000 кг динамит пристигнат во Дедеагачката царинарница. Но потоа динамитот бил откриен и конфискуван од властите, комисионерот бил уапсен и одведен во Одрин, додека Евангелидис избегал во Атина.

Подоцна, кога по атентатите се нашле во солунскиот затвор "Еди-куле", Гарванов пред гемиџиите негирал дека имал било каква врска со овој динамит.

"Јас ништо не знам за таа работа и со ништо пе сум придонесол за исчезнувањето на било каков динамит" - рекол тој.

Во прилог на неговото тврдење оди и верзијата на Борис Сарафов за исчезнувањето на динамитот. “Купив - пишува тој - 1.000 кг динамит та да избувне со страшна сила во Солун. Го купивме во Париз. Бидејќи тој беше мелинит и немаше изглед на обичен динамит што Турците го знаат (тој беше жолт прав во 1.000 пакетчиња по еден килограм), мислевме дека ќе може да мине преку турските царинарници како лек против филоксера. Викнав првин од Солун еден Грк, кој ни посочи друг Грк од Деде-Агач и нему му испративме две буриња вистински лек против филоксера. Тие лесно минале преку царинарница. Кога го испративме вистинскиот мелинит, случајно се сменил лекарот во Деде-Агач и направиле нова проба - испратиле и во Цариград за проба и дознал дека е динамит. Динамитот го фрлиле во морето а Гркот избегал во Атина”.

Значи, според Сарафов, динамитот бил запленет во царинарница, според гемиџиите, тој бил запленет, но откако бил подигнат од царинарницата. Останува отворено прашањето за улогата на Гарванов во оваа афера. Гемиџиите останале доткрај со убедувањето дека динамитот бил изгубен по вина на Иван Гарванов. (Истото, 264-265 Хр. Силјанов, 252; Спомени на Д. Груев..., 72. Симеонов и Т. Органџиев пишуваат дека динамитот бил дигнат од Гарванов.)

Гемиџиите останале без оваа долго очекувана и голема пратка на експлозив. Орце, и покрај лошите односи со ЦК во прво време не можел да помисли дека Гарванов ќе оди толку далеку во противставувањето на гемиџиите. Меѓутоа, како трезвен реалист, тој веднаш побарал од своите другари во Бугарија по секоја цена да пронајдат друг динамит и да го испратат во Солун.

Со загубата на динамитот гемиџиите се помириле, но не и со улогата на Гарванов Напротив, омразатата кон него пораснала и растела се повеќе како што растеле маките и тешкотиите при набавувањето и праќањето во Солун на новиот динамит. Желбата по секоја цена да му се одмаздат на Гарванов станала составен дел од дејноста на гемиџиите.

Знаејќи го тоа, Гарванов го побарал нивното отстранување од Солун. Негова најголема желба била, пишува Шатев "по секоја цена да не отстрани од Солун, па дури и да умреме во некаква затворска ќелија, само и само да не бидеме во Солун, каде што тој сакаше да биде спокоен за да ги спроведува своите цели како натрапен водач на едно движење на кое тој, поскоро му беше противник, а сега, по една случајност на сложените настани, беше станал раководна личност. (Шатев, 293-294.)

Обидите на Гарванов да ги "дисциплинира" гемиџиите од гледиште на интересите на Организацијата можело да се сметаат за оправдани. Гледајќи низ призмата на тие интереси, спречувањето илјада килограми динамит да дојдат во рацете на "недисциплинираните" атентатори можело исто така да се смета за оправдано. Меѓутоа, оправдано се поставува прашањето: Дали Гарванов притоа навистина се раководел од интересите на Револуционерната организација или пак тоа го правел од некои поограничени интереси на ЦК, респективно од негови лични? Има причини да се верува дека односот на Гарванов кон гемиџиите бил определен повеќе од вториот, личниот момент. Инаку, како можат да се сфатат неговите настојувања да се оневозможи дејноста на гемиџиите само во Солун, а не во цела Македонија? Во месеците пред Илинденското востание му предложил на Орце Попјорданов да му даде пари да почнат да подготвуваат некаква слична акција на друго место, на пр., во Скопје, Велес, Битола. Единствена негова цел била да ги истера од Солун. Не е тешко да се претпостави дека една таква динамитна акција каква што била солунската, извршена во невреме, на пример во Битола, можела да има потешки последици за Организацијата, за нејзините подготовки за претстојното востание. За разлика од Солун и Солунско, во Битолскиот округ Организацијата била помасовна, населението поподготвено и повооружено и ударите што би ги добила таа би биле далеку потешки и со пошироки последици од тие во Солун. Но, затоа пак, сето тоа би било далеку од Гарванов и неговите другари коишто Револуционерната организација ја сметале повеќе како средство за постигнување на цели што малку имале врска со напорите на народот за извојување на автономна Македонија.

Давајќи една општа карактеристика за ЦК на чело со Гарванов, П. Шатев, меѓу другото, во основа правилно констатира:

“Членовите на новиот Централен комитет немаа искуство (што го имале старите членови д-р Татарчев, П. Тошев, Хаџиниколов, Христо Матов, уапсени 1901 година) и не беа така дејателни; тие беа, главно, учители и трговци кои пред се си ја гледаа својата лична работа, а раководството на Револуционерната организација за нив претставуваше нешто дополнително, второстепено. А пак централизацијата беше толку голема што и за најситните работи требаше да се бара одобрување од ЦК во Солун. Меѓутоа, размерите што ги беше зела ВМРО со дејноста на својот легален и нелегален апарат беа толку големи што ЦК, да беше составен дури од професионални револуционери, пак не можеше да одговори на созреаните потреби за пропагандата, агитацијата, подготовките, обуката, камоли пак да раководи со револуционерните дејствија во цела Македонија.

Како резултат на неспособноста и пасивноста на членовите на ЦК, овој веќе ги загубил нишките на раководството и фактички ВМРО, од организација со полна централизација, се претвори во таква со полна децентрализација.

Колку всушност членовите на ЦК на Организацијата во Солун беа недејателни, толку повеќе растеше кај нив желбата се да држат во своите раце и сите од револуционерните реони да се обраќаат до нив. Понекогаш, не познавајќи ги месните услови, наместо да помогнат; му носеа штета на движењето... Членовите на ЦК беа случајни личности. Тие прибрале околу себе си една камарила од случајни лица, користољупци, коишто сакаа да исползуваат некаква егзархиска служба или положба во општеството...” (75 Истото, 290-294. Гарванов во своите кратки спомени само неполна страница им посветува на гемиџиите. Повеќето од податоците што ги дава не се точни - Спомени на... Иван Гавранов, 135.)

Бидејќи немале и не сакале да имаат врска со ЦК во Солун, бидејќи не се мешале во работите на Организацијата и не се обидувале да ја шират својата идеологија и својот начин на

борба меѓу обесправеното население, гемиџиите сметале дека Иван Гарванов нема никакво право и основа да им се наложува. Ништо не му давало за право на ЦК да го смета Солун за искпучиво негово подрачје за дејствување и да им го оспорува правото на други, на гемиџиите, да се борат во ист град. Со други зборови (резонирале тие), никој немал право да им ја оспорува желбата да умрат во родната земја, "во престолтнината на Македонија".

Се разбира, никој немал право да им ја оспори желбата на членовите на Гемиџискиот кружок да се борат за слободата на Македонија. Меѓутоа, нивното мислење дека, бидејќи не се членови на Организацијата, нејзиниот ЦК немал право да се интересира за нивните акции, во принцип било неправилно. Поради тоа што составот на ЦК ги немал потребните морално-политички квалитети и не можел правилно да ги раководи ослободителните борби на македонскиот народ, не можело да се испуштат од предвид интересите на цело едно револуционерно движење.

Сепак, крајно заострените односи не довеле до отворени пресметнувања меѓу двете страни. И покрај тоа што Гарванов освен клевети испраќал и закани дека ќе употреби и сила за да ти отстрани од Солун, не дошло до физички пресметки. Гемиџиите биле решени да трпат и да одбегнуваат секаков инцидент кој би можел да биде причина за провалување на нивната динамитна акција, додека Гарванов, пак од повеќе причини, а најмногу плашејќи се за својот живот, не се решил да ги испрати своите "терористи" против нив. (Гарванов тврди дека, во еден момент заплањени од ЦК дека гемиџиите ако за два дена не го напуштат Солун ќе бидат убиени, привремено тие го напуштиле градот. Колку е тоа точно, не ни е познато.) По пленувањето на 1.000 кг динамит, тој веројатно не претпоставувал дека тие ќе се снабдат со ескплозив по други патишта.

Поради немањето на доволно динамит, гемиџиите дефинитивно се откажале од мислата своите акции да ги прошират надвор од Солун. Динамитот што веќе го имале набавено не можел да ги

задоволи дури ни потребите за Солун. Затоа тие решиле по секоја цена да набават уште динамит.

Во 1902 година за потребите на Организацијата во Бугарија се купувало мелинит кој доаѓал од странство и се праќал кон границата и во Македонија. Гемиџиите го искористиле овој случај и купиле околу 200 кг мелинит. П. Шатев се нагрбил со задачата да го организира пренесувањето на експлозивот до Солун. Мелинитот пренин бил складиран во Ќустендилско, во близината на границата. Шатев се поврзал со Тодор Александров, со кого се познавал од порано. Александров во 1902/1903 учебна година бил учител во Кочани и член на месното раководство на Организацијата(?). Тој од разговорите што ги водел со Шатев кога овој бил интерниран во Кратово знаел нешто за гемиџиите и за нивните намери "нешто" да направат. Затоа сега решил да им помогне. Шатев го праќал мелинитот од Бугарија во с. Саса каде што го примил искусниот курир на Организацијата Геро. Од Саса до Кочани се пренесувал скриен во сено, бидејќи сеното било главна стока што се превезувало на оваа линија. Така, во пратки од по 20-30 кг, сиот мелинит бил префрлен во Кочани. (Додека Шатев тврди дека мелинитот, околу 200 кг, бил купен, Т. Органџиев (ц. негова статија, 121) пишува дека динамитот, околу 100 кг, бид украден некаде во Јамболско.)

Во Кочани главна стока на трговијата бил оризот. Било што друго да се пренесувало, можело лесно да предизвика некакво сомневање кај надлежните органи на власта. Тоа било време (почеток на 1903) кога низ Македонија се чувствувало силно раздвижување на чети, на курири, се пренесувало оружје, со еден збор, се вршеле засилени подготовки за востание. Судирите со аскерот и полицијата станувале се почести, а недовербата на властите кон се што било христијанско станувала тотална. При ме услови, пренесувањето на динамит, што морало да се изврши по царскиот друм до Велес, а оттаму со железница до Солун, било навистина поврзано со непредвидливи и опасни ризици. Таа задача успешно ја извршил Т. Органџиев.

Органџиев отишол во Кочани, се поврзал со луѓето што го чувале динамитот и го организирал превозот. Секој вторник, пазарен ден, "кираџиите.' пренесувале по 1-2 товари ориз во Велес. Во секоја вреќа имало по неколку килограми динамит. Меѓутоа, и оризот не бил поштеден од проверка. Колџиите што ги прогонувале контрабандистите со тутун имале навика, без многу размислување, да мушкаат по вреќите со ориз со специјални заострени железни прачки. За да се одбегне тоа, "кираџиите" морале да даваат рушвет.

Товарите со ориз во Велес пристигнувале во еден ан, а од таму Тодор ги префрлувал во куќите на неговиот чичко Никола Органџиев.

Т. Органџиев динамитот го ставал во тенеќии во кои се ставало шарлаган. Тежината на динамитот во тенеќиите морала да одговара приближно на тежината на шарлаганот. Потоа од доверливо лице-тенеќеџија капакот на тенеќиите се затворал, како што тоа се правело со шарлагот, и тие се праќале по железницата на определена адреса во Солун. Првата пратка од две тенеќии била подигната во Солун од Орце и Коста. Колџиите сакале да проверат, но амалчето - Циганче - успеало да се оддалечи додека Орце и Коста се расправале и им давале рушвет. На таков начин биле пренесени и другите четири пратки.

Гемиџиите располагале со околу 280 килограми динамит. Каналот до Банката бил готов, а друг канал во Солун или на друго место не планирале веќе да копаат. Значи, секој момент тие биле готови да стапат во акција. Динамит немало толку колку што сакале да имаат, но сепак имало доволно за да ја изведат акцијата во Солун.

СОЛУНСКОТО РЕШЕНИЕ ЗА ВОСТАНИЕ - ОДНОСИТЕ СО ДЕЛЧЕВ

По речиси три години подготовки и перипетии, гемиџиите биле готови за акција. Но, едно судбоносно совпаѓање! Тие биле готови за акција токму тогаш кога во Македонија се очекувало да почне востанието.

Врховниот комитет, кој пред Европа се претставувал како изразувач на интересите на угнетеното македонско население и сакал да игра решавачка улога во ослободителната борба на Македонија, решил по втор пат (првиот пат тоа било т.н. Мелничко востание во 1895 година) да дигне "востание" во Македонија. На 23 септември 1902 година четници на врховистичкиот офицер Т. Саев убиле неколку спаии во с. Железница, Горноџумајско, со што бил предизвикан аскерот да го нападне селото и да се развие борба. Со тоа бил огласен почетокот на врховистичките оружени акции познати во историјата како "Горноџумајско востание". Тие акции, со повеќе паузи, траеле до средината на ноември истата година. Врховистичките сили дојдени од Бугарија броеле околу 400 души. Во борбите биле вовлечени околу 30 македонски села од повеќе кази, но половината од нив припаѓале кон Џумајската околија. Со оружените акции раководеле познати врховистички офицери со потпретседателот на ВК ген. И. Цончев.

"Востанието", како што се очекувало, било задушено во крв. И покрај тоа што уште порано, по интервенција на големите сили, Високата Порта ветувала дека секакво движење во Македонија ќе биде задушено со редовна војска и со седства толерантни за вакви случаи, ветувањето не го исполнила. Околу 15 села биле разурнати, изгорени или опљачкани, 45 души биле убиени, повеќе стотици биле мачени, 110 жени силувани, околу 2.000 пребегнале преку граница. Сето население во реоните што ги зафатило врховистичкото востание, во текот на борбите и по нив, се нашло во една навистина тешка положба.

МРО во лицето на Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Јане Сандански, Димо Хаџи Димов и многу други остро и се противставувале на врховистичката политика спрема Македонија воопшто и одделно спрема врховистичкото инфилтрирање и врховистичките подготовки за поттурнување на пожари во одделни околии во Македонија. Не успевајќи да го спречи планираното востание, МРО ги вложила сите свои сили барем да го ограничи и да ги сведе на минимум тешките последици за Организацијата и за населението. Благодарејќи на брзото реагирање на МРО и сфаќањето на добар дел од заблудето

население дека е изиграно, врховистите не успеале да го прошират пожарот на поголеми пространства. Македонското население од овој крај било лажено и дезинформирано од врховистите и од нивните соработници и во својот поголем дел било принудено да се дигне, бидејќи испровоцирани од убиствата и нападите на врховнстичките чети, турските војски на прво место ги напаѓале селата и ги принудувале да се бранат или да бегаат. Според тоа, учеството на македонското население во врховистичкото востание не се изразило толку во вид на некакво свесно и доброволно приклучување кон врховистичките чети, туку во вид на отпор и одбрана од нападите. (Кр. Битоски, 237/283; Манол Пандевски, Илиндеското востание во Македонија 1903, Скопје 1978, 19-30.)

"Горноџумајското востание", слично на она од 1895 година им нанело огромни штети на национално-ослободителните борби на македонскиот народ. Поврзувајќи го неуспехот на Илинденското востание со негативното влијание на врховистичкото Горноџумајско востание, Димо Хаџи Димов, во прочуената статија под наслов "Илинденското востание и поуките од него... ", меѓу другото вели: "Илинденското востание не успеа затоа што беше претходно компромитирано од едно друго вештачко 'востание' наречено Џумајско... Но, гревот на Џумајското 'востание' не е само тој - дека тоа беше насочено против Внатрешната организација и дека создаде услови последнава, сакала-нејќела, да ја пригрне идејата за свое востание. Авторите на Џумајската авантура, коишто дејствуваа од името на бугарската влада и бугарскиот дворец и коишто ја повторуваа 1895 година... и ги дадоа сите адути на турската влада, а потоа и на српската и на грчката, коишто секогаш гледале лакомо на Македонија, да мислат дека македонското население е просто орудие за спроведувањето на политиката на еден внатрешен државен актер и дека следствено, треба да ги преземат сите мерки за осуетување на неговите планови. Значи, Џумајското востание беше удар не врз Турција, а врз самата Македонија и врз нејзините идеали..."

Врховистичката оружена акција во Македонија ги поттикнала големите сили, особено Русија и Австро-Унгарија како "најзаинтересирани" за настаните во Македонија, да го забрзаат

подготвувањето на реформи надевајќи се дека на таков начин ќе ја смират реводуционерната атмосфера во Македонија и ќе ги осуетат бурните настани што биле на повидок. Сите големи сили биле категорички против нарушувањето на статус-квото во Македонија, т.е. биле против било какви посериозни промени во овој дел од Балканот и со самото тоа, повеќе или помалку, биле противници на македонското револуционерно движење. Со други зборови речено, ако се исклучат внатрешните услови што се уште не биле зрели за едно општо востание, надворешните услови, што така биле многу важни за успехот на македонската револуција, биле крајно неповолни.

И покрај овие јасни факти, што им биле познати на сите оние што вршеле поважна функција во МРО, ЦК решил да се дигне востание во Македонија. Главен иницијатор за тоа бил Иван Гарванов. Гарванов, како и Врховниот комитет, не го сакал ослободувањето и конституирањето на Македонија во автономна државна единица. Тој под ослободување разбирал создавање услови за анектирање на Македонија од страна на Бугарија. Затоа претстојното востание тој не го сметал како чин кој требал да придонесе за ослободување на Македонија, туку го разбирал како една поширока оружена акција која како продолжение на онаа горноџумајската, предизвикана од Врховниот комитет, ќе го вжешти уште повеќе македонското прашање, ќе го направи уште поактуелно, а сето тоа во рамките на онаа политика изградена во Софија што предвидувала преку судири, притисоци, "метежи", пропаганда и слично создавање на нужната атмосфера за претстојното "ослободување" на Македонија, од бугарската армија.

Не е ништо чудно што Гарванов и неговите сомисленици го исфорсирале востанието, иако однапред знаеле дека немало речиси минимум услови да се ремизираат целите на МРО. Циркуларното писмо со кое Гарванов го свикувал Солунскиот конгрес било испратено на 6 јануари 1903 година, тукуречи веднаш по задушувањето на Горноџумајското врховистичко востание, но и веднаш по еден друг важен настан. Имено, во декември истата година Белград, Софија и Виена ги посетил министерот за надворешни работи на Русија грофот Ламсдорф. Тој на бугарската влада и ја пренел цврстата решеност на

царската влада, како и на Виена, да не дозволат никакви промени во овој дел на Балканот и барал од претставниците на македонската емиграција во Бугарија и од тие на МРО (д-р Татарчев и Христо Матов) со кои се сретнал да водат сметка за тој факг и да не предизвикувааг нереди во Македонија. Русија и Австро-Унгарија, со помош на другите големи сили, македонското прашање ќе го решавале преку спроведување на реформи.

И Ламсдорф и владите на другите големи сили, на прашањето: каков став ќе заземат кон едно евентуално востание во Македонија, едногласно одговарале - ќе и дадеме слобода на Турција да го задуши. За овој став на големите сили морале да водат сметка сите оние фактори на македонското движење на кои навистина им лежеле на срце интересите на Македонија. Точно е дека нашето револуционерно движење, како народно, се развивало по една историски утврдена закономерносг и крајна негова цел била ослободувањето на Македонија. МРО не можела својата акција да ја потчини на интересите и политиката на надворешните фактори, па било тоа да се и големите сили. Меѓутоа, точно е и тоа дека МРО востанието го сметало како средство за реализирање на својата ослободителна, програма а не како цел. И, според тоа, сосем нормално било да се мисли дека востанието ќе се дигне тогаш кога ќе се создадат најнеопходните внатрешни услови, но кога ќе има и минимум надворешно-политички услови. Историјата на балканските ослободителни движења учи дека балканските народи (Срби, Грци, Бугари) успеале да се ослободат од османската власт во време на големи политички превирања во Европа во кои учествувала и Турција и со помош на големите сили, особено на Русија. Во годината кога се решило да се дигне востание во Македонија, не само што во Европа владеел мир, туку сите големи сили во судирот меѓу МРО и Турција биле на страната на последнава. Односите биле такви што за секого било јасно дека потоците крв на нашиот народ нема да трогнат никоја од големите сили и никој од нив нема да застане цврсто на негова страна. Интересите на Русија и на другите големи сили тоа не го дозволувале. Тоа секако им било јасно и на Гарванов и на Анастас Лозанчев претседател на Битолскиот окружен комитет, и на другите фактори.

Речиси сите историски аргументи одат во прилог на мислењето дека иницијативата на Гарванов за свикување на Солунскиот конгрес во јануари 1903 година и решението во претстојната пролет да се дигне општо востание биле голем заговор против македонското националноослободително движење. Начинот на кој бил свикан конгресот, профилот на мнозинството од лицата што биле повикани (наместо да бидат демократски избрани) и што присуствувале на него, аргументите што биле употребени од Гарванов да се убедат "делегатите" дека требало наскоро да се дигне востание и некои други елементи недвосмислено потврдуваат дека се одело свесно на востание не заради ослободување на Македонија туку од истите побуди од кои се раководел Врховниот комитет во постојаното инсистирање да предизвикуваат крвопролевања и палежи на македонски села.

За да ги придобие присутните на Конгресот, особено колебливците, да гласаат за востание, ЦК изјавил дека "ги зел предвид расположението и заинтересираноста на европската дипломатија кон нашето народно дело", а Гарванов се повикал на францускиот амбасадор во Цариград, кој наводно рекол: "Ако во Македонија се дигне едно движење, сигурно ќе и се дадат широки права и дека, ако востанието издржи две недели, Бугарија ќе влезе во војна". (Хр. Силјанов, 197.) Овие изјави на ЦК и на Гарванов биле една од најголемите невистини изнесени пред Конгресот. Ниту францускиот амбасадор рекол такво нешто ниту бугарската влада можела да вети дека ќе влезе во војна.

Гарванов "заборавил" пред Конгресот да го пренесе ставот спрема востанието на руската и на австро-унгарската влада, за кој токму тогаш во Европа доста се пишувало и зборувало. Единствено претставникот на Серскот реон Л. Димитров, кој на Конгресот го пренел и ставот на Гоце Делчев и на Јане Сандански (Гоце, Јане и други најзаслужени работници на МРО не биле повикани на Конгресот), се искажал против востанието - како неблаговремено истакнувајќи го притоа како аргумент и ставот на руската влада која била категорички против предизвикувањето на "нереди" во Македоннија.

Солунскиот конгрес решил во претстојната пролет во Македонија да се дигне општо востание. Голема заслуга за тоа имал А. Лозанчев, кој, без да праша никого од реонските раководства, од името на Битолскиот револуционерен округ се застапувал за дигање на востание. Подоцна, на окружниот конгрес на Организацијата, одржан во Смилево, од некои делегати бил остро критикуван за тоа свое своеволие.

Од зачуваните (скудни) документи за овој настан не се гледа дека гемиџиската акција била предмет на разгледување пред Конгресот. С. Симеонов, меѓутоа, пишува дека на Конгресот било решено да се "отстрани акцијата на заговорниците". (Ст. Симеонов, 14-15.) Гарванов бил задолжен да им ги предочи на гемиџиите следниве аргументи: востанието што требало да се дигне ќе пропадне ако на чело на востаниците не застане интелигенцијата како раководител. Атентатите ќе имаат за последица интелигенцијата да падне по затворите и востанието ќе се осуети.

Гемиџиите, наводно, се согласиле атентатите да ги одложат за по востанието, но не се откажувале од својата акција. Меѓутоа, Централниот комитет со тоа не се согласил и "сакаше да земе се во свои раце и да осуети секаква акција во неговото седиште".

Тогаш - пишува Симеонов било решено да бидат убиени или отруени заговорниците. Но, немало кој да го изврши тоа решение. Извршните органи на ЦК "беа разочарани од своите водачи и наполно ги симпатизираа заговорниците". Од друга страна, пак, Гарванов и неговите луѓе, изгледа, дошле до сознание дека било доцна за преземање на такви драстични мерки за спречување на гемиџиската акција во Солун. Гемиџиите, поради карактерот на нивната работа, биле мошне претпазливи. Сите не можеле наеднаш да бидат убпени, а оној што би останал, би бил доволен барем Банката да ја дигне во воздух. Зашто една количина динамит била во тунелот и "чекала" само да биде потпалена.

Гарванов и неговите блиски од ЦК сметале дека гемиџиите биле крајно штетни за делото. Ги сметале за младинци што биле заразени од некои превратни учења (социјализам, анархизам) и,

без да ги разберат тие учења, се труделе да ги применат на македонска почва. Ги третирале како “авантуристи”, како луѓе без татковина и слично. И, најважно, ги сметале за опасни, бидејќи со нивните акции во Солун ја загрозувале најмногу од било што друго личната безбедност на ЦК.

*

Ако се исклучи ЦК, револуционерите што му припаѓале на Гемиџискиот кружок одржувале добри односи со Организацијата и одделно со нејзиниот најавторитетен член - Гоце Делчев. Иако гемиџиите не сакале да имаат врска со масите и со Организацијата, повеќе околности, а најмногу нуждата за помош, ги терало такви да одржуваат. Делчев бил секогаш готов да им помогне и им помагал. Организацијата немала потреба и не барала никакви услуги од Кружокот. Кога сепак ЦК на чело со д-р Татарчев во 1900 година побарал од водачот на цариградската група Сл. Мерџанов да се заземе пред Егзархијата за да се назначат учители по македонските градови така како што предлага ЦК, се јавил сериозен спор што бил од принципиелен карактер по прашањето за односите меѓу атентаторите и ЦК на МРО. “Дотогаш - пишува Шатев - ние немавме никакви односи со ЦК на ВМРО, а и не сакавме да имаме...” Особено остро против секакви односи со ЦК истапувал Манџуков. Кружокот; според него, немал никакви допирни точки со ЦК и не сакал да има. И, според тоа, немало потреба тој да се јавува во услуга на ЦК. Тие врвеле по еден пат, служејќи се со одделни методи на дејствување, а атентаторите со сосем други.

Меѓутоа, едно било прашањето што мислеле атентаторите и тие во Цариград, а друго што гемиџиите мислеле во Македонија и во Солун, центар на едно широко разгрането револуционерно движење. Групата на Мерџанов нема многу врска со Македонија. Таа, како што видовме, кратко време по неуспехот во, Цариград се распаднала. Мерџанов и Соколов загинале, а Манџуков соработувал со гемиџиите, но во Бугарија. Во Македонија, освен во почетокот, тој не доаѓал. Гемиџиите најдобро ги познавале условите во Македонија и тие од тоа се раководеле.

Гоце Делчев, широк и хуман по својата природа, ценел и сакал секого во кого верувал дека искрено се бори за ослободувањето на Македонија. Акциите на гемиџиите тој ги сметал како придонес во општите напори да се постигне големата цел. Затоа се однесувал со респекг и љубов кон нив. Треба да се одбележи дека Делчев ослободувањето на Македонија го очекувал од едно општо, добро идејно-политички и материјално подготвено востание, но во рамките на тоа средствата со кои планирале да се послужат гемиџиите тој не ги исклучувал. Напротив.

Сите што пишуваат за Солунските атентати, од разбирливи причини, се трудат да пронајдат аргументи за да го објаснат и "оправдаат" делото на гемиџиите. При тоа редовно се повикуваат на Гоце. "Гоце ги помагал, Гоце ги поттикнувал, Гоце ги разбирал" итн. Тоа го прават во своите спомени и двајцата преживеани гемиџии П. Шатев и Т. Органџиев. Тоа што Б. Сарафов им дал значајна материјална помош никому, освен на гемиџиите, не му правело впечаток. Причината за тоа лежи во фактот што сите оние што ги разбирале проблемите на ослободителната борба и односите на ВК и МРО знаеле дека Сарафов би му дал помош секому кој би бил готов "нешто да работи" против Турците во Македонија, без при тоа да мисли какви би биле последиците за народот и за Организацијата. Главно да се пука, да се убива и во врска со тоа да се дига шум во Бугарија, во Европа.

Еве на кој начин самиот Шатев го поврзува и го објаснува местото на Делчев во гемиџиската акција:

"Тој (Гоце) наполно го усвои, го поддржуваше и одобруваше таквиот вид на борба (диверзии - динамитни акции), зашто беше против едно предвремено општо востание кое при тогашната општоевропска и општобалканска положба, освен што немаше да даде некои попозитивни резултати, напротив, ќе ја растроеше уште повеќе ВМРО, без дури да се предизвика каква и да е интервенција од страна на големите сили. Но, во исто време, со својот јасен поглед за нештата, Гоце Делчев беше доволно предвидлив да сфати дека не треба да се мирува, т.е. да се работи само за организирањето и вооружувањето на

населението, туку треба системно да се преземаат редица акции, со кои, без дури да се објави какво и да е востание, турската власт да се држи во една напната состојба, да се истоштува преку нанесување на материјални загуби, коишто не можеа да не влијаат врз внатрешната и надворешната политика и врз определувањето на политиката на некои од големите сили што имаа интереси во Турција, одделно во нејзиниот балкански дел. А едно од средствата на таа борба беше: да се застрашат европските капитали ангажирани во Македонија и Одринско преку преземање на ред акции врз пруги, мостови, кредитни и трговски установи. Тоа не беше веќе мислење, сфаќање само на Гоце Делчев, туку речиси на сите претставници и изразители на желбите и аспирациите на ВМРО...” (П. Шатев. 299-300.)

Потребата што потесно да се поврзува името на Гоце Делчев со гемиџиската акција најмногу му се наложува на авторот оној момент кога пишува за тешките последици од Солунските атентати. Со тоа треба да се докаже дека “виновник” за ситуацијата во која се нашле Македонија и МРО по атентатите не биле само Гемиџискиот кружок, туку ипрвиот човек на Организацијата, зашто и тој ги помагал и ја одобрувал нивната акција.

Последните подготовки гемиџиите ги извршиле со помошта што им ја дал Делчев. Парите на гемиџиите им привршувале, а им требало издршка за повеќе месеци. Имале потреба и од уште динамит. Од Сарафов помош не можеле повеќе да бараат. Токму во тоа време (есента 1902) тој се наоѓал во странство и останал без пари, па го замолил Мечета телеграфски да му испрата 25 наполеони, ветувајќи дека парите ќе ги врати во двоен износ штом ќе се врати во Софија. По извесно колебање, гемиџиите решиле од своите драгоцени резерви да му ги испратат бараните пари. Мечев и Шатев тргнале в пошта, меѓутоа, Мечето, кој бил прочуен меѓу своите другари со своето домаќинско однесување и штедење, кој десетпати броел а еднаш давал, сметајќи дека во случајов сепак би можел да згреши со тоа што парите ќе му ги позајми на Сарафов, два-три пати влегувал и излегувал во поштата под разни изговори, но главно за “да размисли”. Тоа биле народни пари и еден Мече, кој се одликувал со високи морално-револуционерни квалитети,

не можел така лесно да ги даде, па дури и на еден Сарафов, кој толку во минатото ги имал задолжено. Мечев сметал дека парите, еднаш излезени од неговото ќесе (тој бил еден вид благајник на Кружокот), тешко ќе можат да се вратат и ќе треба да се сметаат дури и за изгубени за гемиџиите токму тогаш кога најмногу им се потребни. Парите на Сарафов му биле испратени, но Мече тешко можел да се помири и, излегувајќи од поштата, цел час офкал за испратените жолтици.

Останувајќи без доволно средства, гемиџиите побарале помош од Делчев. Гоце ги известил дека од Задграничното претставништво на МРО ќе добијат поголема сума пари, но барал од нив да не брзаат со своите атентати.

Задгранични претставници на Организацијата во Бугарија во тоа време не биле повеќе Делчев и Ѓ. Петров, туку Туше Делииванов и Димитар Стефанов. По доаѓањето на чело на ЦК на МРО, Гарванов не можел да дозволи толку авторитетни лица, коишто не само што ја претставувале Организацијата, туку во тие моменти ги зеле в о свои раце и функциите на уапсениот ЦК, и всушност раководеле со неа, да останат на тоа место, и ги заменил. Делииванов, одамнешен пријател на Делчев, и Стефанов нормално го немале оној револуционерен капитан и авторитет што го имале нивните претходници, но биле под силно Гоцево влијание. По барање на Гоце, ме на гемиџиите им дале 250 лири (добиени од “откупот” на мис Стон) за нивните потреби, но овие пред Задграничното претставништво ја примиле обврската за осум месеци да не преземаат никаква акција, зашто Организацијата очекувала преку Солун “увоз” на голема количина пушки од Грција.

Во времето кога на гемиџиите им се давала помош и се барало од нив да не брзаат, уште не се знаело кога ќе се дигне востанието. Може да се претпостави дека, ако не биле очекуваните пушки преку Солун, помошта немало да биде условена и гемиџиите ќе можат да стапат во акција кога ќе сметаат за потребно. Меѓутоа, тогаш тие уште не биле готови. А биле готови тогаш кога во принцип било решено наскоро да се дигне востание. Не се знаел само денот. Затоа и притисокот врз нив да чекаат и се приспособат кон потребите и интересите

на Организацијата се зголемиле кога веќе тие биле наполно готови да го реализираат својот план.

ПОСЛЕДНИ ПОДГОТОВКИ ЗА СОЛУНСКИТЕ АТЕНТАТИ - ОБИДИ ЗА ОДЛОЖУВАЊЕ

Динамитот добиен преку Кочани и Велес во Солун пристигнал во февруари 1903 година. Бидејќи каналот бил готов, било решено да се одвои неопходната количина динамит за минирање на Банката, а остатокот да се распредели за други потреби. Под темелите на Банката биле поставени 11 тенекии добро наполнети со динамит. Фитилот, поврзан со две тенекии преку каналот, излегувал во визбата на бакалницата и тука обесен го "чекал" моментот кога требало да биде запален. Кон почетокот на март 1903 година било готово се филијалата на Отоманската банка во Солун да биде фрлена во воздух. Во визбата денонoќно дежурал по еден од гемиџиите, готов во секој момент, во случај на опасност акцијата да биде откриена, да го запали фитилот.

Во февруари-март повеќето од гемиџиите се наоѓале во Солун. Во Солун се наоѓале и двајцата илегалци - Шатев и Мечето.

П. Шатев, по бегството од Кратово, во Македонија не можел да се врати легално. Тој на некаков начин бил илегален и во Бугарија. Никаде во Бугарија не бил пријавен и немал местожителство во ниту една општина. Бил емигрант, но без никакви документи, иако во оваа земја престојувал околу една година. По експедирањето на динамитот за Кочани, тој требало да се врати во Солун, но тоа морал да го стори под туѓо име. Дури и да сакал да извади пасош на свое име, не можел, бидејќи нерегистриран во ниту една општина, бугарските власти не би му издале пасош. Во тоа му помогнал неговиот сограѓанин и пријател Георги Манасов, учител во Ќустендилско, кој се согласил пасошот да биде издаден на негово име. Шатев, преку пријатели и врски, успеал да добие пасош на име Георги Манасов, но со слика и личен опис негови. Откако кон средината на февруари во Пловдив добил виза од турскиот комесар, преку Одрин безбедно пристигнал во Солун. Отсега

тој за властите, па и за своите другари, бил Георги Манасов. Ова име по неколку месеци ќе се најде на првите страници на европскиот, па и на светскиот печат.

Доаѓањето на Димитар Мечев во Македонија и во Солун било покомплицирано и поризично. Познавајќи ја неговата "скржавост", неговите другари од Солун му напишале да купи нова облека и да се облече подобро и задолжително да патува со вагон од втора класа. Тој не купил нови алишта, но затоа неколку пати се напил "англиска сол" за да го растрои стомакот и на таков начин да ја промени бојата на лицето. За нова облека не сакал да троши пари, бидејќи дошло времето да умре. Малку камуфлиран, Мечев тргнал преку Скопје за Солун, меѓутоа, патувањето преку Скопје и родниот град Велес, по линија по која патувале доста луѓе што го познавале, носел со себе голем ризик да биде откриен. Затоа неговите другари во Солун ги презеле сите мерки, евентуално ако биде фатен, тие на солунската железничка станица сосила да го ослободат од рацете на полицијата. Се случило Мечето од Скопје до Солун да патува со возот со кој биле прецесувани останките на рускиот конзул Григориј Шчербин, убиен во Косовска Митровица во март 1903 година. На солунската станица имало силна полиција, биле присутни сите солунски конзули и високи државни службеници, а веднаш до нив и неколку гемиции со динамитни бомби во џебовите. Искушението кај нив било големо. Никогаш не се случувало толку дипломатски претставници и државни службеници да бидат собрани на едно место. Сметката што си ја направил Кирков била проста: само четворица гемиции со по една бомба фрлена во поворката што го придружувала телото на убиениот конзул на Европа и на Турција можеле да им направат далеку поголема штета отколку минирањето на Банката и другите динамитни акции. За миг тие сожалиле што Мечев не бил уапсен и не послужил како повод да се изведе една непредвидена но мошне примамлива динамитна акција.

"Таков случај нема веќе никогаш да ни се даде" - со болка во душата повторувал К. Кирков. (Истото, 333.)

Д. Мечев пристигнал во Солун исто така без проблеми. Во неговото купе во Скопје се качил преведувачот при Скопската валиска управа Исмаил-ефенди, роден во Велес, со кого Мечето добро се познавал. Мечев, скаменет од ненадејното среќавање на овој човек, покрил дел од лицето, преправајќи се дека го боли заб. Исмаил-ефенди, пак, сомневајќи се дека пред себе има познато лице, не можејќи да поверува дека познатиот "терорист" од Велес ќе ја има дрсската смелост да патува слободно во возовите на султанот, и тоа во својот град Велес, не се осмелил дури да влезе во разговор со него. Исмаил бил од оние многубројни Турци и Европејци коишто уште не можеле да се убедат дека во Македонија има се повеќе луѓе што се фанатично предани на ослободителното дело и се готови во секој момент да се саможртвуваат за својата татковина. Затоа и можел спокојно да слезе на велешката станица, уверен дека човекот со кого седел во купето не би можел да биде нему добро познатиот Д. Мечев.

При крајот на март 1903 година во Солун биле собрани следниве гемиции: Јордан Попјорданов-Орце, Коста Кирков Димитар Мечев-Мечето, Павел Шатев (Ѓорги Манасов), Владо Пингов, Илија Трчков, Георги Богданов, Марко Бошнаков и најмладиот во Кружокот Милан Арсов. Мала група, но доста голема за да го привлече вниманието на турската полиција со своето безделничење во Солун. Еден од функционерите на тајната полиција, некојси Панајот-ефенди, кој порано служел во Велес, ги познавал речиси сите велешани од Кружокот. Бидејќи по солунските улици често го забележувал нивното движење, тој по секоја цена сакал да дознае со што се занимаваат овие млади велешани во Солун, Поради ова, и воопшто за оправдување на престојот без работа во Солун, по завршувањето или напуштањето на училиштето, гемициите упорно ширеле гласови дека тие, како синови на позаможни велешки родители, нарочно доаѓале во Солун, во кој, подалеку од родителската контрола, можат да се оддадат на "полесен" живот по солунските кафеани и други локали. Имотната состојба на родителите им овозможувала да поминат малку побезгрижен живот, без работа, а ако посетувале некои дуќани и слично, тоа го правеле барајќи друштво за разговор и разонода, а не по друга потреба.

Ваквото претставување на гемиџиите било успешно. И полицијата и средината во која се движеле ги прифатиле како такви и никој од надлежните фактори не се посомневал и не ги повикал на "разговор". За нив се мислено се што, но никој не помислил дека тие би можеле да се занимаваат со конспиративна дејност. Па дури и оној Панајот-ефенди поверувал во нивната верзија и не презел ништо посериозно што би можело релативно лесно да го доведе до откривање на вистината. Зашто лесно можело да се открие дека гемиџиите слабо оделе по кафеани, слабо трошеле пари, не живееле "лесен" живот, општо земено дека живееле доста скудно во Солун.

Гемиџиите, значи, внимателно и без да предизвикаат никакво сомневање кај властите, ги извршиле сите подготовки за атентатите. Главна нивна цел била да ја минираат Отоманската банка, но тие имале и една друга мошне важна цел: со својата саможртва да и докажат на Европа дека оваа земја но може повеќе да го трпи ропството.

Подготовките за минирање на Банката навистина барале ангажирање на повеќе луѓе и средства. Одржувањето на бакалницата, копањето на каналот и снабдувањето со динамит биле ризични работи што барале луѓе, пари и време. Меѓутоа, кога сето тоа било готово, потребата од луѓе била сведена на минимум: еден ќе требало да го запали фитилот во визбата на бакалницата и да исчезне без трага и еден кој требало да се качи на бродот, а чиј живот можел да биде најмногу загрозен. Меѓутоа, гемиџиите сакале да се "арчат" за Македонија, значи требало да го дадат својот живот, и затоа решиле тоа да не биде без "противвредност". За таа цел гемиџиите решиле да употребат бомби. Од динамитот што останал по одвојувањето за минирање на Банката и дванаесетината килограми за диверзија на бродот, биле направени 70-80 примитивни рачни бомби. Овие бомби, што се активирале со палење на фитилот, на отворено немале урнувачка моќ, но затоа биле погодни за правење паника со својата силна бучава. Гемиџиите, значи, однапред знаеле дека, фрлајќи ги овие бомби по солунските улици против полицијата и аскерот, на непријателот нема да му

нанесат голема штета, освен што ќе создадат паника во градот и услови да бидат убиени или да се самоубијат. Инаку, тие располагале и со железни бомби произведени во познатата работилница за бомби во с. Саблар, но во ограничен број - имале само десетина.

Со правење на бомбите биле завршени сите материјални подготовки за атентатите. Гемиџиите, што се наоѓале во Велес, очекувале дека ќе остане извесна количина динамит, за да можат и тие да направат нешто во Велес и во Скопје, но попусто. За нив динамит немало.

Штом гемиџиите биле готови, веднаш пред нив се поставило прашањето: кога да стапат во акција. Било очевидно дека тие не ќе можат многу да чекаат, но не им било лесно веднаш да ги запалат фитилите. Пред Задграничното претставништво на МРО дале збор дека ќе чекаат. Тоа на времето не им било тешко да го ветат, зашто уште не биле готови. Сега, кога се било готово, тие станале нестрпливи. Постојано биле обземени од чувство на страв дека нешто може да се случи и повеќегодишните напори и подготовки да бидат провалени. Од друга страна, динамитот се наоѓал во темелите на Банката под земја, и можноста да се расипе од влагата била доста реална. Неизвесноста од тоа што можело да се случи утре толку многу ги беше преокупирала, толку многу ги мачела што, како што признава Шатев, тие, наоѓајќи се во нервна напнатост, просто не можеле да се трпат меѓу себе. "Ако не успееме - често повторувал Орце - ќе треба од срам да се удавиме".

При анализирањето на психичката состојба во која се нашле членовите на Гемиџискиот кружок по завршувањето на сите подготовки за атентатите треба да се има на ум и фактот дека тие веќе се наоѓале пред конкретното извршување на еден голем чин - да загинат дури и ако имаат услови да се спасат. Некои околности, меѓутоа, ја поттикнале нестрпливоста и нивната решеност да дејствуваат. На улицата под која се наоѓал каналот комуналните власти започнале да копаат и да поправаат канал од градската канализациона мрежа. Гемиџискиот канал бил доста длабоко и можноста да се открие била мала, но тоа не можело да не ги вознемири атентаторите.

Уште повеќе ги вознемирила една вест што дошла од странство. Некои весници, како “Le Temps” и “Die Zeit”, пренеле вест според која Македонската револуционерна организација планирала да нападне разни европски претпријатија во некои поголеми македонски градови. Кој бил изворот на оваа вест, пренесена од Бугарија, не е познато. Меѓутоа, таа оставила значителен ефект кај турските власти. Тие од тој момент, две недели пред атентатите, започнале да ја чуваат Отоманската банка, Bank de Salonik, австриската пошта и некои други згради.

Гледајќи ги стражарите како се шетаат покрај ѕидовите на Bank Otoman, гемиџиите се смееле на нивната “наивност”, зашто тие стоеле на местото под кое се наоѓал динамитот. Турската полиција, особено во, поголемите градови, бпла доста будна но во случајов на никого не му дошло на ум дека Банката би можела да биде минирана од под земја. Властите, по објавените вести на запад, ја допуштале можноста од напади, но тие напади ги очекувале над земја. Но, гемиџиите не можеле да бидат сигурни и да знаат цто би можела да открие полицијата сега кога била потсетена дека во големите градови се подготвуваат атентати. Затоа ме решиле да го извршат и последниот чин од долго подговуваната акција.

Прво требало да се направи конкретен и дефинитивен план. Тој бил направен од Орце Попјорданов и К. Кирков, кои најдобро го познавале градот. На собирот на групата планот бил одобрен, но биле поставени две важни прашања: дали да се убие солунскиот валија Хасан Фехми-паша и, второ, дали да се убие претседателот на ЦК на МРО Иван Гарванов? Предлогот за убиството на валијата едногласно бил прифатен - било решено тоа да се стори некоку дена по атентатите, зашто, ако би било извршено порано, би можело да предизвика рации, одмазди и апсења, во кои би настрадале и некои од гемиџиите. Задачата да го убие валијата му била доверена на Цветко Трајков, кој требало и самиот да се убие.

Предлогот да се убие Гарванов како одмазда за изгубените 1.000 кг динамит и скратување на можноста гемиџиската акција да се прошири и во други македонски градови бил прогласен за некорисен, бидејќи со тоа не се постигнувало ништо. Се

сметало дека самите атентати ќе го сторат невозможно постоењето на ЦК во Солун. Се прифаќала и веројатноста од промена на неговиот состав, во кој би влегле и идејно поактивни професионални револуционери, а не "чиновници и трговци".

*

Гемиџиите кон средината на април биле наполно готови. Но тие не сакале да ги почнат атентатите без претходно за тоа да ја предупредат Организацијата, па дури и самиот Гарванов.

Точно во тоа време во Солун, ослободен од заточение, пристигнал Даме Груев. Од ЦК разбрал дека веќе било доцесено решение за востание, како и за мотивите од кои се раководеле Гарванов и неговите сомисленици при донесувањето на тоа решение. Се разбира, целта на Гарванов била да го убеди Дамета во оправданоста на таквото решение. Во тоа и успеал. Кога дошол Делчев во Солун да се сретне и да разговара со Груев во врска со востанието и неговото одложување, не наишол на разбирање. Груев сметал дека било "доцна за расудување". (Спомени на Д. Груев..., 23.) Делчев го напуштил незадоволен Солун непосредно пред атентатите и по неколку дена загинал во Баница.

Груев во своитс спомени не кажува ништо за среќавањето со Димитар Мечев. Мечев, како што е спомнато понапред, добро се познавал со Дамета и сега, пред атентатите, сакал по секоја цена да се сретне со него. Тој сакал не само да го извести Дамета за претстојната гемиџиска акција, туку и нешто повеќе. Имено, Мечев во хотелот "Вардар", каде што отседнал Даме, отворено му рекол дека Гемиџискиот кружок бил против масовно востание, затоа што сметал дека тоа не можело добро да се организира при тие услови и затоа што резултатите од едно такво движење ќе бидат такви што населението горко ќе настрада. Го предупредил Дамета дека народот не е вооружен, дека илјадата пушки што се очекувале да дојдат од Грција преку Солун не пристигнуваат (Даме, убеден (по се изгледа од Гарванов) дека 1.000 пушки ќе пристигнат, го смирувал и Делчева храбрејќи го дека сепак ќе се најде оружје.), накусо,

дека Организацијата не е готова да дигне и да раководи едно масовно востание.

“Ете зошто, како што му кажав и на Гоце – рекол Мечето – ти изјавувам и тебе: ние сме решени по секоја цена да го спроведеме во дело нашиот план и нека од него и од други слични што би можеле да се извршат по градовите и пругите низ Македонија турската власт се држи постојано во напрегнатост, нека постепено се истоштува материјалпо и морално, од што ќе може да се види во која мера големите сили ќе бидат готови да ја преземат иницијативата за една интервенција. Истовремено населението ќе се кали во револуционерен дух, без да се изложува масовно”. (Ст. Симеонов, 14-15; П. Шатев, 342-343.)

Аргументите што Груев ги чул од Мечев биле далеку пореални и поубедливи од тие што му ги кажал Гарванов. Впрочем, тие биле аргументи и на Делчев, Ѓ. Петров и на “многу други, побудни членови на Револуционерната организација”. (Ст. Симеонов, 15.) Меѓутоа, Груев, помирен со идејата за скорешно востание и решен уште тука, во Солун, да дејствува во таа насока, барал од Мечето атентатите да се одложат за по востанието и да дојдат како последен удар врз Европа. Дали за овој проблем Даме разговарал со Гоцета, не ни е познато. По одењето на Делчев од Солун (тој, се разбира, бил илегален), и Груев заминал за Битола, а потоа за родното, Смилево, каде што присуствува на Конгресот на Битолскиот револуционерен округ.

За претстојните атентати Гарванов бил официјално известен од Орце. Еве како сликовито го опишува тоа Христо Коцев, сведок на тој настан:

“На светлата сабота бевме собрани (во Гимназијата) да размениме мисли за тековни прашања. Ненадејно слугата влезе и му јави на Гарванов дека го бара едно непознато лице. Гарванов излезе и по малку се врати. Тој ни раскажа дека нопознатото лице бил Орце, главатарот на анархистите, кој дошол да му каже дека тие решиле веќе да дејствуваат. Тој се обидел да го убеди дека нивната акција ќе биде многу штетна за

делото воопшто, дека Внатрешната организација зела веќе решение да дига во летото востание и дека анархистичките акции се предвидени ако востанието не ги даде очекуваните резултати... Но, попусто".

"Да не случајно ви завршиле парите, а пак не сакаш да кажеш?" - го прашал Гарванов преправајќи се како да не и обрнува сериозно внимание на изјавата на Орце.

"Сосем не! Дојдов да ви изјавам најсериозно дека ќе дејствуваме и да ве предупредам да ги преземете потребните мерки за да се зачувате од некаква опасност" – одговорил гордо Орце и покажал една бомба што ја носел во џебот.

И покрај тоа, Гарванов извадил 10-12 лири и му ги подал. Орце ги зел и си заминал.

Попладнето дојде нашето момче кое одржуваше врски со нив и ни јази дека лудите решиле другиот ден, во неделата вечерта, да фрлат бомби на станицата врз возот што пристигнувал од Цариград... За секој случај, ние ја прибравме архивата и печатот и ги закопавме во дворот на Гимназијата". (Хр. Коцевъ, Прелюдия на Илинденъ, 20 юли, 1903 г. - Сбоникъ Илинденъ 1903-1922, София 1922, 48.)

Христо Коцев за гемиџиите дава некои податоци, за кои, без резерва, може да се каже дека не се точни. Тој тврди дека тие 7-8 души биле луѓе на Сарафов, што ги испратил во Солун со претходен договор со ЦК, за да подготват атентати. За нив се грижел ЦК, кој месечно им давал по 50 лири, а подготовките ги вршеле 6 месеци. Кога биле готови, го изневериле ЦК. Тогаш овој разбрал дека се излажал со тоа што повикал на работа луѓе туѓи на Организацијата, Коцев ги претставува гемиџиите како луѓе коишто биле живо заинтресирани за што поскоро дигање на востание, што, исто така, не било точно.

Гоце Делчев бил категоричен против тоа гемиџиите да дејствуваат на сзоја глава. Сметајќи ги за составен дел на револуционерното движење и помагајќи ги токму заради тоа, тој не се сомневал дека тие млади и храбри револуционери ќе

направат нешто што ќе биде против интересите на МРО. Нивниите подготовки Делчев ги сметал како дел од општите подготовки за уривање на османската власт во Македонија и според тоа очекувал нивните акции да бидат во хармонија со тие на Организација. Одте спомени на современиците недвосмислено го потврдуваат таквото гледиште на Делчев.

Во средината на јануари 1903 година Делчев го повикал во хотелот "Батемберг" во Софија споменатиот А. Кипров, близок на гемиџиите, и му рекол:

"Ти, Санде, ќе дојдеш со мене. Лудории нема да правиме. Што ќе правиме, заеднички ќе го правиме. Не треба да се отклонуваме од општо зацртаниот план".

Влегувајќи во дискусија по принципиелното прашање - за и против востанието - Кипров му објаснувал на Гоцета дека тоа што би го постигнала Организацијата со илјади човечки жртви, гемиџиите ќе го постигнат со помалку сили и со голем ефект. Кипров, всушност, ја развил истата теорија за востание што ја застапувале гемиџиите. Долго се убедувале по тоа прашање и, кога Делчев видел дека нема полза, станал и шетајќи се нервозно по собата реско му рекол:

"Добро! Вршете што знаете. Но кажи им на твоите пријатели дека заминувам лут".

Откај Делчев Кипров отишол во домот на Сарафов, кој во тоа време се наоѓал во Софија и се подготвувал со чета да замине за Македонија. Таму го нашол и Орце и им раскажал за разговорот што го водел со Делчев. Одговорот на Сарафов бил токму во духот на неговите сфаќања: да се дејствува, да се урива без разлика на време и простор.

"Со мудрување револуција не се прави - рекол Сарафов. - Ние треба да се бориме против турската тиранија со сите средства". (Александаръ Кипровъ, Сигналътъ на революцията - Ил. Илинденъ, III, 24, София" 1930.)

Објаснувајќи го ставот на Делчев по прашањето на атентатите, Кипров, меѓу другото пишува: “Гоце беше симпатизер на нашите идеи, но не можеше да се отклони од општиот принцип на Организацијата и затоа секогаш ни беше во опозиција и гледаше да не ‘заузда’. А ние сите бевме негови најдобри пријатели. Тој го сакаше Орцета, херојот на Солунските атентати...” (Истото, 5.)

Г. Делчев во истиот хотел се сретнал и со Мечев, пред овој да тргне за Солун, меѓутоа, не можел да го убеди дека не треба да работат “на своја глава”.

Има некои индикации што тераат да се претпостави дека Делчев кога бил во Солун да се сретне со Груев имал разговор и со некои од гемиџиите. Меѓутоа, поверојатно е дека гемиџиите, откако биле готови и решиле да почнат со атентатите, ниту имале можност ниту се сретнале со него. Впрочем, тие го знаеле неговиот став и нивното евентуално среќавање можело да има само информативен карактер. Делчев, колку и да симпатизирал на нивната акција, бил револуционер кој ослободувањето го очекувал од свесната акција на широките обесправени маси и се што правел на револуционерен план секогаш првенствено ги имал на ум интересите на Организација. Немало потреба него да го убедуваат гемиџиите дека таа Организација се уште не била подготвена да го поведе народот во општо востание. Тоа тој подобро го знаел од нив. Но не можел да го прифати и мислењето на гемиџиите дека преку изолирани динамитни акции ќе се постигнат некои значајни резултати и одозгора на тоа дека народот ќе биде поштеден од терор и убиства на властите.

Гоце Делчев и Ѓорче Петров, противници на едно недоволно подготвено општо востание, ја развиле теоријата за “перманентно востание”. Под нивно влијание во дискусиите и советувањата се оцртала една линија, едно сфаќање, што ја отфрлувало идејата за “класично” прогласување на востанието, а како најефикасен начин на дејствување се предлагала тактиката на перманентни напади и терор против турските административни власти и установи. Гоце сметал дека четите на Организацијата требале да почнат напади против аскерот и

со “атентати од страна на решителни момчиња по железнички линии, исто и против државни установи...”. Но, тој не заборавил да истакне дека тоа секогаш требало да се прави подалеку од христијанското население, за да не биде тоа изложено на прогонства – и жестокости на властите. “Така проповедал Гоце – пишува неговиот биограф П. Јаворов - зашто само љубовта кон народот го раководеше на секоја стапка во неговиот бурен живот. Тој ја сакаше слободата на македонското население, а не на македонската земја. Гоце не можеше да изложи на сеча десетина илјади души, кога ја анулираше смртната пресуда дури и на докажани турски шпиони...” (П. К. Яворовъ, Гоце Дълчевъ, София 1942, 74.)

Делчев, работејќи неуморно за организирање на населението за востание, фактички го подготвувал за жртв и саможртв. Меѓутоа, тј решително бил против непотребни и невини жртви. Тероризмот Гоце го прифаќал, но како средство на ослободителната борба, на определено место и во определено време. Затоа тој не се согласил со гемиџиите да ја изведат својата акција во толку неповолно време за Организацијата. Тој бил свесен за тешките последици од тоа, а гемиџиите се гледа; не размислувале доволно реално за она што ќе се случи по нив.

СОЛУНСКИТЕ АТЕНТАТИ

Во долгогодишниот подготвителен период за востание, кој бил исполнет со чести судири со органите на власта, Македонската револуционерна организација не се служела со динамитни атентати и диверзии по градовите или по сообраќајните комуникации. Тие биле посложени и поризични операции и за нивното успешно извршување ниту имало способен кадар ниту пак Организацијата подготвувала таков. Но, почнувајќи од почетокот на 1903 година започнале да се организираат и такви акции. Тие во прво време биле дело на врховистичките чети или на Борис Сарафов.

На 15 јануари 1903 година бил сторен обид да се исфрли од шините мешаниот воз што одел од Солун кон Деде-Агач. Истиот ден и приближно на истото место (во близината на станицата Пороj), друг воз бил нападнат со оружје. Во истиот

реон, на две места и на доста, долго растојание, биле искинати телеграфските жици покрај железничката линија. Во последните десет дена од март во истиот реон пак биле извршени слични диверзии. Сите тие биле извршени од познатиот разбојник Алексо од Долни Пороj, кој бил во служба на Цончевиот Врховен комитет. (Крсте Битоски, Дипломатски одгласи за Илинденското востание, Скопје 1983, 101-103.) Овие напади минале без последици.

А. Кипров, по наредба и со материјална и друга помош на Борис Сарафов, формирал специјална чета со задача во Одринско да го дигне во воздух експресниот воз. Меѓутоа, бидејќи претходно имало еден безуспешен обид да се минира пругата, турските власти започнале да обрнуваат посебно внимание врз нејзиното обезбедување. И покрај тоа, во месец март Кипров успеал со динамит да урне еден железнички мост на пругата Цариград-Виена, недалеку од бугарската граница. (А. Кипров. ц. илустрација Илинден.)

Прва крупта и успешна динамитна акција во Македонија пред Солунските атентати била извршена од Гоце Делчев. Меѓу 31 март и 7 април 1903 година, големиот железнички мост при Ангиста (Серско) и блискиот до него тунел биле урнати. Тоа била, значи, првата повначајна акција од таков вид извршена во рамките на ослободителната борба на нашиот народ во предилинденскиот период, управена против турската власт, но истовремено и против европскиот капитал. Делчев бил мошне задоволен од успехот на оваа акција. Еве во врска со тоа што му напишал на Јаворов: “Го разурнавме кај Ангиста железничкиот мост и тунелот блиску до него. Ги прекинавме на едно место шините и на две места телеграфските жици. Се се изврши толку успешно што и најдобриот воен инженер би ни завидел. Од страна на Турците досега нема никакви движења. Кога ќе пишеш во весникот за извршеното, немој тоа да и го препишувал на чета, туку воопшто на онаа сила што се наоѓа низ целата земја под името Тајна револуционерна организација. (Христо Андонов-Полјански, Гоце Делчв - Преписка, Скопје 1972, 178.)

И навистина, во в. “Свобода или смрт”, што го уредувал Јаворов, на 7 април 1903 година била објавена статија за настанот при Ангиста, во која стоело: “Ангиста е почетокот на судбоносниот за Турција крај во нашите борби. Тоа нека го знае султанот, нека го знае и целиот свет... Ангиста е дело на Тајната револуцинерна организација”. (Истото.)

Делчев во овој реон се задржал една недела и потоа сам заминал во Солун за да се сретне со ЦК и Д. Груев и да разговара за востанието. Во Солун планирал да остане десетина дена. Градот го напуштил непосредно пред Солунските атентати. Оваа била последната обиколка на Гоцета по родната земја.

Се случувале настани во Македонија, често и посериозни, за кои пошироката јавност, особено во Европа, никогаш не дознавала. Страдањата на нашиот народ под османска власт веќе биле “нормална” појава и за нив повеќе се пишувало воопшто отколку конкретно. Меѓутоа, на сето она, па дури и најситното, што ги засегнувало интересите на странскиот капитал, во Европа му се давало голема гласност, и дипломатските претставници во Цариград и во Македонија ги известувале своите влади телеграфски често и во подробности.

Австроунгарската влада, сфаќајќи ја мошне сериозно диверзијата извршена кај Ангиста, му дала инструкции на својот пратеник во Софија грофот Форгач да ја предупреди бугарската влада дека таа ќе биде сметана за одговорна за било каква натамошна штета од ист вид нанесена врз имотот на било која автриска компанија во Македовија. (Институт за национална историја (ИНИ), ф. 424/178-179 - Елиот до маркизот Ленсдаун, бр. 66, Софија, 8 април 1903.) Се разбира, бугарската влада немала никаква врска со она што го сторил Делчев или со она што ќе го сторат гемиџиите. Меѓутоа, големите сили, ползувајќи го фактот што Врховниот комитет сите свои акции против Турција (Македонија) ги организирал на бугарска територија, често ја прогласувале одговорна бугарската влада и за дела извршени од Македонската револуционерна организација, која со бугарската влада немала никаква врска. Точно е дека МРО ја ползувала за вооружување

и за други потреби бугарската територија. Бугарската влада, иако често правела сериозни обиди тоа да го спречи, не секогаш имала успех.

Сите овие спомнати динамитни акции претставувале извесна новина за турските власти, но во никој случај не ги навестувале солунските настани. Понатаму ќе видиме дека некои од конзулите на големите сили во Солун се чуделе што Турските власти не успеале ништо да дознаат или да се посомневаат дека во градот се подготвуваат крупни настани. Уште во почетокот на април 1903 година, дваесетина дена пред атентатите, грчкиот конзул во Солун Евгенијадис го известува министерот за надворешни работи во Атина за гласовите што се шират во градот дека по неколку дена ќе бидат предизвикани безредија во македонската престолнина. Тоа требало да биде на Велигден, кој бил на 19 април.

Се шират - пишува грчкиот конзул со еден некоректен јазик - гласови дека и во самиот град Солун "Бугарите ќе извршат злосторства и со употреба на динамит" ќе нападнат цркви и ноќни процесии по повод велигденските празници, како и други јавни установи, со цел да создадат паника и впечаток дека турската власт не може да обезбеди сигурност и оти тие се господари на земјата.

Овие гласови толку упорно се шириле што некои Евреи, италијански поданици, се обратиле до генералниот конзул на Италија барајќи заштита. Генералниот конзул на Англија, кој исто така бил информиран за "лошите" вести, се обратил до валијата молејќи го да преземе воени мерки за да го заштити градот од евентуални напади.

Во тоа време солунскиот гарнизон бил многу ослабнат, бидејќи поголем дел од војската била испратена во Косовска Митровица за задушување на бунтот на Албанците. Наредба за преземање на вонредни мерки за заштита на градот валијата имал добиено и од Цариград, каде што исто така дознале за заканите на револуционерите.

Католичката милосрдна сестра, Францускинката Писи, која во Солун работела во француската болница и поради тоа контактирала со наши луѓе и ја познавала доста добро неиздржливата положба во која се наоѓало македонското население, во својот "Дневник" се прашува: "До кога ќе оди така? Нема ли да се преполни чашата на горчината? И ако стане тоа, како ќе заврши, кога овие несреќници ќе се фатат во костец со една империја? Се слушаат гласови дека денот на расплатата меѓу кутриот македонски народ и Османлиите се готви од Организацијата на 9 мај. За тој ден се планирани атентати со динамитни бомби по различни пунктови по градовите и железниците. Меѓу другите, на прво место доаѓа Солун... Оф, Боже! Како ќе сврши овој потфат, еднаков на самоубиство?" (Ioanis Notaris, Ta gegonota tis Soluns ton Aprilio tu 1903 me vasi eggrafa tu istoriku arhiu tu Elliniku ipurgiu eksoterikon – Makedonika, X, en Solun 1970, 57-58; Славко Димевски, Солунски атентатори. Од Дневникот на една милосрдна сестра. "Нова Македонија", 9 јануари 1961.)

Гласовите биле сфатени сериозно од турските власти. Воениот командант на Солун наредил во градот да се задржат три баталјони (2.400 души), што од Смирна биле упатени за Албанија. Англискиот конзул Билјоти се обратил до англискиот амбасадор во Цариград молејќи го, по можност, најблискиот воен брод до Солун (од Волос или од друго место) да се испрати како заштита на градот од евентуални безредија. (Makedonika, 57-58.)

Меѓутоа, не сите верувале во тие гласови. Не верувал дури ни самиот Евгенијадис, сметајќи дека тие нарочно биле ширени за да се "тероризира" и градот Солун, а не само внатршеноста на Македонија.

Ние сметаме дека никој од македонската средина во ова време не бил заинтересиран и немал сметка да шири такви гласови. Најмалку заинтересирани за тоа биле гемиџиите, кои сметале дека секој инцидент или заострување на ситуацијата во Солун можел штетно да се одрази, односно делумно да го провали нивниот план за акција. По се изгледа ваквите гласови во Солун се јавиле спонтано и биле во врска со диверзијата извршена од

Делчев при Ангиста. Овие гласови се појавиле по динамитната диверзија при Ангиста. Веста дека револуционерните напади би биле извршени со динамит исто така може да се поврзе со динамитната акција при Ангиста. Нема сомнение, оваа диверзија, како што спомнавме, прва од таков карактер во Македонија, имала силен и невообичаен ефекг и кај властите и кај оние што за тоа дознале. Специјалните мерки (Истото, 58.) преземени од солунската вилаетска власт за чување на железничките линии биле поврзани со случајот при Ангиста.

Специјално преземените воено-полициски мерки во Солун се покажале непотребни. Велигденските празници минале без никакви потреси, а градот го продолжил својот нормален живот. Токму во ова време гемиџиите ги привршувале последните подготовки за акција.

*

Покрај Банката, гемиџиите решиле да оштетат и да потопат некои од европските бродови што секој ден доаѓале во солунското пристаниште. Се поставило прашање чиј брод да биде потопен. По извршените анализи, дошле до заклучок дека тоа требало да биде францускиот брод. При тој избор се тргнувало од претпоставка дека уништувањето на францускиот брод ќе предизвика најповолен ефект од било кој друг. Имено, Франција имала сразмерно најголеми економски интереси во Турција. Судирите и несигурноста што владееле во Македонија, според гемиџиите биле пречка за нормално користење на нејзините права и рационално експлоатирање на турските богатства од страна на францускиот капитал. Затоа француската влада била заинтересирана за воведување на реформи во Македонија, но реформи кои немало да придонесат за ослободувањето на покореното население туку само да осуетат едно општо востание. Покрај тоа, според гемиџиите, нивната динамитна акција во Франција ќе предизвика најсилен одглас. Демократските традиции на францускиот народ и силно изразеното прогресивно мнение се сметале за извесна гаранција дека атентатите ќе наидат на поголемо разбирање во Франција отколку во било која друга голема сила. Па дури кога тие се управени против имотот на француски поданици!!

Во врска со ова прашање гемиџиите извршиле и извесни консултации. Еве што раскажува за тоа Шатев: “Јас и Мечев, додека бевме во Софија, пред да тргнеме за Македонија го прашавме еден наш Македонец, кој добро ја познаваше европската дипломатија, што мисли за нашиот план, општо земено. Тој одговори позитивно: таму е, рече тој, болното место на Европа - европските капитали. Го прашавме на која држава е најдобро да и се прави штета. Тој, откако, ни опиша како се расположени европските држави, рече дека најмногу пречат на нашите работи Русија и Аврстрија, иако се најзаинтересирани. Ако се засегнат нивните капитали, тие пак ништо нема да направат, зашто немаат намера да ги изменат работите во Македонија. Ни го посочи за пример убиството на руските конзули. Русија можеше тие поводи да ги исползува ако имаше намера да спроведе реформи и слично. Исто е и со Австрија. Затоа тој препорачуваше да се засегнат интересите на другите, освен на Англија, бидејќи Англпја, иако силно симпатизираше, е сама, без сојузници и според тоа нема да тргне сама. Останууваат Франција, Италија, малата Белгија и други. Ние расудувавме дека Франција најмногу може да повлијае и да ја поттикне и Русија да дејствува. Затоа решивме да изгориме еден француски пароброд. Нашиот советник, кога стана збор за Франција, сакаше да ми каже да не ја засегаме и неа”. (П. Шатев, Солунскиот атентат, 35-36.)

Атентаторите дознале дека паробродот “Гвадалкивир” ќе пристигне во Солун на 27 април, а ќе замине следниот ден. Овој пароброд и припаѓал на компанијата “Масажери маритим”. Изнесувал околу 2.500 тони и патувал на линијата Марсеј-Солун-Цариград.

Гемиџиите решиле атентатите да започнат на 15 април, т.е. на 28 април по новиот стил, 1903 година. Планот составен на последното советување одржано надвор од градот бил следен: да се потопи францускиот брод; да се минира пругата во близина на солунската станица; да се запали резервоарот за газија, од што се осветлувал градот; да се дигне во воздух Банката; да биде запален Бошнак-ан и да почнат улични борби со бомби и револвери. Прекинувањето на осветлението и

фрлањето на градот во темница требало да биде знак за почеток на акцијата.

Улогите биле поделени, секој точно знаел каква била неговата задача во определеното време за акција. П. Шатев (Георги Манасов) добил задача да го потопи францускиот параброд.

Како што е истакнато, гемиџиите биле решени да се "арчат". Меѓутоа, сега, кога дошло времето за "арчење", се поставило прашање дали тоа "арчење" да биде по секоја цена. Решени да го нападнат првиот град на Македонија, напад кој можел да има несогледливи последици и за цела Македонија, имаат ли тие, гемиџиите, право да го преживеат своето дело или, согласно нивната идеологија, се должни да загинат вршејќи ја својата задача. Тоа било сериозно морално прашање околу кое не била постигната согласност. Едни сметале дека нивното дело треба да продолжи и, според тоа, корисно би било кој може да се спаси. Таков став бранеле Шатев, Бошнаков, Арсов и Богданов. Орце, Кирков, Мечев и другите биле категорички да се гине.

"Не! - зборувале тие. – Ќе се бориме додека загинеме!"

"Тие - пишува Христо Силјанов - не можеа да си го претстават подвигот инаку освен поврзан со еден дрзок гест на самоубиство. Да останат живи, тоа значи да ја затемнат величината на своето дело и сопствениот морал на борци кои на смртта гледаат со полн презир. Да посеат околу себеси смрт и ужас до дотогаш невидени размери, без да ги положат и сопствените глави - тоа беше еднакво на подлост. А што би останало од нивната гордост ако случајно паднат во рацете на непријателот? Само при апсолутна волја за смрт, делото што го започнаа можеше да смета на успех и на ефект". (Хр. Силјанов, 255.)

Основна причина што Орце, Коста, Мечето, Илија и Владо инсистирале да се гине по секоја цена била таа што тие сметале дека со својата смрт ќе ја афирмираат повеќе борбата за слобода на својата татковина отколку што тоа би го направиле со уривањето на згради и фрлањето на динамитни бомби по солунските улици и убивањето на непријателски војници. Од

друга страна тие се плашеле дека нивната акција ќе биде наполно успешна ако извршителите во исто време мислат како да го спасуваат својот живот.

Пред атентатите - пишува Шатев - ние вака размислувавме: Ние немаме орган за да ја пропагираме својата реформаторска акција, па сметаме дека е корисно за делото ако можеме и по атентатот да останеме живи за да можеме да го продолжиме делото. На тоа мислење бевме јас, Милан Арсов и Бошнаков. Напротив, Мечев, Кирков и Орце беа на мислење задолжително да завши со тоа и нашиот живот. Ние предложивме да не извршиме наеднаш се, туку постепено, едно по едно, а Банката најпосле, зашто целта беше да ги направиме несигурни европските капитали. Мечев и неговите другари одговорија оти ништо не ни гарантира дека по првиот обид нема да бидеме фатени, дека немаме динамит и слично. Затоа тие беа на мислење да не преземаме никакви мерки за, да избегаме, зашто треба заедно со атентатот и ние да загинеме. Така и направија. Јас не бев согласен со тоа - да загинеме. Тие сакаа да се постигне по можност поголем ефект. Не можев да ги одвратам од тоа". (П. Шатев, 53.)

Се било готово, се очекувало само да пристигне паробродот. Гемиџиите овие последни денови од животот ги поминувале шетајќи се низ новиот кварт "Пиргите" во дискусија и размислувања за успехот и ефектот на нивната акција.

Во тоа време Тодор Органџиев во Велес примил телеграма од Солун со следнава содржина: "Сите пари што ги имате, испратете ги, Шурков фалира". Органџиев го продал оризот со кој бил пренесуван динамитот од Кочани и сите пари што ги имале телеграфски биле испратени во Солун. Но, добил нова телеграма од Солун. "Шурков пропадна, земи ги назад парите". (Т. Органџиев, 122.)

Тоа било 3-4 дена пред атентатите. На гемиџиите, за првпат откако пред неколку години започнале да се подготвуваат за атентатите, не им требале пари.

Случајот сакал Шатев да се зафати со извршувањето на најризичната задача, но задача која во исто време нудела и извесни шанси да се спаси ако сака да остане жив. Од сите гемиции Шатев бил најпогодна личност за уништување на "Гвадалкивир". Тој имал пасош и бил "странски" државјанин и според тоа единствено тој можел легално да се качи на паробродот. Го познавал и францускиот јазик, што исто така можело да му биде од корист.

На определениот ден "Гвадалкивир" пристигнал на Солунското пристаниште со задоцнување од неколку часа. Другиот ден утрото Георги Манасов со куфер в раце со пајтон тргнал кон пристаништето. Во куферот имал долна облека, "Клетници" од В. Иго на француски јазик и, се разбира, повеќе пакетчиња убаво завиен, распореден, но и добро замаскиран динамит. Едно од тие пакетчиња било поврзано со фитилот кој бил така поставен што, во случај ако се укаже потреба, при претресот да може со цигара за миг да се запали и брзо потоа да експлодира.

Откако му бил прегледан пасошот и запишано името во регистарот, Манасов го однел куферот на преглед во царинарницата. Го носел сам за некој од амалите да не направи "забелешка" за тежината. Прегледот на куферот бил извршен површно и брзо и, тукуречи пред самото тргнување на "Гвадалкивир", Манасов се нашол на неговата палуба. Сите негови другари, освен Орце, кој бил дежурен во визбата на бакалницата, седнале во близината до пристанишната кафеана за да му мавнат на Шатев за последен пат и да видат како ќе започне да се остварува нивнотодело.

Во паробродот му била доделена кабина во втора класа, која била над нивото на водата. Да се предизвика експлозија на овој дел од паробродот значело само тој да се оштети. Меѓутоа, целта била бродот да се уништи. Време за многу размислување немало. Паробродот тргнал и почнал да ја зголемува брзината. А требало диверзијата да се изврши што поблиску до пристаништето. Од малите пакетчиња динамит Шатев направил еден пакет, го подготвил за експлозија, го завиткал убаво и излегол од кабината да бара адекватно место. Меѓутоа, насекаде каде што отишол се наоѓал над морското ниво. Значи

паробродот не било можно да се оштети на подлабокиот дел за да потоне. Тогаш Шатев решил да најде погодно место што поблизу до машините и тука да предизвика експлозија. Ако не друго, барем да предизвика пожар. Во даден момент, кога во ходникот, во негова близина немало никој и кога паробродот се уште не го имал напуштено пристаништето, Манасов го запалил фитилот и брзо потоа се чула силна експлозија. Конструкцијата на бродот не била многу оштетена, но започнало да гори машинското одделение.

Настанала ужасна паника. Патниците се прашувале "Што станало?" и преплашени трчале лево-десно без да знаат каде одат. Паробродот започнал силно и продолжително да свири, давајќи со тоа знак дека е во опасност и дека бара помош. На патниците им било речено да се качат на палубата. Наредбата на капетанот на бродот била да се спасат луѓето и нивниот багаж, а другата стока, како и добитокот, требале да останат. Биле спуштени чамците за спасување, а од пристаништето веднаш пристигнале два воени чамци, а потоа и многу други. Сите патници и морнарите биле префрлени во чамците. Битката се водела за спасување уште на неколку члена од посадата што се нашле во долниот дел на бродот и постоела опасност да изгорат. Пламенот се повеќе го опфаќал бродот а патниците во чамците, до пред малку обземени од ужасен страв, сега со љубопиттност гледале и коментирале. Меѓу нив преовладувало мислење дека пожарот бил резултат на прскање на парните котли на бродот.

Кај патниците со еден чамец пристигнал секретарот на Францускиот конзулат во Солун. Малку подоцна тука се нашол и самиот генерален конзул на Франција, Стег. Размислувајќи малку посериозно за причините што можеле да го предизвикаат пожарот на паробродот, секретарот дошол до заклучок дека тој не би можел да биде предизвикан од прскањето на парните котли. Така, на прашањето од Стег дали навистина причината за пожарот се. котлите, тој одговорил: "Не! Ако пожарот бил предизвикакан од повреда на котлите, пламенот требало да се јави по час-два, а не заедно со експлозијата. На крај, погледнете, од што е направена таа дупка на паробродот. Без

сомнение таа е создадена како последица на некаков експлозив”.

Ние не знаеме кога оваа точна констатација за причините на пожарот им била пренесена на властите. Во меѓувреме и меѓу сеирџиите, кои во групи, со чамци, се доближувале до бродот, се ширела веста: пукнал парниот котел.

Сите паптици и посадата на паробродот го напуштиле паробродот и тргнале кон кејот. Патниците се пријавиле во канцеларијата на француската компанија, каде што им ги запишале имињата и им било речено следниот ден да се јават за да си го земат багажот. Меѓу нив бил и Георги Манасов, а меѓу багажот бил и неговиот куфер. (П. Шатев, В Македония под робство, 358-367.)

Ранетите, 5-6 члена од посадата, биле пренесени во француската болница. Меѓутоа, по молба на францускиот конзул, сите членови на посадата биле сместени во болницата. Сите легнале и заспале, само главниот механичар, кој бил и најтешко ранет, не можел да заспие. Тој раскажувал како трговците ги заборавиле своите драгоцени товари и панично скокале во морето. Неколку жени, избезумени, коленичеле пред капетанот барајќи спас. Во прво време капетанот и посадата не можеле да се снајдат, но брзо се прибрале. Неколку морнари ги извадиле од вода трговците што спасот го побарале скокајќи в море. Бидејќи сите машини не биле уништени, механичарот успеал да го насочи бродот кон пристаништето. Во своите мисли механичарот се мачел да ја открие вистинската причина за експлозијата и за пожарот на паробродот. Се повеќе доаѓал до сознание дека тоа можело да биде диверзија.

“Оф, господи, напишала сестрата Писи, дали и тоа може да биде? Дали кутрите Македонци го сториле тоа? Што им се криви моите сонародници?”

На кејот огромна маса народ со големо љубопитство ја гледал илуминацијата којашто од морската шир го осветлувала градот. Еве како го видел и како го доживеал овој настан споменатиот Хр. Коцев: “Во неделата вечерта, на 27 април, пукна бомба на

станицата и искрши само неколку стакла на предните вагони. Ефектот беше страшен: сите се прашуваа во недоумение чија ли е таа работа. Се растрчаа конзули и аташеа да разберат што станало, ама немаше кој да им го задоволи љубопитството.

Другиот ден вечерта (горната диверзија беше извршена на 28 април, вечерта, истиот ден кога беше запален и "Гвадалкивир") сред морето пламна паробродот "Гвадалкивир", а Гарванов, Т. Лазаров и јас седиме на "Ноњо" и си го пиеме пивото, чудејќи се заедно со сите како е можен пожар среде морето и како при толку вода да не можат да го изгаснат уште во почетокот. Требаше човек да го има срцето на Нерона за да ужива во таа глетка што ја претставуваше запалениот пароброд во заливот. Би рекол секој дека морската вода се претворила во газија па така стихијно гори. Целата ноќ и другиот ден до вечерта солун беше илуминиран така што и самиот султан Хамид би жалел што таква 'донанма' (свеченост) не му направиле и во Цариград на 19 август кога тој го празнуваше своето стапување на престолот.

Таа втора акција (палењето на паробродот) ги натера да затреперат сите: Турци, Евреи, Грци, Европејци (Солун во тоа време, како што видовме, бил доста голем град.) - сите беа поразени од невидливата рака што висеше над градот и му се закануваше да го запали од сите страни... Гласот дека пукнал казанот... не им изгледал веројатен". (Хр. Коцев, 48-49.)

Вечерта Г. Манасов спиел во хотелот "Партенон", Истата ноќ во 8 часот, Мече, Трчков и Арсов извршиле неуспешна диверзија врз патничкиот воз што доаѓал од Цариград. Тие на една кривина, меѓу големата станица што била надвор од градот, и малата станица, што била во градот, поставиле на пругата динамит во моментот кога се појавил возот. Локомотивата минала преку динамитот (петардите), настанала експлозија, но сето тоа минало без сериозни последици. Од патниците никој не бил повреден. Оваа експлозија, како што пишува и Хр. Коцев, предизвикала возбудување и страв во градот. За многумина станало јасно дека пожарот на "Гвадалкивир" не бил случаен, туку бил дело на една координирана акција на револуционерните комитети што ги

имало насекаде во Македонија. Еве сега тие комитети ја проширале својата револуционерна дејност и во Солун.

Полицијата наредила никој од гостите што се наоѓале по хотелите да не го напушти градот пред да се јави во полициската станица. Затоа Шатев одвај успеал да го земе својот пасош од сопственикот и да го напушти хотелот.

Шатев тогаш се нашол пред една сериозна дилема. Полицијата веќе се сомневала дека на "Гвадалкивир" била извршена диверзија. Според тоа, не било тешко да се открие кој е сторителот на делото. Сите патници што се качиле на паробродот, како што видовме, биле заведени во специјалниот дефтер. Нивните имиња биле заведени и во бродската агенција при враќањето од запалениот брод. Не било тешко да се претпостави дека првото сомневање ќе падне врз оние луѓе што патувале со пасош на некоја од балканските земји и особено на оние шгто биле дојдени од Бугарија, а сега патувале пак за Бугарија. (Според некои податоци (Makedonika), заменикот на капетанот на паробродот го забележал Шатев кога во ходникот барал место за да го остави пакетчето со динамит. Самиот Шатев признава дека некој од посадата бил во ходникот и дека затоа морал да го чека додека тој не се оддалечи, за да може безбедпо да го заали фитилот. Тој човек потоа успеал, наводно, да направи доста верна скица на ликот на Шатев.) Ако пак се случи да биде уапсен како сомнителен, тоа многу лесно можело да дојде до апсење и на некои од гемиџиите, како негови другари со кои тој се дружел, а тоа можело да го доведе во опасност исполнувањето на главниот дел од планот. Значи, ризично било да се остане во хотелот, бидејќи сигурно се очекувало доаѓањето на полицијата, но ризично било и да се стори обид за бегство. Сепак ова, второво, било единствен излез. Да се спречи апсењето да се случи истиот ден, на 29 април, кога требало да почне главниот дел од атентатите, била главна преокупација на Шатев. Од хотелот тој со пајтон се упатил кон скопската станица. Облечен елегантно, по европската мода, успеал да ги совлада сите пречки и безбедно да се качи на возот за Скопје.

По она што се случило истиот ден вечерта станало јасно за сите дека во Солун била организирана “голема завера” и дека лицето што го напуштило хотелот “Партенон” и не се пријавило во полицијата бил патникот кој ја предизвикал експлозијата во “Гвадалкивир”. Уште повеќе што тој бил единствениот патник кој не се јавил да си го земе куферот од агенцијата на “Месажери мартин” – компанијата.

Во средата на 16/29 април 1903 година започнале главните динамитни акции во Солун. Паробродот бил запален претходниот ден околу 11 часот претпладне, но граѓаните, сметајќи дека тоа било резултат на дефект машинското одделение, не биле вознемирени. Диверзијата на железничката станица предизвикала сериозна вознемиреност, меѓутоа, за неа можело да дознаат ограничен број граѓани. Тоа што се случило на 29 април било од таков карактер што предизвикало ужас и паника во целиот град.

Во средата, во договореното време, сите гемиции биле на однапред определените места. Акцијата ја започнал Кирков, најнестрпливиот во Кружокот. Тој, околу 20,30 часот, со неколку килограми динамит, ги оштетил гасоводните и водоводните цевки што минувале под еден мал мост во близина на морето. За миг целиот град потонал во мрак и останал без вода. Тоа било знак за почеток на акцијата.

Дежурен во бакалницата таа ноќ бил Орце Попјорданов. Неколку минути по гасењето на светлината Орце го запалил фитилот во визбата, ги затворил ролетните на дуќанот и тргнал кон својот дом кој не бил далеку од Банката. За тоа што се случило од палењето на фитилот до експлозијата има три верзии. Според Симеонов (и Силјанов), Орце, откако го запалил долгиот фитил, избегал од бакалницата и истрчал кон вториот кат на Банката, каде што живеел директорот со своето семејство, за да го предупреди веднаш да ја напушти зградата, бидејќи таа по пет минути ќе биде дигната во воздух. Оттаму тој се прибрал во својот стан што се наоѓал зад католичката црква во куќата на Италијанецот Антонио Пете. (Ст. Симеонов, 17.)

Според другата верзија, Попјорданов, бегајќи од бакалницата кон дома, забележал дека токму тогаш директорот на Банката влегувал во неа преку задниот влез. Го предупредил веднаш да го спасува своето семејство. (К. Црнушанов, 171. Каде авторот го пронашол овој податок? Дали ова му изгледа пологично од она што го кажува Симеонов и го прифаќа Силјанов?) Директорот успеал во последниот момент со семејството да излезе и да се засолни во католичката мисија на сестрите-лазаристки близу до Банката. П. Шатев, пак, пишува (П. Шатев, 386.) дека директорот на Банката пред една недела се преселил од зградата претчувствувајќи дека би можело нешто да се случи.

Католичката милосрдна сестра Писи во својот "Дневник" пишува дека по дигањето на воздух на Банката "пред зори кај нас најнапред побара засолниште семејството од директорот на Банката, кое по некое чудо се извлекло живо од експлозијата и пожарот". Потоа пристигнале семејствата на францускиот, малку потоа и на австрискиот конзул. Тие сметале дека атентаторите можат да ги нападнат и нивните конзулати, па така во болницата фамилиите ќе им бидат посигурни. (Славко Димевски, "Нова Македонија", 10 јануари 1961.)

Дали Орце, кој и без тоа решил да го жртвува својот живот, го направил просто невозможното - се обидел да го спаси, и го спасил, семејството на директорот на Банката. А како можел да го направи тоа кога се знае дека Банката била добро чувана од турски стражари. Дали времето од палењето на фитилот до експлозијата било доволно Орце да излезе од бакалницата и, криејќи се од стражарите, да го пронајде директорот и потоа целото семејство безбедно да се оддалечи од зградата. Дали навистина неговото семејство претходно се иселило од Банката? Ако се иселило порано, зошто морало да го напушти новиот стан и зошто во ниедно време, пред зори, кога Банката уште горела а војската можела да пука во се што било сомнително без предупредување, директорот го преселил семејството во француската болница којашто била во опасната зона до самата банка. Иако имал друг стан, зошто неговото семејство не ја напуштило француската болница тогаш кога семејствата на конзулите ја напуштиле болницата и се прибрале

дома? Писи пишува дека директорот немал каде да оди, зашто се му било изгорено. Не може да се тврди, но по се изгледа Орце на некој начин успеал да го спаси семејството на директорот на Банката.

По силната експлозија, Банката ја опфатил силен пожар. Еве сестрата Писи, чија болница, рековме, се наоѓала непосредно до Банката, како го доживеала тој страшен и возбудлив настан:

"...Коцката е фрлена, назад нема каде. Поедна експлозија далеку од нас, изгасна осветлението во целиот град. Наеднаш една страшна детонација го процепи воздухот и истиот момент избувна пожар во Отоманската банка. Пламен го лижеше небото и го осветлуваше нашиот двор како бел ден. Чувствувавме пеколна жештина. За среќа, француските морнари што од претходната ноќ беа кај нас ги грабнаа шмрковите... и почнаа да го гаснат пожарот од нашата страна. Опасноста од пожарот траеше до 2 часот по полноќ. За тоа време градот беше во жална положба. Бомби избувнуваа на сите страни. Нападнати беа и други установи...

За време на пожарот болните и ранетите беа опфатени од ужас. Слегуваа од постелите и сакаа да ја напуштат болницата. Некои ги пренесовме во нашиот манастир одвоен од болницата со еден двор... Ним им се придружија и семејствата на конзулите и на директорот на Банката". (Истото.)

Димитар Мечев и Илија Трчков се обиделе да се префрлат преку ѕидот во дворот на фабриката за осветлување на градот и со динамитна бомба да го запалат резервоарот за газија. Меѓутоа, биле забележани од чуварот и морале да бегаат без да ја извршат задачата. Потоа со пајтон се префрлиле до австриската пошта. Илија влегол во поштата оставил запалена бомба пред шалтерот и избегал. Еден од гавазите ја зел бомбата да ја фрли надвор, но експлодирала во неговите раце и го разнела "на еден грозен начин". (Архив на Македонија (АМ), ф. 238, Францускиот конзулат во Солун - до министерот за надворешни работи Делкасе, Солун, 7 мај 1903.) Оттука двајцата отишле во својот дом кој се наоѓал близу до касарната "Топхане", ја затвориле добро железната врата на куќата, како и

другите врати, и започнале од терасата и од собата да фрлаат бомби на улица. Војската што брзо пристигнала на бомбите одговорила со истрели. Во прво време, изгледа, некои војници настрадале, меѓутоа, сфаќајќи дека од фрлањето на бомба до експлозијата (додека изгори фитилот) има доволно време за да се заштитат, под команда, на командирот тие легнувале и потоа, до фрлањето на друга бомба, го продолжувале стрелањето. Според некои податоци, во растојание од неколку часа, Мече и Илија фрлиле над 40 бомби и потоа се самоубиле со своите револвери.

Веднаш по гасењето на осветлението, Владимир Пингов "берберот" со бертолетова сол и со едно шише фосфорна течност го запалил "Бошнак-ан". Потоа тргнал кон куќата на Д. Мечев и Илија Трчков. Кога минувал пред главните порти на "Топхане", стражарот сакал да го сопре и да го задржи како сомнителен, се разбира без да знае ништо за неготвото тукушто извршено дело. Но, овој се противставил, фрлил една бомба и бил убиен.

Многумина и тогаш и сега не можат да објаснат зошто гемиџиите го запалиле "Бошнак-ан". Овој ан бил едно од важните свртaлишта на македонското население што доаѓало во Солун. Тој не му припаѓал на европскиот капитал и за него немало никој да жали, освен оние што од внатрешноста отседнувале тука.

Најмладиот гемиџија Милан Арсов, по дадениот знак, фрлил бомба во кафе-вариетето "Алхамбра". Тука загинал еден келнер. Посетителите на кафеаната, сфаќајќи за што всушност се работи, успеале да избегат пред да експлодира бомбата. (Makedonika, 76.) Се разбира, имале време за тоа, бидејќи бомбата на Милан била со долг фитил, за да им се овозможи на граѓаните да се спасат.

Георги Богданов фрлил бомба во кафеаната "Ноњо", што било на плоштадот до самиот кеј. И неговата бомба била со долг фитил. Тука немало жртви. Потоа Милан и Богданов го продолжиле патот фрлајќи бомби по улиците.

На 29 април, т.е. на вториот ден од Солунските атентати, паднале првите жртви од редовите на Гемиџискиот кружок. Биле убиени Димитар Мечев, Илија Трчков и Владо Пингов. Орце Попјорданов, Костадин Кирков, Милан Арсов, Георги Богданов, Марко Бошнаков и Цветко Трајков останале живи и се прибрале по своите домови.

Планот на гемиџиите главно бил успешно извршен. Повеќето од нив останале живи и имале услови да се спасат. Поради немање бомби, а и како приврзаници на идејата да не се гине по секоја цена Милан Арсов, Георги Богданов и Марко Бошнаков не се изложиле на огинот на аскерските пушки и не се самоубиле. Меѓутоа, Орце и Коста требало да умрат. Барајќи ја својата смрт, тие всушност уште два дена ги продолжиле атентатите, уште два дена го држеле во ужасна напнатост целиот град и уште два дена ги потсетувале беспомошните и фрлени во бес власти дека се тука.

Само што градот малку се смирил, на 30 април тој пак бил потресен од силни експлозии. Се огласил Орце, забарикадиран во својот стан, кој, видовме, се наоѓал во главниот дел од градот во близина на Отоманската бавка и француската болница. Орце започнал да фрла бомби од балконот против војската и полицијата, која за миг се нашла тука. Оваа нерамна борба траела неколку часа. Фрлајќи ја последната бомба, Орце го извадил пиштолот, се исправил на балконот и се самоубил. (Според Шатев и Ст. Симеонов, Орце, не чувајќи се по фрлањето на последната бомба, паднал пронижан од куршумите на војниците.) Војниците, командувани од некојси познат на солунчани Арап Бимбаши, истрчале да го скрнават телото на убиениот, меѓутоа, командирот, изненаден од готовноста на херојот да се саможртвува за своите идеи, како и од појавената смелост и ладнокрвност пред смртта, забранил да се унакажува телото на младиот револуционер, посочувајќи го како пример како треба да, се гине за татковината.

Бидејќи сестрата Писи била непосредно до настанот и временски и просторно, нејзиното пишување може да се смета за поверодостојно од било кои други што за тоа чуле од друго

место и во друго време. А еве што пишува таа за тоа како изгледал Солун на 30 април и за убиството на Орце:

“Турската полиција спроведува најстрога контрола над секого. На излезот од секоја улица се поставени војници... Градот сега е во полно опсадна состојба. Дуќаните се затворени... Од градот се евакуираат повидните турски фамилии. Возот денеска не пристигна од Цариград... Секако дека турските и странските семејства брзаат да се фатат за возот за Цариград.

Потоа Солун пак заличи на гробишта. Во еден часот попладне, додека се трудевме малку да отпочинеме по непроспиената ноќ, бевме изненадени од експлозија на повеќе бомби проследени со силни истрели во нашата непосредна близина. Паника повторно ги зафати луѓето собрани кај нас. Овој пат навистина поверувавме дека е нападната нашата куќа. Меѓутоа, малку подоцна разбравме дека еден Македонец, враќајќи се во станот што се наоѓа во нашата непосредна близина, им бил сомнителен на војниците и тие пошле по него да го уапсат. Успевајќи да влезе во зградата, тој од балконот почнал атака врз војската. Откако фрлел 11 бомби, извадил револвер и извикал: “Еве, вака умира јунак’! Потоа несреќникот се самоубил”. (С. Димевски, “Нова Македонија”, 10 јануари 1961.)

При правењето на дефинитивниот план за акција гемиџиите предвиделе да биде убиен солунскиот валија, и тоа при крајот, неколку дена по завршувањето на атентатите. Цветко Трајков требало да стои настрана, да се крие, и кога сите гемиџии ќе бидат мртви, да го издебне валијата кога излегува од дома или од вилаетската зграда и да го убие, а и самиот да се застрела.

Цветко Трајков немал стрпливост да го чека крајот па потоа да стапи во акција. Истиот ден кога Орце ги испукал последниге бомби, кон 5-6 часот попладне тој го зачекал валијата во новиот кварт на градот - “Пиргите” - кога се враќал во својот дом и се обидел да се доближи до неговиот пајтон и да го убие. Меѓутоа, бил забележан од телохранителите и, сфаќајќи дека не ќе може да ја изврши својата задача, се повлекол малку, запалил една бомба и седнал над неа. По неколку секунди неговото тело било разнесено пред вчудовидениот валија и неговата придружба.

Последен останал Коста Кирков. Кога загинал Коста? Според Шатев, Коста се исправил пред пушките на аскерот истиот ден кога и Орце, според други, тоа се случило следниот ден. На 1 мај, петокот утрото, тој, убаво дотеран, со паларија на главата и чанта в раце излегол од својот дом и се упатил кон улицата "Сабри паша", каде што се наоѓала телеграфската станица. Тргнал со цел да предаде "телеграма", а всушност во поштата да фрли бомба. Тој знаел дека сите јавни установи биле будно чувани од власта и дека не ќе може да влезе во поштата. Но, сеедно, и така тој требало да загине.

На влезот од поштата Кирков бил сопрен од стражарот, кој бил должен согласно добиените наредби, да го претресе. Се разбира, Коста не можел да го дозволи тоа, се повлекол малку назад, ја извадил бомбата од џебот и се обидел да ја запали. Меѓутоа, стражарот бил побрз и го спречил. Така Кирков ја исполнил и последната важна задача што ја имал. Паднал прободен од штркот на турскиот стражар.

Според некои податоци (К. Црнушанов, 172.), Коста успеал да ја запали бомбата пред да биде прободен и таа, експлодирајќи, убила двајца од стражарите. Но по се изгледа дека најнемирниот дух меѓу гемиџиите загинал "најмирно". Тој бил последен, но освен стражарите што го убиле и властите, градот не бил информиран дека акциите на младите самоубијци продолжиле и на 1 мај. Зашто, кога Кирков пркосно отишол кај турските стражари да го убијат, сепак не успеал на време да ја запали бомбата за да му даде на знаење на градот дека еве и тој го сторил тоа што му било најлесно да го направи - го дал својот живот за својата татковина.

За тоа како Коста загинал, главно, нема дилеми. Меѓутоа, дилемата останува и натаму во врска со датумот на загинувањето. Имено, откриени се нови документи што го стават под сомневање споменатиот датум. На 4 мај сестрата Писи, покрај другото, во својот "Дневник" го запишала и ова: "Денеска еден млад човек се преправал, дека носи телеграма во телеграфското биро. Запрен на сред скалите, успеал набрзина да фрли бомба во внатрешноста на зградата. Меѓутоа

пожртвуваниот гаваз, додека бомбата не експлодирала, ја фрлил надвор и таа го убила и гавазот и атентаторот". (С. Димевски, "Нова Македонија", 11 јануари 1961.)

Грчкиот конзул е поконкретен од сите други: Во саботата - пишува тој - "бандитите" не презедоа ништо, но другиот ден, неделата (3 мај) кон пладне, еден од нив се обиде да влезе во телеграфската станица, за, божем, да предаде телеграма, но бидејќи не само што одби да дозволи да го претресат, туку и се противстави, веднаш беше убиен од војниците. Кај него беше најдена една бомба, две капсули за динамит и револвер. Има знаци што потврдуваат дека тој го оштетил газијаспроводникот. Овој обид беше и последен, но не може да се тврди дека нема други заговорници коишто би направиле слични злостори. Уште повеќе што се знае дека бакалот од чиј дуќан започна заговорот како и друг водач на "бандата", не се фатени. (Makedonika, 78-79.)

Гемиџиите сакале нивната акција да трае по можност што подолго, за да се држат и Турција и Европа што подолго во напната ситуација и што подолго да се пишува и зборува за Македонија. Затоа и распоредот на атентатите бил направен така: првиот ден - бродот и диверзијата на станицата, вториот ден - Банката и разни напади по градот, третиот ден - напади (загинување на Орце). Тие што немале бомби и што решиле да останат живи, се повлекле и се притаиле. По се изгледа Коста решил да почека и тогаш, кога сите помислиле дека акцијата е завршена и дека атентаторите се ликвидирани, да се јави тој и со својата бомба и со својата смрт да предизвика нова вознемиреност и да ги потсети сите дека тие уште не се уништени.

НЕПОСРЕДНИ ПОСЛЕДИЦИ ОД АТЕНТАТИТЕ

Сите дипломатски претставници во Солун ги известувале своите влади за солунските настани. Особено педантно тоа го правеле тие што биле најмногу засегнати од атентатите, како што биле францускиот генерален конзул и грчкиот генерален конзул, кој во секоја револуционерна акција во Македонија гледал смртна опасносг за грчките "интереси". Во

дипломатските извештаи, првин накратко а подоцна опширно, се опишува ситуацијата во Солун на 28, 29 и 30 април но никаде не се спомнува дека на 1 мај имало експлозии. Евгенијадис на 30 април, односно на 29 по полноќ, испратил телеграма во која меѓу другото стои дека околу 8 часот вечерта (на 29 април) се фрлени околу 20 бомби врз кафеани и други места во центарот и во неговата периферија, предизвикувајќи паника. "Голема маса народ се растрча по улиците очаена и возбудена. Бомби и натаму се фрлаат... во Отоманската банка предизвикаа пожар. Жртвите се мали, бидејќи бомбите фрлени по кафеаните предизвикуваа мала штета. Војската почна да апси... Во овој момент, на полноќ се слуша многу и продолжително пукање на периферијата од градот по експлозијата на бомби... Положбата крајно сериозна..."

Во следната телеграма испратена на 30 април, секако попладне, стои: "Големата паника продолжува... Вечерва се закануваат нови напади со бомби. Имам сигурна информација дека заговорниците решиле вечерва да го дигнат во воздух нашиот конзулат. Се разбрав со валијата како да се осуети оваа опасност. Досега се уапсени околу 300 души..." Во телеграмата стои дека од средата (значи по она што се слчуило на 29 вечерта) престанал секаков напад со бомби, но прогоните, претресите по куќите и апсењата продолжуваат. "Решено е да се убива секој кој ќе се спротивстави или ќе се обиде да бега. Денес се убиени 30, како што официјално сум известен, но од неофицијални информации се дознава дека од вчеравечер и денес беа убиени стотина и педесет. Од 6 часот попладне сите се затворени во своите куќи и секакво движење по улиците е забрането". (Истото, 62-63.)

Слично изгледале телеграмите што во време на настаните ги праќале и другите дипломати од Солун до своите влади. Се пренесувале доста точни, но и многу неточни вести. Тоа било разбирливо кога се знае во каков хаос го фрлиле гемиџиите градот со своите бомби, кога никој не знаел точно што се случува, а властите, секогаш наклонети да ја кријат или изопачуваат вистината, давале информации што често биле сосем спротивни на вистинската положба. Грчкиот конзул, пак, кога се однесувало за македонското револуционерно движење и

воопшто за било која акција што не се совпаѓала со желбите и со стремежите на грчката пропаганда во Македонија, ниту можел а ниту сакал да биде објективен. За него гемиџиите биле пред се "Бугари" што ја сакале Македонија за себе и, според тоа, тие не можат да бидат ништо друго освен злосторници. Затоа и не е ништо чудно што за него атентатите завршиле на 29, иако тој слушнал бомби и на 30 април, но тогаш тие, атентаторите, "се бранат фрлајќи бомби против војската, но редовно од неа биваат убиени или фатени". Значи, атентаторите се присутни, но не се способни да напаѓаат! Но сепак "планирале" да го нападнат грчкиот конзулат!

Интересни се првите податоци што конзулите ги праќале до своите претпоставени за најкрупниот настан - кревањето во воздух на Банката. Никој од конзулите не претпоставил дека нападот е извршен под земја. "Пред вратата на Отоманската банка - пишува италијанскиот генерален конзул во Солун Ди Ревел - застана една кола, од која слегоа многу луѓе придружени од други и, симулирајќи дека се расправаат меѓу себе, го убија стражарот и двајца ноќни чувари. Поради шумот, притрча еден патролен одред од 12 војници, што убиле некои од заговорниците, но другите, ползувајќи го нередот, влегоа во зградата на Банката и фрлија динамитни бомби во сите насоки. Се слушнаа 3 експлозии на вториот дел од зградата, се урна еден sид кој падна кон соседниот хотел "Коломбо" и го затрупа германскиот клуб наречен "Кегел-клуб"... Останаа, затрупани во зградата на Банката многу заговорници, други се убиени или уапсени".

Дипломатските извештаи на солунските конзули, па донекаде и тие на грчкиот конзул, што биле составени 7-10 дена по Солунските атентати, биле далеку посодржајни и, се разбира, поточни. Но, за тоа малку понатаму.

Билансот од атентатите бил следен: директно од динамитот на гемиџиите настрадале "Гвадалкивир", Отоманската банка, кафеаните "Алхамбра" и "Ноњо", и "Бошнак-ан". Се спомнува дека Коста, откако ја оштетил газијапроводната цевка, се вратил во градот и фрлил една бомба пред "Гранд-хотел", но изгледа без да предизвика штета. Мечев исто така фрлил две

бомби пред кафеанжа “Египет”. Бил урнат Германскиот клуб, како и некои куќи.

Од гемиците херојски загинале Јордан Попјорданов-Орце, Коста Кирков, Димитар Мечев, Владимир Пингов, Илија Трчков и Цветко Трајков.

Останале живи: Павел Шатев; Георги Богданов, Милан Арсов и Марко Бошнаков.

Додека траеле атентатите, македонското население во Солун де факто, било ставено надвор од законот. Тоа важело за сите Македонци, без разлика дали припаѓале кон Егзархијата, односно кон Патријаршијата, и ги викале “Бугари”, односно “Грци”. Сепак, првите, егзархистите, се нашле во исклучително тешка ситуација. Сметајќи ги за револуционерен и “опасен” елемент, властите решиле да го користуваат поводот што го давале атентатите за да со пресметнат со нашето население во Солун и што поголем дел од него да истерат или да го принудат да го напушти градот. Стег и другите конзули на големите сили се плашеле дека во Солун, и воопшто во Македонија, може да се случи истото тоа што се случило порано со Ерменците.

Во рамките на борбата за своите права (чл. 61 од Берлинскиот договор предвидувал спроведување реформи во Ерменија слично на чл. 23 кој се однесувал на Македонија), во август 1896 година ерменските револуционери, приврзаници на Комитетот “Дашнак”, снабдени со 16 кг динамит поставен во торби, влегле во Отоманската банка во Цариград, ја заклучиле вратата и ја окупирале. Преку директорот на Банката, до пратениците на големите сили тие испратиле еден проект за реформи за шесте ерменски вилаети, заканувајќи се дека, ако тој не се прифати ќе ја фрлат Банката во воздух. Штом се разбрало за окупацијата на Банката, толпа Курди и Лази, вооружени со стапови и јатагани, извршиле невидени колежи врз Ерменците во Цариград. Наместо да бараат од султанот реформи, пратениците ги вложиле сите сили да го спречат безразборното,колење на Ерменците. Султанот ветил дека на атентаторите ќе им дозволи да ја напуштат безбедно земјата и ветувањето го исполнил. Меѓутоа колежите продолжиле.

Владата имала организирана брза погребна служба, којашто ги чистела улиците од труповите. Специјални команди оделе по подивените убијци, и убиените и уште недоубиените жртви ги фрлале во коли за ѓубре. Десетина илјади Ерменци биле убиени по улиците, по своите домови и дуќани во Цариград. Во ерменските вилаети биле убиени над 25.000 Ерменци.

Колежите престанале другиот ден по улимативната телеграма испратена до султанот од страна на пратениците на големите сили. Се покажало дека овој геноцид врз ерменското население не бил никаков спонтан чин, туку бил организиран од крвавиот султан.

Од ладнокрвните колежи на Ерменците јавното мислење на Европа било згрозено. Протестите против тој злосторнички акт се претвориле во движење кое постојано ги потсетувало народите и државниците на Европа дека султанска Турција е анахронизам во современото општество и дека ако не се преземат мерки и не им се помогне на угнетените да добијат свои човечки и политички права, крвавите настани можат пак да се повторат.

Колежите на Ерменците имале толку силен одглас во Европа, особено во земјите со демократски традиции, какви што биле Англија и Франција, што кога станале Солунските атентати и Илинденското востание, значи по 7 години, за нив се пишувало и зборувало како да биле сосем скоро.

Нормално, се поставувало прашањето пред солунските конзули: Ерменците само се заканиле дека ќе ја дигнат Банката во воздух (истата таа банка што требало групата на Мерџанов да ја минира), значи, не испукале ниту една бомба а тоа го платиле со неколку десетици илјади жртви. Што ли ќе стане во Солун, па и пошироко, каде што атентаторите пукале и дигале во воздух згради 3-4 дена? Овој факт го имале пред очи конзулите кога тргнале да го бараат валијата веднаш штом разбрале за атентатите.

Стег, заедно со генералните конзули на Англија и на Италија, што живееле близу, не водејќи сметка за бомбите што трештеле

во градот, тргнале да го бараат валијата за да се информираат поодблизу за ситуацијата и за мерките што требало да се преземат за враќање на мирот. Валијата го сретнале на пат кон Отоманската банка и преминале во неговата кола. По патот им се придружил и генералниот конзул на Австро-Унгарија. Валијата им ветил на конзулите дека ќе стори се за да бидат заштитени европските државјани. При тоа, на инсистирање на конзулите, тој ветил дека нема да дозволи мешање на турското население во воведувањето на ред во градот. (А. М., ф. 238, Францускиот конзулат во Солун – до Делкасе, Солун, 7 мај 1903.)

И покрај ветувањето на валијата, масакрите во Солун и Македонија не можеле да се спречат. Тоа што се случило со Ерменците се случило и со Македонците, но во многу помал обем што се однесува до жрвите. Погромите во Солун додека траеле атентатите биле извршени повеќе од војската, а помалку од турското, еврејското и грчкото население. Главниот дел од атентатите бил ноќта во средата, а другиот ден војската и полицијата започнале масовно апсење на егзархисти. Педесетина војници Албанци, вооружени само со штикови, поделени во 5-6 групи, а водени од фанатизирани граѓани од турската средина, под изговор дека и помагаат на војската што ги прогонува егзархистите и ги претресува нивните куќи, се нафрлиле врз затворените анови и кафеани во населбата "Вардар", пљачкајќи се што ќе најдат. Овие "апсеа и убиваа секого кого го сметаа за Бугарин или како таков од други бил посочен". Во четвртокот прогоните на егзархиското население во Солун добило "форма на колежи", но било убивано и друго христијанско население. (Makedonika, 65, 78. Убивањето ва "Бугари" во Солун Евгенијадис го сметал за нормално, меѓутоа, го бунело тоа што биле убивани и Грци, што убијците не сакале многу да ги разликуваат христијаните по својата "вина".)

Во средата, кога започнале атентатите, според вестите што ги добил грчкиот конзул, од војската биле убиени 10 души, во четвртокот - 30 и, заедно со другите убиени потоа, вкупниот број не би стигнал до 50 души.

Osверената толпа тргнала да ги бара виновниците. А виновници за неа биле сите оние за кои со години се слушало дека се бијат со турската власт по планините и по селата - комитите. Додека полицијата ги претресувала егзархиските куќи и ги апсела мажите, војниците и башибозукот беснеел по улиците. Хр. Коцев, криејќи се да не биде уапсен, се засолнил воо домот на учителката Ф. Јосифова. Јосифова, не сфаќајќи ја сериозно ситуацијата, тргнала на работа, а нејзиниот татко отишол да купи нешто. Прво се вратил таткото, а бргу по него и ќерката - и на Коцев му раскажале грозни работи:

“Многу лоша работа, даскале, не можев да излезам на главната улица. Турци, Грци и Евреи се развикале како да гонат бесно куче... Турците со штикови на пушките, а Грците и Евреите (бог да ти убие!) со дрвја и камења го претепуваат човека и умрен-неумрен го фрлаат во кола при другите...”

Слични вести донела и Јосифова. По сите улици во чаршијата - раскажала таа - хајка од Турци, Грци и Евреи да ловат и убиваат егзархисти. “Без да знаат нашите, си тргнале на работа да си ги отворат дуќаните и, само што ќе се покаже некој на главната улица, започнуваа да се истураат врз него кундаци, ножови, камења, додека го убијат. Кој ќе излезе не се враќа. Во училиштето нема никого - сите се скриле”. (Хр. Коцев, 52.)

Сепак колежите не зеле големи размери. Причините за тоа биле повеќе. Властите не можеле да си го дозволат овде, во Европа тоа што си го дозволиле во Азија, со Ерменците. Колежот на Ерменците бил уште пресен, осудите на жестокото дело уште продолжувале и султанот не можел да си дозволи во толку кратко време репризa на еден акт кој му создал толку неволји во односите со големите сили. Силното ангажирање на солунскиот валија да ја спречи толпата да го земе законот во свои раце, според тоа, не било инспирирано од некаква хуманост, туку од повисоки државни интереси.

Интервенцијата на големите сили, во случајов, имала значително влијание врз војската и полицијата и врз солунскиот башибозук. При првото среќавање на конзулите со валијата било побарано да се стори се за да се спречи мешањето на

неодговорни лица во воведувањето на мир. Меѓутоа, далеку поважен бил воениот притисок. На 1 мај топовски салви го најавиле доаѓањето во Солунското пристаниште на една италијанска ескадрила. По неа пристигнале и австриски и француски воени бродови. Се повторило она што се случило во 1876 година, кога на жесток начин од фанатизираната муслиманска маса биле убиени германскиот и францускиот конзул во Солун. Тогаш за миг, де факто, градот се нашол окупиран од морнаричките одреди на големите сили. Тоа можело лесно да се случи и сега. Пред ова заканување, и властите и башибозукот решиле да ги прекратат злосторствата. Било решено да се измијат попрсканите со крв улици и да се отворат дуќаните. Требало, значи, Солун што поскоро да добие изглед на град што живее нормален живот.

Појавата на воените бродови придонесла егзархиското население да се успокои, а кај некои предизвикувала и лажна надеж дека, сепак, саможртвата на гемиџиите ќе даде некакви резултати. Еве како сликовито го опишува тоа чувство Хр. Коцев, образован човек (бил професор во Егзархиската гимназија) и познавач на политиката: "... Слушам грмежи. Погледнав и, што да видам? Неколку црни мечки се појавија на хоризонтот и влегуваа во заливот стрелајќи ги вообичаените салви. Од 'Еди куле' им одговараа на поздравот. Потоа разбрав дека тоа била италијанска ескадрила, којашто добила наредба да им дојде напомош па христијаните што беа изложени на колеж. Еден-два часа потоа нови грмежи ми го привлекоа вниманието и видов нови десетина мечки - австриска ескадрила. Малку потоа ете ти уште толку француски и англиски, разбрав дека работата на Турција и е спукана: автономијата на Македонија доаѓаше. Се збудалив од радост, слегов долу при домаќинот (Коцев веќе се наоѓал скриен кај друг пријател - б. м.) и го замолив да излезе малку низ градот, можеби ќе научи нешто утешно. По малку време тој се врати радостен.

"Кажувај брзо што има?" - го прашав со нестрпливост.

"Турците ја сварија кашата! Мечките дојдоа да ги истераат и да воведат автономија. За шашарма, тие веднаш престанаа да

колат и убиваат... По улиците, во чаршијата - локви крв насекаде. За да не ги видат Европејците, натераа Цигани да ги измијат тие локви, издадоа наредба да се отвори чаршијата и објавија дека секој е слободен да си ја гледа работата". (Истото, 54.)

Колку Европа се мешала во внатрешните работи на Турција, толку владејачките кругови во Цариград станувале почувствителни и нервозни. Тоа мешање тие го сметале, покрај другото, и како охрабрување на македонското револуционерно движење, кое, еве сега, било "виновно" и за солунските настани. За властите не било тешко да забележат какво влијание имало присуството на воените бродови врз она население со кое, ползувајќи ги атентатите како повод, тие планирале посериозно да се пресметнат. Затоа Високата Порта сторила се што можела да ги убеди големите сили да ги повлечат своите бродови од Солун. Основен аргумент при тоа секако бил: праќајќи ги своите бродови во Солун, големите сили ги поттикнувале христијаните да се бунтуваат. Пред ова "логично" образложение, амбасадорите во Цариград попуштиле. Бродовите биле повлечени пред ветувањето на Великиот везир дека фаќањето на виновниците и нивното казнување ќе било извршено во духот на законите. А виновник за него бил речиси целиот наш народ. Затоа апсењата и теророт продолжиле.

Потопувањето на "Гвадалкивир" било планирано да се изврши недалеку од брегот, со единствена цел – бродот да се уништи, но по можност да не настрада никој од патниците и од посадата. П. Шатев бил силно вознемирен кога забележал како бродот полека се оддалечува од пристаништето, а тој поради спомнатите околности, не можел веднаш да го запали фитилот. И кога акцијата била готова, и патниците претоварени во чамците за спасување, тој со задоволство констатирал:

"Јас во душата си се радував што целиот пароброд ќе изгори и што нема да има ниту една човечка жртва, зашто со својата акција ние никогаш не сме се стремеле да даваме човечки жртви, уште повеќе кога се знае дека патниците во паробродот се невини по однос на нашата - македонската кауза". (П. Шатев, 365.)

Како што спомнавме, динамитните бомби што гемиџиите ги фрлале по кафеаните биле направени со долг фитил, за да им се даде можност на гостите благовремено да го напуштат локалот. Целта, значи, била да се урива, да се дига што поголем шум преку динамитните експлозии, и со тоа да се создава паника, да се напаѓа непријателот, но сето тоа, по можност, да се изврши со што помалку жртви меѓу невиното население. Во тоа наполно се успеало.

Жртвите меѓу цивилното население биле минимални. При уривањето на Банката, еден од sидовите се урнал врз Германскиот клуб, кој бил до Банката, и во дворот на еден од главните хотели во Солун. Притоа бил убиен еден француски поданик, трговец, и еден чевлар - Италијанец. Повеќе Германци и Австријци биле ранети, како и еден италијански кројач. При уривањето на Банката случајно минувал еден пајтон со германскиот инженер Хекел, кој загинал. Од урнатините на "Алхамбра" било извлечено и телото на еден Грк келнер. (П. Шатев, 386; Makedonika, 76; цитираниот извештај на францускиот конзул во Солун од 7 мај 1903.)

Меѓу муслиманското и еврејското цивилно население изгледа немало жртви. Во постојните извори не се спомнуваат такви.

Колку жртви дала турската војска и жандармеријата не е познато. Со оглед на фактот дека динамитните бомби што ги фрлале гемиџиите повеќето биле примитивни, се претпоставува дека бројот на убиените војници и жандарми, спротивно на волјата на гемиџиите, бил беззначаен. Три службени лица загинале до Банката, еден во поштата.

Се покажале неточни и тенденциозни вестите според кои гемиџиите планирале да нападнат некои грчки општински установи. Се знае дека атентаторите немале таква намера. Бил прескап нивниот динамит за да го употребат против грчките просветни институции. На крајот, самиот Евгенијадис во врска со тоа сметал да го напише следново: "Сметам за нужно тука да изнесам дека наспроти проширените гласови, ниту една од

грчките општински установи или бројни цркви во градот не настрада...” (Makedonika, 79.)

Се покажал сосем неоправдан стравот на некои од конзулите на големите сили дека заговорниците би можеле да ги нападнат нивните конзулати. Стег, на пример, само што ги чул силните експлозии, заедно со гавазите ги држел “на око” влезовите на конзулатот, “знаејќи дека револуционерите нема да ги поштедат странските функционери”. Се разбира, конзулите не можеле да знаат дали нивните згради ќе бидат нападнам или не. Минирањето на бродот, на железничката пруга и на Банката ги терало да се посомневаат дека се што им припаѓа на големите сили ќе биде нападнато. Нивните семејства, како што видовме, биле преместени во француската болница, каде што биле чувани од турската војска. На 4 мај сестрата Писи напишало: “... Почнуваме да се успокојуваме, бидејќи сме начисто дека атентаторите немаат ништо против нас. Конзулите си ги одведоа семејствата во домовите. Само семејството на директорот од Банката е се уште кај нас, бидејќи им е се изгорено”.

Што се однесува до материјалните штети предизвикани од атентатите, и тие не биле толку големи како што изгледало на прв поглед. Ако се искпучи паробродот и стоката што останала во него и убавата зграда на Отоманската банка, другите штети не биле толку големи. Придружните простории на Банката, во кои се наоѓал трезорот (касата), не настрадале. Околу 150.000 турски лири во готово и други вредности, како и поважните документи и книги, биле спасени. (Истото.)

ДЕЛ ТРЕТИ

ПО АТЕНТАТИТЕ

МАСАКРИ

Гемиџиите не сакале невини жртви и сториле се што можеле тој број да го сведат на минимум. Меѓутоа, се поставува едно мошне важно прашање. Ним им било познато како турските власти ја исползувале окупацијата на Цариградската банка од нивните ерменски колеги за да ги извршат ужасните кодежи врз невиното ерменско население. Дали гемиџиите не размислувале дека уривајќи ги капиталистичките објекти во Солун (без разлика колку и да го штеделе цивилното и невино население), создавајќи ужасна паника и растројство во еден така важен град за Турската империја, ќе дадат повод за извршување на слични масакри врз сопственото население, какви што биле извршени врз Ерменците? Спомените на преживеаните атентатори не даваат одговор на ова прашање. Изразувајќи недоверба во можноста на Револуционерната организација да дигне општо востание и да постигне некакви резултати, гемиџиите редовно ги истакнувале тешките последици за населението од предизвикувањето на едно недоволно подготвено востание, сметајќи дека со нивната лична саможртва и без учество на широките народни маси ќе се постигне повеќе. По се изгледа тие не очекувале дека нивната динамитна акција ќе предизвика некаква одмазда врз македонското население од широки размери.

Впрочем, и не е важно што мислеле, што предвидувале и што претпоставувале гемиџиите кога ги организирале и ги извршиле своите атентати. Факт е дека турските власти ги исползувале тие атентати за да ја обезглават и компромитираат Револуционерната организација како анархистичка и да му се одмаздат на нашиот народ кој ја имал смелоста да дигне глава во цела Македонија против режимот на султанот.

Како што видовме, жртвите од динамитните атентати биле малуброjни, но затоа жртвите од турските масакри биле доста

бројни, иако, рековме, тие не можат да се споредат со ерменските. Жртви на овие "мали" погроми во Солун биле егзархистите. Најмногу настрадале Вардарското и Куфалското маало. Во овие маала, покрај масакрите, биле ограбени и стотици куќи, а биле ранети и многу жени. Колку точно биле убиени, никогаш нема да се дознае. Многу е тешко, пишува Стег, да се определи бројот на оние што нашле смрт на 29 и 30 април. Оценките варирале меѓу 35 - цифра дадена од страна на валијата, и повеќе од 300, што треба да се земе за точна доколку би им се верувало на повеќемина Европејци, главно Германци и Австријци што живееле во западните делови на градот каде што живеело егзархиското население.

Официјалната цифра од 35 до 40, колку што имало закопано во егзархиските гробишта, на многумина, па и на Стег, им изгледала "сосем мала". Стег лично видел најмалку 20 трупови. Некои турски офицери посочувале цифра од 112 убиени егзархисти. Оваа цифра изгледала доста веројатна. "Меѓутоа - пишува Стег - невозможно е да се утврдат сега прецизни цифри. Нема да се дознае ни по завршувањето на процесите што станало со многу затворени лица. Многу тешко е да се дознае што станало со телата што не се однесени на гробиштата, а сигурно е дека сите не се однесени таму. Еве еден пример: еден Италијанец и еден Германец, според изјавата дадена во нивниот конзулат, виделе како Албанци ја скршиле вратата на една егзархиска црква и убиле еден свештеник што таму се наоѓал. Мене ме уверуваа дека никаков труп на свештеник не е однесен на гробиштата". (Извештај ва францускиот конзулат во Солун од 7 мај 1903.)

Еве што лично видел и чул францускиот конзул веднаш по главниот гемиџиски удар. Тој, како што спомнавме, веднаш по првите експлозии на 29 април ноќта излегол и со други конзули се сретнал со валијата. Се вратил во конзулатот околу полноќ и останал таму до зори, бидејќи било крајно опасно да се движи по улиците.

"Утрото - пишува Стег - јас набавив една кола за да ги обиколам нашите установи и да видам што станало минатата ноќ. Големо возбудување владееше во нашата болница што од

Отоманската банка ја дели само една тесна удичка. Посадата на “Гвадалкивир”, што беше тука сместена, го локализира со успех пожарот на соседното крило на Банката и на таков начин ја спаси нашата установа.

Малку понатаму, во истиот квартал, двајца млади луѓе, засолнати во една куќа што се наоѓа покрај германското училиште, беа опседнати од полицијата и војската, врз кои фрлаа многу бомби. Едно од момчињата успеа да избега, другото беше убиено. Неговото тело, што пред мои очи го натоварија во една количка, беше тело на младинец од 20 до 22 години, во европски но бедни алишта: тоа е заедничкиот тип на злосторниците што беа фатени или убиени онаа ноќ или утредента.

Цела ноќ вршени се апсења и претреси. Извесен број злосторници се бранеа фрлајќи бомби. Некои се убиени во бегство. Слични борби траеја до крајот на попладнето на 30 април. Последната што се водеше во една куќа близу до установата на милосрдните сестри предизвика голема возбуда кај нашите калуѓерки и кај морнарите од ‘Гвадалкивир’, кои мислеа дека се цел на заговорниците (во случајов се мисли на Орцевата акција).

Сретнав, додека вршев работи во градот, во овој ден најмалку 15 колички за ѓубре натоварени со два до три откриени трупа. Имав причини да се плашам дека репресалијата не се претвори, барем во некои пунктови, во масакр. Кога се вратив околу 4,30 часот од болницата, затеков кај мене еден Французин, кој ми раскажа дека тројца бегалци биле масакрирани во неговата куќа во присуство на неговото семејство. Јас го зедов со мене в кола, како и еден Италијанец што присуствувал на истата сцена, и ги одведов во конакот, кај валијата.

Валијата тоа претпладне ги обиколувал квартовите на градот каде што се случувале убиствата, советувајќи го и убедувајќи го башибозукот дека војската и полицијата биле способни да воспостават ред и дека секој што не ќе си ја гледа својата работа и ќе прави ‘ексцеси’ ќе биде строго казнет.

Личните расположенија на валијата беа, значи, поволни - пишува Стег - но требаше без одлагање да му се каже дека злоупотребите беа веќе сторени. Разбрав потоа од лица што виделе убивање на уапсени на улица дека еден офицер ги обиколувал улиците околу 5 часот и забранувал убивање или тепање на фатените затвореници, наредувајќи оружјето да се употребува само против тие што даваат отпор со оружје или со бомби. Овие наредби беа почитувани и, по ова, мислам дека немало примери на малтретирање". (Истото.)

Еве како изгледало ова масакрирање за кое конзулот истрчал да го извести валијата и да го предупреди дека ваквите злосторства на полицијата и војската треба да се спречат. Дипломатите во Солун знаеле дека се вршат такви злосторства од слушање, меѓутоа, ова масакрирање се извршило во домот на еден Французин, што се сметало за голема дрскост, но и за опасно загрозување на животите на странските државјани.

Куќата во којашто живеел Х. Мишел се наоѓала во квартот "Вардар" до егзархиската црква, во реонот во кој живеело, главно, егзархиско население. Во оваа куќа живеел и Бадети, веројатно Италијанец. На 30 април околу 3 часот попладне две лица, подгонети од жандарми и војници, се префрлиле во дворот на Мишел со цел да се спасат од разбеснетите гонители. На повикот од Мишел да излезат оттука, бидејќи неговиот дом не бил "засолниште на бунтовници", бегалците откажале, свесни дека ќе бидат фатени и исечени. Тогаш некои од станарите на куќата повикале полиција. Полицијата, придружена од педесетина жандарми со вперени револвери, и Албанци вооружени со стапови, навлегле во дворот и првин убиле еден шеесетгодишен бездомник, кој често тука спиел. Еден од двајцата бегалци се вовлекол во станот на Мишел каде што се наоѓало неговото семејство и некои роднини. Дознавајќи за тоа, жандармите влегле во станот, го фатиле бегалецот, во приземјето го убиле и потоа на улицата го изрешетале со пушки и револвери. Барајќи го другиот, тие пак се качиле во домот на Мишел и клетиот човек го нашле како, облечен во престилка и со чинија и салата в раце, се преправа дека е готвач на француското семејство. Се надевал дека христијанското милосрдие нема да му дозволи на домаќинот да го предаде на

крволочните сверови. Мищел пишува: “Сите жандарми во еден глас ме прашаа дали го познавам човекот, и кога им одговорив дека не го познавам, го измасакрираа тука, во мојот стан, во присуство на нашите фамилпи коишто испопаѓаа во несвест од страв. Потоа, за секоја сигурност, ја напуштивме куќата и избегавме во квартот ‘Свети Никола’. (Анекс кон извештајот на Францускиот конзулат во Солун од 7 мај 1903.)

Плашејќи се дека ќе станат жртва “на бесот на жандармите, кои лути како тигрови секој момент ме прашуваа кои сме и што сме”, жителите на куќата се сетиле да истакнат француско знаме за да се заштитат.

Треба да се истакне дека масакрираните лица не биле ниту атентатори ниту бунтовници, како што пишува Мишел, ниту имале оружје. Тие биле “виновни” исклучиво за тоа што како обични граѓани не сакале да паднат во рацете на полицијата и башибозукот и да бидат убиени.

И другите конзули во Солун се служат со претпоставки кога го определуваат бројот на убиените и масакрирани Македонци. Италијанскиот генерален конзул Ди Ривел, во својот извештај до министерот за надворешни работи адмирал Морин, сметал дека убиените биле помалку од 100, веројатно 70-80. И Ди Ривел видел многу колички со по 2-3 трупа. Се носеле гласови дека во деновите на репресалиите биле убиени повеќе од 300 луѓе, но, според Ди Ривел, немало докази за тоа. Н. Билјоти, генерален конзул на Англија во Солун, посочува 30-32 погребани на егзархиските гробишта. Билјоти не дава претпоставки за општиот број убиени од војската и полицијата, но, според него, едно било сигурно - не стигнале до колежи. (Turkey No 1 (1904), док. 123.) Со оваа констатација се согласува и Стег. Тој пишува: “Колку и да се за жалење констатираните ексцеси, сепак може да се тврди дека тие релативно биле доста ретки и дека треба да бидеме среќни што ги немаше во поголем број. Главно муслиманското население беше држано настрана во репресалиите, а војската ја вршеше својата должност со една ладнокрвност, за што треба да и се оддаде признание. Без сомнение среќниот исход се должи пред се на директивите пратени од Цариград, каде што се разбрало

каква корист ќе има Турција ако не си натовари сверства што би можеле во очите на европското јавно мислење да изгледаат како противтежа на ужасот предизвикан од атентатите.”

Стег, како и некои други конзули, најголема заслуга за тоа што во Солун не биле извршени големи масакри му припишува на валијата. Во споменатиот извештај до министерот за надворешни работи Делкасе, тоа тој посебно го истакнува: “Но, јас морам да им оддадам признание за напорите сторени од страна на нашиот генерален гувернер, за да го задржи настрана муслиманското население. Неговото однесување беше колку енергично толку и коректно и јавното мислење смета дека ако големото зло е одбегнато, тоа се должи на неговото лично влијание и на личните примери на храброст и ладнокрвност, што го покажа обиколувајќи ги безброј пати во отворени коли разбунтуваните квартови. Офицерскиот кор исто така покажа примерна дисциплина и ладнокрвност, и тој не може да се смета за одговорен, во својата целина, за ексцесите, коишто во вакви околности се неизбежни”. (Извештај на францускиот конзулат во Солун од 7 мај 1903.)

Општа констатација, значи, била дека немало масовни масакри и убиства и дека немало можност попрецизно да се определи бројот на убиените Македонци. Турските власти секогаш ги криеле теророт и убиствата што ги вршеле, а роднините на жртвите, особено во такви критични моменти, немало каде да ги пријавуваат. Од економски и од политички причини, а и како резултат на големата несигурност што владееле во внатрешноста на Македонија, во последните месеци во Солун дошло македонско население во поголем број, кое, во мнозинството, ниту имало некакви лични врски во градот ниту било пријавено. Според тоа, исчезнувањето на лица од овие надворешни граѓани, не можел никој да го забележи.

Како што некој не верувал во бројката од 30-40 убиени Македонци, посочувана од турските власти, така изгледа никој не верувал и во бројката од 300 убиени. Ние сметаме дека бројот на убиените Македонци во Солун изнесувал 100 до 120.

И додека со право му се оддавало признание на валијата Фахми-паша и на заповедниците на турската војска што не дозволиле да се извршат масакри од големи размери, слични на ерменските, дотогаш неспособноста на полицијата да ги открие атентаторите и навреме да ги спречи атентатите предизвикала вчудовиденост и кај многумина огорчување. И навистина, зачудува фактот како можело со години да се подготвува една крупна револуционерна акција во еден толку значаен град, полн со странци и дипломати, голем поморско-трговски центар, каде што полицијата секогаш била будна и на штрек, прочуените Хамидови агенти да не се посомневаат и да не откријат ништо. Небудноста и неспособноста особено ги изненадиле дипломатските претставници, и воопшто странците коишто знаеле дека цела Македонија врие како во котел, и како сурово се пресметнувале органите на власта со македонските селани, затоа што овие му припаѓале на револуционерното движење, а најчесто само затоа што властите се сомневале во тоа.

Имало полно индикации коишто укажувале дека во Солун "нешто" се подготвувало. Иако тие на обичниот човек не му биле познати или не му биле важни, и полицијата би требало да бидат многу важни. По ненадејното откривање на каналот при Отоманската банка во Цариград, речиси секој кој од поблиску ги следел револуционерните настани во Македонија можел да претпостави дека реално би било такви акции да се подготвуваат и на друго место. Се разбира, најнадлежна да се посомнева во таква евентуалност била полицијата.

Уште пофрапантна неспособност Хамидовата полиција покажала подоцна, кога низ сите страни се ширеле гласови, а некои европски весници ја објавиле веста, дека македонските револуционери подготвувале напади врз разни значајни установи во Солун и во други градови во Македонија. Оттогаш Отоманската банка во Солун била добро чувана, но нападот се очекувал над земја. Зар, по цариградското искуство, било можно никој да не се посомнева дека Банката би можела да биде загрозена и под земја.

Секој можел да забележи дека голем број новодојдени млади луѓе без определено занимање се движат во градот. Поголемиот

број од нив не се занимавале со конспиративна дејност, меѓутоа, имало и такви што биле сомнителни, но никој во нив не се посомневал. На пример, "берберницата" била изнајмена и за кратко време напуштена. Подоцна, веднаш до неа, од истите луѓе била изнајмена "бакалницата". И во "берберницата" и во "бакалницата" влегувале и излегувале истите млади луѓе. А треба да се потцрта дека овој дел бил централен дел на Солун, во кој биле лоцирани важни европски установи. Овој кварт, во кој се наоѓала Банката, бил познат како "Франк-маало" и тука биле сместени уште католичката катедрала, француската болница, женското училиште раководено од француски сестри, американската и шкотската мисија, солунската банка и голем број магазини на крупни трговци. Се разбира, киријата тука била скапа. Отпосле се разбрало дека "бакалницата" била изнајмена за висока кирија во септември 1902 година од Марко. Марко купил стока за 20 турски лири и повеќе не набавувал друга стока. Кога ќе се појавел муштерија, стоката што ја барал била потрошена. Одговорот на Марко обично гласел:

"Повелете, ве молам, тоа што го барате само што ни заврши". Стоката ни се наоѓа во царинарница. Дојдете утре и ќе бидете услужени".

Се разбира, таквото извинување изгледало нормално и прифатливо, но доколку тоа не се повторувало често.

Гемиџиите, за да ја елимирираат непожелната посета на комуналните органи, однапред за повеќе месеци ги исплатиле разните комунални давачки. Тие, како што видовме, биле големи конспиратори, меѓутоа, имало некои работи што ги правеле кои не можеле да се скријат. На пример, нивното често излегување и влегување во "бакалницата" колку да се вршело внимателно, не можело сосем да се скрие.

Нивниот изговор дека во Солун се дојдени за да безделничат и да ги трошат парите на своите родители уживајќи, не бил доволно убедлив. Тие главно се хранеле во познатите скромни ресторани чии сопственици биле наши луѓе, еден од кои се наоѓал отспроти Банката, и живееле скромно. Тоа нивно движење го имал забележано директорот на Банката, но не

обрнувал внимание. Меѓутоа, по она што се случило на 28 април со "Гвадалкивир" и вечерта на железничката станица, на 29 претпладнето директорот своите сомневања му ги изнел на комесарот на полицијата, барајќи од него да изврши претрес во хотелите и во дуќаните во соседството на Банката. (Истото.)

"Нема место за било каква загриженост, господин директоре - му одговорил комесарот. - Градот е мирен и полицијата подготвена!"

Комесарот бил во право кога зборувал дека полицијата е подготвена. И покрај тоа што во тие денови во Солун немало доволно војска, сепак имало доволно сили за заштита на поважните установи - Банката, поштата и другите слични згради. Се разбира, комесарот не го очекувал непријателот под земја и не знаел дека ќе има работа со македонски револуционери-самоубијци. А комесарот на полицијата не можел да не ги слушне гласовите што упорно се ширеле дека цел на револуционерите била отоманската банка.

Имало, значи, полно факти што го натерале Стег да ја даде следнава необична оценка за солунската полиција:

"Слепилото на полицијата, којашто дозволила такви значајни работи да се изведуваат во најнепосредна близина на Банката, толку голема количина динамит да се внесе или произведе во Солун и непознати сомнителни лица да одат и доаѓаат без да бидат забележани од нејзините агенти, овде изгледа толку необично што, според мислењето на голем број луѓе, тоа не може на друг начин да се разбере, освен со тоа: можеби е дадена директива таа (полицијата) да ги затвора очите додека револуционерите не се осмелат да преземат акција од таков карактер којашто на властите би им дала можност да ги оправдаат најстрогите репресалии".

Стег со голема резерва ги примил таквите гласови: "Јас не би бил наклонет да верувам во еден таков макевијализам на турските власти, и сигурен сум дека солунскиот валија Хасан-Фехми-паша не би се замешал никогаш во слични комбинации. Сепак, сметав за потребно да укажам на такви гласови, бидејќи

постои веројатност тие да бидат прифатени од некои весници, било на запад, било... во Бугарија". (Истото.)

Неспособноста на полицијата да излезе накрај со македонските револуционери била очевидна. Тоа се објаснува со повеќе факти, но најмногу со дезорганизацијата што владеела во Македонија. И не случајно големите сили што биле заинтересирани за консолидирање на турската власт во Македонија редовно предлагале со реформи да биде опфатена и полицијата. Меѓутоа, апелите за реорганизација на полицијата и жандермеријата биле праќани до истите раководители на администрацијата коишто се покажале неспособни и не можеле ништо значајно да изменат. Затоа, правело впечаток што истиот шеф на полицијата во Солун, кој се покажал песпособен да ја открие гемиџиската акција, сега раководел со истрагата против извршителите на атентатите. Поради тоа, се појавило сомнение дека лесно можело да се забошотат вистинските факти, да пострадаат главно невини, за да се скријат сопствените грешки.

Се разбира, тешко би било за секоја полиција да се бори против такви конспиратори какви што биле гемиџиите. Тие не му припаѓале на масовното движење, кое по силата на историските околности не може да остане долги години строго конспиративно и кое е подложено на разни провали и разоткривања. Но, и поради својот масовен карактер, не може и да биде уништено. Гемиџиите биле изолирана група, чие откривање во почетниот период можело да ја прекине нивната динамитна акција. Меѓутоа, со оглед на нивната решеност секој момент да паднат на бојното поле, во втората фаза од подготовките нивното евентуално откривање не би можело да го осуети главниот дел од акцијата. Зашто, по ставањето на дицамитот во темелите на Банката, немало веќе сила што би можела да ги спречи атентаторите неа да ја дигнат во воздух. Дежурниот секогаш бил готов да го запали фитилот и да исчезне заедно со Банката.

И покрај чувството на горчина и осуда на делото, храброста на гемиџиите ги импресионирала речиси сите, па и солунските конзули. Затоа, кога се давало оценка за неспособноста на турската полиција, се имала предвид поразувачката смелост и

ладнокрвноста со која гемиците го положувале својот млад живот на олтарот на македонската слобода. “Без сомнение - пишува Стег - би имало многу да се рече за очајничката храброст што тие ја внесоа при извршувањето на нивните злосторства. Сигурно е дека е тешко да се бориш против решителноста на луѓето што решиле да го жртвуваат својот живот. Така би се објаснил еден изолиран атентат, но не и организирање на една голема завера, што опфаќа голем број припадници, што скоро сите се странци во градот, и особено ништо не можело да го оправда тоа што, без полицијата да забележи, беа употребени такви материјални средства во деновите 28, 29 и 30 април”. (Истото.)

Првата законска мерка преземена од солунските власти за “заштита” на населението била воведувањето на полициски час. Му се забранувало на граѓанството да се движи низ градот од еден час по зајдисонцето до утрото. Прво било навестено прогласување на опсадна состојба, меѓутоа, владата се задоволила со поблаги мерки и со издавање на наредба за формирање на Воен (прек) суд за брзо судење на атентаторите. Воениот суд ја започнал својата работа истиот ден кога била донесена султанската наредба за неговото формирање - на 4 мај 1903 година. Оваа наредба регулирала и некои задолженија на граѓаните што произлегувале од полицискиот час и ги наложувала критичната ситуација. Се забранувало граѓани да земаат учество во прогонувањето и задржувањето на други граѓани, да вршат претреси по куќи, да се собираат во поголеми групи во кафеани и во други центри со цел да пренесуваат лажни вести и слично. Се забранувало влегувањето во Солун на лица без оправдани причини. (Makedonika, 63-64.)

Оваа наредба требала да создаде впечаток дека сите виновни лица за солунските настани ќе одговараат пред судот по законски ред и дека државата нема да дозволи случајни лица да ја делат правдата. Во тоа имало доста вистина, но правдата што ја делела државата се покажала исто така жестока и крвава.

НАСТАНИТЕ ВО БИТОЛА И ВО ДРУГИ ДЕЛОВИ НА МАКЕДОНИЈА

Сомнението што било изразено за "замижување" на полицијата пред подготовките за атентати, за да можат да се оправдаат прогонствата на македонското население, не било потврдено. Меѓутоа, дека навистина солунските настани биле исползувани за масовни репресалии, па и за убиства, било веднаш потврдено. Додека масовни убиства биле одбегнати, дотогаш апсењето и малтретирањето на егзархискиот дел од нашиот народ во речиси цела Македонија зело невидени размери.

Солунските атентати имале силен одглас во внатрешноста на Македонија. Турските власти, под изговор дека тие биле почеток па слични акции во други македонски градови, како и сигнал за востание, а користејќи го негодувањето што тие го предизвикале во Европа, решиле репресалиите да ги прошират и надвор од Солун, со цел да ја обезглават Револуционерната организација. Во прилог на тоа одела и создадената клима и кулминацијата на фанатизмот кај значителен дел од непросветеното муслиманско население.

Пролетта 1903 година, како резултат на солунското решение за востание, во Македонија се чувствувало силно раздвижување на чети и чести судири со турската војска и полиција. Приближно истовремено кога станале атентатите, се дознало за два значителни судира на чети со аскерот во Источна Македонија. Според верзијата дадена од турските власти, една чета, што броела околу 50 души, била уништена, а меѓу загинатите биле, наводно, пронајдени двајца бугарски мајори и двајца капетани. И другата чета била уништена - 29 души наводно биле убиени, а 17 заробени. И додека овие информации, особено за бројот на загинатите и заробените, можеле да се примат со голема резерва, една друга вест се покажала како наполно точна. "На 4 мај - му пишува Стег на Делкасе - се случи во Баница, Серско, значаен судир... Ако е точно, како што се дознава од разни извори, дека во борбите кај Баница е убиен Делчев, тогаш на македонското револуционерно здружение, чијшто главен организатор, како што се тврди, бил тој, му е нанесена речиси

ненадоместлива загуба". (А. М. ф. 238, француски конзулат во Солун до Делкасе, Солун, 13 мај 1903.)

Турските власти ја употребувале сета своја итрина и вештина за да докажат дека солунските атентатори биле припадници на Македонската револуционерна организација и дека и Организацијата и тие биле тесно поврзани со бугарската влада и работеле по нејзина директива. Тоа се правело во рамките на познатата турска политика којашто се мачела да ја убеди Европа дека македонското револуционерцо движење било поттикнато однадвор, од Бугарија, и дека не било рожба на месните општествено-економски услови и на султанскиот систем на експлоатација и терор. Затоа турскиот политички речник слабо познавал термини "македонска" организација, "македонски" комитет и слично. За турските власти речиси сето тоа било "бугарско", кое се борело за проширување на бугарските граници во Македонија, а не за ослободување на земјата. Ист речник употребувала и грчката дипломатија и пропаганда.

Сега Високата Порта била живо заинтересирана да ги убеди големите сили дека "анархистичките злосторства" во Солун биле дело на Револуционерната организација. Таа всушност сакала да го "обвини" целото македонско население за Солунските атентати, за да ги оправда репресалиите против него. Еден од важните "аргументи" со кои требало да се убедат силите дека солунските настани биле дело на единствена револуционерна организација била употребата на динамит од страна на четите во борбите со аскерот. Совпаѓањето на честите судири со аскерот во април и во почетокот на мај, како и почестата употреба на динамит од страна на четите, биле акции "што со цитираат за да и се припишат последните атентати на акцијата на револуционерните комитети" - пишува Стег. (Истото.) Властите не ја пропуштиле оваа прилика да фрлат "дрвја и камења" против егзархистите во Македонија. За да ја оправдаат политиката на масовни затворања и прогонувања, тие го лансирале тврдењето според кое немало егзархист во Солун, па и во Македонија во целина, кој не бил, барем морално, соучесник во атентатите.

Наспроти турските власти, коишто секого што се борел против нив во Македонија го прогласувале за “бугарски злосторник” и немале сметка да прават разлика меѓу Револуционерната организација, Врховниот комитет и гемиџиите, некои од дипломатските претставници на големите сили се потрудиле да навлезат во суштината на проблемот и да откријат кои се всушност, гемиџиите. Ние почесто го цитираме францускиот генерален конзул, бидејќи неговите извештаи се посодржајни и пообјективни од сите други. Иако од акциите на атентаторите најмногу настрадал француски капитал, и според тоа Стег имал право да биде поогорчен од другите негови колеги, сепак тој се покажал релативно пообјективен и при опишувањето и при оценувањето на настаните.

Во првиот опширен извештај за Солунските атентати (од 7 мај), во врска со ова важно прашање Стег пишува: Уште е тешко да се утврдат потеклото и вистинските размери на овие настани. Ние уште не располагаме со доволно податоци за да го одгатнеме ова суштинско прашање. Дали се атентатите дело на една изолирана група револуционери со анархистички тенденции? Потекнуваат ли тие од едниот од двата големи комитети: бугарскиот комитет или внатрешното здружение (Под бугарски комитет Стег подразбира Врховен комитет, а под внатрешно здружение - МРО) или пак се продукт на договор меѓу двата комитета или, на крајот, дали комитетите, или еден од нив, го помагаат нивното изведување, без самите да го конципираат и диригираат?

Дипломатите и јавноста се уште не можеле да знаат кои биле гемиџиите и дали тие работеле самостојно или под команда на МРО. Но турските власти не биле заинтересирани за тоа и не сакале да знаат (А тие можеле да знаат, бидејќи еден од најактивните гемиџии - П. Шатев – веќе на 30 април бил во нивни раце). Турските власти сега биле заинтересирани и преокупирани со прашањето: Како преку масовни апсења на интелигентните сили на нашиот народ да ја десеткуваат Револуционерната организација и да го осуетат претстојното востание.

Не случајно по Солун, Битола бил градот што најмногу настрадал.

Утрината на 30 април во Битола се проширале гласови за Солунските атентати и за големата паника што настанала во градот. Во исто време воените и полициските патроли во градот се засилиле, а напнатоста меѓу граѓаните започнала брзо да расте. Биле пуштени гласови дека штом ќе се даде знак за востание, ќе биде заклано целото егзархиско население. Францускиот вицеконзул во Битола Готје му зборувал на д-р Б. Бешков, вршител на должноста управник на бугарското агентство (всушност дипломатско претставништво), дека интересите диктирале населението да биде мирно, зашто инаку му се заканувала грозна "катастрофа". (Освободителната борба на българите в Македония и Одринско 1902/1904. Дипломатически документи, София, 1978, документ No 48.)

За да не изгледа дека се тие само гласови, властите презеле и некои конкретни мерки. По наредба на началникот на битолската полиција, неколку бивши собирачи на данок, по народност "Грци", придружени од полициски чиновници, оделе низ градот и им ги кажувале куќите во кои живееле Македонци егзархисти. (Истото, док. 50. Бугарскиот дипломат сметал дека "регистрирањето" па куќите се вршело во рамките на подготовките за масакри, а според францускиот вицеконзул Готје, "анкетите" биле вршени за да се олесни следењето на сомнителните лица. - А. М. ф. 238 - вицеконзулот на Франција во Битола до Констан, амбасадор на Република Франција во Цариград, Битола, 5 мај 1903.) Се разбира, не било тешко да се насети со каква цел се правело тоа. Јасно му се давало на знаење на нашето население дека е под контрола и дека ако се случи нешто слично на тоа што се случило во Солун, или ако се дигне востание, треба да очекува крвава одмазда. Преку создавање клима на страв и притисок, властите сакале да ја натераат Организацијата на повлекување и да ги охрабрат сите оние што биле противници на револуционерните акции. На 29 април битолскиот валија ги посетил конзулите на големите сили и им зборувал за критичната ситуација во која се наоѓал Вилаетот поради четничките акции и подготовките за востание. По се изгледа дека пред нив тој ја изнел заканата против

македонското население во случај на востание. Се разбира, таа закана не била изнесена од името на власта туку како закана којашто, наводно, доаѓала од муслиманското население.

Заканите делумно ќе бидат остварени тие денови, а во најголема мера во време на Илинденското востание.

Во Битола, како центар на округ каде што револуционерното движење било најразвиено, напнатоста се чувствувала од порано. Секое движење на чета и секој судир по планините и селата во југозападна Македонија силно се одгласувал во центарот, во Битола. Приближувањето на востанието тка најмногу се чувствувало. Муслиманското население во градот било силно вознемирено. Се очекувал повод за гневот да експлодира. Тој повод биле Солунските атентати.

“Настаните што се случија во Солун - пишува Готје - уште повеќе го зголемија немирот на битолското население, и тоа е повеќе од секогаш убедено дека градот, со оглед дека е седиште на главните членови на Револуционерниот комитет, е загрозен, и тоа многу скоро, од катастрофа пострашна од таа во Солун”. (Готје до Констан, Битола, 5 мај 1903.)

Валијата презел строги мерки за зачувување на мирот во Битола. Патролите се движеле низ градот една по друга на мали растојанија, се внимавало на џамиите од каде што обично ги почнувале своите злосторства муслиманските фанатици и друго. Но, и покрај тоа, имало кругови во власта што не сакале да го спречат најлошото. Напроив...

На 23 април (6 мај), среда, на Ѓурѓовден, конзулскиот кор на Битола и валијата биле во визита кај грчкиот конзул по повод имениот ден на грчкиот крал. Околу 11,30 часот претпладне, во моментот кога се служело шампањско, во конзулатот влегол аѓутантот на валијата и нешто му соопштил. По минута-две валијата се извинил и отишол. На сите им било јасно дека се случило нешто сериозно По час и половина градот бил “окупиран” од војската, чаршијата била затворена и меѓу граѓанството настанала паника. Кој каде се нашол, таму и останал, оти војската го забранила движењето. Таква била

положбата до 4,30 часот попладне. По ова време блокадата на градот малку попуштила. Војската била заменета со силни војнички патроли. За еден час улиците малку живнале - сите истрчале во своите домови. Пред стемнувањето пак се опустело. По улиците се движеле силни војнички патроли. Низ градот, иако блокиран, прелетала веста дека тој ден на многу места биле извршени убиства. Што, всушност, се случило? Еве за тоа што читаме во Мемоарот на Организацијата:

"На 23 април претпладне турски шајки, составени од професионални злосторници и крвопијци, следени од полициски чиновници и жандарми, без секаков повод и ненадејно, со бес и јарост се нафрлија врз христијанилте низ битолската чаршија и, кого ќе сретнеа, го убиваа или рануваа. Паничен страв ги опфати сите христијани и за еден миг целата чаршија опусте... Шајките, а по нив и полицијата, триумфално одеа по сите градски улици, стрелаа по прозорците на куќите и на секој христијанин што го среќаваа. Целиот град затрепери. Паниката беше ужасна, неопислива. Забарикадирани по своите домови, христијаните секоја минута ја очекуваа смртта..." (Македония и Одринско (1893-1903). Мемоаръ на Вътрешната Организация - 1904, 114.)

Причините за битолските колежи на сите оние што ги знаеле и следеле револуционерните настани им биле познати. Солунските атентати се сметале како повод, но сепак се барало - што уште конкретно во Битола послужило како повод башибозукот да излезе на улица. Валијата официјално одговорил дека нередите ги предизвикале егзархисти, коишто, наводно, нападнале неколку муслимани и се обиделе да го нападнат магазинот на барут. "За напад на магазинот на барут не може да станува збор - пишува Мих. Ристиќ, српски генерален конзул во Битола. - Соопштението на валијата за тоа е обична лага... Мој впечаток е дека настните се последица од општото возбудување на духовите... кое постои одамна во овие краеви. Тоа е засилено по солунските настани и гласовите дека слични настани ќе бидат предизвикани и во Битола. Мал повод требаше па тоа возбудување да се манифестира со вакви крвави настани". (Извештаи од 1903 година на српските конзули,

митрополити и училишни инспектори во Македонија. Редакција и коментар: Љубен Лапе, Скопје 1954, 202-205.)

Поводот бил следен: поради силното раздвижување на чети и комити и засилените подготовки за востание, што за турските власти не биле тајна, надлежните воени власти, покрај другите мерки, практикувале ноќно време да праќаат силни пешадиски и коњанички патроли околу градот па и подалеку. Гиче Ошавков од Дебар, шивач во Битола, бил еден од најактивните и најспособни снабдувачи на Организацијата со оружје. Се поврзал со неколу Турци и Албанцикираџии од Гостиварско, коишто по негова порачка пренесувале со стотици пушки и муниција за потребите на Организацијата. Еден од овие кираџии, Турчин, на 6 мај требало да дојде во Битола со оружје. Бидејќи цел товар оружје не можело без опасност да се внесе во градот, било договорено утрината на патот под селото Цапари да го чекаат двајца членови на Организацијата и на определен знак да им се довери да го растоварат оружјето во Цапари.

Тие членови, вооружени милиционери од Цапари, чекајќи го кираџијата, биле забележани од една потрола и со пушчани истрели подгонети кон селото. Селаните од Цапари, изненадени од аскерот, ги грабнале пушките и отвориле оган против него. Така започнала познатата борба меѓу војската и цапарската милиција, што ја вознемирила целата околија, како и делегатите на Смилевскиот конгрес, кој морал да ја прекине работата и да испрати оружена сила во помош на цапарци.

Во меѓувреме пристигнал кираџијата од Дебар со 6 коњи натоварени со оружје. Но, наместо договорените луѓе, сретнал аскер и жестока борба во Цапари. Изненаден и избезумен од страв, тргнал кон Битола во неизвесност. Нестрпливиот Гиче со еден другар, без да знаат ништо, тргнале кон "Довлеџик", да прошетаат и евентуално да дознаат нешто за очекуваното оружје. Биле вчудовидени кога го здогледале кираџијата со својот мал карван. Од него разбрале за она што се случило во Цапари и веднаш станале свесни за опасноста што ги дебне. При таква ситуација, кога се очекувало раздвижување на војска во овој крај, било лудост да се направи обид оружјето да се пренесе во Битола. Во близината имало стари гробишта и мала

црквичка. Чудејќи се што да прават, ги втерале коњите во дворот на гробиштата, го викнале служителот и му рекле:

“Ти пред малку ни рече дека си бил навреден што не си член на Организацијата кога сите работат. Сметаш дека немаме доверба во тебе. Штом сакаш да те посветиме, дај сега клетва овде, во црквата, дека ќе му служиш верно на делото. Веднаш ти даваме мошне ризична задача - да го скриеш ова оружје”.

Служителот дал набрзина заклетва и потоа отворил повеќе плочи на празни гробови и ги скрил пушките и барутот.

Откривањето на ова оружје можело да предизвика афера со тешки последици. Среќното завршување се должело на фактот што кирацијата бил Турчин и на случајното тргнување на Ошавков кон Цапари. Сепак ова пренесување на оружје било повод за судирот во Цапари, а тој судир, пак, имал извесно поттикнувачко влијание врз битолскиот башибозук за извршувањето на колежите.

По судирот во Цапари, двајца коњаници истрчале во Битола да ја пренесат веста за “востанието” во селото. Дознавајќи ја оваа вест, Турците започнале да се собираат околу уќуматот и наежени да ги напаѓаат христијаните што тука случајно поминувале.

Со дозвола на Лука Џеров, кој во тие денови кога другите раководители се наоѓале на Конгресот во Смилево раководел со организационите работи во Битола, двајца членови од десетината на Ристе Самарџијата грабнале две пушки оставени во еден ан од двајца Турци и тргнале да бегаат. Минувајќи низ едно турско маало со полускриени пушки, биле забележани од Турците, кои, знаејќи за борбите во Цапари, дошле до заклучок дека комитите веќе навлегле и во Битола. “Збирот на тие неколку настани – пишува Џеров - комитите во селото Цапари, комитите во Битола, гласот за неминовно востание и неминовен напад на Битола... ги ожесточи Турците до таков степен што тие се впуштија да убиваат секој Македонец сретнат по патот”. (Борбите во Југозападна Македонија по спомените на Лука

Џеров и Лазар Димитров. Редакција Ѓорги Абаџиев, Скопје, 1952, 25-28.)

Тоа што колежите и убиствата во Битола не зеле поголеми размери во значителна мера се должи на фактот што започнале напладне кога граѓаните веќе биле дома, чаршијата, поучена од Солун, веднаш се затворила, а башибозукот беснеел по улиците, но не се решавал да ги напаѓа христијанските домови. Се разбира, за тоа придонесувала и брзата интервенција на валијата.

Запрашан по воздушен пат (преку светлински знаци, од куќа до куќа) дури од Баир-маало што да се прави, Џеров одговорил: "Нека се остават Турците да демонстрираат по улиците, но да се пука и да се убиваат со што може ако ги нападнат куќите".

Лука Џеров, кој преку организационата мрежа во подробности ги следел настаните, пишува дека, "за чест на Битола", никој не се исплашил. Загрозените цврсто ги затвориле портите, но и биле готови да се бранат со оружје и со било што друго со што располагале.

Обиди за колежи имало и следниот ден, на 7 мај, но завршиле со убивањето на 2-3 старци во некои осамени улици.

На 7, 8 и 9 мај речиси секаква стопанска и општествена дејност во Битола била замрена. Градот и чаршијата биле затворени. По улиците никаде жива душа, освен војска. Властите упорно настојувале да ја отворат чаршијата, меѓутоа, христијанското население не излегувало од своите домови. "Денешната ситуација (9 мај), како и вчера, е таква каква што настана на Ѓурѓовден напладне - пишува Мих. Ристиќ. - Чаршијата е уште затворена и страв владее меѓу населението, така, и покрај настојувањето на властите, не се знае кога и дали воопшто ќе може да се поврати мирот и спокојството". (Извештаи од 1903, 204.)

"Сигурно е - пишува Готје - дека ќе треба време јавноста да се соземе од тревогата од 6 мај, бидејќи, покрај атентатите со бомби и динамит на Комитетот (веројатно мисли на солунските

настани - б. м.), неочекувано се утврди пробивното присуство на молњата на еден див фанатизам, што досега беше скриен во сенка". (А. М., ф. 238, вицеконзулот на Франција до Констан, Битола, 11 мај 1903.)

Крвавата Ѓурѓовденска среда им оставила грозен впечаток и на конзулите и на населението. Една седмица по солунските настани се повториле колежите, само тука тукуречи без значаен повод. Поводот што го посочува валијата изгледал неверојатен. Зашто упорно се ширеле гласови дека колежите биле подготвени од заинтересирани кругови во власта, а случајот сакал тие да се совпаднат со борбите во Цапари и крадењето на пушките. (Цапарци храбро се бореле, но изненадени од надмоќниот непријател, биле привудени да го напуштат селото и да се повлечат в планина. За бројот на жртвите податоците не се совпаѓаат. Според валијата и според Силјанов, загинале 11 селани, а 74 (според Силјанов околу 40) селани, коишто не успеале да избегаат, врзани биле донесени во Битола, каде што биле грозно мачени, а од нив 18 подоцна биле осудени.) Тие гласови наоѓале поткрепа во други гласови, според кои тефдердарот му рекол на денот пред Ѓурѓовден на својот готвач-христијанин на 6 мај да не доаѓа на работа. И други Турци на 5 мај им советувале на своите пријатели христијани другиот ден да не излегуваат од своите куќи.

Битолските улици биле попрскани со невина човечка крв. Колку христијани биле убиени, како и во Солун, не се знае точно. Во Мемоарот, видовме, се посочуваат 14 убиени, што е близу до цифрата што ја дал валијата, и 40 ранети. Лука Џеров пишува дека биле убиени 50-60 души и дека 30-40 биле ранети. Десетина биле уапсени како "комитаџии" и малтретирани. Шестмина од нив умреле во затворот.

Со убиените и ранетите се постапувало како што не се постапувало ниту со добитокот. По кажувањето на аптекарот на Општинската болница каде што мртвите и ранетите ги носеле, и мртвите и ранетите ги фрлале еден преку друг во колички за ѓубре. Во болницата не ги растоварувале еден по еден туку ја превртувале количката и сите паѓале на земја и отпосле ги одбирале кои биле ранети а кои мртви. Кога на 10 мај рускиот и

австрискиот конзул го посетиле затворот и болницата, констатирале една навистина несфатлива ситуација. Сите ранети лица властите ги сметале како затвореници и ти лечеле во затворската болница.

“Зошто овие луѓе не се во одделението за обични ранети лица?” - го прашал Ростковски шефот на жандармеријата што ги придружувал конзулите.

“Не знам! - одговорил овој. - Таму нема доволно место - дополнил аптекарскиот помошник”. (Извештаи од 1903, 206.)

Така властите сите оние што полицијата во моментот на нередите ги затекла на улица и ги довела в затвор и сите оние што без никаква вина биле ранети од башибозукот и биле доведени во болницата, ги третирале како “виновници” за она што го предизвикала муслиманската толпа со помош на некои органи на власта.

И покрај фактот што во Битола сите знаеле (Српскиот конзул Ристиќ повторува дека Организацијата “ниту со една своја постапка не даде непосреден повод” за овие несреќни настани. - Извештаи од 1903, 207.) дека Организацијата не испукала ниту еден куршум, не нападнала нуту еден Турчин, значи не дала ниту еден посериозен повод за битолските колежи (по примерот на Солун), генералниот инспектор на трите вилаети (Солунски, Битолски и Скопски) Хилми-паша чие седиште тогаш било во Скопје, пред рускиот конзул во Скопје и пред дописниците на “Будимпештански Хирлап” и “Манчестер Гардијан” ја дал следнава неточна и тенденциозна изјава: “Околу пладне (на 6 мај) во Битола на повеќе места во чаршијата се пукаше против Турците. Ранети беа тројца Турци, меѓу кои и еден имам. Сите муслимани во градот се држеа сосем мирно, помирно отколку во Солун. Војската што зеде учество за да ги растера предизвикувачите на немири уби 11, а рани 9 лица.

Во село Цапари двајца селани се ранети, а 12 убиени. И Цапари зеде учество во битолските нереди, за да ги предизвикаат муслиманите да вршат колежи”. (Истото, 200. За настаните во

Битола види и: Д. Димески, Ѓурѓовденскиот масакр во Битола 1903 - Историја VII, 2, Скопје 1971, 147.)

Солунските настани имале значаен одглас и во третиот вилаетски центар, во Скопје, но тие тука не добиле таков крвав карактер како во првите два града. Во Скопје немало жртви. Башибозукот не дошол до израз, а властите се задоволиле со апсења на се што било побудно меѓу егзархиската средина. Глазен збор во кампањата против Организацијата во Скопје водел Хилми-паша. Тој се трудел до максимум да ги исползува Солунските атентати заради компромитирање на револуционерното движење. Турција ја претставувал пред странските дописници како нападната и загрозена од "анархистите". Во разговорот со кореспондентот на "Манчестер Гардијан", тој иронично го прашал: (Истото, 186.)

"Дали, господине, европскиот или одделно францускиот печат, и по настаните во Солун, ќе ги симпатизира комитетите, коишто на Французите особено им се заблагодариле запалувајќи им го паробродот во солунското пристаниште?"

Апсењата се вршеле под изговор да се спречат "планираните" атентати во градот. И на тоа никој немал смелост да реагира. Кога егзархискиот митрополит Синесие отишол да моли за ослободување на некои затвореници, Хилми-паша му одворил дека таквите "чесни" луѓе, трговци и учители ги извршиле динамичните атентати во Солун.

"И во Скопје се очекуваат такви атентати – рекол Хилми-паша. - Дали вие гарантирате дека такви настани нема да се случат овде? Ако гарантирате, јас веднаш ќе ги ослободам лицата за кои вие се интересирате!"

Се разбира, Синесие не можел да даде таква гаранција.

Што се однесува до гласовите за напади врз конзулатите во Скопје, нема сомнение дека тие особено биле ширени од Хилми-паша лично и од неговите агенти. Таквите гласови немале основа, но претпазливите мерки на властите се сметале за нормални. Хилми-паша поставил стражи пред сите

конзулати, само бугарското агенство го прогласил за безбедно и не поставил стража. Ваквиот гест бил сосем прозирен. Агентството на една држава, којашто ја "раководи" револуцијата во Македонија, не би можело да биде загрозено од "своите" луѓе. Итриот Хилми-паша и на таков начин сакал да ги "потсети" европските дипломати дека борбата што се води во Македонија и "анархистичките" акции "биле" диригирани од Бугарија.

Се разбира, меѓу градовите што повеќе настрадале бил и Велес, градот на гемиџиите. Дознавајќи дека повеќето од гемиџиите потекнуваат од Велес, властите го испратиле Џемал-бег, член на Воениот суд, да изврши истрага. Во Велес биле уапсени татковците, браќата и други роднини на атентаторите. Како и на други места, така и тука биле апсени и луѓе што немале никаква врска со Организацијата или со атентаторите. Кога од Велес за Солун била праќана четвртата пратка динамит, на станицата било спомнато името на Гиго Шарлаганџијата, познат производител на шарлаган во Велес. По атентатите, тој бил уапсен и задржан во затвор повеќе месеци, иако немал абер за дејноста на гемиџиите. Ништо не знаеле и родителите и роднините на гемиџиите, меѓутоа, тие биле "виновни" што ги родиле или што им биле блиски, и затоа биле осудени. Дваесет и тројца Велешани биле испратени во Солун, изведени пред воениот суд и осудени од 3 до 5 години. Меѓу нив бил и таткото на Орце Ѓошо, Попјорданов.

*

Како што не може точно да се утврди бројот на убиените, така не можат да се дадат приближно точни цифри и за уапсените и изложени на мачење лица. Според официјалните податоци што главниот инспектор Хилми-паша и ги испратил на својата влада, во Битолскиот вилает имало 461 затвореник, во Солунскиот - 382 и во Косовскиот (Скопскиот) - 281, или вкупно 1.124 души.

Меѓутоа, како што и порано истакнавме, на официјалните податоци, кога се работело за прашање од ваков карактер, никој не им верувал. (Освободителната борба, док. 93.) Сите

современици што пишувале за овие бурни настани се согласуваат со фактот дека апсењата биле масовни како никогаш порано, а тортурите големи. Занданите со кои турската влада можела да се пофали ниту оддалеку не биле доволни да ги соберат уапсените Македонци. Кога рускиот и австро-унгарскиот конзул во Скопје го посетиле затворот, констатирале дека тој бил пренатрупан со затвореници. Поради тоа, Хилми-паша наредил да се приспособи една куќа за затвор, во која требало да се префрлат еден број затвореници од другите два затвора. (Извештаи од 1903, 215.) Англискиот вицеконзул во Скопје Фонтана пишува дека на 1 мај затворот во Штип бил "преполн" – 150 души. (Turkey, No 1 (1904), док. 250.) Францускиот конзул во Солун во своите извештаи до Делкасе од 7 и 13 мај укажува на "пренатрупаноста" на затворите со уапсени егзархисти од сите социјални средини. "Апсењето на христијани - пишувал виенскиот 'Ди Информацион' од 22 мај - продолжува. Затворот Кан'л-куле и собите на тврдината Еди-куле се преполни со затвореници. На затворениците им се врзани рацете и нозете... (Според Хр. Силјанов, 263.) Имало луѓе што полуделе од мачење. Фатен и мачен бил и познатиот револуционер Т. Лазаров; окован во пранги во скопскиот затвор бил доведен Петар Попарсов; уапсен бил и Иван Гарванов. Речиси сите покрупни трговци Македонци-егзархисти во Солун биле уапсени. Слична била ситуацијата и во другите краеви во Македонија. Во Солунскиот вилает биле уапсени околу 900 души, во Битолскиот - околу 850, во Скопскиот - околу 500. Вкупно над 2.200 Македонци биле уапсени. Апсењата траеле повеќе од еден месец.

Користејќи ги Солунските атентати како повод за масовни апсења, Хилми-паша немал интерес брзо и пошироко да ги отвори затворските врати во Македонија кога често добивал вести за судири меѓу четите и аскерот и за засилени подготовки за општо востание. Тој знаел дека речиси сите уапсени немале врска со солунските атентатори, но го знаел и тоа дека голем број од нив имале врска со Македонската револуционерна организацпја, иако немал конкретни докази да ги испрати на суд. Од уапсените во Скопје, 110 души биле прогласени за "многу сомнителни". За нив Хилми-паша зборувал: "Тој е најопасниот". Се разбира, за него сите учители и побудните и

заможни граѓани претставувале опасност за Царството: Првите како главни раководители на револуционерното движење, а вторите ги сметал за материјална потпора на истото. До завршувањето на судењето на останатите живи атентатори, тој можел релативно лесно да го оправдува држењето во затворот на голем број луѓе, и тоа го правел. Компетентните органи уште во почетокот можеле да знаат дека гемиџиите биле сосем ограничена група заговорници и дека нивна врска со МРО не ќе можат да докажат. Но јавноста не знаела за тоа и од судењето се очекувало да открие голем комплот против султанот. "Судењето – пишува Стег - ќе им донесе горко разочарување на оние што очекуваат дека, по истрагата од повеќе од еден месец, ќе се откријат интересни поединости околу врската меѓу авторите на последните атентати и револуционерните комитети. Речено е, навистина, во почетокот дека членовите на субверзивниот комитет од Софија решиле да извршат серија атентати во Солун, но никаков доказ не е даден во таа смисла, така што пресудата се ограничува на констатацијата, навистина сосем сигурна и комплетна, за личното учестбо на обвинетите во атентатите од 28 и 29 април. (А. М., ф. 238, Францускиот конзулат во Солун до Делкасе, Солун, 12 јуни 1903.)

Овој факт, интересот што за проблемот го покажувале големите сили и посебно усогласената интервенција на руските и австро-унгарските пратеници, како и тешкотиите што ги создал толкавиот голем број затвореници, ги принудиле турските власти да ослободат поголем број од уапсените. Но, немајќи доволен конкретен материјал да исправи пред суд лица за кои бил уверен дека се членови на МРО, Хилми-паша планирал таквите да ги депортира без судење. Фонтана посочува цифра од над 100 сомнителни од Македонија коишто според планот на Хилми-паша требале да бидат интерирани во некој дел од Турција близу до морскиот брег, каде што би им се дало земја и би биле под извесна контрола. (Turkey, No 1 (1904), док. 136.) Ова предизвикало големо незадоволство кај народот и неодобрување од страна на "најзаинтересираните" конзули во Скопје - рускиот и австро-унгарскиот. Овие инсистирале кај Хилми-паша уапсените или јавно да бидат судени или да бидат ослободени. Рускиот генерален конзул во Солун, по налог на својот амбасадор од Цариград, отишол специјално во Скопје да

бара од Хилми-паша да им препорача на валиите повеќе умереност и да го наговори да се откаже од својата намера за протерување на сомнителните лица без да им се суди. Меѓутоа, Хилми-паша одбивал да прифати таква сугестија. (А. М., ф. 238, Францускиот конзулат во Солун до Делкасе, Солун, 12 јуни 1903.)

Солунските атентати властите решиле да ги исползуваат како повод за да истераат, по можност, што поголем број македонско население од Солун. Прогласувајќи го целото население за морално одговорно за динамитната акција, тие масовно го праќале во краевите од каде што тоа во минатото било преселено во Солун. Затворениците што ги ослободувале исто така ги терале да се вратат во своите, често, одамна напуштени родни краеви. Тоа создавало сериозен проблем. Нивните семејства, останувајќи без својот хранител, биле изложени на глад. Прогонетите мажи, исто така, немало што да работат, па и тие биле изложени на глад. "Моите колеги и јас - пишува Стег - му обрнавме внимание на валијата на опасноста поради одземање на заработувачката на луѓето што овде се занимавале со определена професија, коишто, кога ќе останат без работа во нивните села, ќе го зголемуваат бројот на четите.

До почетокот на јули околу 200 лица биле насилно истерани од Солун во нивните родни места. Во исто време биле ослободени околу 600 души од солунските затвори. Кон крајот на јуни по затворите на трите вилаети имало околу 600 души. Во скопскиот затвор на 2 јули имало 250 души, од кои 35 биле предвидени за интернирање надвор од Македонија. (Turkey, No 1 (1904), ц. док. 250; Освободителната борба, док. 70, 74, 89, 127. Според Евгенијадис, во првите десетина дена во солунските затвори имало 500-600 затвореници – Makedonika, 81.)

Во прво време властите од Солун апселе се што било македонско. Покрај егзархисти, затворале и Македонци - патријаршити. Грчкит конзул Евгенијдис испратил список, до министерот за надворешни работи на Грција, од кој се гледа 24 лица, речиси сите Македонци-патријаршисти, биле уапсени, но по негова интервенција, како "Грци", биле ослободени.

Турските власти во критични ситуации обично не правеле разлика - за нив сите христијани, без разлика на националната и црковната припадност, биле еднакво опасни за режимот. Тие биле свесни дека, и покрај пријателското додворување на официјална Грција на Високата Порта, христијанското население во Македонија, што ја признавало Патријаршијата било исто толку незадоволно од османското ропство колку што било и населението што ја признавало Егзархијата. Под ударот на првиот налет на аскерот и башибозукот во Солун, покрај Македонци-егзархисти, паднале и 12 патријаршисти, речиси сите Грци. (Makedonika, 68, 70-71.)

*

Под ударот на репресалиите во Солун, па и во други градови, паднал и богатиот слој Македонци од егзархиската средина, коишто немале никаква врска со динамитарите, но многумина од нив ниту со Револуционерната организација. "Може да се верува - пишува Стег - дека, загрижени за своите интереси, поголем број од нив се чувале директно да се замешат во револуционерното движење. Меѓутоа, турските власти, не мислат така". И тој пак додава дека тие "отворено тврдат" оти секој егзархист бил виновен за соучешништво, барем морално, со револуционерите и атентаторите. Така, утредента по атентатите, полицијата почнала да врши претреси и да им ги запленува документите на овие трговци во Солун. Повеќе од 30 сопственици на трговски куќи, некои од кои мошне големи, биле затворени во очекување да се утврди дали меѓу запленетите документи нема компромитирачки материјал. Полицијата била преплавена со трговски документи запленети во претресите, а тоа кај конзулите во Солун предизвикало оправдан страв дека истрагата ќе продолжи долго време и дека тоа сигурно ќе влијае негативно врз исполнувањето на обврските спрема европските трговци.

Тешките последици по стопанскиот живот на Солун брзо се почувствувале. Полициските мерки со кои се запирало секакво движење по 8 часот навечер, покрај апсењето на трговците, претставувале исто така тежок удар за стопанството. Недовербата се ширела на сите страни, бидејќи не се знаело кој

се ќе биде вовлечен во амбисот поради пропаѓањето на некои трговски куќи што им припаѓале на крупните македонски трговци. Во Солун бил обичај купената стока да се плати во готово во првиот петок по извршената зделка. Но отсега секој барал веднаш да му се плати во злато или во сребро.

Компанијата на градските трамваи губела дневно 300 франци. Компанијата за гас не ги остварувала приходите потребни за плаќање на персоналот. Пловидбените компании речиси не склучувале веќе зделки. Приходите од увоз на пристаништето нагло се намалиле. (А. М., ф. 238 Францускиот конзулат во Солун до Делкасе, Солун, 27 мај 1903.)

Европската колонија во Солун ја притискал стравот од нови динамитни атентати, а особено од репресалиите што во таков случај би можеле да се очекуваат од муслиманите и од Евреите - староседелци, коишто наводната европска толеранција кон револуционерите ја сметале за причина што гемиџиите се осмелиле да ги извршат атентатите. Солунските власти давале изјави според кои "комплетен мир" владеел во Солун и во сите вилаети. Ова требало да се сфати како да било резултат на масовните апсења извршени во цела Македонија. Меѓутоа, од секаде доаѓале вести што ги демантирале турските изјави за мир.

Не само во Солун туку во цела Македонија настанал застрашувачки застој во стопанскиот живот. Слична на Солун била ситуацијата и во Битола. Иако во градот владеел мир, стопанската активност кон средината на мај се уште била речиси наполно замрена. Власта се трудела да ја отвори чаршијата, меѓутоа, слабо успевала. На 12 мај одвај четвртина од дуќаните биле отворени. Освен неколку Турци, ниту еден селанец не дошол во Битола на пазар на 11 мај - кога бил пазарен ден. Од 12 мај ситуацијата во градот по малку започнала да се менува. "Страв и загриженост ги обзема христијаните не од Комитетот, туку од муслиманите". (Извештаи од 1903, 220.) Стравот и недовербата биле толку големи што бил доволен и најмал повод населението веднаш да се повлече во своите домови, сообраќајот сосем да престане и делумно отворената чаршија да се затвори. Карактеристичен

бил случајот со една тенекија фрлена во реката Драгор. Нејзиното тропање исплашило двајца Евреи што биле близу и тие, мислејќи дека пукаат бомби, прснале да бегаат низ градот ширејќи ја неточната вест. Чаршијата за половина час заличила на пустина.

Занаетчиството и трговијата престанале да функционираат. Селаните не доаѓале во градот да продаваат и да купуваат. Атмосферата на страв и несигурност ја одржувале постојаните гласови што се шириле за "решеноста" на Организацијата да го нападне градот; дека овде-онде се пронајдени бомби; дека Турците пак се подготвувале да извршат колежи и слично. Христијанското население живеело постојано во очекување дека нешто крупно ќе се случи. Голем дел од дезинформациите за наводните напади на комитите, по се изгледа, ги шириле заинтересираните муслимански кругови. Еве во рамките на ширењето на невистини како биле објаснети настаните од 6 мај во официјалниот весник "Монастир" од 30 април (13 мај): "Во минатата среда некои бунтовници, со намера да предизвикаат буна, почнаа во разни делови од градот да пукаат на војската и на турското население. Благодарејќи на брзата интервенција на војската и на жандармеријата, намерата на бунтовниците беше осуетена, а редот и мирот веднаш воспоставени. Неколку бунтовници загинаа, а од муслиманското и од немуслиманското население неколкумина се ранети. Под моќната заштита на НВ Султанот сега во градот владее целостен мир и поредок, секој жител си ја врши својата работа и не престанува да се моли за долг и среќен живот на нашиот возвишен господар султанот Хамид-Хан". (Истото, 221-222.)

Ваквото пишување српскиот конзул М. Ристиќ го нарекува лага. А оваа лага битолскиот валија му ја испратил и на Хилми-паша во Скопје, а по се изгледа и на Високата Порта во Цариград.

Пишувајќи за навистина тешката економска и психичка ситуација во која се нашло речиси целото христијанско население во Битола, М, Ристиќ ги изнесува и следниве интересни сознанија до кои дошол: "Христијанското население живее постојано во некакво очекување дека нешто ќе се случи

што еднаш ќе тури крај на оваа неподнослива ситуација. Него оваа заедничка опасност од муслиманите го зближила. Националните и пропагандните разлики се повлекоа и Комитетот во секој случај не ќе пропушти да го искористи таквото расположение на христијаните. Чувството дека таквата положба не може веќе да се трпи и дека некаков излез мора да се најде, општата омраза спрема Турците, направија целото христијанско население да го прифати оној кој сега ќе му помогне или кој покажува на дело дека сака да му помогне... Јас повеќе пати ја навестував можноста дека ќе дојде време кога Комитетот со својата работа, којашто наполно ќе одговара на чувствата на сите тукашни христијани, ќе ги добие нивните симпатии и ќе стане господар на ситуацијата... (Истото, 221.)

ОДГЛАСИ НА СОЛУНСКИТЕ АТЕНТАТИ ВО СТРАНСТВО

Европската дипломатија и европската јавност со внимание и донекаде со загриженост ги следеле револуционерните настани во Македонија. Повеќе европски весници имале дури и редовни рубрики преку кои, иако често воопштено, ги информирале своите читатели за она што се случувало на револуционерен план на овој дел на Балканот. Дипломатите и јавноста биле навикнати да читаат за оружени судири, за провали, апсења и малтретирања, за теророт против христијанското население, за обесправеноста и неконтролираната експлоатација на која било изложено тоа, и друто. И покрај силната кампања што од Турција и кралството Грција се водела против револуционерното движење, голем дел од јавноста, особено од таа прогресивно ориентирана, во Англија, Франција, Италија, Русија и Австрија, со разбирање и со симпатии гледала на борбата што се водела во Македонија против султанска Турција. Меѓутоа, Солунските атентати тешко можела да ги разбере таа јавност. Јавното мислење било изненадено, поточно вчудовидено. Иако претходно се пишувало и се претпоставувало дека "нешто" се подготвува во Солун и во други градови на Македонија, сепак не се очекувало дека гневот на македонските револуционери ќе се насочи кон динамитни акции директно против европските интереси. "Што се однесува до впечатокот што тие вести го предизвикаа врз

тукашните политички кругови, тој е грозен - пишува Иван Гешов, бугарски претставник во Цариград. - Речиси сите странски претставници ги осудуваат тие терористички акции и без колебање ги квалификуваат како анархистички... (Според Хр. Силјанов, 267.)

Сличен став кон атентатите имал и печатот. При тоа особено се истакнувал германскиот протурски ориентиран печат. Еден весник сликовито ќе напише: "Цела Македонија да беше загинала, немаше да предизвика толку шум и толку негодување во Европа колку што предизвика пропаста на 'Гвадалкивир'".

Да повториме, освен неколку ранети, потопувањето на паробродот не предизвикало ниту една жртва.

Некои весници, меѓутоа, по првите возбудувања и негодувања, започнале потрезвено да размислуваат за солунските настани и, имајќи го предвид "безумното" херојство и саможртва на гемиџиите, започнале да ги бараат причините за нивните постапки. Како што одминувале деновите по атентатите, така станувале појасни резултатите и разните фантастични и противречни вести, започнале да отстапуваат пред вистината, пред она што навистина се случило. Човечката и професионалната етика терале на размислување и барање на причините за стореното дело. Тие биле малубројни, но ги имало. Меѓу нив бил и "Тајмс". Спомнатиот "Ди Информацион" напишал:

"Динамитниот атентат во Солун ќе се пресретне со еднодушна осуда во целиот културен свет и повеќе ќе му наштети отколку што ќе му користи на ослободувањето на Македонија. Меѓутоа, колку и да е неопходно да се осуди тој престап, сепак не би требало да се заборави дека имаме работа со еден народ доведен до очајание од еден неподнослив гнет. Не треба, се разбира, да се фрлаат динамитни бомби, и тоа низ улиците на еден многунаселен град, но кој е нагазен, тој се брани како што може. Динамитарите треба да се осудат, но не помалку треба да се осудува турската власт". (Истото, 268.)

Имало луѓе што добро го знаеле коренот на злото и самоубивачкиот акт на гемиџиите го сметале за нормален и му се поклонувале. Виктор Берар, француски научник, балканолог, добар познавач на Османската империја, блескав заштитник на македонската кауза и на борбата на Македонската револуционерна организација, смело ќе го дигне својот глас во полза на гемиџиите, величајќи ја нивната акција како херојско дело.

"... Додека солунските динамитари со гордост му покажуваа на светот дека Македонецот знае да умира, ние одново го чувме целиот угледен печат, сите најголеми министри и политички луѓе како во еден глас викаат дека со своето безумие и жестоко однесување овие разбојници засекогаш ја дискредитираа својата македонска кауза.

Настаните се иследени и пресудата е изречена: Македонците се престапници, јакобинци и убијци! Тие носат 'револуционерен жиг' или, како што тоа денес го велиме, тие се анархисти. Нивните потпалувачи и динамитари заслужуваат се што можеше да се каже за Канарис и Мјаулис во 1825 година. (Херои на Грчкото востание против Османлиите.) Па дури и нешто повеќе. За нив ги нема овие извинувања какви што можеа да се најдат за Грците. Затоа што тие... не се потомци на хероите од Маратон. Во животот на своите прадедовци тие ќе најдат само примери на вековна послушност, робување и благодарност. Уште пред 50 години нивните дедовци сметале дека се почестени ако можат да го земат она што ќе им го остави Турчинот, а бабите да им бидат обесчестени од најништожниот ага...

Во Солун е извршено грозно и безобѕирно колење на луѓе. Никакви правдања и протести не се во состојба да го поправат тоа. И јас, кој ја знам цената на крвта, сочувствувам во болката на сите и проколнувам повеќе отколку кој и да е друг... Ако постои некаков принцип до кој најмногу се придржував и со кој сум проникнат - тоа е старата поговорка на англиските либерали: 'Силата никаде не е лек'. Но јас го задржувам своето огорчување спрема вистинските автори на атентатот, спрема оние што полни 50 години го буткаа македонскиот народ кон

тој ќорсокак. Што се однесува до извршителите на атентатот, јас не можам да го избришам своето сознание дека тие, носејќи бомби, знаеле дека одат во смрт. Тие без двоумење ја пролеаја крвта на други, ја пролеаја крвта без скрупули, но без колебање ја дадоа и својата. Нивното злосторство можеби е неоткупливо - нивниот кураж несомнено е херојски." (La Revue de Paris, кн. 12, 15. VI 1903. Берар за Македонците, "Нова Македонија", 15 и 20 декември 1972.)

Благородната сестра Писи, која искрено и од се срце сочувствувала со ужасите што ги преживувале нашите луѓе, на 7 мај запишала: "... Французите великодушно им го простија на атентаторите нападот на паробродот 'Гвадалкивир', бидејќи се повеќе ја сфаќаат незлосторничката намера на младите фанатизирани луѓе. Францускиот народ се повеќе ја согледува неодржливата ситуација во Македонија и еднодушно е на нивна страна. Нашите весници, што редовно ги добиваме, се полни со протести против уништувањето на невиното и изгладнето македонско население".

Државниците на Европа повеќе или помалу го знаеле тоа што го знаел Виктор Берар и други интелектуалци слични на него. Меѓутоа, партиско-државните интереси и ставот кон македонската криза што произлегувал од тие интереси не им дозволувале да гледаат поинаку на Солунските атентати, освен како на анархистичка акција. Како што турската влада ги исползувала атентатите како повод за брутално пресметнување со се што било побудено во редовите на нашиот народ, така и големите сили се послужиле со динамитните акции за да ја компромитираат Револуционерната организација и да го оправдаат пред својата јавност пасивното однесување кон жестокото задушување на македонското движење и востанието и наполното застанување на страната на крвавиот султан. Тоа особено се однесува на Англија и на Франција, чиј став кон македонското движење во извесна мера се разликувал од чисто непријателскиот став на Германија, па и на Русија и на Австро-Унгарија. Министерот за надворешни работи на Франција Делкасе најдобро од сите знаел кои биле гемиџиите, зошто ги извршиле атентатите и какви биле нивните односи со Организацијата. Но, и покрај тоа, тој ги идентификувал

атентаторите со Организацијата и ја напаѓал и оваа за жестокости против мирното население што таа не ги сторила. “Ами да зборуваме ли за динамитните атентати? Во Солун ние првин со експлозијата на ‘Гвадалкивир’ ја добивме на својот грб таа нова метода за добивање на симпатии; ние први настрадавме, макар што не ги криевме нашите симпатии. Потоа дојде атентатот против Отоманската банка... И како-така, за да се одмаздат на своите непријатели - Турците, востаниците повеќе пати ги насочија своите атентати против Европејците... Со тие атентати востаниците, коишто од почетокот имаа придобиено општи симпатии, постепено ги изгубија тие симпатии... Дури и владите што отпрвин ја симпатизираа нивната кауза се принудени, поради тие атентати, да се откажат од тоа и да се присоединат кон сите други влади што сакаат обновување на мирот, за да го советуваат Турчинот да го задуши што поскоро тоа востание кое дегенерира во анархизам. Не им стигаше ли на востаниците да ги атакуваат Турците, впрочем нивни угнетувачи, туку отидоа да фрлаат во воздух пароброди, установи и друго, при што речиси исклучиво настрадаа не Турци, туку други невини лица? Со тоа, можеби, востаниците сметаа да ги предизвикаат европските кабинети да се замешат во Европска Турција во нивна полза? Европските кабинети, коишто, евентуално, би се замешале ако борбата беше го зачувала карактерот на востание, какви што историјата познава, не можат да ја земат страната на динамитарите коишто системно уриваат”. (Освободителната борба, док. 155.)

Делкасе употребил тешки зборови на сметка на Организацијата и на атентаторите. Што се однесува до првата - сосем неоправдан, а што се однесува до вторите – полни со иронија и сарказам. Тешко може да се поверува дека атентатите навистина биле причина владите што го симпатизирале македонското движење (најверојатно се мисли на Франција, на Англија, а можеби и на Италија), да им се придружат на оние влади што барале што поскоро и што поефикасно да се задуши востанието. На оној дел од јавното мислење, кај кое настаните во Македонија и положбата во која се нашло христијанското население предизвикувале сочувство и критика на политиката што ја воделе владите спрема македонското прашање, требало да му се каже, за да се неутрализира, дека револуционерното

движење “не заслужило” повеќе. Делкасе не криел дека бил “заплашен” со интерпелација во Парламентот за ерменските и македонските работи. Ако таква интерпелација биде поднесена, рекол тој, “мојот одговор нема да биде тежок”. Во таков случај Делкасе планирал да ги изнесе “неделата” на револуционерите, за да ги отстрани аргуменмте на интерпелаторот.

Веста за Солунските атентати во протурски ориентирана Германија била пречекана на нож. Германската влада атентатите ги сметала за опасна ескалација на македонската криза и ги прогласила за дело на Бугарија. Го зела во заштита султанот, тврдејќи дека февруарските реформи, коишто според замислата на владите на големите сили требале да ја поправат положбата на христијанското население и да го неутрализираат револуционерното движење, не можеле да се реализираат не по вина на Високата Порта туку по вина на Бугарија и индиректно по вина на сама Русија. Германската влада своевремено ги поддржала реформите предложени од Русија и во таа смисла вршела притисок врз султанот за нивно прифаќање. Меѓутоа, сега, кога по “сите изгледи” започнувала “една бугарска динамитна кампања според анархистички пример”, не можело да се бара од турската влада да ги реализира тие реформи. По солунските настани, кога акциите на четите започнале да се дополнуваат со “бугарски динамитни атентати”, дипломатската акција за реализирање на руската програма требало да почне не во Цариград туку “единствено само во Софија”. Меѓутоа, во Софија “водачите на воената партија” биле инспирирани од рускиот конзул Бахметев. Самото негово присуство во Бугарија било доволно за да ја “охрабрува динамитната партија”. “Познато” било каде се фабрикувал динамит во Бугарија и по кој пат се пренесувал тој во Македонија. “Зар можело точно рускиот претставник во Софија да не знае за тоа?” - се прашувале во Германското министерство за надворешни работи. При еден конфликт на Балканскиот Полуостров, Германија, “ако воопшто земе учество” не стоела на првата линија и според тоа би се наоѓала во релативно поволна положба. Ако таа се бори за зачувување на мирот, тоа го прави затоа што сака во овие критични моменти да и помогне на Русија!! Единствено средство да се осуети една балканска војна останувал притисокот врз Бугарија. Но, како тоа Германија да

го стори? Нејзините обиди во таа смисла во Софија, "вистинското огниште на пожарот", не би ги дале потребните резултати. Тоа требало да го стори Русија, која имала далеку поголемо влијание врз бугарскиот кнез. Германија не гледа како може да се мотивира натамошниот притисок врз султанот. (Die Grosse Politik, 19 Band, т. I, док. 5541.)

Така било формулирано гледиштето на германската дипломатија кон македонската криза по Солунските атентати. Германија наполно се солидаризирала со султанот и со неговото тврдење дека револуционерните настани во Македонија, наводно, биле дело на Бугарија, а не продукт на султанскиот систем на владеење. Тенденциозното пишување на германскиот печат и разните претпоставки таа ги прогласувала за вистина и изразувала сомневање во политиката на Русија, обвинувајќи ја руската дипломатија за дволичност. Меѓутоа, познато е дека рускиот цар, прогласувајќи се за пријател на христијанското население во Македонија, во исто време бил непријател на македонското револуционерно движење. Тој вршел силен притисок врз бугарската влада и и сугерирал што построго да ја држи затворена бугарско-турската граница и да ги прогонува македонските револуционери. Руската политика кон македонското прашање од речиси сите владејачки кругови на Бугарија јавно или тајно била сметана за антибугарска, којашто не водела сметка за " санстефанските идеали".

Било крајно некоректно што, само за да му се помогне на султанот и да се оправда неисполнувањето на февруарските реформи од негова страна, одговорни за солунските атентати да се прогласуваат рускиот конзул во Бугарија, Бахметев и бугарскиот кнез Фердинанд. Тие со атентатите немале никаква врска.

Освен во лицето на германскиот кајзер, Абдул Хамид имал уште еден сличен сојузник, далеку помал, но не помалку верен. Тоа било Грчкото кралство. Кајзерот бил сојузник, но сепак ги одобрувал прокламираните февруарски реформи, иако султанот бил против нив. Кралството Грција било безрезервно на страната на султанот.

Како во Европа, така и во Грција се изразувало жалење за невино загинатите од гемиџиските бомби, но таму не се нашла ниту трошка сожалување и сочувство и за оние невини што паѓале под ударите на аскерот и на башибозучката толпа. Напротив, сметајќи дека дошло време да се сотре се што било револуционерно и словенско и што не им служи на великогрчките амбиции за голема Елада, компетентните политички фактори во Грција решиле да застанат наполно на страната на султанот и да му понудат помош против "заедничкиот непријател".

Ставот на грчките владејачки кругови и на грчката пропаганда спрема револуционерните настани во Македонија не се разликувал од оној на турската влада. Тој бил непријателски. Тоа се должело на фактот што во Грција биле против создавање на автономна Македонија - за што се водела борбата во Македонија. Наспроти тоа што грчкото население во цела Македонија претставувало една осмина од вкупното население (македонското било повеќе од една половина), грчките владејачки кругови сметале дека имале право да претендираат на цела, или речиси на цела Македонија. За докажување на своето "право" врз Македонија тие ја повикувале на помош историјата (тоа го правеле и во Бугарија и во Србија), но и статистиката. Но, ако се исклучат најјужните околии коишто биле населени со грчко или со турско население, во другите делови на Македонија грчката "сила" ја сочинувало, главно, македонското и влашкото население, кое ја признавало Цариградската патријаршија. На пример, во Костурско над 80% од христијанското население било македонско, кое, повеќето, ја признавало грчката црква, поради што Грците ја сметале таа околија за населена со "Грци". Меѓутоа, Револуционерната организација, во името на автономна Македонија успеала поголемиот дел од нашиот народ во Костурско, како и во целата земја, кој ја признавал религиозната власт на патријархот, да го придобие и да го вклучи во своите редови, што во Атина и во Фенер се сметало за крајно опасно по однос на великогрчките интереси. Зашто, ова население, прифаќајќи ја автономијата како цел на своите ослободителни стремежи, во политички поглед се одвоило од грчката црква, а тоа значи и од грчката "национална идеја". Поради тоа, основна преокупација на

целокупната грчка пропаганда, раководена од Атина и од Цариград, била со неизбирливи средства да ја компромитира Организацијата пред европската дипломатија и пред јавноста како орудие на бугарската пропаганда во Македонија. Покрај другото, како повод за тоа и послужиле и Солунските атентати.

Интересите на грчката влада наполно се совпаѓале со тие на турската. Двете земји се повеќе се доближувале и сојузувале. Грција била заинтересирана турските власти да го задушат револуционерното движење, за тоа со своите акции да не предизвика сериозни проблеми и промена на статус-квото во интерес на Македонија. Затоа, сите мерки што турските власти ги преземале против револуционерното движење во Македонија, па и оние што обично во Европа предизвикувале гнасење, во Грција се одобрувале и оправдувале.

Грци во Солун зеле учество во башибозучките одреди при погромот врз невиното македонско население. Грчката пропаганда и одделно весникот "Емброс", што тука излегувал, се натпреварувале со турската пропаганда во напаѓањето и клеветењето на револуционерното движење. Во рамките на познатата политика да се убеди Европа дека македонското револуционерно движење било, наводно, управено повеќе против Грците отколку против турските власти, грчката пропаганда се трудела да докаже дека Солунските атентати биле управени и против патријаршиските установи. Аргументите биле измислувани. Евгенијадис, како што видовме, јавил во Атина дека, според "сигурните" податоци што ги имал, заговорниците планирале да го дигнат во воздух грчкиот конзулат. За да се "осуети опасноста" барал помош од турскиот командант. Во "Емброс" била објавена вест во која се кажувало дека атентаторите имале планирано да ги нападнат со бомби грчкиот конзулат, Грчката митрополија и грчката гимназија, но не успеале да го реализираат тој план. На 1 мај бил фатен со пакет динамит некојси млад Бугарин, кој имал задача, "согласно неговото признание", да го минира грчкиот конзулат. Бил дојден пред неколку дена од Софија за да земе "учество во движењето". (Makedonika, 62-63.) Се разбира, сето тоа било измислено. Гемиџиите никогаш не помислиле да

нападнат грчки институции и имоти во градот. Тоа што загинал еден Грк, било сосем случајно.

Кампањата против македонското револуционерно движење во Грција зела невидени димензии. Хистеричните изливи на омраза против населението кое во Македонија се борело против турската власт биле проследени со изразување на дотогаш нечуени симпатии кон султанот и неговите крвави репресалии во Македонија. На имениот ден на грчкиот крал, на 6 мај, тогаш кога во битолските улици се колело невино христијанско население, во Атина Атинскиот универзитет приредил банкет, на кој музиката го свирела маршот "Хамидие", кој бил ислушан на нозе и бпл проследен со "Да живее султанот!". Неколку дена по оваа манифестација, група грчки офицери отишла кај турскиот пратеник во Атина и, од името на 1.000 души доброволци, го замолила да му ги пренесе на султанот нивните сочувства и желби да стапат во турска служба за да и помогнат на турската војска во борбата против востаниците во Македонија. Турскиот пратеник, изразувајќи задоволство од симпатиите што му биле укажани на султанот, им изјавил дека нивната молба не можела да биде уважена, бидејќи турската војска и полиција за кусо време ќе ги ликвидираат "бандитите".

Овие симпатии и додворувања на "крвавиот" султан од страна на една христијанско-православна земја, којашто само пред 6 години го вкусила горчливиот пораз од војската на истиот тој султан (Турско-грчката војна во 1897 година), предизвикале вчудовиденост во Европа и принудило некои елинофили остро да реагираат. Сојузувањето на Грција со султанот В. Берар го нарекол "вистинско морално фијаско". Констатирајќи дека водачите на елинизмот водат политика "којашто води само кон срам", Берар со индигнација пишува: "Атина... денес е под чизмата на турскиот пратеник. Кралот, кнезовите и министрите се сметаат за извонредно почестени ако го добијат големиот кордон на Абдул Хамид... Кога подигаат во Ламија споменик на некој херој за грчката независност, Грците се чуваат како од оган во своите говори да го спомнат некогашниот ентузијазам и желбата за одмазда; кога ги слуша човек, би помислил дека Дијакос, Колокотронис... (херои од времето на Грчкото востание во 1821 година против османското ропство - б. м.) беа

најверните пријатели на Портата, најсрдечни слуги на целатот... Не разбираат ли тие дека од ден на ден станува се потешко да се застапува нивната кауза пред цивилизирниот свет? (V. Berar, Pros tus Hellinas, 1903; La Revue de Paris, ц. Кн.)

"Ди Информацион" од 22 мај 1903 година пишувал дека поради тоа морално паѓање на Грците "лордот Бајрон, Џорџ Канинг... и сите филелини сигурно се превртиле во своите гробови... Но тие (Грците - б. м.) ја добија својата казна. Абдул им ја искажа својата благодарност на луѓето што ја понудија својата помош на неговиот разбојнички џган. Тешко, но заслужено, е да го носат тие на своите чела срамот на таа благодарност". (Според Хр. Силјанов, 269.)

Прашањето за реформи подигнато од Русија и од Австро-Унгарија кон крајот на 1902 година предизвикало значителна вознемиреност меѓу владејачките кругови на Грција и меѓу фенерските Грци. Стравот доаѓал оттаму што прашањето за реформи од големите сили било доста сериозно сфатено, а тоа всушност било сторено под притисок на револуционерните настани во Македонија. Тоа во Грција ги потсетувало на 1875-76-78 година, кога покорените словенски народи востанале против османската власт и кога за нив, главно, Европа се заангажирала да им ја поправи положбата преку наложување реформи на Турција. Сега во Атина се сметало дека кризната ситуација создадена од гемиџиите и Организацијата можела да се реши на штета на нејзините создадени интереси во Македонија. Затоа официјална Грција била против било какви реформи во Македонија и наполно застанала на страната на Турција во крвавото задушување на македонското движење. Таа прифаќала реформи, но такви коишто би го гарантирале успешниот развиток на грчко-патријаршиската пропаганда и на нејзината асимилаторска политика, како и такви коижто би ја оспособиле турската жандармерија за ефикасна борба против Револуционерната организација. Автономијата за којашто се борела Организацијата, поради тоа што ја оневозможувала можноста за делење и заграбување на македонската земја, не се прифаќала. Спеџејќи ги наредбите од Атина, органите на грчката црковно-училишна пропаганда во Македонија уште од порано се ставиле во служба на турските власти и многумина од

нив се претвориле во опасни доушници и непријатели на Организацијата. "... Потчинувајќи се, впрочем, на јавно дадените директиви од страна на грчките конзули и патријаршиското свештенство - пишува Стег - Грците од Македонија играат улога на поткажувачи... Што се однесува до мене, јас не верувам дека таквиот став ќе им служи на интересите на елинизмот..."

Грчката пропаганда, рековме, со сите сили се трудела да ја компромитира Револуционерната организација како носител на туѓи интереси. "Цел на Комитетот беше – пишува в. "Емброс" од 25 април (8 мај) 1903 година - да создаде во Солун, преку анархистички потреси, такви заплети, несигурност и ненормална ситуација, што големите сили да бидат принудени да ја испратат својата флота и да го преземат градот. Комитетот се надеваше дека од меѓународното заземање на Солун ќе произлезе дефинитивното решавање на македонското прашање согласно бугарските желби". (Makedonika, 82, забелешка 1.)

Грчките фактори пред Цариград и пред Европа, се претставувале како носители на мирот, а за оние што ја имале смелоста да се дигнат во името на слободата и на човечкото достоинство барале од султанот физички да ги уништи, а од големите сили да покажат разбирање за ваквиот грчки став.

Нека се надеваме - пишува Евгенијадис - дека турските судии во оваа ситуација ќе се покажат беспоштедни кон злосторниците и ќе им ја изречат заслужената казна и дека нејзиното извршување нема да биде одложено, како што се случувало со порано осудените од редовните судови комитетски убијци.

Тоа би требало да се стори за да им служи за пример на другите, но и за да се спречат новите опасности што виселе над градот, бидејќи, според некои кажувања атентаторите, од разни причини, побрзале и не можеле наполно да го исполнат својот "сатански" план. (Makedonika, 82. Грчкиот конзул сметал дека атентаторите, од некакви причини, во акција стапиле предвреме, што имало за последица нивните планови да се осуетат. Предизвикот на колежи врз сите христијани од страна

на турската толпа, според него, би им донела на Грците поголеми штети, затоа што би предизвикал европска интервенција, што со своите "злосторства" "движењето" се трудело да ја постигне. Тоа не било во интерес на грчката политика.

АПСЕЊЕ И СУДЕЊЕ НА АТЕНТАТОРИТЕ

Видовме дека паралелно со првиот заклучок за "пукање" на котлите на "Гвадалкивир" се јавиле, сомневања за можност од диверзија. Меѓутоа, тие сомневања се јавиле кај Французите, додека турските власти, изгледа, на таквата евентуалност не помислиле. Инаку и не може да се објасни како можело сите патници од бродот да заминат кој каде знаел и можел и да не биде извршена веднаш најелементарна истрага за уништувањето на "Гвадалкивир".

Во француската болница, каде што била сместена посадата на бродот имало и неколку ранети. Веднаш било забележано дека ранетите морнари немале никакви знаци на изгореници од пареа, што би било нормално при експлозија на котлите.

На 29 април, утрината, болницата ја посетил капетанот на бродот и долго време се консултирал со ранетиот главен механичар за причините на експлозијата и за евентуалното лице кое би можело да го изврши атентатот. Сомневањето паднало на лицето што било облечено во раскошна европска облека, но на источнички начин, што изгледало смешно за европските поими. Личел на источнички трговец. Сомнително им станало и тоа што без потреба се вртел во близината на машините, непосредно пред експлозијата, носејќи со себе куфер (тоа било пакетчето со динамит), од кој не се одвојувал. Капетанот ги повикал властите и им ги изложил своите сомневања. (Од Дневникот на сестрата Писи. "Нова Македонија", 9 јануари 1961.) Откако биле собрани сите информации (неподигнувањето на куферот од агенцијата било силен аргумент), се знаело дека тоа лице било Бугарин, кое по преспивањето во хотелот "Партенон" заминало со воз кон Скопје. Била издадена потерница за негово задржување во Скопје.

Во меѓувреме Георги Манасов ,речиси спокојно патувал за “Врање”. Тој во Солун се качил во “Гвадалкивир” со визиран пасош за Варна. Сега, патувајќи кон Скопје, се надевал дека Варна би можело да се прочита и како “Врање”. И навистина, првата полициска контрола извршена меѓу Криволак и Велес не ја забележала “грешката”. Меѓутоа, во Скопје била примена наредбата за апсење и, штом стигнал, Шатев бил притворен. По кратко време, со возот што доаѓал од Зибевче, бил вратен за Солун.

Кога возот се доближил ноќта (на 29 април) во Солун, патниците љубопитно се прашувале зошто не се забележувало осветлението во градот. Одговорот на тоа прашање го знаел само еден патник – Шатев. Огромната железничка станица ја осветлувале 4-5 фенери. Целиот град потонал во темница. Само Отоманската банка со својот силен пламен ја осветлувала престолнината на Македонија и како да се трудела да ја осветли целата земја. Од време на време се слушале татнежи на бомби и како одговор на тоа стрелба од пушки. Се биеле десетина македонски херои со цела една империја, тука, во нејзиното балканско срце.

Под стража, Шатев и неколку други притворени лица биле пренесени во вилаетската управа. Зората уште не пукнала кога дворот на зградата започнал да се полни со затвореници. Почнала крвавата пресметка на жандармите и војниците со невиното македонско население. Шатев се судрил со опачината на своето дело. “Јас никогаш не претпоставував дека судбината ќе ме постави во положба на таков трагизам. Јас бев еден од непосредните виновници за извршените, атецтати... Ме обзеде жал, гнев и јарост, но со ништо не можев да помогнам и требаше да го испијам отровот до дното од чашата. Иако се сопирам на овој факт, го правам тоа единствено за да забележам како типичен пример да се види како во решителните моменти виновниците не страдаат толку колку што страдаат невините кога се однесува за една, општа, национална кауза. (П. Шатев, 380.)

Штом се разденило, на 30 април, Шатев бил лично одведен при валијата Хасан Фехми-паша.

“Ти ли беше патник во паробродот “Гвадалкивир”? - прашал валијата. “Да! - одговорил Шатев”. Потоа бил вратен во затворот и до 6 мај не бил распрашуван. (Сестрата Писи на 1 мај напишала дека сомнителното лице за атентатот на бродот било затворено и тоа, наводно, изјавило дека целта на атентаторите била не само да ја натераат Франција да интервенира пред големите сили и Турција во нивна полза, туку и да ја привлечат власта кон пристаништето со дигање во воздух на бродот и потоа, непречено и без големи народни жртви, да го извршат преостанатиот план. Самиот Шатев не спомнува за таква изјава и за таков план.)

Павел Шатев бил прв од останатите живи гемиции кој бил уапсен. Се поставува прашањето: Зошто тој, кој бил против да се гине по секоја цена, дозволил да биде уапсен и да биде осуден на смрт? На ова прашање самиот тој не дава одговор. А услови за спасување, или барем за обид за спасување, имало. Тој пристигнал до Скопје со воз што застанувал на голем број станици. Признава дека можел да слезе во Велес, меѓутоа, сметал дека како странски поданик би и дал повод на полицијата да го следи, а со тоа би ги изложил на опасност другарите со кои би се сретнал во Велес. Меѓутоа, има вистина во неговото признание, кое може да се смета за една од важните причини што не се обидел да бега, а тоа е: “при постојните односи со лицата на Месниот комитет”, не можело ниту збор да станува да бара содејство и канал за бегство кон Бугарија. (П. Шатев, 372-373.)

Апсењето на Богданов и на Арсов било извршено следните денови. Апсењето на Марко Бошнаков - “бакалот” било резултат на предавство. Било петок, 15 мај приквечер, кога пред Стефан во портирницата при влезот на католичката црква се јавил некојси Наум, кого Стефан го познавал и го замолил да му даде засолниште до другиот ден наутро, под изговор дека немал време да стигне дома пред полицискиот час. Молбата му била задоволена, но Наум, во знак на “благодарност”, му раскажал на Стефан дека Марко - “бакалот” на дуќанот од кој бил ископан

каналот до темелите на Банката, бил скриен во куќата на неговиот брат, служител во Егзархиската гимназија. Утредента наутро, без двоумење, Стефан отишол право кај валијата и му раскажал за засолништето на Марко. Претресот во означената куќа не дал резултат. Наум, решен докрај да се прослави како предавник, во неделата се јазил пак кај Стефан и му раскажал дека Марко не бил пронајден затоа што успеал да се скрие. Заедно со Стефан, Наум во неделата лично отишол во приватниот дом на валијата да го пријави случајот. Било договорено попладнето пак да се изврши претрес. Меѓутоа, Наум попусто чекал - полицијата не покажала интерес за случајот. Стефан решил да се обрати директно кај шефот на полицијата на квартот. При претресот извршен на 18 мај, Марко бил откриен и уапсен. (А. М., ф. 238 - Француски конзулат во Солун, 27 мај 1903 - анекс-изјава на Стефан гавазот на католичката црква по случај апсењето ва Марко.) Треба да се забележи дека Наум живеел во истиот дом заедно со Марко и со неговиот брат Христо!

Апсењето на Марко било прогласено за вонредно значаен настан. Јавноста веќе претходно била известена за неговата улога во атентатите и неговото останување на слобода властите, особено полицијата, тешко го поднесувале. Веќе истиот ден кога тој бил уапсен, "Солунски Дневник" со големо задоволство пренесува некои детали од неговото апсење. На полицијата и биле праќани честитки, а за предавникот, односно предавниците, се разбира, не се кажувало ништо. Марко Стојан бил прогласуван за член на "Македоно-бугарскиот револуционерен комитет" и за "анархист". Дотогаш потеклото на Марко било спорно за властите, се мислело дека бил Влав, а сега со сигурност се констатирало дека бил од Охрид. Заедно со Марко бил уапсен и Христо.

Веспикот дава податоци и за другите гемиции. Тие биле 9. Милан и Богдан (Георги Богданов) биле фатени живи. Другите петмина, што не сакале да се предадат, "паднаа од куршумите на жандармите", а Јован Константин (Коста Кирков) добил "два добри куршума" во градите во моментот кога, користејќи го дождот што врнел, се обидувал да се вовлече во поштенскиот телеграф за да "фрли во воздух се". Покрај пет динамитни

бомби, кај него биле најдени разни документи, од кои, наводно се гледало јасно дека му припаѓал на Револуционерниот комитет. (Истото, анекс "Солунски Дневник" од 18 и од 20 мај 1903.)

Целта на ваквото пишување била јасна. Требало да се истакне "храброста" на војската и полицијата коишто успеале ладнокрвно да ги ликвидираат атентаторите (иако за нивното херојско однесување и загинување знаел целиот град) и по секоја цена, било преку прогласувањето дека тие, наводно, му припаѓале на "Македоно-бугарскиот комитет" или преку "пронаоѓањето" кај Коста документи, да се убеди домашната и странската јавност дека гемиџиите биле членови на "комитетите" и дека имале врска со Бугарија. Тоа ќе се обиде да го докаже и судот, но без успех.

Со цел да го зголемат револтот против атентаторите, властите проширила вест според која, наводно, гемиџиите планирале да го дигнат во воздух целиот европски кварт, но, за среќа, тоа не се случило, бидејќи не експлодирал целиот динамит ставен во тунелот. (Овие вести властите ги добиле или од Наум или од Стефан. Имено, Наум му признал на гавазот дека тој и братот на Марко, Христо, помогнале во исфрлувањето на земјата од каналт низ разни делови од градот. Каналот, рекол наводно Наум, требало да биде подолг, за да може да се фрли во воздух целиот европски квартал. Меѓутоа, поради поправката на канализацијата од комуналците работници, операцијата била забрзана и немало време за исполнување на тој план. Како што е познато, гемиџиите планирале и се подготвиле да ја дигнат во воздух само Отоманската банка, а не и да ги уриваат куќите на невиното васеление.)

Марко Бошнаков бил уапсен две недели по почетокот на работата на Вонредниот воен суд. Пред него биле изведени повеќе лица, меѓу кои биле и четворицата гемиџии. За нивното судење владеело вонредно големо интересирање. Работата на Судот била тајна, што давала повод да се прават разни претпоставки за објективноста во водењето на истрагата и на самото судење. Меѓутоа, имајќи доволно и непобитни докази, Високата Порта решила да организира судење на кое требало да

му позавидат и судовите со вековна демократска традиција. Паралелно со полнењето на затворите во речиси цела Македонија и применувањето на познатите и испитани тортури против целото македонско население (специјални експедиции против македонски села, палежи, грабежи и слично), во Солун се подготвувало судење кое, според замислата на официјален Цариград, правосудството на султанот требало да го претстави пред Европа во една за неа непозната светлина. Судејќи им на гемиџиите, желбата на властите била да му судат на едно цело ослободително движење, на еден цел народ. Меѓутоа, како што ќе видиме, тоа ќе остане само желба.

Во своите спомени П. Шатев накратко кажува за мачењата и другите жестокости на кои биле изложени затворениците, меѓутоа, за тоа каков бил односот на затворските власти кон гемиџиите, речиси ништо не пишува. Произлегува дека тие како да уживале некаков посебен похуман третман. За себе пишува дека не бил мачен. Но, има податоци од кои се гледа дека тие биле мачени.

“Денес добив дозвола - пишува сестрата Писи на 21 мај - да ги посетам затворениците унијати од Кукуш, за да им укажам лекарска помош... Едип-паша ми дозволи да ги посетам и другите болни, доколку има нужда од помош. Беаз-куле (Бела кула) - пародија на своето име. Грозно ми е да помислам сега за ова страшно дувло што насекаде сее ужасна смрт. Секаде сретнував претепани луѓе, јачеа и удираа со глава во ѕид не би ли ја повикале смртта пред време.

Атентаторите ги има четири, сите во одделни ќелии. Бидејќи им се ближи судењето, што е прокламирано како јавно, режимот е доста ублажен... Го видов и атентаторот врз нашиот пароброд. Ја немаше на образот онаа дамка за која раскажуваше капетанот на бродот. Само десното око му е надуено. Му ставив студена облога и го запрашав, на француски, за да не разберат стражарите: ‘Зошто, жив ти господ, посегна врз Французите, кога ние ништо не сме ви сториле?’ Тој се потсепна и одговори кратко: ‘Задача! Францускиот народ е богат и ќе направи нов пароброд. Но секогаш ќе се сеќава дека постои еден мал поробен народ што бара слобода!’

Четвртиот атентатор е во мошне тешка здравствена положба. Лицето воопшто не му се познава, а повеќе прилега на една безлична крвава маса. Постојано е без свест...

Не можев понатаму, сакав да избегам што подалеку од овој ужас. Му ја изложив на Едип-паша, како на претседател на судот, тешката положба на затворениците, а посебно на болните, и барав подобрување на условите. Тој цинично ми одговори: ‘Сеедно ни е дали тие ќе бидат обесени здрави или болни!...’” (Од дневникот на сестрата Писи, “Нова Македонија”, 12 јануари 1961.)

На 6 мај Георги Манасов бил внесен во еден голем салон, во кој, покрај неколку виши офицери на чело со претседателот на Вонредниот воен суд Едип паша, имало и двајца цивили. Тоа биле Стег и директорот на паробродската агенција “Месажери мартим”. Светските агенции ја пренеле веста дека атентаторот на “Гвадалкивир” бил младиот Бугарин од Ќустендил Георги Манасов.

Како се викаш и од каде си?” - било првото прашање на Едип-паша.

“Се викам Георги Манасов и сум роден во Ќустендил”.

“Знаеш ли што се случило во градот? Си бил патник во еден пароброд, кој пред една недела изгоре” – било следното прашање.

“Да! Знам дека еден пароброд изгоре и по се изгледа дека ме обвинувате мене за тоа. Но, бидејќи делото е извршено под француско знаме, т.е. на француска територија, сметам дека францускиот суд е компетентен и може да ми суди и само таму ќе кажам што знам”.

Таквото барање Едип-паша го сметал за дрскост, меѓутоа, пред Французите морал да реагира коректно.

Тука бил донесен куферот на Шатев, што останал во паробродската агенција, и пред него бил прегледан и предаден на судската власт.

По овој прв краток распит, во продолжение на две седмици, Шатев речиси секој ден бил сослушуван. Главна личност во иследната постапка бил мајорот Џемал-бег. За сето време на истрагата Шатев тврдел дека се вика Г. Манасов од Ќустендил. Тој го признал делото, но Судот, бидејќи, како што истакнавме, планирал пресудата да ја изрече на јавен процес, не се задоволувал само со неговото признание туку сакал со факти и сведоци да констатира дека Шатев го уништил паробродот. Судот, се разбира, сакал по секоја цена да го открие вистинскиот идентитет на обвинетиот: дека сс викал Павел Шатев, дека е од Кратово и дека е турски поданик. За таа цел бил повикан и соочен со Шатев Иван Гарванов, кој повеќе години му бил професор. Гарванов потврдил дека тој е Шатев, но овој, негирајќи да признае дека го познава, одговорил дека Гарванов греши, веројатно лаже. Бил повикан и професорот Едхем-ефенди, кој на Шатев му предавал турски јазик. Шатев негирал дека знае турски јазик. Тој "бил" - од Ќустендил и знаел само бугарски и француски.

"Тој знае ли турски" - прашал претседателот.

"Добродушниот и сострадателен Едхем-ефенди - пишува Шатев - повеќе за да ме извини, се обрна кон претседателот и му рече: "Добро се сеќавам дека како ученик по турски јазик беше многу слаб ученик".

На крај, за да се докаже дека Георги Манасов всушност е П. Шатев, било извршено споредување на негови ученички писмени задачи со неговиот ракопис. Но попусто. Шатев упорно одбивал да признае дека е Павел Шатев. Иако Судот располагал со сите нужни аргументи за докажување на идентитетот на Шатев, сепак таквото тврдоглаво држење на обвинетиот го вадел судот од такт.

"Овој не е - му пишува Стег на Делкасе - како што бев телеграфирал на амбасадата (во Цариград - б. м.) Бугарин од

Ќустендил, туку е Македонец од Кратово... Тој се вика Павел Шатев и е некогашен ученик на Гимназијата во Солун. Впрочем, иако тој бил препознаен од директорот на Гимназијата и од старите соученици, продолжил да тврди дека е Георги Манасов, на кое име гласи неговиот пасош. (А. М., ф. 238, Француски конзулат во Солун, 13 мај 1903.)

Судот во истрагата бил особено заинтересиран да открие две, за него многу важни нешта: врска на атентаторите со Бугарија и врска со Револуционерната организација. Властите претпоставувале поточно сакале да претпоставуваат, дека атентаторите биле испратени од Бугарија, можеби од некое министерство, да ја исполнат динамитната акција по план изработен во Софија. Се разбира, такво нешто немало и не можело да се открие, Гемиџиите биле рожба на македонските услови и нивното дело било дело на македонски револуционери. Тоа на Едип-паша не му се допаѓало.

Не му се допаѓала и другата вистина.

“Припаѓаш ли кон некое современо социјално учење, кон некоја организација, национална или социјална?” - прашал преведувачот Тефиков.

“Не припаѓам кон никаква организација” - одговорил Шатев.

Значи, ако не може да се докаже дека атентаторите биле испратени од Бугарија, тогаш требало по секоја цена да се докаже дека биле членови на Револуционерната организација или пак анархисти.

Бугарскиот трговски агент (дипломатски претставник) во Солун А. Шопов, “засрамен” што неговите “Бугари” ги извршиле атентатите, разгласил во градот дека атентаторите не биле “народни борци” туку социјалисти и анархисти. “И навистина - пишува Шатев јас не знам кој жалеше повеќе за атентатите: дали Хасан Фехми-паша или А. Шопов”. (П. Шатев, 401.)

При истражната постапка гемиџиите биле изолирани, а постапката била едноставна, адвокати немало. Тешко може да

се објасни зошто П. Шатев, кој ги изнесува главните моменти од истражниот затвор, ништо не кажува за другите тројца свои другари. Веднаш по изрекувањето на пресудата, тие биле заедно в затвор и потоа на заточение.

Воениот суд истрага вршел и врз другите затвореници. Се разбира, сите тие немале никаква врска со атентаторите, но во прво време тоа не се знаело, а властите на таков начин особено се труделе да го одржат првобитниот впечаток за постоењето на голем заговор против султанската власт во Македонија.

Високата Порта решила да им организира помпезно судење на гемиџиите. Со тоа требало да се докаже дека властите дејствуваат решително и строго против револуционерите, но во исто време на Европа, којашто постојано вршела притисок за спроведување на реформи во Македонија, да и се даде на знаење дека турското правосудство не се разликува многу по својата "демократска" постапка од европските судови.

Интересот за судењето на атентаторите, и одделно на атентаторот на "Гвадалкивир" и "бакалот", бил огромен. Денот на јавниот претрес и изрекувањето на пресудата бил однапред објавен, но за него ништо не знаеле обвинетите. Изутрината на 24 мај, кога од ќелиите на Беаз-куле, под силна стража, гемиџиите тргнале кон судската сала (во зградата на дивизијата), биле изненадени од насобраната на улиците љубопитна публика. Очекувале зад секој агол да видат бесилки на кои требало да висат. Имено, атентаторите (и не само тие) мислеле дека ги водат на бесење. Затоа биле вчудовидени од она што го виделе во истата сала во која до пред извесно време ги сослушувале.

Судската сала била специјално подготвена за нивното судење. Во длабочината на салата, лево и десно од централната фотелја наменета за претседателот на Судот, биле распоредени фотелјите за судиите, спроти нив, на далечина од неколку метра, била клупата за обвинетите, лево од неа - масата на записничарот, преведувачот и за еден службеник, а другиот дел од салата бил исполнет со столови за многубројните "гости" што биле поканети да присуствуваат на читањето на пресудата.

Имено, за да му се зачува на претресот сета негова "достоинственост", и за да можат сите да се уверат во законското постапување на отоманските судии, било решено претресот да биде јавен. За таа цел биле известени и поканети да присуствуваат конзуларниот кор, цивилните и воените високи функционери на вилаетот, шефовите на големите претпријатија и други јавни работници на Солун. Хикмет-бег, директор на политичките работи на Вилаетот, одговорен по протоколот, ги дочекувал поканетите лица и на секого му го покажувал определеното место за седење. Салата била веќе полна кога кратко време пред 3 часот ("алатурка") пристигнал валијата Хасан Фехми-паша и го зазел своето место недалеку од претседателската фотелја, до него седнал командантот на Третата армија маршалот Хаири-паша.

Во судската сала имало претставници на конзулатите: француски, англиски, српски, грчки, романски, почесниот конзул на САД и други.

Точно во 3 часот сите во салата станале. Влегле судиите на чело со Едип-паша. Покрај претселателот, Воениот суд го сочинувале: Расим-паша, висок морнарички офицер, Шабан-бег, артилериски полковник, Омер-бег, коњанички потполковник, Изет-бег, артилериски мајор, Џемал-бег, генералштабен мајор, Хусни-ефенди, записничар, жандармерискиот мајор Хусеин-ефенди, преведувач. Како што се гледа, и по својот состав судот требало да импресионира.

Претседателот седнал, тоа го сториле и сите други во салата. Едип-паша му наредил на дежурниот офицер да ги воведе обвинетите. Веднаш потоа настанало раздвижување. Сите присутни ги свртеле своите погледи кон вратата. Влегувале обвинетите, секој придружен со по двајца војници.

Ѕвончето заѕвонело. Завладеала тишина. Претседателот објавил дека претресот е отворен.

"Јас гледам само тројца обвинети. Каде е четвртиот, Богданов" - прашал тој.

“Тој е спречен да дојде” - одговорил дежурниот офицер.

“Има ли законско оправдување?” - прашал Едип-паша, иако добро знаел дека Богданов бил ранет и не можел да присуствува.

Записничарот прочитал еден лекарски извештај, од кој се гледа дека Богданов се наоѓал во таква здравствена положба којашто не му дозволувала да присуствува на пресудата. (Видовме дека сестрата Писи била потресена од изгледот на Богданов. Тој, покрај другото, бил ранет в гради од стражарот, затоа што ја извадил раката од прозорчето и се обидел да ја отвори вратата за да избега. Вратата била заклучена и не можела да се отвори. По се изгледа, Богданов тоа го направил во состојба на душевно растројсво.)

По овие формалности, претседателот му наредил на записничарот да го прочита образложението на пресудата. Првата реченица од образложението повеќе ја изразувало желбата на Судот отколку што се констатирала вистината.“Со цел да ја изменат формата на владеењето во Румелиските вилаети на Отоманската империја, членовите на субверзивниот комитет, чие седиште е во Софија, решиле да извршат ред атентати во градот Солун..., служејќи се со бомби и динамит за да го зголемат на тој начин ефектот на своите злосторства”. Понатаму во пресудата се редат веќе познатите настани: ноќта на 29 април, во моментот кога жителите на градот не биле уште прибрани во своите домови, “агитаторите,” се обиделе да го спроведат во дело својот план. За да го исплашат населението и да создадат паника, тие започнале со уништување на гасоводите, оставајги го градот во темница и да го попречат гасењето на пожарите што ќе настанат и што ќе се шират поради отсуството на помош; потоа тие фрлиле бомби пред поштите, пред англиската кафеана, во градината “Алхамбра”; ја дигнале во воздух Отоманската банка преку копање канал до нејзините темели; претходниот ден го запалиле паробродот “Гвадалкивир”; следниот ден се обиделе да го дигнат во воздух телефонското биро...”

Биле прочитани убиените гемиции и останатите живи, на кои им се судело:

Георги Петре Богданов, од Велес, комисионер, на 24 години.

Георги Манасов, со вистинско име Павел Поцев, од Кратово, 21 година.

Марко Стојан Бошњак, бакал, од Охрид, 26 години.

Милан Арсов, од Велес, ученик во Бугарската гимназија во Солун, 19 години.

Интересни се исказите дадени во истрагата, секако под принуда, од кои се гледа обидот на некои од обвинетите, по можност да си ја олеснат положбата, да откриваат некои работи што не можеле да се потврдат од други извори. Богданов изјавил дека бил врбуван од Орце, од Коста и од други, да му пристапи на Кружокот дека тој одбивал, но на крајот се согласил. "Операциите" биле водени од Диме Мечев, кој, по обидот да го убие со секира познатиот велешки трговец, избегал. Динамитот бил внесен во Солун во буриња за солена риба; сите го копале каналот до Банката; во дуќанот на Марко биле складирани 283 кг динамит. Богданов зборувал за малку поинаква распределба на задачите меѓу гемициите. Павел Поцев требало да ја нападне царинарницата, а самиот Богданов - австроунгарскиот конзулат и други конзуларни службеници што би поминале покрај неговата куќа. Но тој немал кураж тоа да го стори, се прибрал дома и не зел учество во атентатите. Значи, освен учеството во копањето на каналот, Георги Богданов не признавал дека зел активно учество во динамитните напади низ градот. Меѓутоа, Судот, изнел докази од кои се гледало дека тој бил еден од активните атентатори, имено во моментот кога бил уапсен (30 април) кај него, наводно, бил најден полн куфер со динамит. Прашан од агентот што го апсел дали тој фрлил динамит на "Алхамбра"?, одговорил:

"Не на 'Алхамбра' туку на англиската кафеана, на Банката, на мостот и на сите други места на коишто вие тоа го сакате".

Ова го потврдил и подоцна пред повеќе агенти. Домаќинката на куќата во која Георги живеел под кирија изјавила дека набргу по експлозијата кај "Алхамбра" видела како тој дошол дома силно возбуден. Нејзиниот син Ксенофон Ксантопулос бил вчудовиден кога во средата навечер видел шапка на главата на Богданов наместо фес, што редовно го носел. Богданов бил товарен дека нарочно изнајмил стан во овој дел од градот за да биде близу до "Алхамбра".

На крајот, Богданов, наводно, сам се јавил пред Воениот суд и се си признал. Меѓутоа, се знае, дека тој и физички и умствено бил мошне болен.

Од непознати причини, Павел Шатев фигурирал како втор обвинет, иако меѓу живите гемиџии тој бил најпознат,а неговото дело најпознато и најнеспорно. Образложението за неговата пресуда започнува со она најкарактеристичното - прашањето за неговиот идентитет. Тврдејќи дека е од Ќустендил, тој и другите биографски податоци ги приспособил кон тоа. На пример, дека божем учел во Софија и во Пловдив, но таму било тешко да се матурира, па поради тоа дошол во Солун на 19 март. Меѓутоа, се докажало дека тој бил Павел Поцев (по името на татко му) од Кратово. Покрај другото, Судот испратил негова фотографија до кајмакамот во Кратово, на која властите и многу поединци потврдиле дека тој бил нивни сограѓанин.

Се гледа дека Шатев, освен идентитетот, не сакал ништо друго да скрие. Во образложението се повторуваат веќе познатите факти коишто, главно, и самиот ги кажува во своите спомени. Се качил на "Гвадалкивир" како патник и 10 минути пред да тргне паробродот, тој ставил "огромна паклена машина" на еден премин, меѓу кабините на прва класа и кабините на посадата, точно спроти еден парен колектор. Марко Бошнаков потврдил дека спроти тргнувањето на "Гвадалкивир" Шатев зел од неговиот дуќан "голема" количина динамит и друг експлозивен запаллив материјал и дека пред тоа зел учество во копањето на каналот. Милан Арсов изјавил дека Поцев добил задача да го дигне во воздух паробродот. Делото на Шатев било

потврдено и од изјавите на екипажот на “Гвадалкивир” дадени пред конзуларните власти и пред Судот.

За Марко Бошнаков се тврдело дека во Солун дошол кога и Јордан Попјорданов, дека бил член на “субверзивниот комитет” и дека основна негова задача била да им помага на членовите на Кружокот да ги извршат “злосторничките дела”. За таа цел го зел под наем дуќанот од чија визба бил ископан каналот до Банката и хотелот “Коломбо”, а имале намера и да го дигнат во воздух целиот кварт. Овие факти биле потврдени делумно од самиот Марко, во чиј дуќан биле најдени буриња од динамит, електрични батерии и разни алати за копање.

Милан Арсов целосно го признал делото. Тој изјавил дека бил член на Кружокот, дека учествувал во копањето на каналот, дека скрил кај себе бомби и гилзи итн. Некои факти биле потврдени од Марко Бошнаков.

Бидејќи сите нивни дела биле докажани и било потврдено дека сите четворица биле членови на “револуционерниот комитет”, кој имал за цел “да убива луѓе и да го урива градот”, именуваните едногласно биле прогласени за виновни за цитираните дела.

Треба да се забележи дека во образложението на Судот има доста неточни работи, што гемиџиите не би можеле доброволно да ги кажат, тие, по се изгледа, биле изнудени од властите, зашто им конвенирале.

По читањето на образложението, претседателот на Судот Едип-паша им се обратил на обвинетите:

“Вие тукушто ја чувте пресудата со која се прогласувате за виновни за злосторствата што ги направивте; сега се пристапува кон примена на казнените одредби содржани во чл. 54 и 56 и дополнителниот параграф кон член 58 од Кривичниот закон... Врз основа на трите члена што тука се прочитани, вие, обвинетите: Георги П. Богданов, Павел Поцев, Марко Стојан Бошнаков и Милан Арсов се осудувате на смрт!”

Веднаш по изрекувањето на пресудата, салата започнала да се празни. Валијата и сите други поистакнати лица сметале за своја должност да му честитаат на Едип-паша и да го изразат "своето восхитување" за успешното водење на процесот. "Сите беа буквално воодушевени" гледајќи како воените судии успеале да приберат огромни докази против оние што се решиле да вршат убиства и предизвикуваат пожари.

Судиите ги слушале скромно сите тие пофалби и одговарале дека тие само ја исполниле својата должност.

Така го завршува своето видување на ова спектакуларно судење турскиот весник "Солунски Дневник", објавувајќи ги во исто време и судските материјали. Тоа всушност било и официјално запознавање на јавноста со обвинителниот акт и судењето на гемиџиите. Стег, а веројатно и другите конзули, овој број од весникот го испратил до своето министерство. (А. М., ф. 238 – Француски конзулат во Солун, 12 јуни 1903 – анекс.)

Како оваа, толку очекувања во Турција и во Европа пресуда, била доживеана од самите осудени и од избраната публика во салата? Еве самиот Шатев што пишува:

"При изговарањето од страна на претседателот на зборот 'смрт', мнозина од публиката испитувачки не погледнаа. Во тој момент ние осудените дававме изглед на совршено спокојни луѓе, иако всушност не беше така. Нешто повеќе, како одговор на злобната насмевка на некои од присутните цивили (повеќето Европејци), јас нарочно ги раздвижив усните и давав изглед како да се смеам. Тоа обрна внимание на многумина... Публиката ја коментираше рамнодушноста со која тројцата обвинети ја ислушавме пресудата. Некои од љубопитната публика сметаа дека ние сме необични луѓе, а други веројатно претпоставуваа дека ние ќе се натажиме, дури и ќе почнеме да плачеме и молиме за милост поради смртната пресуда која за нас беше повеќе спас отколку казна, зашто затворската самица е толку жестока казна што смртта се јавува како спасение". (П. Шатев, 411-412.)

Еве како новинарот на “Солунски Дневник” го забележал тој момент: “Осудените го ислушаа објавувањето на пресудата со возбудување. Тие беа скаменети за сето време на претресот. Марко Стојан и Милан Арсо почнаа грчевито да дишат уште во моментот кога се читаа членовите на Законот. Павел Поцев гледаше во далечина, неопределено. Можеби во тој момент мислеше на актот на лудост што сакаше да го изврши. Имаше ли грижа на совеста? Чувствуваше ли каење? Не, без сомнение, бидејќи ниту една црта од неговото лице не се мрдна. Тој стоеше како закован на место. И тој си отиде од салата како што беше и дошол, со автоматски движења, не покажувајќи никакво чувство, ниту жалење ниту гнасење”. (А. М., ф. 238 - “Солунски Дневник”.)

Од објавените судски материјали (објавен е само дел: резиме од судската постапка и пресудата - тоа што им конвенирало на властите) се гледа дека јавниот претрес не бил никаков претрес туку едноставно јавно читање на доказниот материјал и изрекување на пресудата. Се отишло направо од тајното судење, поточно - од прибирањето на доказниот материјал - на јавно изрекување на пресудата, без да им се даде никаква можност на обвинетите на јавниот “процес” да се бранат. Судските власти инстистирале, покрај признанијата на обвинетите, да има признанија и на сведоци. Бидејќи поради строго конспиративната дејност на атентаторите сведоци тешко можело да се најдат, такви признанија за меѓусебните врски и конкретни динамитни акции се добивале од самите гемиџии. Главниот доказ, на пример, што ги товарел гемиџиите било нивното признание дека сите учествувале во копањето на каналот. Сите атентатори, освен Шатев, се посочени како сведоци што го признаваат, покрај своето дело, и делото на својот соучесник во акцијата.

Во образложението на пресудата само воопштено се кажува каква била целта на гемиџиите: да се измени формата на владеењето во Румелиските вилаети, што во основа било точно, но сосем измислено било тврдењето дека на “субверзивниот комитет” седиштето му било во Софија. Во пресудата особено се крие тоа што го знаеле многумина, а и солунските конзули, дека гемиџиите со своите акции сакале да предизвикаат активна

интервенција на Европа за давање автономија на Македонија. Судските власти, се разбира, немале сметка јасно да ги изнесат причините што ги натерале македонските револуционери да го извршат тоа опасно дело и со зачудувачка смелост да го положат својот млад живот по солунските улици. Тие ги претставувале гемиците како "злосторници" што сакале да убиваат, да палат, да ги уништуваат европските имоти, што планирале да убиваат и дипломати. На прашањето "зошто?", не давале одговор. Одговорот се состоел само во констатацијата дека сакале да ја изменат формата на владеењето во Македонија.

Судот не успеал да открие врска на гемиците со Револуционерната организација, ниту пак врска со некои бугарски министри. Во врска со ова, Стег му пишува на Делкасе:

"Судењето... ќе им донесе горко разочарување на оние што очекуваа дека, по истрагата од повеќе од еден месец, ќе се откријат интересни поединости околу врските помеѓу авторите на последните атентати и револуционерните комитети. Речено е, навистина во почетокот, дека членовите на субверзивниот комитет од Софија одлучиле да извршат серија атентати во градот Солун, но никаков доказ не е даден во таа смисла, така што пресудата се ограничува на констатацијата, навистина сосем сигурна и комплетна, за личното учество на обвинетите во атентатите од 28 и 29 април.

Можеби прашањето ќе стане појасно во подоцнежните процеси што ги подготвува Вонредтиот суд. Меѓутоа, отсуството на јавноста при судењето создава извесни сомневања по однос на прашањето каква била улогата на револуционерните комитети во последните настани во Солун". (Истото, извештај од 12 јуни 1903.)

Се разбира, и следните судењ не можеле да откријат директно учество на Организацијата во Солунските атентати.

Само што била изречена смртната пресуда во Солун, се претпоставувало дека таа ќе биде изменета од султанот. Кај

муслиманите владеело општо мислење дека животот на четворицата гемиџии ќе биде поштеден како одговор на помилувањето што го извршил рускиот цар на убиецот на рускиот конзул Шчербин. Од друга страна, се сметало дека извршувањето на смртната казна врз атентаторите по повеќе од еден месец од извршените атентати не би го имало саканиот ефект. А Вонредниот воен суд, како што обично било насекаде, бил создаден со цел ефикасно и брзо да ја задоволи правдата.

Бидејќи повеќето од гемиџиите биле од Велес, а во истрагата се констатирало дека динамитот дошол од Велес. Воениот суд својата дејност ја проширил и во овој град. Специјална истражна комисија на чело со Џемал-бег отишла во Велес да врши истрага. Биле уапсени, обвинети како соучесници во атентатите и доведени во Солун над 20 души, меѓу нив: Ѓошо Попјорданов - татко на Орце, Петар Попјорданов - брат на Ѓошо, Иван, Илија и Гиго Попјорданови - синови на Петар, Илија Малинкин, Алексо Минов (Канико), Лазо и Никола Органџиеви, брат му на Тодор Органџиев - Ѓошо, зет му Тодор Ванов, Иван Бошков, Ангеле Кирков, Диме Ничев, Гиго Шарлаганџијата. Кај А. Минов биле пронајдени неколку пакетчиња динамит поради што и најмногу бил мачен. За да се спаси, се фрлил од скалите на општинската зграда, но останал жив иако бил тешко ранет.

Повеќето од уапсените велешани, според некои податоци, биле осудени на 3-5 години затвор. Ѓошо, Петар и Иван Попјорданови биле осудени на по 3 години затвор. Илија Попјорданов бил осуден на 10 години. Другите лежеле близу една година во “Еди-куле” и потоа биле ослободени.

Веќе следниот ден по главните атентати, во Велес се разбрало дека во Солун се случило нешто големо. На оние граѓани што се сомневале дека Орце со неговите пријатели нешто подготвува, сега им станало јасно што било тоа. Тодор Органџиев само што разбрал за атентатите, заминал во Скопје под изговор да купи тутунов расад. Положбата нагло се влошила. По возовите немало речиси никакво движење на патници. Не можејќи да разбере за тоа што се случувало во Велес, Органџиев решил да бега, приклучувајќи се кон една

чета. Со таа чета се движел до зимата на 1903 година кога емигрирал во Бугарија. (П. Шатев, 402-403; Хр. Силјанов, 264-265; Т. Органџиев, 123.)

Бидејќи само Органџиев знаел како пристигнал динамитот во Велес и оттука во Солун, властите не можеле ништо повеќе да дознаат од тоа што веќе го знаеле. Шатев не признал дека динамитот го транспортирал тој до Кочани.

Вината на Ѓошо Попјорданов била исклучиво таа што бил родител на Орце. Сите Попјорданови, всушност, биле осудени затоа што биле роднини на Орце. Речиси сите велешани биле осудени како сомнителни, а не затоа што била докажана некаква врска со гемиџиите.

*

Од околу 350 обвинети, од Воениот суд биле осудени 4 (гемиџии) на смрт, 29 на затвор од 5-101 година, а 25 биле ослободени. Делата на 29 души биле препратени на редовниот суд, а по 266 дела судот се прогласил за некомпетентен да се искаже. (Хр. Силјанов, 264.)

Меѓу тие дела што биле препратени до редовниот суд, било и делото на претседателот на ЦК на МРО Иван Гарванов. Некои автори коишто пишувале за Солунските атентати, за виновници за апсењето на И. Гарванов, Д. Мирчев и други ги прогласиле гемиџиите. Силјанов пишува дека "дрдорливоста" на атентаторите ги отерала в затвор членовите на ЦК на МРО. Тие, наводно, признале дека од Гарванов добиле парична помош, што било доволно да бидат осудени. Милан Арсов ги "предал" и раководителите на Организацијата во Велес и други членови. (Истото.)

"Јас сум жртва, јас сум предаден" - зборувал Гарванов.

На прашањето: "Од кого"?, тој го спомнал Милан Арсов. (П. Шатев, 445.)

“Фатениот атентатор на паробродот ‘Гвадалкивир’, П. П-в (Павел Шатев - б. м.) - пишува Хр. Коцев - го беше разврзал јазикот и раскажал се - од игла до конец. Како последица на тие откритија, осомничени во соучесништво беа Гарванов, Д. Мирчев и 5-6 души граѓани”. (Хр. Коцев, 55.)

За секој револуционер прашањето за држањето пред непријателскиот суд е мошне важно прашање - колку од практична уште повеќе од морална гледна точка. Слабоста покажана пред непријателската полиција може да има тешки последици за самото движење. (Притоа не треба да се заборави границата на човечката издржливост. Нашата понова историја, од Првиот и Вториот Илинден, е полна со примери на херои кои, не сакајќи да паднат во рацете на непријателот и да ги поднесуваат неговите тортури и понижувања, се самоубивале). Им се нанесува голема неправда пред истортајата, пред идните генерации, на оние револуционери на кои, без доволно силни аргументи, без да се земат предвид сите околности, им се припишува малодушност, и уште полошо - предавство.

Што се однесува до гемиџиите, нема потреба нашироко да се објаснува колку моралниот лик на оние што останале живи бледнее пред херојските ликови на еден Орце, Коста, Мече, Пингов, Трчков, Цветко. Но, тоа не значи дека тие заслужиле така лесно да се прифати нивното деградирање без тоа да го заслужат. А ние мислиме дека тоа не го заслужуваат.

Тврдењето на Христо Коцев дека Павел Поцев го предал Гарванов не само што не се базира врз никакви факти, туку е злонамерно. Обвинението на Силјанов и на самиот Гарванов не е сигурно. Веднаш се поставува прашањето: Зошто се бараат предавниците на Гарванов и на неговите другари, а не и на оние над 2.000, повеќето непознати македонски маченици, што ги наполниле турските затвори?

Точно е дека гемиџиите го признале своето дело. Тоа не можело да се крие, а тие, особено Шатев, не сакале да го кријат. Што се однесува до откривањето на Гемиџиискиот кружок, тоа било извршено од некои од првите тројца уапсени. Властите можеле да ги дознаат бројот и имињата на извршителите на атентатите

и нивните конкретни дела од самите преживеани атентатори. Но, што се однесува до други откривања на работници на Револуционерната организација, и одделно на Гарванов, може со сигурност да се тврди дека тоа не било сторено од Шатев.

Прво, Шатев докрај останал на своето тврдење дека е Георги Манасов од Ќустендил, дека не учел во Солун. В лице, пред членовите на Воениот суд, на Гарванов му рекол дека не го познава и него и другите професори. Според тоа, не можел да предаде луѓе што воопшто "не ги знаел" и не чул за нив. Второ, еве, во своите први спомени, запишани од Љ. Милетич, што раскажува Шатев за апсењето и поведението на Богданов и Арсов: "На 16 април изутрина (тоа можело да биде само на 17/30 апрпл, бидејќи главните атентати биле извршени на 16/29 ноќта) го уапсија Георги Богданов... Откако фрлил бомба, тој се притаил и останал дома. Куќата му беше до кафеаната "Алхамра", каде што М. Арсов фрлил бомба. Полицијата, правејќи во овој реон претрес, ненадејно влезе во неговата соба, го уапси и најде извесна количина динамит. Во затворот се беше малку 'мрднал'. Кога по изведоа на суд за соочување со мене, зборуваше сосем збркано. Го прашаа: 'Зошто фрли бомба во 'Алхамбра' (мислеле дека тој фрлил бомба тука). Тој одговори: 'Милан фрли во 'Алхамбра'. 'А ти каде?' 'Јас во 'Ноњо'. Полицијата веднаш разбра дека има еден 'Милан'. И, бидејќи Богданов рече дека Милан е од Велес, сите лица со име Милан во Велес и Солун ги доведоа пред суд. Меѓутоа, полицаецот Панајот, велешанец, кажал дека Милан Арсов се дружел со Орце, со мене, и сите други ги пуштија.

Милан Арсов беше пронајден и уапсен на 9 мај. За да се утврди дека сме во врска со ЦК (бидејќи полицијата знаеше дека Гарванов е замењан, но немаше факти), го прашаа Богданов: 'Го познаваш ли Гарванов?' 'Не го познавам Гарванов, но познавам еден Гарванов кого ние сакавме да го убиеме,' одговори Богданов. Богданов уште рече дека од истиот Гарванов сме добиле 36 лири. Кога подоцна го прашаа Милана дали било точно тоа што рекол Богданов дека Гарванов им дал 36 лири, одговори: 'Точно е'. Меѓутоа, Гарванов веќе беше уапсен". (П. Шатев, Солунскиот атентат, 49-51.)

Признанието на двајцата гемиџии дека Гарванов им дал пари било тешко обвинение. Властите, коишто и без тоа се сомневале во него и во неговите другари дека се членови на Организацијата, без двоумење можеле да го искористат тој факт и да го прогласт за член на Гемиџискиот кружок. Во таков случај, како соработник на атентаторите, Гарванов ќе одговарал за истото дело како и гемиџиите и ќе бил суден од истиот Вонреден воен суд и неговото дело немало да се префрлува во цивилен суд. Видовме дека од Воениот суд биле судени велешки граѓани, кои, освен роднински, немале никаква друга врска со атентаторите.

Во своите опширни спомени, напишани лично од него, Шатев не ги повторува горните наводи. Тој негира дека Арсов бил предавник.

По изрекувањето на пресудата, гемиџиите биле префрлени во централниот затвор. Во овој затвор биле префрлени и осудените од Воениот суд велешани, но и други затвореници, меѓу кои бил и Гарванов. Меѓу Гарванов и Шатев избувнале повеќе спорови, но еден од главните бил во врска со прашањето за "предавството". Веќе тука меѓу многуте македонски затвореници, Гарванов нарочно ја ширел веста за "предавството" на гемиџиите, со цел да ги компромитира. "Додека јас во продолжение на неколку недели го убедував Гарванов дека ниту Милан Арсов ниту Георги Богданов во времето на истрагата и пред Воениот суд не рекоа ништо што би го компромитирало, Иван Гарванов упорно продолжуваше со своето тврдење дека тој е жртва, дека настрадал поради предавство и сл." (П. Шатев, В македония под робство, 448-449.)

Гласовите дека Гарванов е жртва на гемиџиско предавство зеле особено замав во времето на судењето на Гарванов и на неговите другари. Револтирани од таквите постапки на Гарванов (доста од затворениците започнале да веруваат во тие гласови), гемиџиите, поточно Шатев, напишал една изјава којашто, потпишана од М. Арсов, преку директорот на затворот била испратена до Судот. Со таа изјава Милан го информирал Судот дека сака да даде свој исказ во врска со судењето на

групата на Гарванов. Како сведок, Милан се јавил пред Судот и го прочитал следниот однапред подготвен текст:

“Господа судии, долупотпишаниот осуден во врска со настаните во градот од 28, 29 и 30 април, се што сум рекол во врска со обвинетите лица на кои сега им се суди, е забележано во протоколите на Воениот суд. Го молам Судот да ги земе записниците и таму да види што сум рекол јас во однос на обвинетите. Меѓутоа, денес, кога во цела Македонија народот се разбунтувал и дигнал востание... кога Македонците се борат за правда и слобода, тие господа немаат кураж да го изјават пред еден граѓански суд она за кое народот се бори со оружје в рака. Јас го молам Судот да ги оправда обвинетите како луѓе што или се невини, или пак, ако се виновни, се покајале за она што го мислеле и го правеле”.

“Имаш ли да кажеш друго нешто?” - прашал претседателот на Судот.

“Не!” - одговорил Милан и го оставил прочитаниот текст на бирото. (Истото, 456.)

Читателот секако би се прашал дали било можно вакво истапување на гемиџиите. Секако било можно. Тие биле осудени на смрт и немало што да изгубат. Од друга страна, пак, тие често повторувале дека поколенијата требале да дадат суд за нивното дело. И сега, кога пред нивните очи се нашле луѓе што сакале така жестоко да ги понижат и да ги компромитираат, се разбира, тие не можеле да реагираат поинаку.

Порано ги истакнавме лошите односи меѓу гемиџиите и ЦК на МРО. Тие несогласувања продолжиле и сега кога сите се нашле в затвор. Шатев му префрлил на Гарванов за случајот со 1.000 кг динамит. Гарванов негирал дека имал било каква врска со исчезнувањето на тој динамит. Тој, пак, му префрлил на Шатев дека побрзале со атентатите, не чекајќи да се случи востанието. На овие расправи, обично биле присутни и други наши затвореници. Слаб да биде рамноправен во овие дискусии,

Гарванов во еден момент се свртел кон присутните: “Не го слушајте, тој не е народен човек, тој е анархист!”.

Горната изјава на М. Арсов дадена пред Судот била инспирирана и од една друга расправа меѓу Гарванов и гемиџиите. Било поставено прашањето за држењето на Гарванов и на другите членови на ЦК пред Судот: Ќе признаат ли тие дека се членови на МРО или ќе негираат? Гарванов изјавувал дека ако процесот се одржи пред претстојното востание, ќе негира се, но ако процесот се одржи во текот на востанието, тој пред Судот ќе изјави дека е член на Организацијата и ќе ги каже нејзините цели. Шатев инсистирал и во едниот и во другиот случај тој да признае дека е член на Организацијата и на нејзиното раководство.

Гемиџиите сметале дека, по она што се случило во Солун, власта нема да ослободи никого во кого се сомнева дека се занимавал со револуционерна дејност. И штом било така, требало по секоја цена да се исползува случајот што процесот ќе се разгледува од граѓански суд, на кој ќе биде присутна публика новинари, како и некој од драгоманите или секретарите на европските конзулати во Солун, за да се каже вистината за движењето. Гарванов, според нив, требало да се откаже од мислата за ослободување и свечено да изјави пред Судот и пред присутните дека тој е член на ЦК на МРО, со што би извршил голема агитација меѓу туѓиот свет во полза на македонската кауза.

“Немојте да се ставите во положба на д-р Христо Татарчев, Христо Матов и други обвинети, коишто во 1901 година во судот, и покрај сите факти за нивното учество во МРО, не признаваа и тврдеа дека за првпат слушаат за постоењето на Организацијата”.

Ќе помислам” - колебливо одготворил Гарванов.

Правило било за македонските револуционери од тој период ништо да не признаваат пред турските судови. Тоа било неопходно, бидејќи многу често за нивната припадност кон Организацијата или за нивните револуционерни акции им се

судело по сомневање, без судовите да имаат конкретни факти. Често пати дали ќе биде осуден некој револуционер или, што било уште поважно, дали ќе се ограничи само не него или ќе земе поширок размери, зависело дали тој ќе го признае обвинението или не и дали ќе открие други. Затоа, херојското држење и непризнавање пред турските истражни органи се славело и се опевало од нашиот народ.

Судењето на револуционерите обично се вршело зад затворени врати. Според тоа, општо замено, судовите не биле погодно место за популаризирање на револуционерното движење во земјата и посебно во Европа. Меѓутоа, случајот со судењето на Гарванов и на неговите другари, бил малку поинаков. Властите, барем во Солун, сакајќи да покажат пред надворешниот свет дека правосудството во Турција не било така "црно" како што се мислело, прогласиле извесна јавност во судењето на гемиџиите и на другите процеси. Таа јавност особено била ползувана, што било мошне важно, од конзуларните претставници и од странските новинари. Но, Гарванов не бил од оние луѓе што биле способни за Македонија да направат толку голема жртва: пред непријателскиот суд јавно да ги прокламираат целите на движењето по цена, евентуално, да биде строго осуден. Гемиџиите што имале начини да го следат неговото судење разбрале дека тој негирал се, со единствена цел да биде ослободен или да добие што пониска казна. Револтирани од тоа, тие решиле да ја дадат на Судот споменатата изјава што требала не само да го демантира тврдењето за предавство на гемиџиите, туку и да го понижи и деградира Гарванова како револуционер.

На крајот, се поставува прашањето на кое е тешко да се одговори: Ако гемиџиите признале дека Гарванов им дал парична помош, зошто тој не бил суден од Воениот суд?

Илинденското востание започнало, а во "Еди-куле" во Солун се јавил нов конфликт.

Бившите членови на ЦК на Организацијата д-р Татарчев и Матов биле ослободени од турското заточеништво есента 1902 година и отишле во Бугарија. Тие во Бугарија отишле во

времето на Горноџумајското “востание”, кога врховистите се наметнувале пред Европа како првостепен фактор по македонското прашање. Македонските револуционери на чело со Делчев и Ѓорче Петров нивното доаѓање со радост го пречекале надевајќи се дека тие ќе придонесат за засилување на антиврховистичкиот фронт во Македонија и Бугарија. Но, горчливо се разочарале. Тие, штом пристигнале во Софија, се јавиле како претставници на ЦК и, пишува Ѓорче Петров: “Веднаш покажаа дека сакаат да ја играат старата првенствена улога што ја имаа во Солун. Гарванов во нивните очи не можеше да биде началство. Веднаш покажаа желба да влезат во поблизок контакт со бугарското општество и влада и да создадат нови односи на линијата МРО - Бугарија. Тие започнаа да се зближуваат со ‘поумерените’ врховисти”. “Оваа тактика - вели Ѓ. Петров – јас ја нарекov подла, откако толку крв се беше пролеала и толку другари беа истрошиле толку енергија... Господата Матов и Татарчев доаѓаат и покрај нас се препорачуваат за благоразумни, а нас не прогласуваат за крајни и со тоа надуено не отстрануваат божем како меродавни фактори во тие борби и се поставуваат себеси за такви фактори. Држењето на Матов и Татарчев беше себично до најдолен степен”. (Спомени на Ѓорче Петров, Скопје 1950, 119.)

Опортунисти и идејно блиски на Врховниот комитет, Татарчев и Матов повеќе биле наклонети кон разбирање со сличните на нив во редовите на самата Револуционерна организација, со официјалните кругови на Бугарија и со Врховниот комитет, отколку да застанат рамо до рамо со оние што револуционерната идеја и практика ги определила да бидат вистински изразители на стремежите на македонскиот народ. Тој нивни опуртунизам доаѓал до израз насекаде во нивната дејност.

До одењето на Татарчев и Матов во Бугарија, принципите на МРО во оваа земја биле застапувани од Гоце Делчев и Ѓорче Петров како први задгранични претставници на Организацијата. Тие принципи добро биле бранети и потоа, кога, со доаѓањето на Гарванов за претседател на ЦК, за задгранични претставници биле поставени Димитар Стефанов и Туше Делииванов. Но, со доаѓањето на Татарчев и на Матов на

функцијата задгранични претставници, ситуацијата наполно се изменила.

Бргу по почетокот на Илинденското востание, на 10 август 1903 година, Хр. Татарчев и Хр. Матов ја испратиле до дипломатските претставници на Софија познатата "Декларација на Внатрешната Организација...", во која се објаснуваат причините за кревањето на Востанието и се истакнуваат барања од името на востаниците. Се барало назначување, во согласност со големите сили, на генерален гувернер-христијанин и воведување на меѓународна контрола врз спроведувањето на реформите.

Судирот помеѓу гемиците и Гарванов не избувнал во врска со правото што си го присвоиле Татарчев и Матов да зборуваат и поставуваат барања од името на Револуционерната организација, туку во врска со местото од каде што Декларацијата била испратена до големите сили. Постапката на Татарчев и Матов: за Илинденското востание големите сили да ги информираат во Бугарија била осудена од Шатев како акција којашто ќе му штети на вистинскиот сенароден македонски карактер на Востанието и ќе го претстави овој сенароден чин како да е дирижиран од бугарската влада. Тој, всушност, сметал дека постапката на Татарчев и Матов во Бугарија ја компромитирала самостојноста на македонското движење. И, бидејќи Гарванов наполно ја одобрувал таа постапка, Шатев го праша:

"...И навистина, господин Гарванов, кажете ми како ќе се протолкува од меродавните европски и балкански заинтересирани фактори фактот што Христо Матов уште во почетокот на Востанието нотифицира и ги информира дипломатските претставници, и тоа не во Турција, туку во Бугарија? Зар заинтересираните големи сили немаат свои органи и информатори тука во Турција, па ќе се информираат од задграничните претставници на ВМРО, и тоа во Софија, која - со право или не - се сомничи дека ги поттикнува сите востанички и други акции во Македонија?" (П. Шатев, 451-452.)

Гарванов и неговите другари биле осудени, и два месеци потоа, во есента 1903 година, биле испратени на заточение. (На заточение Гарванов не бил ниту една година. Во 1904 година, пролетта, султанот дал општа амнестија и сите оние што не биле осудени на долгогодишен затвор (околу 600 души) биле ослободени. Од велешани сите биле ослободени, освен Илија Попјорданов, кој, како соработник на гемиџиите, бил осуден на 10 години. Биле ослободени Гарванов, Мирчев, И. Кондов, кои биле на заточение на Родос. Од ова се гледа дека Гарванов не бил осуден на 101 година, како што тврди Шатев, туку, веројатно, само на неколку години. И од ова би требало да се заклучи дека тој не бил обвинет за врска со гемиџиите.) Четворицата гемиџии останале во "Еди-куле" чекајќи ја смртната казна.

*

Иако од многумина повидни раководители очекувано, делото на гемиџиите предизвикало изненадување во редовите на Организацијата, и поради храброста и саможртвата на гемиџиите и, особено, поради тешките последици за Организацијата.

Не знаеме точно како на времето реагирале најкомпетентните во раководната структура на Организацијата. Гоце Делчев веќе немал време да реагира - само неколку дена по Орце. Коста, Мечето... и тој во Баница ја натопил македонската земја со својата крв, придружувајќи им се на младите велешани. Во спомените што ни ги оставиле повеќе видни раководители или ништо не се кажува или сосем малку и површно се зборува за Солунските атентати.

Меѓутоа, нема сомнение за тоа каков впечаток им оставиле Солунските атентати на оние што биле ангажирани околу последните подготовки за востанието, што гледале како Македонија се претворала во огромен воен логор, во огромен затвор во кој се фрлаат најинтелигентните сили на земјата, како огромниот терор застрашува да ја разнебити Организацијата...

Највисоките раководители на Битолскиот револуционерен округ биле собрани во село Смилево на конгрес кога низ Македонија се проширила веста за Солунските атентати. Еве како костурскиот делегат Васил Чакаларов, кој ни остави драгоцени податоци за работата на Конгресот, го опишал приемот на веста за атентатите и реагирањето на првиот човек на Битолската организација Даме Груев:

“Од Битола пристигна писмо од Лука Џеров во кое пишуваше: ‘Во Солун Отоманската банка е фрлена во воздух со динамит, низ градот се фрлени бомби... еден француски пароброд е потопен, пак од наши работници. Иницијаторот е фатен...’ Тоа не изненади. Даме Груев почна растревожен да ни го раскажува следното:

‘Да ги земе ѓаволот, јас уште кога заминав од Солун, тие штетници се фалеа и не дочекаа до денот на востанието; тие не чинеа повеќе од 250 лири. Тие се околу 15-16 души неразбрани луѓе; од секогаш нашите браќа-во Солун беа заплашувани: ‘Ако не ни дадете пари, или ако фатат некого од нас, ние веднаш ќе го потпалиме динамитот. Еден од нас штом се изгуби, нема да штедиме ништо...’ Секогаш така не заплашуваа. Јас предложив да ги уништиме, но и тука среќавав тешкотија: не можевме да ги собереме сите, а пак поединечно не беше можно, зашто така ќе ги исполнеа своите планови, и ете што направија, ѓаволот да ги земе.

Така горе-долу заврши Груев”.

Чакаларов продолжува: “Сарафов ме зеде настрана и ми рече дека тие биле испратени од него во Солун и дека така си ја свршија мисијата; , ...повеќе од 300 лири им дадов додека се постигне тоа. За тоа што побрзаа, не знам која е причината, но по се изгледа дека нешто ги загрозувало па така и побрзаа. Како и да е, јас се радувам од душа и нека си зборуваат Груевци и компанија, тие мислат и другата година да не го дигнат востанието, но како и да е, тоа само по себеси ќе дојде...’

Така заврши Сарафов воодушевен од новината солунска". (Оргиналнитъ протоколи отъ Смилевския конгресъ - Ил. Илиндень, IX, 7 (87), София августъ 1937, 8.)

Сарафов и во своите спомени признава дека не очекувал од гемиџиите такво нешто. "Знаев - вели тој – дека тие за времето ќе се разберат со Гарванов и со Делчев". Потоа се дознало дека причината била што Турците сакале да копаат малку, па можело да се открие. Од друга страна, раководителите на Гемиџискиот кружок не им се доверувале на Гарванов и неговите другари, сметајќи ги дури за способни да го провалат нивното дело. (Спомени на Дамјан Груев, Борис Сарафов..., 89-90.)

Како што видовме, Централниот комитет во Солун, иако навремено предупреден од гемиџиите, не презел никакви мерки да се спаси, да го одбегне апсењето во случај на атентати.

Со апсењето на ЦК по Солунските атентати била извршена еден вид принудна децентрализација. Солун де факто престанал да биде центар од каде што се раководела Организацијата. Функциите на ЦК, на некој начин, биле преземени од Татарчев и Матов, но тие не биле во Македонија и не можеле да ја играат улогата на централно раководство на востанието во Македонија. Со востанието, фактички, останале да раководат окружните раководства. Сарафов, во врска со тоа, констатира: "По атентатот... Солун веќе се губеше како центар и затоа оставаше секој округ да се грижи за себеси. Затоа и нашите решенија (во Смилево) станаа сосем самостојни: на никого не му падна на ум да предложи да се испратат нашите решенија на одбрение од ЦК. Според тоа, Груев немаше и да почитува никаков ЦК, односно Гарванов". (Истото.)

Треба да се забележи дека, освен ЦК, малкумина позначајни раководни личности биле уапсени по Солунските атентати. Во тоа време речиси сите реонски раководители, коишто повеќе или помалку биле компромитирани пред властите, се наоѓале во планините. Масовните апсења, значи, многу малку ја засегнале раководната структура на Револуционерната организација.

ДВЕ ПИСМА НА ЈОРДАН ПОПЈОРДАНОВ

Видовме дека Сарафов ги помогнал материјално гемиџиите, меѓутоа, помошта што им ја дал Гоце Делчев била значително поголема и поразновидна. И покрај тоа, гемиџиите се чувствувале далеку позадолжени кон Борис Сарафов отколку кон Делчев. На што се должело тоа, со сигурност не може да се каже. Една од причините, веројатно, е таа што Гоце помошта ја условувал (да се подготвуваат, но да не преземаат ништо на своја глава), додека Сарафов, кој не водел сметка за последиците од било која акција, тоа не го правел. Веројатно гемиџиите сметале дека парите што Делчев им ги давал биле "народни", додека тие што Сарафов ги давал - "лични". Факт е дека Орце решил парите што ги добил од Сарафов да му ги врати на еден невообичаен начин. Тие на Сарафов му биле многу благодарни за 1,000 кг динамит, иако не успеале да го добијат.

Еве како Шатев го објаснува тој вистински интересен гест на Орце:

"Не само Орце Попјорданов, туку повеќето од гемиџиите се чувствувале морално задолжени кон Борис Сарафов, поради олеснувањата што ни ги правеше во материјален поглед уште од почетокот и поради големата доверба што ја уживаа кај него некои од нас, а особено Орце Попјорданов. Сите, најмногу го почитувавме Борис Сарафов за оној гест што тој го стори пред конгресот на Врховниот комитет, кога му побараа отчет и тој не можеше да даде таков за сумата дадена на гемиџиите и, за да не пропадне делото ако тој ја каже вистината и неа ја разбере турската влада, Борис Сарафов го понижи своето достоинство и авторитет и изјави: 'Таа сума ми беше дигната од една лесна жена, со која имав интимни врски'…"

Пред нашите очи - продолжува Шатев - Борис стрчеше над сите други водачи што не можеа да го прават тоа што го правеше тој и се жигосуваа себеси... За таа Сарафова постапка, како и за тоа што не поттикнуваше во започнатото дело, тој беше боготворен од нас и нашиот најдобар другар и раководител во знак на

благодарност и признание... реши да му ја врати добиената помош и да му плати за 1.000 кг динамит. (П. Шатев, 339-340.)

Нема сомнение дека Б. Сарафов бил способен да даде таква "тешка" изјава. Можеби тој и дал таква изјава. Сигурно е дека тој бил обвинет за проневера на комитетски пари.

Во почетокот на 1901 година станало наполно јасно дека Сарафов не ќе може да остане веќе претседател на Врховниот комитет. Гоце Делчев и Ѓорче Петров, откако сфатиле дека основна задача на Сарафов и на неговите пријатели - офицери била да го преземат раководството на Македонската револуционерна организација, за да ја насочуваат нејзината дејност според желбите на кнезот Фердинанд, му ја скратиле поддршката што му ја давале во почетокот.

Решението на Сарафов да не му го препушти доброволно раководството на Врховниот комитет на генерал Цончев, довело до распаѓање на комитетските офицери на две групи: едната на чело со Сарафов, другата-со Цончев. За да се реши прашањето кој ќе биде во Врховниот комитет, бил свикан Осмиот вонреден "македонски" конгрес, што се одржал во април 1901 година. На овој конгрес присуствувал и Г. Делчев. Тој ги вложил сите усилби да го оневозможи изборот на Цончев во Врховниот комитет. Во говорот одржан на Конгресот, тој меѓу другото рекол дека врската помеѓу МРО и Врховниот комитет не постои сега, "зашто Б. Сарафов сакаше да ни испрати оттука свои луѓе за раководители на Внатрешната организација. Но, таа Организација си е месна, тајна... Му се противставуваме на Сарафов, зашто, ако тој испратеше оттука луѓе за раководители... ќе станеше катастрофа..." (Крсте Битоски, Македонија и Кнежевство Бугарија, 158.)

Бидејќи на овој конгрес бил избран Врховен комитет од приврзаниците на МРО, на Сарафов и на Цончев, бидејќи, значи, Цончев не можел сам да раководи, во јули истата година бил одржан Деветтиот редовен конгрес на македонската емигрантска организација во Бугарија.

Токму на овие два конгреса Сарафов бил обвинет од цончевиот табор за проневера на комитетски пари. Тоа било сторено со цел Сарафов да се компромитира и да се елиминира како фактор во емигрантското движење. Бидејќи најлесно можело да се оправдаат средствата ако се каже дека биле дадени како помош на револуционерното движење во Македонија Делчев изјавил; "За потрошени средства за потребите на МРО треба да се сметаат само тие што биле потврдени со печатот на Централниот комитет. Ако за некои суми нема така уредни расписки, а се посочува само дека и биле дадени на Внатрешната организација, нека се знае дека тие суми не се примени во Македонија..."

На Конгресот познатиот врховистички офицер Саракинов ги обвинил Сарафов и другите членови на бившиот комитет дека проневериле 100.000 франци и си ги поделиле. Меѓутоа, ниту Саракинов ниту Цончев можеле да го докажат таквото тврдење. Била избрана и специјална комисија за прегледување на сметките, но таа не ја извршила својата задача.

На Јулскиот конгрес било обновено обвинението против Сарафов. Тој изјавил дека не сака никому да му дава сметка за оние суми што лично ги нашол без да го ангажира името на емигрантската организација. На Десеттиот ко,нгрес во јули 1902 година му било одговорено на Сарафов дека сметките ги прегледал Цончевиот комитет и нашол кусок од 6.000 лева. Пак била формирана комисија, но проневерата и натаму останала недокументирана. Сарафов изјавил дека сето тоа било голема клевета против него. (Спомени на Д. Груев, Б. Сарафов..., 62-73.)

Дури и да имало проневера таа била сторена додека Сарафов бил претседател на Врховниот комитет, т. е. До април 1901 година. А помошта на гемиците тој им ја дал точно една година подоцна, во април 1902, кога немал никаква функција во Врховниот комитет и кога никој не можел да го обвинува за проневера на народни пари. Тоа што Шатев така убаво напишал за "понижување на своето достоинство" од страна на Сарафов, не може да биде потврдено.

Сарафов бил комуникативна личност, кој и често успешно доаѓал во контакт со разни лица во странство. Голема "слабост" му била да бара помош за "делото". Современиците го знаат како човек кој лесно ги трошел парите (и за лично задоволство, но и за други потреби), но и кој умеел на разни начини да ги набави. Токму во март 1902 година, во Женева, од некој богат Англичанец добил 50.000 франци. Тој во Европа бил доста познат како "водач" на македонското движење. За каква противвредност ги добил тие пари, што ветувал, не ни е познато. Признава дека само ќерката на Англичанецот "силно симпатизираше на нашето дело". (Истото, 71.)

Штом ги добил овие пари, знаејќи дека гемиџиите имаат голема потреба за помош и дека порано барале таква од Делчев, веднаш го повикал Орце во Женева и му дал 10.000 франци. Токму тогаш, кога имал пари, на Орце му го ветил и му го испратил споменатиот динамит од 1.000 кг. Орце се вратил од Женева задоволен.

Но, има и едно малку поинакво мислење. Симеон Радев, кој тогаш студирал во Женева и бил близок соработник на Сарафов, подоцна изјавил дека Орце отседнал три дена во неговиот пансион. "Имаше неколку среќавања со Сарафов, насамо, и си замина крајно незадоволен од него". (Хр. Силјанов, 258, заб. 1.)

Дали Орце му ветил на Сарафов дека ќе му ги врати парите? Шатев во своите први спомени (П. Шатев, Солунскиот атентат, 53.) кажува дека се плашеле оти од страна на Организацијата "ќе ни се префрлува ако не успееме" и затоа требало да му се вратат парите на Сарафов.

Неколку месеци пред Солунските атентати Орце го осигурил својот живот во Осигурителното друштво "Њујорк" на 10,000 франци. Се разбира, полисата гласела на друго име, на Симеон Радев, кој за тоа, како и Борис, ништо не знаел. Извесно време пред атентатите Орце испратил писмо до Симеон Радев, со кое го информирал за осигурувањето и го молел парите да му ги предаде на Сарафов. Есента 1903 година од Друштвото "Њујорк" го известиле Радев дека "е осигурен на негово име на

10.000 франци.” За мене тоа беше големо изненадување. Малку потоа еден другар на Орце дојде и ми ја соопшти последната волја на Орце. Таа сума да му се предаде на Борис Сарафов. Ми објасни дека на Орце му тежело што добил од Сарафов во Женева 10.000 франци и сакал по својата смрт да му се вратат. (Хр. Силјанов, 258, заб. 1.) С. Радев му дал полномошно на Сарафов и тој ги повлекол парите од Друштвото “Њујорк”. Дел од нив, веројатно половината, Сарафов му ги предал на таткото на Орце, кој за таа цел бил повикан во Софија.

Радев не го спомнува писмото, а Шатев тврди дека Радев бил известен со картичка.

Од гемиџиите не се зачувани документи. Поради тоа, многу драгоцени се две писма. Писмава ги даваме во целост. (Културен живот, XXIII, 6, Скопје 1978, 20.) И двете писма се од Орце. Првото писмо е испратено од Орце до Симеон Радев:

“Драги брате Симеоне,

Наближува часот кога ќе ја завршиме замислената и започнатата од нас работа. Бидејќи сум решил: со завршувањето на работата да се сврши и со мене - тоа е повелбата на мојата свест - се наложува да ти ги пишам овие неколку реда, за да ти соопштам нешто и да се простам со тебе. Пред неколку месеци отидов во Осигурителното друштво “Њујорк” и се осигурав на 10.000 златни франци, која сума по мојата смрт ќе ти биде исплатена. Сакам и со мојата смрт да бидам во полза за делото, за кое живеев, работев и ќе умрам - делото за ослободувањето на нашата скапа и сакана Македонија.

Те молам, кога ќе ја наплатиш полисата, применета сума да му ја предадеш на нашиот одличен другар и пријател Борис Разлогов. Јас и другарите, ние сите гемиџии, него високо го цениме, го уважуваме и го сакаме. Тој не разбираше и помагаше со совети и пари. Без неговата помош не ќе можевме да и направиме мираз на невестата и да ја прославиме нејзината свадба. (Под “невеста” и “свадба” се подразбира гемиџиската

акција - атентатите, под Б. Разлогов - Борис Сарафов.) Предај му ги нашите поздрави и нашата благодарност.

Повеќе нема да се видиме. Ти да го дочекаш празнувањето на нашето општо дело и да го доживееш ослободувањето на Македонија.

Братски те бакнува
Орце”

Другото писмо е испратено до неговата девојка. И од него читателот најавтентнично може да ја види преданоста на Орце кон гемиџиското дело, поточно, да ја почувствува неговата љубов кон својот народ и кон својата татковина.

“Сакана, единствена Кате,

Кога ќе го читаш моево писмо, мене веќе нема да ме има - јас ќе бидам труп, или веќе фрлен во некоја дупка како претепано куче. Но, во ситуацијава, кога пред мојата смрт ми останува да живеам уште еден час или два, додека ја фрлам и последната бомба, и да го тргнам чкрапецот на мојот нагант, мислам на тебе, писмото нека ти докаже колку многу те сакам.

Од првиот пат кога те видов, те засакав. Ти ми беше единствена радост, но чувствував дека немам право да се врзувам со тебе. Јас не си припаѓам на себеси, а на делото, коешто беше цел и смисла на мојот живот - да работам и умрам за слободата на мојот народ, на мојата ценета и сакана Македонија. Те сакав со сите пори на моето тело. Чувствував потреба да те гледам, да го слушам твојот глас, како звукот на цитрата. И сепак те одбегнував, зашто ме плашеа честите средби со тебе, ми ја ослабнуваа волјата, ми ја смекнуваа десницата, зашто ти ми беше единствената врска со животот, а не требаше ништо да ме врзува со него. Понекогаш бев груб, дури и суров со тебе - прости ми за грубоста и суровоста, зад нив ја криев својата безгранична љубов, а срцето ми крвавеше. Верувам ќе ми простиш, ти си добра. А јас сега жалам цто не бев подобар, повнимателен и понежен кон тебе.

Сигурно ќе прашаш: Неопходно ли е да умрам? За мене нема друг излез. Го поддржував пред моите другари ставот: Тој што не ги штеди животите на другите, нема право да го штеди ни сопствениот живот. Знаев дека нашата акција ќе им причини смрт на многу невини луѓе, ќе донесе многу солзи и страдања, зар по сето тоа што ќе го сториме, јас ќе имам право да живеам? Мислам ќе биде ниско и подло. Да умрам за мене е врховна повелба на мојата совест. И потоа мојата девиза беше не зборови, а дело, а крајот е тој што го краси делото. Има и едно последно сообразување - не сакам да му причинам задоволство на непријателот да се гаври со мене, да ми се подигрува. Зошто ми е живот лишен од слобода да тлее во некоја темна ќелија на Еди-куле, или да се стопи под жешкото сонце во Сахара? Не, претпочитувам да умрам! - Со мојата смрт ќе им го фрлам на моите непријатели, на поробувачите на мојата татковина, мојот безграничен презир. Како што живеев, така сакам и да умрам - скромно и чесно, докрај верен на себеси – сакав да бидам и да останам една целосна личност.

Треба да завршам. Времето не чека. Многу нешта навираат во мојата душа, но не ќе ги чуеш. И така е подобро, срцето ти претскажа што би сакал да ти пишам во овој последен час.

Ќе мине време, раната ќе ти зарасне. Животот е посилен од се. Ти пожелувам, не, те молам, да си најдеш друг маж, достоен за твојата љубов, и нему дај му ги своето срце и својата љубов, дај му ги оние радости што ги чуваше и ги намени за мене. Ти пожелувам да бидеш среќна. Понекогаш, во вечерните часови, кога спомените довеани од вечерните сенки ќе навлезат во твојата душа, спомни си за мене. Ти благодарам за тоа.

Те прегрнува и те бакнува првиот и последен од гемиџиите, од самооткажните.

Твојот Орце”

СУДБИНАТА НА ГЕМИЏИИТЕ ОСУДЕНИ НА СМРТ

Смртната пресуда на гемиџиите требало да ја потврди султанот. И, бидејќи таа веднаш не била потврдена, станало јасно дека

султанот на осудените атентатори им ја изменил казната. Биле префрлени во централниот затвор Еди-куле, каде што затекле голем број македонски затвореници уапсени по повод Солунските атентати. Еден број од нив биле ослободени до крајот на јуни 1903 година, а другите биле ослободени во април 1904 година врз основа на дадена амнестија од султанот. Ослободени биле околу 1.300 души уапсени по атентатите и Илинденското востание.

Со амнестијата биле опфатени сите политички затвореници, освен тие што со динамит уривале мостови и разни општествени и кредитни установи. Значи, останале четворицата гемиџии и една група македоцски селани обвинетиу по повод диверзијата извршена при Ангиста од Г. Делчев.

Гемиџиите немало на што да се надеваат. Првата алтернатива била егзекуција, а втората - доживотно заточеништво. Првата за нив значела ставање веднаш крај на тешкиот затворски живот, а втората значела само одложување на крајот. Но, вториот случај го вклучувал она вообичаено човечко: да се надева додека е жив.

Така, чекајќи ја смртта, минрале месеци, години. Низ портите на Еди-куле влегувале и излегувале стотици македонски маченици коишто го плаќале вообичаениот “данок” на ослободителната борба. Во април 1906 година во Еди-куле пристигнале две групи затвореници кои во извесна смисла се разликувале од другите. Тоа биле политички осуденици од битолскиот и скопскиот затвор. Во првата група, покрај другите, биле: свештеникот Георги Василев од Лерин, Симеон Шишков од Екшису, познатиот војвода Алеко Џорлев од с. Баница - Леринско, Благој Симеонов од Демир Хисар - Битолско, а во втората биле, д-р Петар Кушев од Велес; познатиот револуционер Тодор Лазаров од Штип и други. Сите овие биле осудени на над 10 години строг темничен затвор и биле праќани во заточеништво.

Бил убав пролетен ден, 6 мај 1906 година. Се почувствувало силно раздвижување на стражари и отворање на врати. Се слушнало sвечкање и тропот на железо. Оковувале

затвореници. Дошол денот кога гемиците се “простувале” од Еди-куле. Ги воделе на заточеништво, заедно со други осуденици. Некои во Мала Азија, а некои во Африка во Фезан. Така, оковани стотина и педесет, ги спровеле низ солунските улици, низ тесен шпалир од љубопитни граѓани, до пристаништето, каде што ги чекал чамец што требало да ги пренесе до паробродот “Константинопол”. На паробродот пристигнало едно лице, придружено од двајца полицајци, и на затворениците им поделило скромна сума пари - помош од протестантската црковна општина во Солун.

На 10 мај пристигнале во Смирна. Тука одвоиле една голема група, од која осудените на 10 години биле испратени за Подрум, а осудените на 15 години - на Родос. Другите, по 3 недели чекање во Смирненскиот затвор, на 28 мај тргнале кон пристаништето, каде што ги чекал пароброд за Триполи. Патувањето било мошне тешко. За сето време осудениците биле оковани (врзани со синџири за нозе и врат) и речиси неподвижни. Ја дале и првата жртва. Ризо Трајков, 35-годишен, од гевгелиските села, бил болен и не можел да го издржи напорното патување. Неговото тело било погребано в море.

Во Триполи (во затворот) останале еден месец и на 6 јули, придружени од одред коњаници и 11 стражари, тргнале кон последната точка од патувањето - Фезан. Вкупно 55 осуденици, од кои 51 Македонци. По големи перипетии, лишувања, страдања, пржени од несносното сонце, жедни, некои болни, на 6 август пристигнале во Мурзук, најголема населба во областа Фезан. Во Мурзук пристигнале без Никола Трајков, кој добил сончев удар и умрел во страшни маки. Трајков бил од Битола, на 45 години, здрав, неписмен, но со силна волја за живот и слобода. Неговото тело, како и тоа на Ризо, било опеано од свештеникот Г. Василев и закопано таму некаде во Либиската Пустина.

Во Мурзук заточениците биле изненадени од пречекот на надлежните власти. Началникот на фезанската жандармерија потпоручникот Мевлид и секретарот на управникот за административен ред, А. Хилми, сториле се што било во нивните сили заточениците да бидат горе-долу човечки

сместени и да им се олесни животот. Мевлид ги информирал за условите во кои ќе бидат принудени да живеат, советувајќи ги да бидат штедливи и внимателни, затоа што немало никакви услови да добијат од некого помош. Ваквото внимание им оставило силен впечаток на нашите осуденици. Но, таквиот однос не го одобрувала повисоката власт, поради што Мевлид бил сменет. А. Хилми, образован Турчин, писател и публицист, продолжил да придонесува за олеснување на нивната положба. Благодарејќи на неговиот авторитет што го уживал пред мутесарифинот, заточениците биле ослободени од оковите. "Условите при коишто живеат тие во затворот - објаснувал Хилми - се мошне тешки, и тешко ќе можат да ги поднесат големите горештини".

Во ноември 1906 година фезанскиот мутесарифин заминал, а привремено бил заменет од судијата Мурат, Албанец од Подгорица. Тој бил краен фанатик и мошне непријателски настроен против македонските заточеници. Сметал дека тие биле виновни за кризата во Турција и му се чинело дека исполнува голем патриотски долг со тоа што ги мачи заточениците. За да го предизвика и месното население против заточениците-христијани, Мурат ширел ведти дека тие не само што се непријатели на султанот и на државата, туку се најголеми непријатели и на муслиманската вера. На заточениците им било забрането да излегуваат од затворските соби заради перење на облека; не им била давана помошта што доаѓала од дома, а не им била праќана и поштата наменета за нивните домашни; им бил даван пресолен леб, а не им било дозволено да пијат чиста вода; им била скратувана лекарската помош и друго. Благородниот Хилми пред "загрижениот" за судбината на Империјата Мурат бил беспомошен.

Подобрување на положбата настанало по назначувањето за мутесарифин на Џелал-бег, во март 1907 година. Тој им ветил на заточениците дека ќе им го даде сето она што го предвидувал законот. И се трудел тоа да го исполни.

Тешкото и далечно патување од Македонија до Мурзук, непогодните климатски услови и, општо земено, тешкиот заточенички живот, немањето на медицинска помош, го

расклатиле здравјето на мнозина македонски интернирци. Колку од педесетте заточеници ги оставиле коските таму, не е познато. Меѓутоа, двајца од гемиџиите, не успеале да се вратат во својата татковина.

По осумдневно боледување од "блатна треска", на 14 февруари 1908 година умрел "бакалот" Марко Бошнаков. Во мај паднал тешко болен и најмладиот гемиџија Милан Арсов. Неговата смрт предизвикала особена жалост кај сите затвореници. Свесен дека му се приближува крајот и дека никогаш веќе нема да ги види своите Велес, Солун и Вардар, докрај прибран, тој нашол сили да се поздрави со сите свои другари во затворската соба и потоа да издивне. "Тој - пишува Шатев - со својата смрт не зачуди сите. Ние останавме толку трогнати од приближувањето на неговата смрт што солзите почнаа да ни течат од очите... Во последниот миг, пред да затвори очи, виде како течат нашите солзи. Тоа беше момент каков што ретко го чувствуваат и можат да го поднесат сите луѓе кога смртта им се приближува. На 21 јуни попладне, кога сонцето се готвеше да се скрие зад највисоките песочни ритчиња, ние го бакнавме починатиот другар пред да го поставиме во црниот гроб. Песокот го покри и него..."

И тогаш, кога луѓето започнале да се помируваат со смртта и да ја очекуваат и кога пред перспективата да останат долги години, односно цел живот тука, таа им изгледала спасение, низ Либиската Пустина се пренела неверојатната вест - слобода. Бил јулски жежок ден, кога во Мурзук станал познат текстот на една телеграма: "По повод отв рањето на Парламентот, султанот даде општа амнестија". Тоа во затворот предизвикало воодушевување, но и недоверба. Веста била премногу неочекувана за да може лесно да биде прифатена како вистина. Но, сепак била вистинита. Младотурската револуција од јули 1908 година отворила нова страница од историјата на Османската империја. Таа ги отворила ширум и вратите на султанските зандани – сите политички затвореници биле ослободени.

На 30 јули во Мурзук пристигнала официјална телеграма за ослободување на заточениците. Истиот ден муслиманските

затворениците биле ослободени. Меѓутоа, со ослободувањето на македонските не се брзало. Дури на 13 август управникот на затворот повикал неколку затвореници и им соопштил:

“Сега добив телеграма од главниот инспектор на Румелиските вилаети со која ми јавува дека и вие сте опфатени со општата амнестија. Од оваа минута сите сте слободни. Ве поздравувам со радост и ви го честитам ослободувањето”.

Веднаш потоа биле ослободени. Настанало општо славје. Но, се појавиле и првите сериозни проблеми во врска со враќањето. Без помош на властите, нашите луѓе не можеле да се вратат до Триполи. А властие повеќе не се интересирале за нив. Најтешко било да се најдат меови за вода, камили и придружба. На крајот, по продолжителни инсистирања и молби пред властите, сите пречки биле совладани и бившите заточеници биле готови да тргнат на пат кон родниот крај.

Историчарот не е тој што може да ја опише психичката состојба на македонските заточеници од денот на првата вест за амнестијата до ослободувањето и тргнувањето за татковината. Тоа, сепак, е работа на писателот.

Заедничките идеали за коишто се бореле, како и истата судбина што ја делеле по турските зандани, придонесувале солидарноста меѓу македонските заточеници, повеќе или помалку, да биде редовно присутна. Таа, од разбирливи причини, била особено силно развиена во гемиџиската средина. Оваа била една од причините што Шатев и Богданов тешко можеле да се помират со мислата тие да се вратат во својата земја, а двајцата нивни другари, макар и мртви, да останат во оваа далечна и туѓа земја. Но, што можело да се направи. Минале само неколку месеци од нивната смрт. Нивните тела под песокот само што почнале да се распаѓаат. Нивното откопување било забрането, а казните строги. Меѓутоа, гемиџиите не би биле тоа ако би отстапиле пред поставените задачи и тешкотии. Другарскиот долг се покажал посилен од сите пречки.

Откако добро се подготвиле, двајцата гемиџии, со помош на уште четворица други македонски заточеници, тајно ги откопале гробовите на Арсов и на Бошнаков, им ги отсекле главите и се прибрале во привремените живеалишта. Потоа черепите ги натопиле во јодоформ, ги поставиле во две тенекиени кутии и херметички ги затвориле.

На 18 август населението на Мурзук било сведок на еден невообичаен настан. Македонските заточеници ги товареле бројните камили и тргнувале за својата татковина. На 4 септември карванот пристигнал во богатата оаза Себа, а на 12 септември - во Сокна. И така, од населба до населба, патувајќи низ предели во кои и до 200 километри не можело да се најде вода, на 29 септември карванот со бившите македонски заточеници пристигнал во Триполи. Во градот биле добро пречекани од властите. За нивната положба се заинтересирал лично градоначалникот Асуна. На 4 октомври се качиле на бродот "Суматра" со билети платени од градските власти, а на 5-ти пристигнале на Малта. Оттаму, преку Крит, Пиреј, Смирна, Деде-Агач, Кавала, Лезбос, на 16 октомври 1908 година пристигнале во родната земја, во Солун. Се вратиле во градот, од каде што пред повеќе од две години, со синџири преку вратот, врзани како диви sверови, биле испратени во предели на уште пространата Османска империја, откаде што никогаш не би требало да се вратат.

"По 2-4 дена - пишува П. Шатев - ние се распрснавме сите по своите домови, по разни краишта на трите окрузи - Солунски, Битолски и Скопски - се разделивме, останавме сами, но ги зачувавме спомените за заточеништвото во Фезан". (Павелъ Шатевъ, Заточението въ Сахара - Фезанъ, София 1910; Солунскиятъ атентатъ и заточеницитъ въ фезавъ по спомени на павелъ Шатевъ.)

Черепите на М. Бошнаков и на М. Арсов им биле предадени на нивните родители за да ги погребат во своите гробници.

ЗАКЛУЧОК

Како што видовме, Солунските атентати по својот одглас што го имале во Европа и по своите последици што ги имале во Македонија биле најкрупен настан во периодот пред Илинденското востание. Сите автори што се занимавале и се занимаваат со историјата на македонското национално-револуционерно движење одделно се задржуваат и на Солунските атентати. И сите тие се обидуваат, на некаков начин, да дадат оценка на гемиџиската акција. Меѓутоа, импресионирани од саможртвата на младите атентатори, речиси сите тие не се во состојба да останат објективни докрај.

Вербата на гемиџиите дека со индивидуални оружени акции ќе ја принудат Европа да интервенира во прилог на ослободителното дело била крајно нереална. Зашто, мошне наивно било да се верува дека, уривајќи ги материјалните богатства на една туѓа земја, ќе можеш да ја предизвикаш нејзината влада таа држава да интервенира во своја корист. “Има, навистина голема доза од наивност и несфатлива противречност во верата што ги насочуваше бомбите на гемиџиите предимно против Европејците. Ја очекуваа слободата од интервенцијата на Европа, сфаќаа, значи, дека револуционерна Македонија нема сили да се расправи сама со Турската империја, и сепак веруваа дека европската интервенција ќе се предизвика полесно и побрзо преку терор против истите Европејци, преку една борба која по својата природа буди кај Европеецот одвратност и која, третирана како ‘анархистичка’ беше погодна за најпакосна за македонските борци експлоатација од страна на непријателите”. (Хр. Силјанов, 260.)

Формирајќи се, на крајот под влијание на анархистичките идеи како револуционери и прифаќајќи ја терористичката доктрина како раководство за акција, гемиџиите не можеле да резонираат поинаку. Тие сметале дека тоа што не ќе биде способна да го постигне Македонската револуционерна организација со десетици илјадп жртви ќе го постигнат самите со своите животи. Тие не размислувале многу за последиците од нивната акција, дека и тие би можеле да бидат тешки. Верувањето на

гемиџиите во девизата: сами правиме - сами ќе одговараме! - се покажала како неточна.

Гемиџиите не ги послушале советите на Делчев, на Груев и на други раководители акцијата да се одложи и да се изврши во рамките на востанието. И тие за тоа имале свое оправдание. Таквото одложување во себе го криело ризикот нивниот план воопшто да не се исполни. Динамитот сместен до темелите на Отоманската банка не можел долго да издржи - од влагата тој можел лесно да стане неупотреблив. Од друга страна, како што видовме, во Европа започнало да се пишува за подготвуваните атентати, што можело да доведе до откривање на планот. Властите ја зголемиле будноста, но, благодарејќи, покрај другото, и на нивниот карактеристичен јавашлак и на зачудувачки несфатливиот потценувачки однос кон македонските револуционери, не им дале поголема верба на тие гласови. Тоа е уште почудно зашто откривањето на каналот под Отоманската банка во Цариград не било така одамна.

Копањето на улицата до каналот, исто така, силно ги вознемирило гемиџиите.

Тие се нашле, навистина, пред едно неочекувано искушение. Подготвувајќи ги атентатите, тие ниту воделе сметка, ниту очекувале, ниту знаеле приближно точно кога ќе се дига востанието. Тоа не го знаел ни Делчев, кој ги помагал. Гемиџиите не очекувале дека Организацијата ќе биде во состојба скоро да го насрочи востанието. Делчев, кога, давајќи им помош барал од нив да не брзаат, не го имал на ум востанието туку некои други потреби на Организацијата, како и неопходната потреба да се дејствува во координација со раководството на револуционерното движење. Гемиџиите, подготвувајќи се за акција, немале определено време за нејзино реализирање. Успехот на нивната акција зависел речиси исклучиво од можноста да се најдат парични средства и динамит. Ако тоа тие го имале, својот план ќе го реализирале поодамна. Во таков случај, веројатно, и притисокот на Организацијата за одложување би бил во голема мера излишен.

Меѓутоа, се случило, гемиџиите да бидат готови за акција само неколку месеци пред почетокот на востанието. Пошироките интереси сега диктирале тие да го одложат својот план, без разлика на изгледите и можноста тој сосем да се провали. Но, за Орце, Кирков, Мечето... тоа би било еднакво не на смрт (смртта, како што видовме, било најлесното што тие му го заветиле на делото на ослободувањето на Македонија) - туку на предавство на идеалите на кои се заколниле дека ќе им служат. Тие, коишто како кртови со нокти ја копале земјата во тунелот, тие, чијашто волја за ослободувањето на Македонија била безгранична, коишто одвај дочекале да се жртвуваат за неа, сега, кога по толку напори се било готово да тргнат во акција, немало сила што би можела да ги спречи да ги извршат атентатите. Тие слепо верувале во своето дело, верувале во резултатите од нивната саможртва. Си ја вообразувале интервенцијата на Европа, веќе го "гледале" доаѓањето на нивните воени бродови во солунското пристаниште. Ја "гледале" Македонија автономна, во која е укината султанската тиранија, а довчера понижениот и угнетуван народ - како смело чекори напред во слобода и прогрес!

Било ли тоа заблуда, наивно верување во неможното? Шатев, кој ги видел резултатите од своето дело, одбегнува да зборува и да дава оценка за тоа. На тоа прашање се свртува Т. Органџиев. Еве што пишува тој:

"Гемиџиите ги изразија идеализмот и чувството на одмазда што го беа опфатиле тогаш целиот македонски народ. Таа нивна саможртва народот секогаш ќе ја цени. Но, беспорно е за мене сега дека ние неадекватно го поставивме својот идеализам во услуга на народот... Ние бевме во длабока заблуда верувајќи дека личниот хероизам е тој што ги движи настаните во животот, ние не сфаќавме дека сме дел од народот и дека нашето дело ќе биде плодотворно, само ако тоа е поврзано со народот и е дел од народното дело. Ние не го разбиравме Делчев, кој го определуваше народното масовно востание како единствено решение во борбата против ропството, и, наместо да го повземе нашето дело и да го потчиниме на очекуваното востание, заживеавме со илузијата да го изместиме, и сами, со својот личен хероизам, да ја разрешиме задачата што само

народното востание може да ја разреши. Со тоа го отежнавме делото, за кое бевме решени да го жртвуваме нашиот живот. Султанската власт по нашата акција стана уште побудна и пожестока во прогонствата, а европските капиталисти ги обновија Банката и паробродот и заради една банка и еден пароброд немаа интерес да го нарушуваат статус-квото.

Сосем друга содржина ќе имаше нашето дело ако беше сврзано со Илинденското востание и со општиот налет на народот по сите линии за премавнување на султанската власт.

Хероизмот и саможртвата на гемиџиите ги стопија илузиите кај некои чесни луѓе дека преку индивидуален хероизам и индивидуални терористички акции, како метод на дејствување, ќе постигне успех ослободителната борба на еден народ. Се стопија исто така илузиите за замешување на империјалистичките сили, кои сосем не се трогнаа од нашата саможртва... Замешувањето на империјалистичките сили понатаму доведе до сменување на султанско-беговската власт со таа на монархо-капиталистичките клики на балканските држави и поделба на Македонија меѓу нив". (Т. Органџиев, 123-124.)

Без сомнение е дека раководителите на Македонската револуционерна организација, коишто ги вршеле последните подготовки за претстојното востание, биле крајно незадоволни од акцијата на гемиџиите. Сите гледале дека атентатите мошне лошо се одразуваат врз подготвувањето на востанието. Тоа незадоволство тие сигурно не го криеле; видовме како остро реагирал Даме Груев во Смилево. Во своите спомени тој, Татарчев, Сандански и Гарванов, и речиси сите други, а не се малку, тие што оставиле спомени, својот став кон атентатите го изразуваат со речиси наполното игнорирање на настанот. А тој настан не бил мал, напротив, бил мошне голем за да може да се игнорира.

Не знаеме како тогаш, во Смилево, реагирал и Анастас Лозанчев, претседател на Окружниот комитет, кој, како што е речено на друго место, е еден од тие раководители што имале најголеми заслуги за форсирање на востанието. Во своите

подоцна напишани спомени (1937) Лозанчев, впрочем, како речиси и сите други што пишувале за Солунските атентати, го искажува своето восхитување кон гемиџиите и нивното дело. “Група младинци, што се нарекоа гемиџии, речиси деца, решаваат да умрат за слободата на Македонија. Без разлика на кој бог му служеа. Идеалот им е единствен - раскинување на прангите на робот во Македонија... Голем подвиг! Големо дело! Каде да го бараме во историјата? Мислам дека никаде го нема тоа херојство, тоа себеоткажување, таа саможртва...” (Анастас Лозанчев, Спомени, 26-29 - ИНИ, сл. IV. 68.)

Кога се работи за гемиџиите, доволна била една мала временска дистанца, за и оние што тешко можеле да ги забораваат последиците од нивното дело ненадејно да дојдат до заклучок дека сето она, за што им биле испраќани “укори”, бледнеелло пред величината на нивниот дух и пред трагиката на нивната смрт. Голем е бројот на македонски револуционери од постарата и најновата историја коишто без размислување си го одземале својот живот заради тоа што биле ставени пред единствената алтернатива - смрт или во рацете на непријателот. Со гемиџиите не било така. Тие не биле ставени во ситуација да избираат. Основните задачи тие ги извршиле и можеле да бегаат и да се спасуваат. Смртта ги одбегнувала, но тие сами ја барале. И сами, доброволно, ја нашле. “Така тие го изразија накипениот благороден гнев на својата македонска татковина и им го завештаа на своите сонародници најпрекрасниот пример на самопожртвуваност”. (Хр. Силјанов, 262.)

Македонските поколенија со чувство на гордосг се сеќаваат на сите оние бројни познати или непознати херои коишто несебично ги подариле своите животи пред олтарот на македонската слобода. Тие, секако, со чувство на посебен пиетет се сеќаваат на оние млади Македонци коишто и во Првиот и во Вториот Илинден на бојното поле на својата татковина го поднесувале својот живот зачудувачки смело, зачудувачки ладнокрвно. Меѓу нив се и оние гемиџии коишто, поврзувајќи го своето дело со своите млади животи, и сметајќи дека немаат право да ја надживеат својата акција и своите невини жртви, свесно и бунтовно се исправиле пред непријателските пушки или се самоубиле.

Да ги споменеме уште еднаш: Орце, Коста, Диме, Владо, Илија, Цветко.